|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Население | % од вкупното население | Население | % од вкупното население | Население | % од вкупното население | Население | % од вкупното население |
| Вардарски регион | 23.741 | 15,7 | 103.450 | 68,3 | 24.301 | 16,0 | 151.492 | 100 |
| Источен регион | 23.491 | 13,5 | 120.629 | 69,4 | 29.684 | 17,1 | 173.804 | 100 |
| Југозападен регион | 31.382 | 14,3 | 159.773 | 72,9 | 28.025 | 12,8 | 219.180 | 100 |
| Југоисточен регион | 27.422 | 15,9 | 119.356 | 69,1 | 26.046 | 15,1 | 172.824 | 100 |
| Пелагониски регион | 34.206 | 15,1 | 153.541 | 67,7 | 39.090 | 17,2 | 226.837 | 100 |
| Полошки регион | 51.372 | 15,9 | 238.813 | 74,0 | 32.687 | 10,1 | 322.872 | 100 |
| Североисточен регион | 28.739 | 16,3 | 123.383 | 70,1 | 23.851 | 13,6 | 175.973 | 100 |
| Скопски регион | 116.277 | 18,4 | 419.865 | 66,3 | 97.131 | 15,3 | 633.273 | 100 |
| **Вкупно** | **336.630** | **16,2** | **1.438.810** | **69,3** | **300.815** | **14,5** | **2.076.255** | **100** |

Извор: ДЗС, Годишни процени на население за 2019 година (пресметки на МЗШВ, 2020 г.).

### 3.1.3 Административен систем

Административниот систем на земјата е организиран на државно и на локално ниво. Во контекст на државното управување, државната власт е поделена на законодавна (Парламентот), извршна (Претседателот на Републиката и Владата) и правосудна (Судскиот совет на Републиката). Владата на Републиката се наоѓа во главниот град Скопје. Владата е составена од министерства и други државни тела и институции.

Локалната власт е организирана преку единици на локалната самоуправа на општинско ниво[40]. Со општините раководи општински совет и градоначалник, кој се избира на локални избори што се организираат секои четири години. Секое населено место и град во рамките на општината може да воспостави форми на самоуправување на урбаните заедници, односно локалните заедници. Градот Скопје е посебна единица на локалната самоуправа поради специфичниот карактер на градот, како главен град на државата[41].

Надлежностите и работата на локалните самоуправи се регулира согласно Законот за локална самоуправа. Општините може да добијат дополнителни надлежности од централно ниво (владино ниво) согласно конкретни правни акти, како што е градежниот, катастарскиот регистар, управување со урбано земјиште, животна средина, итн. Локалните самоуправи може да соработуваат и да воспостават заеднички надлежности согласно Законот за меѓуопштинска соработка. Локалните самоуправи се организирани во едно национално здружение – Заедница на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС), кое е формирано во 1972 година.[42]

Според територијалната поделба на земјата, општините се класифицирани како урбани општини (со седиште во градовите) и рурални општини (со седиште во селата) и Градот

[40] Според Законот за територијална поделба на локалните самоуправи.
[41] Според Законот за Град Скопје.
[42] http://www.zels.org.mk/

Скопје како агломерација од 10 општини (со седиште во градот Скопје). Согласно ваквата типологија, има 37 рурални општини и 33 урбани општини и Градот Скопје (10 општини). Според Законот за земјоделство и рурален развој, рурална средина претставува област од општината каде што нема населено место над 30.000 жители, односно густина на население помала или еднаква на 150 жители/км$^2$. Во општините каде што има едно или повеќе населени места над 30.000 жители, односно густина на население поголема од 150 жители/км$^2$, само териториите на населените места во општината што имаат помалку од 30.000 жители, односно 150 жители/км$^2$ се сметаат за рурални средини. Имајќи го предвид ова, 23 од 33 урбани општини и сите рурални општини се сметаат за рурални средини, а тоа значи вкупно 60 општини што се сметаат за рурални средини. Според тоа, вкупниот број населени места во земјата е 1.784, од кои 10 населени места се дефинирани како урбани средини, а 1.774 населени места се дефинирани како села.

**Табела 5: Општини според типот[43]**

| Типови општини | Број на општини | Број на жители |
|---|---|---|
| Општини дефинирани како рурални средини | 60 | 854.101 |
| Општини дефинирани како урбани средини | 20 | 1.214.707 |
| **Вкупно** | **80** | **2.068.808** |

Извор: ДЗС податоци од процени, 2020 година (МЗЖВ пресметки, 2020 година).

Просечниот број на населението во општините што се сметаат за рурални средини е 12.119 жители. Меѓутоа, 30 општини што се сметаат за рурални средини имаат вкупно население до 10.000 жители, од кои 16 имаат помалку од 5.000 жители.

Од вкупно 37 рурални општини, 15 се наоѓаат околу урбаните центри (од кои само 7 се наоѓаат околу градот Скопје). Генерално, овие општини располагаат со подобар човечки потенцијал и поголеми можности за развој на дејности како последица на ефикасната интеграција со урбаните центри. Меѓутоа, ситуацијата значително се разликува во зависност од големината и успешноста на урбаниот центар, како и инфраструктурата за поврзување и оддалеченоста.

Оддалеченоста од големите урбани центри, малиот број население и ниската густина на населението во овие општини создаваат дополнителни ограничувања за социоекономски развој. **Руралните средини надвор од урбаните центри се погодени од значителниот пад на бројот на население; имаат работна сила со понизок степен на образование и се карактеризираат со поголема стапка на невработеност.** Во руралните општини што граничат со, или се наоѓаат во близина на главниот град, социоекономскиот развој може да се смета за позитивен.

**Притисокот врз земјоделството од приградските средини во државата сè уште е на ниско ниво и се јавува главно околу големите градови (Скопје, Тетово, Битола, Струмица), кои ги шират своите урбани територии.**

### 3.1.4 Економски двигатели, продуктивност и раст

Почнувајќи од 2006 година наваму, Северна Македонија има развиено едни од најдобрите практики во регионот за привлекување странски директни инвестиции (СДИ)

[43] Според Законот за земјоделство и рурален развој.

преку реформи во даночниот систем, воспоставување на „регулаторната гилотина“ и други деловно поволни практики, диверзификација на извозот и напредок во други области од економската реформа.

Домашната побарувачка (заедно со привлекувањето СДИ) беше еден од економските двигатели што го поткрепија растот. Потрошувачката на домаќинствата го користи силниот пазар на труд и растот на платите, при што второто се должи на редовното зголемување на минималната плата (30 % од пријавените вработени се платени на ова ниво) и на малиот број квалификувани работници. Јавните инвестиции се на пристојно ниво со континуиран развој на патната мрежа (со помош на средства од ЕБОР), додека, пак, приватните инвестиции главно се насочени кон енергетиката (енергетскиот пазар беше либерализиран во 2019 година) и туризмот.

Меѓу другите економски двигатели се: подобра социјална заштита (преку зголемување на минималната плата и намалување на стапката на сиромаштија), поголема поддршка за локалните претпријатија (преку овозможување домашните фирми да инвестираат во слободните индустриски зони во земјата, кои досега главно беа користени од странските инвеститори и овозможување серија олеснувања за вработување и други олеснувања за локалните фирми), воведување попрогресивен даночен систем (со зголемување на тековниот паушален данок на личен доход од 10 % на 18 % за оние со повисок доход), засилување на инвестициите на државата во патната и железничката инфраструктура, понизок увоз на енергија (потпирање на подобра енергетска ефикасност) и диверзификација на увозот на гас преку поврзување на државата со Трансјадранскиот гасовод (ТЈГ), како и поврзувањето за гас со Грција и со Бугарија.

По падот на БДП како последица од должничката криза во Еврозоната во 2012 година, земјата помина три релативно добри години со просечна стапка на раст од 3,5 %, врз која влијаеја и поголемата приватна потрошувачка и јавните инвестиции. Растот значително забави во 2017 година главно поради политичката криза. Продолжената политичка криза, која почна во 2015 година, влијаеше врз економската успешност на земјата бележејќи мерливо негативно влијание врз довербата и инвестициите. Економијата беше во рецесија во првата половина на годината, но закрепна до одреден степен во вториот квартал, со раст за целокупната година на речиси 0 %. Државата ја надмина политичката криза и започна со закрепнување во 2018 година, за кое помогнаа зголемувањето на минималната плата и другите мерки за социјална заштита за потрошувачката на домаќинствата што доведоа до раст на БДП од 2 %. Уште поголемо влијание врз економијата имаше олеснувањето на условите за кредити како дел од монетарната политика што креираше поповолни услови. Дополнително, се случи краткорочен раст во извозот во насока на јакнење на економските можности во ЕУ, клучниот трговски партнер на земјата. Како резултат на тоа, во 2019 година растот беше 3 % поради континуираната политичка стабилност, деблокирањето на реформите и пристигнувањето на прилично потребните инвестиции.

Според домашните (Народна банка, Министерство за финансии) и странските (ММФ, Светска банка) проекции, поради пандемијата со КОВИД-19, се очекува пад на БДП од -4 % во 2020 година, кој ќе се стабилизира до 7 % во 2021 година како резултат на постпандемиското глобално економско закрепнување.

**Табела 6: Макроекономски податоци**

| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| БДП во милиони ЕУР (тековен курс) | 8.562 | 9.072 | 9.657 | 10.038 | 10.698 [1)] | 11.210 [1)] |
| БДП (по глава на жител, во ЕУР) | 4.141 | 4.382 | 4.659 | 4.839 | 5.153 [1)] | 5.399 [1)] |
| БДП реална стапка на раст (во %) | 3,6 | 3,9 | 2,8 | 1,1 | 2,7 | 3,2 |
| Инфлација (во %) | -0,3 | -0,3 | -0,2 | 1,4 | 1,5 | 0,8 |
| Просечен курс (денар/евро) | 61,6 | 61,6 | 61,6 | 61,6 | 61,5 | 61,5 |
| Стапка на невработеност (во %) | 28 | 26,1 | 23,7 | 22,4 | 20,7 | 17,3 |
| Извоз на стоки и услуги во милиони ЕУР (тековен курс) | 4.081,2 | 4.421,7 | 4.892,0 | 5.536,1 | 6.480,8 [1)] | 6.433,3 |
| Увоз на стоки и услуги во милиони ЕУР (тековен курс) | 5.555,0 | 5.893,5 | 6.326,6 | 6.926,1 | 7.826,0 [1)] | 8.441,0 |
| (Нето-извоз, во милиони ЕУР) | -1.473,8 | -1.471,8 | -1.434,6 | -1.390,0 | -1.345,2 | -2.007,7 |
| Биланс од трговијата во % од БДП | -17,2 % | -16,2 % | -14,9 % | -13,8 % | -12,7 % | -17,9 % |

Извор: ДЗС и Народна банка на Република Северна Македонија, 2020 г. [1)] Прелиминарни податоци.

Во економијата во целост во 2019 година, уделот на примарниот сектор беше 9,8 % од бруто-додадената вредност (БДВ), секундарниот сектор со удел од 24,4 % од БДВ, а терцијарниот сектор со удел од 65,8 % од БДВ. Трговијата на мало и големо; поправка на моторни возила и мотоцикли; транспорт и складирање; угостителските дејности имаа најголем удел во БДВ со 23 %; производство; снабдување со електрична енергија, гас, ладење и греење; водоснабдување; канализација, дејности на управување со отпад и ремедијација – 20 %; јавна администрација и одбрана; задолжително социјално осигурување; образование, здравство и социјална работа – 14 % и дејности со недвижности со 11 %. Земјоделството (вклучително шумарството, ловот и риболовот) од трет најголем удел во БДП падна на петтото место, иако уделот на овие дејности во БДВ остана стабилен (околу 9 %) споредбено во последните 6 години.

Од аспект на структурата на вкупната вработеност во земјата, податоците од 2019 година покажуваат дека 14,8 % од вработените биле вработени во примарниот сектор (13,9 % во земјоделството, шумарството и риболовот), 30,3 % во секундарниот сектор (индустрија и градежништво) и 54,9 % во терцијарниот сектор (услуги и друго).

И покрај последните подобрувања во новите економски двигатели, државата сè уште се соочува со значителни предизвици во постигнувањето одржлив брз раст и намалување на невработеноста како резултат на политичката криза од 2017 година, а посебно на пандемијата со КОВИД-19.

Економијата на Северна Македонија во голема мера е зависна од надворешната трговија и е ранлива на економските тенденции во ЕУ и другите клучни трговски партнери. Идниот успех на економијата главно зависи од успешното спроведување на широкиот спектар на структурни економски реформи, посебно од аспект на понатамошно подобрување на деловното окружување, поголема поддршка за иновативноста, претприемништвото и развојот на микро, малите и средни претпријатија, унапредување

на човечкиот капитал, како и поголема поддршка за извозот и надворешното промовирање. Дополнително на структурните реформи, економскиот раст зависи од зголемувањето на јавните инвестиции, вклучувајќи интензивирање на инвестициите за обезбедување на неопходната инфраструктура за унапредување приватни инвестиции и креирање работни места, особено за секторите што може да го мултиплицираат таквото влијание.

Според ДЗС, тенденцијата на раст на извозот продолжи (од 4,1 милијарда евра во 2015 година на 6, 4 милијарди евра во 2019 година) со диверзификација на извозот на земјата во последните години и од аспект на производи и од аспект на дестинации. Исто така, продолжи и растот на увозот (од 5,8 милијарди евра во 2015 година на 8,4 милијарди евра во 2019 година). Меѓутоа, во последните години, покривањето на увозот со извоз се зголеми достигнувајќи 76,1 % во 2019 година, споредено со 70,5 % во 2015 година. Растот на извозот во голема мера го движи зголемувањето на извозот од странските директни инвестиции (СДИ). Поголемиот дел од извозот поврзан со СДИ е поврзан со автомобилската индустрија. Исто така, значаен придонес за растот на извозот имаат тутунските производи, свежиот зеленчук и мебелот. Наспроти ова, пад во однос на важноста бележат производите од железо и челик, како и текстилот, како традиционални извозни стоки. И покрај значителниот раст на извозот, земјата бележи континуиран дефицит на тековната сметка, главно поради големиот увоз на нафта и електрична енергија.

Во отсуство на соодветни домашни заштеди, странските инвестиции претставуваат важно средство за развој на економијата во Северна Македонија. Нето-тековите на СДИ кон Северна Македонија значително се намалија и достигнаа 326 милиони ЕУР во 2019 година во споредба со 613 милиони ЕУР една година претходно[44]. Вкупниот удел на СДИ во 2019 година беше проценет на 5,7 милијарди ЕУР. Според бројките од Народна банка, главни земји инвеститори од аспект на удел се Обединетото Кралство и Австрија, а по нив следуваат Грција, Холандија и Словенија. Производството е сектор што привлекува најмногу СДИ пред финансиските и осигурителните дејности. Во јануари 2020 година, Северна Македонија усвои нов закон за да создаде поповолни услови за стратешки инвестиции.

Правната и регулаторната рамка на Северна Македонија генерално е поволна за странските инвеститори и овозможува голем број олеснувања за привлекување на инвестициите. Инвеститорите користат даночно ослободување од десет години за личниот доход и добивката и бесплатен пристап до јавните услуги. Трошоците за работната сила се ниски, но, од друга страна, често има недостиг на квалификувана работна сила. Земјата вложува напори за усогласување на правната рамка со критериумите, стандардите и практиките на Европската Унија. Во секој случај, остануваат многу предизвици. Важно е да се продолжи јакнењето на владеењето на правото, борбата против корупцијата, подобрувањето на транспарентноста, услугите за потрошувачите, капацитетот на власта и комуникациите.

[44] Според Светскиот инвестициски извештај на UNCTAD од 2020 година (вредностите во УСД се конвертирани во ЕУР според просечниот курс на Европската централна банка за годините 2019 и 2018).

Според најновата студија на ОЕЦД[45], МСП претставуваат 99,8 % од сите дејности, со удел во вработувањето од 76,6 % и се проценува дека тие додаваат две третини од вкупната додадена вредност на земјата, процент сличен на просекот во ЕУ.

Според бројот на вработени, 68.830, односно 90,1 % се микро и средни претпријатија, од кои 90 % имаат број вработени помеѓу 1-9, што е еден од условите за рангирање на правните субјекти како микропретпријатија. Бројот на деловни субјекти со 250 или повеќе вработени претставуваат само 0,3 % од вкупниот број претпријатија (Табела 7).

**Табела 7: Број на активни деловни субјекти по сектори**

| Сектори на дејност | Број | % | Број на деловни субјекти по број на вработени | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 0* | 1-9 | 10-19 | 20-49 | 50-249 | 250 + |
| **Вкупно** | **75.914** | **100** | **7.565** | **61.265** | **3.211** | **2.237** | **1.404** | **232** |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | **2.605** | 3 | 180 | 2.305 | 53 | 37 | 26 | 4 |
| Рударство и каменоломство | **221** | 0 | 29 | 141 | 28 | 15 | 4 | 4 |
| Производство | **8.362** | 11 | 356 | 6.535 | 569 | 515 | 326 | 61 |
| Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и ладење и греење | **224** | 0 | 57 | 146 | 8 | 3 | 7 | 3 |
| Водоснабдување , канализација, управување со отпад и санации | **260** | 0 | 19 | 150 | 27 | 24 | 30 | 10 |
| Градежништво | **5.270** | 7 | 365 | 4.341 | 313 | 185 | 58 | 8 |
| Големопродажба и малопродажба, поправка на моторни возила и мотоцикли | **23.140** | 31 | 1,211 | 20.488 | 836 | 427 | 152 | 26 |
| Транспорт и складирање | **5.780** | 8 | 203 | 5.046 | 309 | 158 | 54 | 10 |
| Угостителски и сместувачки дејности | **4.777** | 6 | 275 | 3.992 | 301 | 170 | 39 | - |
| Информации и комуникации | **2.041** | 3 | 338 | 1.403 | 154 | 93 | 46 | 7 |
| Финансиски и дејности во осигурување | **470** | 1 | 65 | 326 | 24 | 22 | 25 | 8 |
| Дејности со недвижности | **645** | 1 | 166 | 437 | 22 | 14 | 5 | 1 |
| Професионални, научни и | **7.636** | 10 | 451 | 6.886 | 184 | 92 | 21 | 2 |

[45] http://www.oecd.org/countries/albania/sme-policy-index-western-balkans-and-turkey-2016-9789264254473-en.htm

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| технички дејности | | | | | | | | |
| Дејности на администрација и услуги на поддршка | **1.962** | 3 | 622 | 1.148 | 72 | 60 | 41 | 19 |
| Јавна администрација и одбрана, задолжителна социјална сигурност | **264** | 0 | 2 | 24 | 42 | 86 | 83 | 27 |
| Образование | **1.289** | 2 | 88 | 655 | 50 | 170 | 323 | 3 |
| Дејности во јавното здравје и социјалната работа | **3.241** | 4 | 32 | 2.836 | 128 | 94 | 124 | 27 |
| Уметност, забава и рекреација | **1.753** | 2 | 772 | 842 | 42 | 50 | 36 | 11 |
| Други услужни дејности | **5.974** | 8 | 2.334 | 3.564 | 49 | 22 | 4 | 1 |

Извор: ДЗС (2019), *0 вработени или нема достапни податоци.

Од 74.278 МСП регистрирани во земјата (Табела 8), малку под една третина од активните претпријатија (30,5 %) се во секторот за трговија на големо и мало. Меѓу другите важни сектори се производството (11 %), професионалните, научните и техничките дејности (10,1 %), транспортот и складирањето (7,6 %) и градежништвото (6,9 %). Овие четири сектори претставуваат три четвртини од вкупниот број активни претпријатија. Горенаведените четири сектори, каде што работат повеќето од деловните субјекти, исто така се секторите што најмногу придонесуваат за вработувањето (30 %).

### Табела 8: Број на МСП по регион

| **Регион** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** |
|---|---|---|---|---|---|
| Вардарски Регион | 5.350 | 5.362 | 5.265 | 5.297 | 5.478 |
| Источен Регион | 5.486 | 5.511 | 5.414 | 5.439 | 5.609 |
| Југозападен Регион | 7.010 | 7.206 | 7.119 | 7.090 | 7.401 |
| Југоисточен Регион | 5.773 | 5.852 | 5.848 | 5.862 | 6.105 |
| Пелагониски Регион | 7.917 | 7.906 | 7.907 | 7.955 | 8.166 |
| Полошки Регион | 7.458 | 7.928 | 8.010 | 8.158 | 8.503 |
| Североисточен Регион | 4.045 | 4.004 | 3.997 | 3.993 | 4.090 |
| Скопски Регион | 25.530 | 26.154 | 26.241 | 26.882 | 28.926 |
| **Вкупно** | **68.569** | **69.923** | **69.801** | **70.676** | **74.278** |

Извор: ДЗС, 2019 година, Региони во Република Северна Македонија 2020 г.

Националната просечна деловна густина е 37 деловни субјекти на илјада жители, односно 35,8 МСП на 1.000 жители. Речиси половина од деловните субјекти ги вршат своите дејности во два региони – Скопскиот и Пелагонискиот Регион, кои се сметаат за полурурални региони.

Занаетчискиот сектор се состои од ракотворби, производство од мал обем и услужни дејности во градежништвото и другите сектори. Законот за занаетчиство во голема мера ги поедностави условите за отворање нови претпријатија во оваа категорија. За

регистрирање на дејноста потребно е само да се поседува диплома за занаетчиски дејности и канцелариски/работен простор.

Во првите пет до десет години, занаетчискиот сектор бележи брз раст и сега тој е важен сектор со повеќе од 6.500 занаетчии и мали производства и услужни дејности како изведувачи на занаетчиски работи, чиј број ќе расте со усогласување на дел од претпријатијата со Законот за занаетчиство. Покрај традиционалните занаети, низ годините се појавија нови, модерни занаети, главно во секторот услуги, како што се: електричарски услуги, автомеханичари, автоелектричари, ТВ и аудиосервисери, услуги за поправка на електрични уреди во домаќинството, фризерски услуги и многу други.

Понатаму, професионално едуцираните и квалификувани занаетчии што имаат познавања, компетенции и вештини со кои нудат квалитетни занаетчиски производи и услуги според потребите на пазарот на трудот придонесуваат за зголемување на можностите за вработување. Дополнително, тие ги подобруваат ефективноста и конкурентноста на економијата. Занаетите се организирани во регионални занаетчиски комори (15), од кои најактивни се коморите во Скопје, Струмица, Гевгелија, Прилеп, Битола, Тетово и во Куманово, т. е. во урбаните центри. **Најмала регистрирана занаетчиска дејност е забележана во руралните средини, иако постои потенцијал.**

### 3.1.5 Пазар на трудот

Последните официјални статистички податоци во третиот квартал од 2019 година покажуваат намалување на стапката на невработеност на 17,1 %, споредено со 32,2 % во 2009 година. Од вкупното активно население во 2019 година во земјата, 19,4 % биле невработени (Табела 9).

**Табела 9: Стапка на вработеност**

| | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|
| Стапка на активност (15-64) % | 63,4 | 63,5 | 64,2 |
| Стапка на вработеност (15-64) % | 49,2 | 50,1 | 52,9 |
| Стапка на невработеност (15-64) % | 25,7 | 25,1 | 19,4 |

Извор: ДЗС, 2020 г.

Покрај намалувањето на стапката на невработеност, која беше резултат на владините политики за вработување и самовработување, како и СДИ во технолошките и индустриските зони во земјата, стапката на невработеност сè уште не е на задоволително ниво во споредба со просекот од ЕУ 28 од 6,7 % за 2019 година. **Високата стапка на млади невработени лица (15-24 години) е дополнителен проблем што води кон миграција на младата работна сила од руралните средини кон урбаните центри и во странство.**

Регионалната стапка на невработеност во 2019 година се движеше во опсег од 6,3 % во Југоисточниот Регион, како најниска вредност, а 33,0 % во Североисточниот Регион, како највисока вредност. **Стапката на невработеност е полоша главно во руралните региони (Вардарскиот, Источниот, Југозападниот, Југоисточниот, Полошкиот и Североисточниот Регион) во споредба со полуруралните региони (НТЕС ниво 3) (Скопскиот и Пелагонискиот Регион (Табела 10).** Просечната стапка на невработеност

главно во руралните региони е над националната стапка на невработеност (18,5 % наспроти 17,3 %), додека, пак, стапката на невработеност во полуруралните региони од 13,9 % е пониска од националниот просек.

**Табела 10: Економско активно население и вработени/невработени по регион**

| Тип на регион | Економски активно население | Стапка на вработеност | Стапка на невработеност |
|---|---|---|---|
| | % од вкупното население | % од вкупното економски активно население | % |
| Вардарски Регион | 61,8 | 55,2 | 10,8 |
| Источен Регион | 58,9 | 54,3 | 7,8 |
| Југозападен Регион | 57,0 | 43,1 | 24,4 |
| Југоисточен Регион | 67,6 | 63,3 | 6,3 |
| Пелагониски Регион | 64,5 | 56,0 | 13,1 |
| Полошки Регион | 51,9 | 37,1 | 28,5 |
| Североисточен Регион | 55,2 | 37,0 | 33,0 |
| Скопски Регион | 53,5 | 45,6 | 14,7 |
| **Вкупно** | **46,4** | **47,4** | **17,3** |

Извор: ДЗС, 2019 г. (пресметки на МЗШВ, 2020 г.).

Стапката на невработеност според родовата структура во 2019 година е речиси еднаква помеѓу мажите и жените. Така, стапката на невработени мажи била 16,5 %, а стапката на невработени жени 18,4 %.

### 3.1.6 Образовен систем

Образовниот систем во Северна Македонија е структуриран во претшколско, основно (6-14 години), средно (15-17/18 години) и високо образование. Стапката на писменост е висока, односно околу 98,8 % кај мажите и 96,8 % кај жените (2015 г.). Иако состојбата со целокупната писменост е добра, постои разлика во образовната структура на населението меѓу урбаните и руралните средини.

Основното образование е со времетраење од девет години и е задолжително и бесплатно за сите ученици (на возраст од 6 до 14 години). Во државата има 987 основни училишта. Задолжителното деветгодишно основно образование беше воведено во 2007 година согласно Концептот за деветгодишно основно образование. Законот за основно образование гарантира бесплатен пристап кон ова ниво на образование за сите деца на возраст од 6 до 14 години, особено преку обезбедување бесплатни учебници за учесниците, како и превоз за оние ученици што имаат постојано живеалиште што е оддалечено повеќе од 2 км од најблиското училиште.

Од 2007 година, средното образование е задолжително и бесплатно за секој граѓанин под еднакви услови предвидени со Законот за средно образование и согласно овој услов, усогласена е политиката за запишување во средните училишта. Се обезбедуваат бесплатни учебници, бесплатен превоз и сместување во ученички домови со цел обезбедување еднаков пристап кон квалитетно образование за сите ученици. Средното

образование е поделено во четири типа: средно општо образование, средно стручно образование, уметничко образование и образование за ученици со посебни образовни потреби. Средното стручно образование е во времетраење од три и четири години. Од постојните 132 средни училишта, 116 се државни, а останатите 16 приватни училишта. Од државните училишта, 27 се гимназии; 47 се стручни училишта; 33 обезбедуваат и општо и стручно образование; 4 училишта се наменети за ученици со посебни образовни потреби; и 5 се уметнички училишта.

Предизвици на средното образование: Стручното образование сѐ уште не привлекува доволен број ученици (освен во одредени професии од областа на здравството, економијата и правото), особено во двегодишното/тригодишното стручно образование; Постои јаз меѓу понудата на профили од стручниот образовен систем и побарувачката на пазарот на трудот. Не постои систем за воведување нови квалификации во стручното образование и обука и нема доволна и ефикасна соработка со бизнис-секторот за конкретни практични обуки за учениците и учење преку работа. Има несоодветна дисперзија на средните училишта (со особено слаб пристап до училиштата во регионите), проследено со преголем број ученици (до 40 во еден клас) во одредени училишта или премалку ученици во други училишта.

Приоритети на средното образование: Усогласување на стручното образование и обука со потребите на пазарот на трудот; Зголемување на опсегот на стручното образование и обука; Подобрување на средината за учење и квалитетот на стручното образование и обука.

**Табела 11: Број на основни и средни училишта и ученици по регион во 2019 година**

| **Регион** | **Основни училишта** | **Ученици во основно образование** | **Средни училишта** | **Ученици во средно образование** |
|---|---|---|---|---|
| Вардарски Регион | 81 | 13.109 | 11 | 4.483 |
| Источен Регион | 91 | 13.059 | 14 | 5.462 |
| Југозападен Регион | 125 | 17.860 | 14 | 6.789 |
| Југоисточен Регион | 118 | 13.937 | 9 | 4.703 |
| Пелагониски Регион | 175 | 19.913 | 20 | 7.933 |
| Полошки Регион | 147 | 28.982 | 19 | 11.110 |
| Североисточен Регион | 93 | 15.912 | 10 | 6.517 |
| Скопски Регион | 157 | 65.382 | 35 | 24.653 |
| **Вкупно** | **987** | **188.154** | **132** | **71.650** |

Извор: ДЗС, 2019 година, Региони во Република Северна Македонија 2019 г.

Високото образование се реализира на три нивоа: додипломски студии, магистерски студии и докторски студии. Во земјата има шест државни универзитети, еден приватно-државен универзитет, девет приватни универзитети и две стручни школи. Во 2017 година биле запишани 58 илјади студенти на додипломски студии на 122 факултети во рамките на универзитетите. Во 2016 година имало 3.034 студенти на магистерски студии, односно 58,9 % од нив студирале на државните универзитети.

Центарот за образование на возрасни е формиран во ноември 2008 година и почнува со работа во 2009 година со мисија да промовира функционален систем за образование на

возрасни (согласно стандардите на ЕУ), кое ќе обезбедува квалитетно образование за стекнување квалификации, зголемување на вработеноста и развој на претприемништвото, одговор на потребите на пазарот на трудот и кое ќе придонесе за економски, социјален и личен развој на поединците.

Во 2012 година започна процесот на верификација на програмите за образование на возрасни (програми во неформалното образование) преку кои се стекнува квалификација или делумна квалификација. Во 2018 година беа верификувани (акредитирани) 77 понудувачи на неформална обука и им се овозможи да издаваат признаени дипломи. Од 2012 година наваму, околу 40 кандидати станаа професионални обучувачи. Препознавајќи ја важноста од информирање на јавноста за можностите и придобивките од образованието за возрасни, во изминатите години се спроведоа неколку промотивни активности. Почнувајќи од 2012 година, редовно се организираат „Денови на образованието за возрасни“, со цел промовирање на концептот на доживотно учење како доживотно образование, без оглед на возраста, полот или етничката припадност за да се подигне свеста кај граѓаните за важноста на образованието за возрасни.

Предизвици на образованието за возрасни: Има јаз меѓу побарувачката и понудата на образованието за возрасни што произлегува од недостигот на информации за среднорочните и долгорочните потреби за работна сила. Ниското ниво на свест кај населението за можностите и придобивките од образованието за возрасни придонесува за слабата мотивираност на возрасните да се вклучат во доживотното учење, а другата причина за ова е непостоењето систем за валидација на неформалното и информалното образование. Дополнително на тоа што претпријатијата не се запознаени со придобивките од спроведувањето учење на работното место или практикантство, исто така и работниците не се доволно информирани за нивните права и обврски во образованието.

### 3.1.7 Користење земјиште и сопственост

Северна Македонија е земја што не излегува на море, со вкупна површина од 25.713 км$^2$ (ДЗС, 2019 г.). Територијата на земјата главно е планинска и испресечена со големи котлини. Ридовите и планините зафаќаат 79 % од копнената површина, а остатокот го сочинуваат рамнините (19 %) и природните езера (2 %) (Табела 12).

**Табела 12: Користење на земјиштето**

| **Тип** | **ха (илјади)** | **% од вкупната површина** |
|---|---|---|
| 1. Земјишна површина | 2.515 | 97,8 |
| 1.1 Земјоделско земјиште | 1.264 | 49,2 |
| 1.2 Шуми | 1.092 | 42,4 |
| 1.3 Други земјишни површини (природни паркови, крајбрежни зони, урбани површини, итн.) | 159 | 6,2 |
| 2. Води во внатрешноста, вклучувајќи езера | 56 | 2,2 |
| **Вкупна површина** | **2.571** | **100,0** |

Извор: ДЗС, 2020 г.

Од вкупната територија на земјата, 1.264 илјади хектари, односно 49 % е земјоделско земјиште (, обработливо земјиште и градини, овоштарници, лозови насади, ливади и пасишта), 42 % се шуми, а околу 2 % се води во внатрешноста, вклучително и езера.

Во 2019 година, 519 илјади хектари, односно 41 % од вкупното земјоделско земјиште било обработено земјиште. Од вкупното обработено земјиште, околу 81 % припаѓа на обработливо земјиште и градини, 3 % овоштарници, 5 % лозови насади, а ливадите опфаќаат 11 % од вкупното обработено земјиште. Пасиштата се застапени на 743.991 хектари, односно 59 % од вкупното земјоделско земјиште (Табела 13).

**Табела 13: Површини под земјоделско земјиште (во илјади хектари)**

| Површина | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Земјоделско земјиште, од кое** | **1.263** | **1.264** | **1.267** | **1.266** | **1.264** | **1.264** |
| **1.1 Обработено земјиште, од кое** | 511 | 513 | 516 | 517 | 519 | 519 |
| *1.1.2 Обработливо земјиште и градини* | *413* | *415* | *417* | *417* | *418* | *418* |
| *1.1.3 Овоштарници* | *15* | *16* | *16* | *16* | *17* | *17* |
| *1.1.4 Лозја* | *23* | *23* | *24* | *24* | *24* | *24* |
| *1.1.5 Ливади* | *60* | *59* | *59* | *60* | *60* | *60* |
| **1.2. Пасишта** | **751** | **750** | **750** | **748** | **744** | **744** |
| **2. Езерца, трстеници и рибници** | **1** | **1** | **1** | **1** | **1** | **1** |

Извор: ДЗС, 2020 г.

Само 144,9 илјади хектари од КЗЗ може да се наводнуваат, иако има инсталирани системи за наводнување за околу 164 илјади хектари (51,1 % од КЗЗ). Според државното претпријатие за водостопанство, само 7,2 % од КЗЗ фактички се наводнуваат годишно поради застарените системи за наводнување.

Структурата на сопственост на земјиштето е главно приватна сопственост. Индивидуалните земјоделски стопанства обработуваат 80 % од обработливото земјиште, а остатокот го обработуваат земјоделските претпријатија (од кое 36.000 хектари ги обработуваат поранешните, сега приватизирани, земјоделски комбинати) и јавните претпријатија. Меѓутоа, државата сѐ уште е сопственик на поголемиот дел од урбаното, земјоделското (вклучително и пасишта) и шумското земјиште. Управувањето со ресурсите во државна сопственост се одвива на централно ниво, освен урбаното земјиште со кое управуваат локалните самоуправи. МЗШВ управува со земјиштето во државна сопственост на тој начин што изнајмува или дистрибуира земјоделско земјиште на користење за социјално ранливото население. Со заштитените подрачја (природните паркови), пасиштата и шумите управуваат државните претпријатија. Земјоделските претпријатија и деловните субјекти се најголемите корисници на пасиштата во сопственост на државата (78 %).

Според информациите од катастарската евиденција, во однос на сопственоста, вкупното обработливо земјоделско земјиште може да се подели на 451.702 хектари во приватна сопственост и 237.882 хектари земјиште во државна сопственост. До денес, МЗШВ има распределено вкупно 97.533 хектари државно земјоделско земјиште на вкупно 9.263 корисници, односно, во просек, 10.53 хектари по корисник (Табела 14).

**Табела 14: Распределба на земјоделско земјиште во државна сопственост**

| Хектари | Број на корисници | Доделена површина |
|---|---|---|
| До 10 | 8.779 | 30.342 |
| 10-50 | 296 | 7.235 |
| 50-100 | 70 | 4.897 |
| 100-500 | 94 | 16.803 |
| 500-1.000 | 16 | 12.369 |
| 1.000-5.000 | 7 | 9.098 |
| Над 5.000 | 1 | 16.789 |
| **Вкупно** | **9.263** | **97.533** |

Извор: МЗШВ Сектор за земјишна политика, 2021 г.

Иако просечната површина на доделеното државно земјиште по корисник е 10,53 хектари ако се изземат 8 корисници од пресметката, т. е. деловните субјекти (поранешните земјоделски комбинати) што најмуваат над 1.000 хектари, **поголемиот дел од доделеното државно земјоделско земјиште, во просек, е 7,74 хектари по корисник, главно приватни земјоделски стопанства со седиште во подрачјето каде што се наоѓа земјиштето во државна сопственост**.

Државното обработливо земјиште, исто така, се доделува и на образовни и истражувачки институции и на затворско-поправните институции како дел од програмите за социјална рехабилитација и инклузија.

Од 2007 година, МЗШВ воведе елементи на Интегрираниот систем за администрација и контрола (ИСАК), вклучително и Единствен регистар на земјоделски стопанства (наречен земјоделски регистар) и Систем за идентификација на земјишни парцели (СИЗП). Истражувањето направено од воздух во 2009 година и првичното генерирање дигитализирани податоци за цели на земјоделското земјиште резултираа со информации за обработливото земјоделско земјиште и реална графичка ортофото карта на територијата. Во 2012 година, како резултат на кампања организирана од МЗШВ, сите регистрирани земјоделски стопанства ги впишаа своите земјишни капацитети за производство и од 2013 година за цели на исплата на субвенциите „по хектар", евиденцијата на СИЗП се користи како контролен механизам за референтна парцела, во моментот тоа е катастарската парцела. Со финансиска поддршка од Програмата ЕУ ИПА ТАИБ 2012, од јануари 2017 година до октомври 2018 година МЗШВ го спроведе проектот: „Генерирање ортофото карти и дигитализација на употребата на земјоделското земјиште и развој на ИТ-софтвер за ФР и ФАДН системот и надградување на софтверот на СИЗП". Во рамките на проектот беа реализирани неколку цели: снимки од височина, ортофото карти (DOF), дигитален модел на теренот (DTM), дигитализација на земјоделско земјиште и надградба на СИЗП со нови алатки, модули и функции. Врз основа на новите ортофото карти од 2017 година, МЗШВ ги ажурираше податоците за обработено земјоделско земјиште и постојаните пасишта.

Статистичкиот преглед на дигитализираните парцели во СИЗП покажува дека **најголемиот дел од земјоделското земјиште потпаѓа под постојани пасишта (57 %) и обработливо земјиште (36 %)** од вкупната дигитализирана површина.

**Табела 15: Користење на земјиштето врз основа на СИЗП**

| Шифра | Искористеност на земјиштето | Бр. на физички блокови | Површина во хектари | % од вкупната површина | Просечна големина на физичките блокови |
|---|---|---|---|---|---|
| 200 | Обработливо земјиште – ниви | 244.358 | 332.680 | 36,04 | 1,36 |
| 210 | Оранжерии и најлонски тунели | 10.397 | 2.608 | 0,28 | 0,25 |
| 300 | Постојани пасишта | 190.904 | 531.508 | 57,59 | 2,78 |
| 400 | Недефинирана користење на земјиштето – повеќегодишни насади (лозови или овошни култури) | 15.663 | 4.494 | 0,49 | 0,29 |
| 410 | Лозови насади | 40.965 | 31.503 | 3,41 | 0,77 |
| 420 | Овоштарници | 32.674 | 19.965 | 2,16 | 0,61 |
| 490 | Мешани повеќегодишни насади | 653 | 219 | 0.02 | 0,34 |
| 900 | Привремено необработливо земјиште | 555 | 153 | 0,0 | 0,27 |
| **Вкупно** | | **535.614** | **922.977** | **100** | **0,91** |

Извор: МЗШВ, ЛПИС, 2020 г.

Статистиката за големината на парцелата се однесува на физичките блокови дефинирани според искористеноста на земјиштето и ограничени со други физички граници во подрачјето. **Просечните димензии на парцелата се мали (поголем број парцели под 0,2 хектари) и со меѓусебни разграничувања или диспензирани мали парцели на неорганизирана земјоделска површина. Нема земјоделски патишта или тие не се организирани меѓу малите парцели.**

**Земјоделските стопанства го организираат своето производство на многу парцели, според процена по 5 земјишни парцели по стопанство.** Според истражувањето на МЗШВ, повеќето индивидуални земјоделски стопанства го организираат своето производство на 7 до 10 парцели. Просечната големина на овие парцели е меѓу 0,25 хектари до 0,6 хектари. Повеќето парцели се на меѓусебна раздалеченост од 500 м до 2 км, а често се наоѓаат во различни катастарски општини (околу 20 % од парцелите), а тоа ја прави нивната обработка скапа и неефикасна. Земјоделските парцели главно имаат неправилни форми, најчесто се тесни и долги, а тоа има неповолно влијание врз земјоделските дејности и користењето соодветни и модерни производствени технологии и механизација.

Со цел да се премости оваа структурна препрека за развој на земјоделството, во 2013 година се усвои Стратегијата за консолидација на земјиштето, по која следуваше и Законот за консолидација на земјиште.

Во периодот од 2014 до 2020 година е постигнат значаен напредок во однос на спроведувањето на активностите поврзани со консолидацијата на земјиштето. Имено, со поддршка од ФАО и ЕУ, но, исто така, со значително зголемување на капацитетите за спроведување на МЗШВ се постигнаа следниве резултати:

- Се спроведе Национална студија за изводливост за спроведување проекти за консолидација на земјоделско земјиште во која се рангираа сите рурални средини согласно претходно дефинираните критериуми и параметри од аспект на исполнување на предусловите за спроведување на конкретниот инструмент;
- Се предложија два амандмани кон Законот за консолидација на земјоделско земјиште, со цел олеснување и појаснување на постапките за консолидација и се изготвија/изменија и се дополнија три подзаконски акти;
- Се воспостави систем за регистрација на изведувачите во областа на консолидацијата (приватни фирми) преку воспоставување Регистар во рамките на МЗШВ;
- Се воспостави електронски систем за прибирање податоци што се важни за процесот на спроведување на постапките за консолидација;
- Се воспоставија постапки за секоја од трите поединечни фази за спроведување на проектите за консолидација (1. Студија за изводливост, 2. Распределба, 3. Регистрација во катастарот на недвижности и градење инфраструктура);
- Се избра 21 потенцијално подрачје преку два отворени повици за изразување интерес;
- Се изготвија 14 Студии на изводливост за поединечните рурални средини во земјата (според избраните погоре) и една првична анализа;
- Се забележува напредок во воспоставувањето внатрешни механизми за финансирање на проектите за консолидација преку воспоставување мерки за поддршка во програмите за поддршка на земјоделството и руралниот развој;
- Во фазата на спроведување има 7 проекти за консолидација со распределба преку промена на границите на катастарските парцели, при што еден од нив е во крајната фаза од спроведувањето со изградба на земјоделска инфраструктура;
- Во фазата на спроведување е 1 проект за распределба без промена на границите на катастарската парцела;
- Завршен е 1 проект за распределба без промена на границите на катастарската парцела;
- Во фаза на планирање се 2 дополнителни проекти за консолидација со промена на границите на катастарските парцели со поддршка на ЕУ.

## 3.2. Резултати од работењето на земјоделскиот, шумарскиот и прехранбениот сектор[46]

### 3.2.1 Конкурентност на земјоделството и прехранбениот сектор

**Земјоделско-прехранбен економски развој**

Уделот на земјоделството во БДП изнесуваше околу 9 % во периодот од 2014 до 2018 година (во споредба со 1,1 % во ЕУ 28 во 2018 година). Уделот на прехранбената индустрија, вклучително пијалаци и тутун во БДП, беше околу 3 %. Според ова,

[46] Податоците со кои се презентира економскиот развој во земјоделството се од ДЗС, освен ако не е поинаку наведено во текстот.

земјоделско-прехранбениот сектор сè уште е еден од секторите што најмногу придонесува за националната економија со удел во БДП од 11 %.

**Табела 16: Показатели на економскиот развој во земјоделството и прехранбената индустрија**

| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| БДП во милиони ЕУР (тековен курс) | 8.562 | 9.072 | 9.657 | 10.038 | 10.744 | 11.209 [2)] |
| Додадена вредност од земјоделството, по основни цени, изразено во милиони ЕУР (тековен курс) | 871 | 882 | 886 | 790 | 910 | 902 |
| *Земјоделство (БДВ во % од БДП)* | *10,2 %* | *9,7 %* | *9,2 %* | *7,9 %* | *8,5 %* | *8,0 %* |
| Прехранбена индустрија, пијалаци и додадена вредност од тутунот, по основни цени, изразено во милиони ЕУР (тековен курс) | 243 | 242 | 274 | 286 | 313 | 331 |
| *Прехранбена индустрија, пијалаци и тутун (БДВ во % од БДП)* | *2,8 %* | *2,7 %* | *2,8 %* | *2,8 %* | *2,9 %* | *3,0 %* |
| **Вкупна вработеност** | **762.506** | **776.746** | **788.919** | **812.321** | **771.806** | **807.362** |
| Вработувања во земјоделството, шумарството и рибарството (вклучително и сезонски работници, самовработени и семеен неплатен труд) | 127.438 | 126.126 | 120.303 | 120.311 | 119.337 | 111.033 |
| *Вработувања во земјоделството (% од вкупната вработеност)* | *16,7 %* | *16,2 %* | *15,2 %* | *14,8 %* | *15,5 %* | *13,7 %* |
| **Вкупно извоз, во милиони ЕУР** | **4.081,2** | **4.421,7** | **4.892,0** | **5.536,1** | **6.480,8** [2)] | **6.431,5** |
| Земјоделство и прехранбена индустрија (+ пијалаци и тутун) Извоз во милиони ЕУР | 486,7 | 487,2 | 531,1 | 536,4 | 545,5 | 624,5 |
| *Извоз од земјоделско-прехранбениот сектор (% од вкупниот извоз)* | *11,9 %* | *11,0 %* | *10,9 %* | *9,7 %* | *8,4 %* | *9,7 %* |
| **Вкупно извоз, во милиони ЕУР** | **5.555,0** | **5.893,5** | **6.326,6** | **6.926,1** | **7.826,0** [2)] | **8.364,5** |
| Земјоделство и прехранбена индустрија (+ пијалаци и тутун) Увоз во милиони ЕУР | 650,4 | 701,1 | 718,3 | 760,6 | 792,6 | 837,1 |
| *Увоз во земјоделско-прехранбениот сектор (% од вкупниот увоз)* | *11,7 %* | *11,9 %* | *11,4 %* | *11,0 %* | *10,1 %* | *10,0 %* |
| **Биланс од трговија, во милиони ЕУР** | -1.473,8 | -1.471,8 | -1.434,6 | -1.390,0 | -1.345,2 | -1.575,5 |
| Земјоделство и прехранбена индустрија (+ пијалаци и тутун) биланс од трговија, во милиони ЕУР | -163,7 | -213,9 | -187,1 | -224,2 | -247,1 | -212,6 |

Извор: Статистика за БДП на ДЗС, 2019 г. (Пресметки од МЗШВ) [2)] прелиминарни податоци.

## Вработувања во земјоделството и продуктивност на работната сила

Земјоделскиот сектор, вклучително и шумарството и рибарството, претставуваат 13,9 % од вкупната вработеност во 2019 година, а тоа е трипати повеќе во споредба со 4,2 % од ЕУ 28 (2016 г.). Од вкупно 111.033 лица ангажирани во земјоделството во 2019 година, 35 % (38.478) се неплатени семејни работници, 49 % се самовработени, а околу 15 % се редовно вработени. Околу 17 % (18.379) од вкупната ангажирана работна сила во

земјоделството е ангажирана на скратено работно време или како сезонски работници.

Зголемувањето на целокупната вработеност во земјата резултираше со намалување на уделот на вработувањата во земјоделството во вкупно вработените за -3,0 % во 2019 година во споредба со 2014 година.

Повеќе од половина од вкупно вработените лица во земјоделството се ангажирани во одгледувањето култури, а останатите во комбинирано производство, култури и добиток.

Земајќи го предвид времето поминато во работа, во Северна Македонија редовно вработени во земјоделството се 151.000 лица[47] со полно работно време (во годишни работни единици) (Табела 17).

**Табела 17: Вкупно ангажирана работна сила во земјоделството (1000 ГРЕ)**

| Опис | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно ангажирана работна сила во земјоделството | 146 | 153 | 150 | 138 | 151 |
| Ангажирана неплатена работна сила во земјоделството | 62 | 63 | 61 | 47 | 60 |
| Ангажирана платена работна сила во земјоделството | 84 | 90 | 89 | 91 | 92 |

Извор: ДЗС, „Економски сметки за земјоделството“, 2018 г.

Поголемиот удел на семејни работници упатува на тоа дека повеќето од фармите произведуваат само за сопствени потреби или фарми што вишокот од производството го пласираат на пазарот. Нето-платите што биле исплатени минатата година во земјоделството, шумарството и рибарството изнесувале 340 ЕУР месечно (околу 15,4 ЕУР дневно) и биле 79 % од националниот просек на нето-плати.

Во 2018 година, продуктивноста на работната сила во земјоделството се зголемила за 5 %, што упатува на тоа дека повисоката вредност на земјоделските производи (БДВ) се произведува со помалку ангажирана работна сила (ГРЕ). Меѓутоа, бруто-додадената вредност по годишна работна единица во 2018 година е значително помала во споредба со просекот од ЕУ 28. **Ниските резултати на продуктивноста на работната сила во голема мера произлегуваат од тоа што земјоделските стопанства се мали, фрагментирани и раштркани земјишни парцели и комбинирано производство (видете, исто така, во Делот 3.1.7 од оваа Програма).**

Еден од клучните проблеми во земјоделскиот сектор на земјата е стареење на работната сила. Околу 15 % од вработените во земјоделството се млади лица (од 15 до 24 години). Ниските приходи и неповолните работни услови во земјоделството, како и влошените услови за живот во руралните средини ги обесхрабруваат младите да започнат кариера во земјоделството. Младите се помобилни и помалку емоционално врзани со земјата и селото.

Според податоците од АФПЗРР, речиси 75 % од вкупниот број земјоделски стопанства што се корисници на ИПАРД Програмата 2014-2020 година во рамките на Мерка 1 –

[47] Ова претставуваше 1,6 % од работната сила во земјоделството ангажирана со полно работно време во ЕУ 28 во 2016 година (извор: https://ec.europa.eu/eurostat/documents/3217494/9455154/KS-FK-18-001-EN-N.pdf/).

Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства[48] ги водат млади земјоделци на возраст помеѓу 18 и 40 години.

Исто така, постои **јасен ризик од недостиг на квалификувана работна сила во земјоделството, особено за производство на трудовоинтензивни производи. Недостигот на сезонски работници, особено во сезона на берба, и недостигот на овчари претставуваат сериозна закана за идниот развој на трудовоинтензивниот земјоделски сектор, каде што е потребна итна модернизација**.

Поголемиот дел од работната сила во земјоделството нема формално образование, обука и раководни и деловни вештини од областа на земјоделството. **Повеќе од 60 % од вработените во земјоделството што работат за надница, работат во основни занимања со основни задачи за кои не се потребни повисоки квалификации и вештини.**

**Земјоделски стопанства, структура на фарми и типологија**

Со текот на времето се случува континуирана бавна промена (реструктурирање) во структурата на фармите на земјоделските стопанства со помалку и поголеми фарми, помала вработеност, поголема специјализираност, модернизација и концентрирање на производството, како и раст на земјоделската дејност со скратено работно време. Според последното структурно истражување на ДЗС во земјоделството (2016 г.), имало 178.125 земјоделски стопанства во споредба со 170.885 во 2013 година и 192.675 земјоделски стопанства во 2007 година.

**Табела 18: Број на земјоделски стопанства и обработена површина/ДЕ**

| | Број на земјоделски стопанства | Вкупно достапна површина на стопанствата, во хектари | Вкупно користена земјоделска површина, во хектари | Шуми и друго земјиште, во хектари | Користена земјоделска површина по стопанство | Грла добиток | Грла добиток по хектар |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **178.125** | **366.462** | **320.738** | **21.899** | **1,80** | **2,14** | **1,19** |
| Индивидуални земјоделски стопанства | 177.845 | 311.277 | 271.989 | 18.099 | 1,53 | 2,01 | 1,32 |
| Земјоделски деловни субјекти | 280 | 55.185 | 48.749 | 3.800 | 174,1 | 82,38 | 0,47 |

Извор: ДЗС (2016 г.).

Просечната големина на земјоделските стопанства од аспект на искористена земјоделска површина е 1,80 хектари, а тоа е 3 % помалку од просечната големина забележана во 2013 година. Просечната големина е далеку под просекот од ЕУ 28 (2016) од 16,6 хектари. Проблемот со малите фарми се зголемува, имајќи предвид дека 60,8 % од сите земјоделски стопанства користат помалку од 1 хектар земјоделско земјиште.

Земјоделските стопанства во Северна Македонија може да се карактеризираат како мали од аспект на земјоделското земјиште, но и од аспект на бројноста на добитокот. Во

[48] На крајот од јуни 2020 година.

просек, секое земјоделско стопанство што чувало добиток имало само 2,14 ДЕ (што е еднакво на само две молзни крави) во споредба со 22,9 ДЕ на секое земјоделско стопанство што чувало добиток во ЕУ 28 во 2016 година.

Се забележува значителна разлика меѓу големината на земјоделските стопанства што ги водат индивидуални земјоделски производители и семејни земјоделски стопанства и оние што ги водат деловни субјекти (правни субјекти и задруги). Иако индивидуалните земјоделски стопанства користат, во просек, околу 1,75 хектари по стопанство, деловните субјекти обработуваат околу 197 хектари по земјоделско стопанство.

**Според ова, структурата на земјоделските стопанства во земјата ја сочинуваат голем број многу мали фарми што вишокот од производството за сопствени потреби го пласираат на пазарот (<1,5 хектари и <2 ДЕ), кои обработуваат 85 % од вкупно достапното земјоделско земјиште, и многу мал број големи земјоделски стопанства (>100 хектари и >100 ДЕ), кои обработуваат 15 % од земјоделското земјиште.**

Последната класификација на земјоделски стопанства врз основа на типот земјоделска дејност и економската големина на стопанствата со користење стандардни излезни коефициенти и податоци за структурата на фармата е направена од ДЗС во 2016 година.[49]

Според последната класификација на земјоделските стопанства, помалку од едно на секои пет земјоделски стопанства (18 %) се класифицирани како комбинирани растително-сточарски фарми во споредба со една на секои десет (10,1 %) во ЕУ 28. Исто така, забележан е релативно повисок удел на земјоделски стопанства класифицирани како комбинирано растително производство (7,7 %) во споредба со 4,7 % за ЕУ 28. Наспроти ова, процентот на земјоделски стопанства класифицирани како фарми специјализирани за одредени поледелски култури (житни култури, маслодајни семиња и/или протеински култури) и специјализирани фарми за повеќегодишни култури (лозови насади, овоштарници и масленици) бил речиси идентичен со ЕУ 28 (33,8 %, односно 17,5 % во споредба со 31,6 %, односно 18,4 %). Најмал удел од земјоделските стопанства (0,7 %) се специјализирани за хортикултура и (4 %) за масленици.

**Слика 1: Класификација на земјоделски стопанства по тип на земјоделска дејност**

[49] Дополнителен извор на податоци се користи за споредба на националната типологија на фарми со типологијата на ЕУ 28 (извор: https://ec.europa.eu/eurostat/documents/3217494/9455154/KS-FK-18-001-EN-N.pdf/).




Извор: ДЗС, Структура и типологија на земјоделските стопанства, 2016 г.

Во 2017 година, повеќе од две третини (69,8 %) од земјоделското производство во земјата било генерирано од земјоделски стопанства специјализирани за поледелски култури (житарици, индустриски култури, фуражни култури, градинарски култури, компири, овошје и винова лоза), а тоа е многу поголем процент од ЕУ 28 (50,6 %).

Најголемиот придонес во формирањето на вкупното стандардно производство го прават земјоделските стопанства со специјализирано поледелско производство (23,87 %), специјализирано сточарско производство (20,73 %) и комбинирано сточарско - растително производство (20,45 %), додека, пак, најмал придонес од земјоделски стопанства специјализирани за хортикултура со само 1,19 %.

Иако индивидуалните земјоделски стопанства се карактеризираат со мешовита дејност (сточарско - растително производство), **деловните субјекти во земјоделството се специјализирани главно за одгледување добиток, сектори на производство на житни и индустриски култури, па според тоа, нивната концентрација е поголема во регионите на производство на житни култури (Овче Поле и Пелагонија). Големиот број индивидуални земјоделски стопанства со мешовито производство упатува дека типот на земјоделска дејност во земјата е наменет за сопствена потреба и стопанства што вишокот производство го пласираат на пазарот во земјата**.

Според класификацијата за економска големина на земјоделските стопанства[50], **повеќе од половина, односно 50,2 % од земјоделските стопанства се класифицирани во прва класа ЕСУ – до 2.000 ЕУР**, 19,5 % припаѓаат на втора класа – од 2.000 до 4.000 ЕУР, 16,3 % во трета класа – од 4.000 до 8.000 ЕУР и 8,4 % со економска големина од 8.000 до 15.000 ЕУР. Во вкупното стандардно производство во Северна Македонија

[50] ДЗС: Структура и типологија на земјоделските стопанства, 2016 г.

преовладуваат земјоделските стопанства од трета класа, а земјоделските стопанства од прва класа имаат најмал удел.

**Како целина, може да се смета дека земјоделскиот сектор има неповолна структура на фарми, каде што најголем број се индивидуални земјоделски домаќинства со мешовито производство, екстензивни методи на производство (посебно во секторот на житни култури), со низок паричен тек и ниска конкурентност од аспект на продуктивноста. Сето ова претставува пречка за инвестиции во напредни технологии и условува релативно ниски приноси од културите.**

**И покрај трендовите за зголемување на големината на фарма според искористеност на земјиштето, фрагментацијата на земјиштето сè уште е сериозен структурен проблем за зголемување на продуктивноста во земјоделството, а со тоа и на конкурентноста.** Континуираното делење на делови како резултат на наследување понатаму ја зголемува фрагментацијата на парцелите како сериозна структурна слабост. Имајќи предвид дека земјоделските стопанства со помалку од 1 хектар користена земјоделска површина имаат удел од 60,8 %, а стопанствата со над 10 хектари претставуваат 1,5 %, има очигледно неефикасно искористување на земјоделското земјиште што влијае врз продуктивноста во целост.

Фрагментацијата на земјоделското земјиште, исто така, е видлива при споредбата со земјите членки на ЕУ. Земјата се наоѓа далеку под вредностите од КЗЗ по земјоделско стопанство во земјите членки на ЕУ (Слика 2).

**Слика 2: Споредба на КЗЗ по земјоделско стопанство со земјите членки на ЕУ (2016 г., во хектари)**




Извор: ЕВРОСТАТ, национални статистики (Студија на FAO/SWG, 2013 г.).

## Главни земјоделски производи[51]

[51] Податоците што се користат за приказ на состојбата со земјоделското производство се целосно прикажани во Анекс 4 Статистички податоци за земјоделското производство.

Вкупната вредност на земјоделското производство и вредноста на услугите во земјоделството изнесувале 1,37 милијарди ЕУР во 2018 година, што претставува зголемување од околу 14 % во споредба со 2012 година, во голема мера поради зголемувањето на цените на ниво на фарма. Иако целокупните количества земјоделско производство не се значително зголемени на годишно ниво, вредноста на земјоделските производи е зголемена, особено во производството на овошје и зеленчук – културите ориентирани повеќе за извоз и производството на млеко поради зголемувањето на побарувачката од преработувачите на млеко, но, исто така, и поради подобрувањето на квалитетот на млекото.

### Табела 19: Структура на бруто-генерирано земјоделско производство

| Опис | Вредност (во милиони ЕУР) | % од вкупно |
|---|---:|---:|
| *Земјоделско производсто* | *1.030,7* | *75,1 %* |
| *Сточарско производство* | *308,6* | *22,5 %* |
| *Услуги во земјоделството* | *6,9* | *0,5 %* |
| *Секундарни неодвоени, неземјоделски дејности* | *27,0* | *2,0 %* |
| **Бруто-генерирано земјоделско производство** | **1.373,2** | **100,0 %** |

Извор: ДЗС, „Економски сметки за земјоделството", 2018 г.

### *Растително производство*

Според уделот во вкупното генерирано земјоделско производство, растителното производствопридонело најмногу со околу 75 % во 2018 година. Ваквиот висок процент произлегува од вредноста на зеленчукот и производството на повеќегодишни култури (овошје и винова лоза) и нивното зголемување на годишно ниво.

### Табела 20: Структура на растително производство

| | **% од вкупно** | |
|---|---|---|
| *Култури* | *100 %* | |
| Житарици | | 10,1 % |
| Градинарски култури | | 44,0 % |
| Индустриски култури | | 0,2 % |
| Фуражни култури | | 11,4 % |
| Тутун | | 8,0 % |
| Компири | | 4,0 % |
| Овошни култури | | 15,8 % |
| Винова лоза | | 6,5 % |

Извор: ДЗС, „Економски сметки за земјоделството", 2018 г.

Речиси 40 % од обработливото земјиште во 2019 година било користено за производство на житни култури, а остатокот за зеленчук (12,4 %), индустриски култури (5,3 %) и фуражни култури (10 %). Околу 400 хектари се користат за заштитено производство на култури во оранжерии.

**Табела 21: Обработливо земјиште по култура, во илјади хектари**

| Година | Вкупно обработлива површина | Житарици | Индустриски култури | Градинарски култури | Фуражни култури | Оранжерии | Угари и необработено обработливо земјиште |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 413 | 163 | 26 | 53 | 36 | 1 | 134 |
| 2015 | 415 | 162 | 24 | 53 | 38 | 1 | 137 |
| 2016 | 417 | 168 | 22 | 52 | 39 | 1 | 135 |
| 2017 | 417 | 161 | 24 | 52 | 40 | 1 | 139 |
| 2018 | 418 | 166 | 20 | 52 | 41 | 0,4 | 139 |
| 2019 | 419 | 160 | 22 | 52 | 42 | 0,4 | 143 |

Извор: ДЗС, 2020 г.

Моделот на производство на култури е различно во зависност од големината на фармата. Големите земјоделски стопанства (над 50 ха) се специјализирани за житни култури (главно пченица) и за индустриски култури. Малите земјоделски стопанства се многу важни производители на свежо овошје, зеленчук и грозје (т. е. готовински култури).

Значаен дел од производството на култури доаѓа од земјоделските стопанства од мешовит тип на земјоделска дејност. Според податоците од земјоделскиот попис (2007 г.), мешовитите земјоделски стопанства произведуваат половина од житните култури и една третина од количествата овошје и зеленчук на национално ниво.

*Производството на житни култури* е резултат од жетвата на 160 илјади хектари обработливо земјиште (40 % од вкупното обработливо земјиште во 2019 година) со принос од просечно 3,55 тони житарици по хектар. Во 2017 година, просечните приноси биле незначително под просекот во земјите од ЈИЕ (3,6 тони по хектар), но далеку под просечните приноси на житарици во ЕУ 28 (5,6 тони по хектар)[52].

Најголемиот дел од произведените количества житарици биле од *производство на пченица*, кое во 2019 година било вкупно 239.916 тони ожнеано на 44 % од земјиштето обработено со житарици. Останатите 56 % од жетвата во 2019 година биле од производство на јачмен (138.453 тони), пченка (187.676 тони), овес (6.715 тони), ’рж (8.628 тони) и ориз (21.278 тони). Североисточниот, Источниот, Полошкиот и Пелагонискиот Регион имале удел од околу 66 % од вкупното производство на житарици.

Иако скромно, производството на ориз е многу важно бидејќи ги задоволува домашните потреби и претставува главен извор на дополнителни приходи за околу 5.000 семејства. *Производството на ориз* се намали од 5.174 хектари во 2014 година на 3.555 хектари во 2019 година. Меѓутоа, просечните приноси на ориз по хектар се зголемиле во истиот период од 5.895 кг/ха на 6.113 кг/ха.

Во 2019 година, *производството на зеленчук* се добило од жетвата на околу 9,4 % (48.770 хектари) од вкупното обработливо земјиште, не земајќи ја предвид површината на која се произведува зеленчук како меѓукултура (дополнителни 10.116 хектари). Количествата од производството на зеленчук изнесувале вкупно 903.445 тони. Главни зеленчукови

[52] Извор: eurostat.ec.europa.eu.

култури се компирите (189.023 тони, односно 21 % од вкупно произведените количества зеленчук), домати (152.348 тони, односно 17 % од вкупните количества зеленчук), пиперки (185.452 тони, односно 20,5 %), кромид (59.314 тони, односно 6,6 %) и зелка (128.534 тони, односно 14 %). Останатите 21 % од количествата произведен зеленчук произлегуваат од грав, леќа, лук, краставици и лубеници и дињи.

Производството на зеленчук се врши главно на отворено, во оранжерии и под пластенички тунели со и без греење. Околу 80 % од производството на зеленчук е концентрирано во Југоисточниот Регион од земјата, кој се карактеризира со медитеранска клима.

Според истражувањето на ДЗС за структурата и типологијата на земјоделските стопанства (2016 година), 26.674 земјоделски производители произведуваат индустриски култури, од кои 46 % се наоѓаат во Пелагонискиот Регион. Во последните неколку години, тутунот е најдоминантна индустриска култура (тутунот се одгледува на 78 % од вкупно засеаната површина со индустриски култури).

Во производството на маслодајните култури (семиња и репки), главна маслодајна култура е сончогледот, меѓутоа производството на оваа култура во земјата пополека се намалува. Од 2014 година наваму, површините под сончоглед се намалиле за 10 % (од 5.122 хектари во 2014 година на 4.677 хектари во 2019 година). Сончогледот се одгледува главно во Пелагонискиот Регион (50 % – 70 %). Има незначително производство на маслодајни репки главно како извор на протеин за сточната храна.

Производството и површините под фуражни *култури* се стабилни низ годините, со незначителен пораст на површините со насади на луцерка, детелина и сточна репка споредено со 2014 година. Во 2019 година, фуражни култури зафаќале 6,9 % од вкупно обработливото земјиште. Во 2019 година, главна фуражна култура е луцерката на 19.710 хектари, со годишно производство од 107.048 тони.

Во 2019 година, површините под *повеќегодишни насади* (лозови насади и овоштарници) биле околу 8 % од вкупното обработливо земјиште. Од аспект на удел во бруто-земјоделското производство, производството на овошје и винова лоза е второ место по придонес кон бруто-земјоделското производство (зеленчукот е на прво место). Од аспект на површини насадени со повеќегодишни култури, **најважната повеќегодишна култура се лозовите насади**, кои претставуваат повеќе од 59 % од вкупната површина под повеќегодишни насади (околу 41 илјади хектари), но, од аспект на вредност, **производството на овошје има придонес од околу 71 % од вкупното земјоделско производство од повеќегодишни култури)**.

Во 2019 година се произведени околу 258.960 тони грозје и 168.869 тони овошје. Производството на јаболка е главна овошна култура што има удел од две третини во вкупното производство на овошје (53 % во 2019 година). Во периодот од 2014 до 2019 година е забележано целокупно зголемување во произведените количества. **Производството на овошје има растечки потенцијал имајќи ја предвид зголемената побарувачка за извоз на нови пазари.**

Вкупното производство на грозје (вклучително винско и трпезно грозје) во последните шест години (2014-2019 година) е релативно стабилно, со просечно производство од околу 267 илјади тони годишно. Годишниот принос, исто така, е стабилен, во просек околу 11,3 тони по хектар. На наводнуваните парцели, просечниот принос е значително повисок, од 17 до 23 тони по хектар. Во структурата на вкупното производство на грозје, трпезното грозје претставува 16 %, а останатите 84 % се винско грозје[53]. **Производството на трпезно грозје има растечки потенцијал имајќи ги предвид поволните природни услови (жетвата почнува еден месец порано од жетвата во регионот), сортите (од рана жетва до доцна жетва) и сè поголемата побарувачка на пазарот.** За да се одговори на растечкиот потенцијал на пазарот за трпезно грозје, потребно е да се посвети посебно внимание не само на проширувањето на површината под трпезно грозје, туку, исто така, клучен е и изборот на сортата (на пример, сорти без семки).

Речиси 60 % од лозовите насади (за производство на вино) се постари од 15 години, односно сорти што не се добри за производство на квалитетно вино. **Не е проблем само старосната структура за развој на секторот за винско грозје, туку, исто така, проблем претставуваат и засадените сорти.** Сè поголемиот извоз на висококвалитетни флаширани вина во винската индустрија бара приспособување на структурата на сортите на виновите насади за да се следат потребите на пазарот. **Растечкиот извоз на вино, исто така, има потреба од нови површини со винова лоза за кои постои потенцијал во подрачјата со угари и ридските подрачја.**

Земјата има неискористен **потенцијал за производство на енергетски култури, како и количества остатоци од земјоделско производство**. Главните култури што тековно се произведуваат, а кои може да се користат за производство на биогориво се житариците, индустриските култури, градинарски култури и повеќегодишните култури. Приближно 1,7 милиони тони годишно остануваат како биомаса по жетвата на насадите. Дел од тоа се користи како сточна храна (слама, силажа), а остатокот се преорува. Регионите што обезбедуваат најголемо количество енергетски култури и биомаса од растенија се: Југозападниот и Пелагонискиот Регион. Најголем процент од растителниот остаток (околу 80-85%) е од житариците, виновата лоза и овоштарниците. Во последните години има голем интерес за одгледување брзорастечки дрвја, главно од „новодојдените“ во земјоделскиот сектор – посебно на падините во источните делови од земјата. Без оглед на тоа, секторот е недоволно искористен и треба да се стимулира подобрување преку политики и мерки за да се насочи и да се искористи потенцијалот.

***Сточарско производство***

Сточарското производство учествува со 23 % во земјоделското производство во 2018 година.

[53] Податоци од ЛПИС (2020 г.).

**Табела 22: Структура на сточарско производство**

| Опис | % од вкупно | |
|---|---|---|
| *Добиток* | *100 %* | |
| Крупен добиток | | 18,6 % |
| Свињи | | 15,7 % |
| Коњи | | 0,0 % |
| Овци и кози | | 7,1 % |
| Живина | | 3,4 % |
| Млеко | | 49,7 % |
| Јајца | | 4,7 % |
| Други производи од животинско потекло | | 0,9 % |

Извор: ДЗС, „Економски сметки за земјоделството“, (2018 г).

Според пописот на ДЗС за структурата и типологијата на земјоделските стопанства (2016 г.), околу 40 % од вкупниот број земјоделски стопанства одгледувале добиток, но само половина од нив биле специјализирани за сточарство (22 % од сите земјоделски стопанства). Од 2013 година наваму, бројот на земјоделски стопанства што одгледуваат добиток е намален (56,5 % од вкупниот број земјоделски стопанства). Вкупниот број добиточни единици во 2016 година бил 381.361, а, во просек, секое земјоделско стопанство што чувало добиток имало само по 2,14 добиточни единици (што е еднакво на само две возрасни молзни крави). Индивидуалните земјоделски стопанства поседуваат по 2,01 добиточни единици во споредба со деловните субјекти, кои поседуваат 82,38 грла добиток.

Бројот на животни е во постојан пад во последните 6 години. Единственото значително зголемување во бројките на добиток е забележано кај свињите во периодот од 2014 до 2018 година, а потоа, во 2019 година се забележува стрмен пад.

**Табела 23: Добиточни единици (грла)**

| Категорија | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Говеда | 241.607 | 253.442 | 254.768 | 255.036 | 256.181 | 217.790 |
| Овци | 740.457 | 733.510 | 723.295 | 724.555 | 726.990 | 684.558 |
| Свињи | 165.053 | 195.443 | 202.758 | 202.197 | 195.538 | 135.770 |
| Живина | 1.939.879 | 1.761.145 | 1.865.769 | 1.840.173 | 1.828.287 | 1.562.089 |

Извор: ДЗС, 2020 г.

Повеќе од 38 илјади земјоделски стопанства во земјата одгледуваат **говеда за млеко, а 60 % од говедарските земјоделски стопанства одгледуваат помалку од 6 грла добиток**. Само 11 % од земјоделските стопанства чуваат стада со над 20 крави. **Во просек, земјоделските стопанства чуваат по 10 крави (2020 г.). Структурата, според големината на говедарските земјоделски стопанства, покажува подобрување во просечната големина, од 7 во 2014 година на 10 во 2020 година. Приносите на млеко се под просекот од ЕУ 28 (2.077 кг по молзна крава, наспроти 7.280 кг по молзна крава во ЕУ 28 во 2018 година).**

**Во моментот, помалку од 3,2 % од суровото млеко што се доставува во млекарите на преработка е во согласност со стандардите од ЕУ.** Се очекува дека со воведувањето

повисоки субвенции според квалитетот на млекото во 2021/2022 година, ќе се дојде до брзо консолидирање на секторот на одгледување добиток за производство на млеко, имајќи предвид дека дел од производителите што генерираат над нивните потреби ќе го намалуваат производството и ќе почнат да произведуваат само за сопствена потрошувачка, а ќе се зголемува бројот и уделот во производството на комерцијално ориентираните фарми, кои имаат или се во процес на адаптирање на својата дејност според европските стандарди.

*Овчарството*, исто така, е концентрирано кај малите земјоделски стопанства. Просечниот број овци по фарма се движи помеѓу 20 и 200 животни, кои главно се чуваат за производство на јагнешко месо и производство на млеко (ретко за волна). Околу 95 % од млечните овци се чуваат од индивидуални земјоделски стопанства и семејни земјоделски стопанства. Одгледувањето овци е полуномадско и се врши со испаша на стадото во текот на летото. Во последните години има сè поголем интерес за *одгледување кози* поради зголемената побарувачка за козји млечни производи и има потенцијал за развој на овој сектор.

Значаен процент од земјоделските стопанства одгледуваат *свињи*, меѓутоа поголемиот број од нив (60 %) имаат 1 до 3 маторици или вкупно 15-20 свињи. Има 5 деловни субјекти, земјоделски стопанства што претставуваат 60 % од вкупниот број свињи. Во 2019 година имало 135.770 свињи, што е пад од приближно 18 %, односно 29.283 свињи во споредба со 2014 година.

Се проценува дека производството на свинско месо покрива 90 % од домашната побарувачка за свежо свинско месо. Меѓутоа, домашното производство на свинско месо не ја задоволува сè поголемата побарувачка на месната индустрија од аспект на квантитет и од аспект на квалитет. Недостигот на свинско месо за месната индустрија се задоволува преку увоз на свежо, разладено или замрзнато свинско месо, а тој увоз се зголемува секоја година. **Секторот има потенцијал за развој доколку расите свињи што се одгледуваат се приспособат на нивоата на квалитет за преработувачката индустрија и доколку се применат техниките на одгледување за навремено задоволување на домашниот пазар.**

Вкупниот број *живина* во 2019 година изнесувал 1,6 милиони пилиња, од кои бројот на кокошки несилки бил 1 милион, со просечно годишно производство од 138 јајца по кокошка. Повеќе од 50 % од вкупниот број кокошки несилки се одгледуваат интензивно на големи живинарски фарми, со просек од 80 до 100 илјади кокошки по фарма и речиси двојно повеќе од просечното производство јајца по кокошка во споредба со останатиот процент што отпаѓа на индивидуалните земјоделски стопанства. **Со усвојување и спроведување на плановите за следење на салмонелата во производството на јајца, секторот може да извезува јајца во ЕУ. Сите фарми треба да се усогласат со стандардите за благосостојба на животни за кокошките несилки.**

Се забележува зголемување на потенцијалот на домашниот пазар за свежо пилешко месо, имајќи ја предвид големата зависност од увоз на ова месо (80 % од целокупната побарувачка на пазарот). **Развојот на секторот го попречува недостигот на програми за одгледување за производство на еднодневни пилиња, како и за концентратот за**

**исхрана, кои се увезуваат.** Овие проблеми одгледувањето бројлери го прават неефикасно и во помал обем. Се забележува зголемен интерес за алтернативни системи за одгледување живина, како што е „одгледување живина што е пуштена слободно да се движи“ или одгледување други птици (гуски, мисирки и домашни кокошки, итн.), кои земјоделците ги сметаат за привлечни од аспект на приход.

**Малите сточарски земјоделски стопанства, несоодветните раси и начинот на одгледување на животните претставуваат ризици за ниска продуктивност во секторот и низок квалитет на производите.**

*Пчеларството* има долга традиција во земјата и висок потенцијал, имајќи ја предвид поволната клима за одгледување различни видови вегетација и култури, кои се добар извор на нектар и полен за медоносните пчели. Статистички, бројот на сандаци со пчелини семејства во 2019 година бил 96.143, а тоа е за 22.274 семејства повеќе, односно 30 % повеќе во споредба со 2014 година. Најголем дел од производството (речиси 100 %) се произведува во индивидуалниот сектор, со просечен принос од 6 кг мед по пчелино семејство во 2019 година. Годишното производство мед во 2019 година било 475 тони, кое е значително помалку во споредба со соседните земји[54].

***Инвестиции во земјоделството***

Инвестициите во земјоделството во 2018 година достигнале износ од околу 47 милиони ЕУР.[55] Годишната потрошувачка на основниот капитал (амортизација) во 2017 година била 9 % од БДВ во земјоделството[56]. **Амортизацијата на основниот капитал во земјоделството ги надминува новите инвестиции и води до заклучокот дека инвестициите во земјоделството сè уште се недоволни за модернизација на земјоделското производство.**

Недоволните инвестиции во земјоделска механизација резултираа со значително зголемување во мануелната работа, а како последица на тоа, ниска продуктивност на работната сила. Во 2013 година, вкупниот број трактори во земјата бил околу 92.708, а бројот на комбајни 1.797. Бројот на трактори е релативно мал, односно 0,2 трактори по хектар КЗЗ и 0,5 по земјоделско стопанство. И покрај тоа што просечниот број трактори е приближно на ниво на ЕУ (во просек, 0,6 по земјоделско стопанство), земјоделската механизација е дотраена и застарена бидејќи 70 % од тракторите и комбајните се постари од 20 години. **Оттука, и покрај значителната поддршка од националната програма за рурален развој и ИПАРД II за модернизација на земјоделските стопанства (повеќе од 600 инвестиции со трактори одобрени од ИПАРД II), потребни се понатамошни инвестиции. Дополнително на потребата од инвестиции во нова механизација, потребни се инвестиции во земјоделска механизација во секторот за растително производство, за сеење, ѓубрење, заштита, наводнување и за други земјоделски активности.**

[54] Производството на мед во Србија е околу 3 илјади тони, а во Бугарија околу 1,5 илјади тони.
[55] ДЗС 2020 г., База на податоци МАКСтат (http://makstat.stat.gov.mk/).
[56] ДЗС, ЕСЗ 2020 г.

Во секторот растително производство има ниска продуктивност во голема мера поради ниското ниво на механизација, нискиот квалитет на семињата и саден материјал и несоодветните практики за управување со земјиштето, кое, исто така, е резултат на високиот степен на фрагментација на земјиштето.

Потребни се значителни инвестиции за подобрување на квалитетот на земјоделските производи на ниво на фарма, т. е. за жнеење, по жетвени активности и складирање на овошјето и зеленчукот, капацитети за сушење и складирање за житните култури, како и за опрема за пакување за житните култури (особено за оризот).

Како резултат на поволните климатски услови, потсекторот за раноградинарско производство има значаен потенцијал за понатамошен конкурентен развој. Оттука, потребни се инвестиции за модернизација на „пластенички тунели“[57] во „пластенички хали“[58] со систем за наводнување „капка по капка“ и одржливо греење.

Во повеќето оранжерии нема одржување ниту инвестиции во технолошка модернизација. И покрај поддршката од ИПАРД II Програмата, инвестициите во оранжерии беа спречени од законски препреки за легализација на објецтите и за добивање градежни дозволи за градба/реконструкција. Во моментот, постојните 260 хектари (повеќето во блокови од 6 до 24 хектари) што се експлоатираат како оранжерии се 70-75 % од капацитетот. Ова е поради неефикасните и застарени системи за загревање, кои значително ги зголемуваат трошоците за производство, а бидејќи нема доволно обртни средства за да се плати за греење, многу оранжерии не се во поволна положба од аспект на времето на жетва. Во случај кога е тоа можно, треба да се прошири користењето термална вода за греење и другите обновливи извори на енергија.

Со цел да се одговори на климатските промени, потребни се мерки за премостување на проблемите и за прилагодување.

И покрај тоа што се зголемуваат инвестициите во садење и повторно засадување повеќегодишни култури (повеќе од 750 инвестиции одобрени со ИПАРД II до јуни 2020 година), сепак, потребни се уште повеќе инвестиции поради долгиот период без инвестирање што резултираше со неповолна старост и структура на сортите, но, исто така, поради поволните услови за одгледување овошје и винова лоза. Дополнително, барањата на новите пазари и преработувачката индустрија се поврзани со високи стандарди за квалитет. Според тоа, **фокусот треба да биде на засадување технолошки унапредени плантажи на повеќегодишни култури и повторно засадување овоштарници и лозови насади, адаптација на старосната и структурата на сортите на повеќегодишни култури и на по жетвени инвестиции по на ниво на фарма, како и на ниво на повисоките пазари во синџирот**. Регионалната концентрација на производството (на пример, вински сорти на грозје во Тиквешката долина, јаболка во Охридско-преспанскиот Регион, итн.) создава добра основа за промовирање на

[57] Наједноставна непостојана конструкција за одгледување раноградинарски култури во најмали димензии (висока 0,8 м, широка 3 метри, а должината може да биде различна) од дрво или метал и покриена со пластична прекривка.
[58] Модерна постојана конструкција за одгледување зеленчук со поголеми димензии (висината најчесто е 3 метри, а ширината и должината може да бидат различни), со постојана конструкција и покриена со пластична прекривка или пластични панели. Може да се користи за најлонски тунели за расад или за хортикултурно производство.

хоризонталното интегрирање на земјоделските стопанства со понатамошна поддршка за воспоставување групи производители и специјализација.

Со цел искористување на потенцијалот за производство на биогориво и биогас од растителните производи, треба да се обезбедат и инвестиции за развој на одгледувањето индустриски култури. Иако производството на индустриски култури (со исклучок на тутунот) е скромно, постои голем потенцијал за маслодајните семиња и репки (вклучително и сојата) за производство на биогорива чија побарувачка е во пораст. Исто така, има можности и за производство на биогориво на фармите од сопствени ресурси, како начин да се одговори на ризикот од раст на цените за гориво, кое значително влијаеше врз трошоците на земјоделското производство во изминатите години. За успешна реализација на можностите, потребно е да се зголеми ефикасноста на производството на маслодајните култури и тоа е исто толку поврзано со инвестициите на фарма колку што е поврзано со практиките за управување со фарма. Производството на фуражни култури и сено во голема мера е поврзано со сточарското производство, но и тоа не е доволно, ниту, пак, е модернизирано за да се постигне задоволително ниво на продуктивност, што може да го компензира зголемувањето на трошоците за сточна храна. Пченката како сточна храна и сојата како извор на протеини за добитокот главно се увезуваат.

Понатаму, општите слабости на земјоделскиот сектор како резултат на неповолната структура на фармите и нискиот степен на соработка меѓу производителите, исто така, претставуваат препрека за развој на конкурентно производство на земјоделски култури. Сè уште е недоволно вертикалното организирање, особено во секторот за производство на овошје и речиси и да не постои хоризонтална интеграција. И покрај тоа што има нови инвестиции во модернизација на преработувачките капацитети, мрежите на логистика и каналите за маркетинг не се ефикасни и усложнети од страна на трговците во малопродажба.

Треба да се подобрат практиките за управување со фармите за да се искористат инвестициите и модернизацијата на растителното производство. Промовирањето на хоризонталната интеграција на земјоделските производители е клучно за одржување на потенцијалот за раст и тенденциите на пазарот.

Во сточарскиот сектор се потребни значајни инвестиции за хармонизирање на националното законодавство со стандардите на Унијата од областа на хигиената на млекото, заштитата на животната средина и благосостојбата на животните, особено во секторите на производство на млеко и месо. Според процените на АХВ, 60 % од стопанствата со млечни крави немаат инсталации за молзење. **За спроведување на новите стандарди на Унијата за заштита на благосостојбата на животните, поврзани со кокошките несилки во живинарството, потребни се инвестиции во сите живинарски стопанства во периодот на транзиција. Исто така, потребни се значителни инвестиции за управување со арското ѓубре на сточарските фарми, како резултат на барањата за заштита на благосостојбата на животните и заштита на животната средина.**

Секторот за производство на млеко има потреба од дополнително реструктурирање за да одговори на повисоките барања за квалитет на млекото од страна на преработувачката индустрија. Ниската продуктивност на фармите за производство на месо и млеко, исто така, е резултат на недоволниот капацитет на генетски потенцијал (кај секторот месо, најголемиот капацитет се молзните крави), нискиот квалитет на сточната храна што се произведува на малите фарми, како и, генерално, несоодветните практики за управување со фармите. Јакнењето на примарното производство на месо е клучно бидејќи месната индустрија, каде што се врши модернизација во последните години (посебно, кај големите преработувачи), всушност, нема доволно месна суровина за да може да ги користи целокупните достапни капацитети.

Треба да се забележи дека **одгледувањето добиток во индивидуалните земјоделски стопанства не ги исполнува барањата на КЗЗ**. Во случајот со овците и козите, сопствениците на добитокот користат изнајмени државни пасишта за испаша, додека, пак, кај говедата, свињите и живината се купува зрнеста храна и концентрат, што значи и високи трошоци за производство, особено за фармите за производство на месо. Недоволниот капацитет за складирање на житото и силажата влијае врз потенцијалот на капацитетот за сточарско производство.

Во насока на зголемување на конкурентноста на сточарското производство, потребно е да се подобри структурата на фармите, бидејќи тоа е важно за зголемување на продуктивноста, која, всушност, единствено може да биде резултат на низа активности, како што е воведување подобри раси и сточна храна, итн. Понатаму, инвестициите во физичките објекти на сточарските фарми (просторот за одгледување, опремата за молзење и ладење, управување со арското ѓубре и кашестата маса, итн.), како и подобрувањето на практиките за управување со фармите преку инвестиции во човечкиот капитал ќе резултираат со поголема конкурентност.

Производството на мед ги исполнува потребите на домашниот пазар. Меѓутоа, има зголемен потенцијал за извоз на органски „шумски“ и „ливадски“ мед. Со цел развој на овој сектор, потребно е да се направат „пасишта за пчели“ на кои ќе се насадат „медоносни“ растенија и дрвја за да може да се контролира „испашата“ на пчелите и да се подобри квалитетот на медот, но и за да може да добие потврда дека е органски. Исто така, потребна е модерна опрема за да се подобрат локалните производи и нивниот пласман на локалните пазари. Иако медот е основниот производ од пчеларството, има потенцијал за производство и на други пчелини производи, како што се поленот, прополисот и матичниот млеч. Производите од мед се бараат за медицински и козметички цели.

***Органско земјоделство***

Во Северна Македонија, секторот *органско земјоделство* е во развој, а бројот на земјоделски стопанства што се сертифицирани како органско производство или се во транзиција за органско производство е релативно мал (847 земјоделски стопанства регистрирани во 2019 година) во споредба со бројот на регистрирани земјоделски стопанства во земјата. Иако земјоделците покажуваат зголемен интерес за органското

производство, бројот на сертифицирани органски земјоделски стопанства, вклучувајќи ги и производителите и трговците, е само двапати поголем од 2014 година наваму.

Органското производство главно се извезува имајќи предвид дека домашниот пазар сè уште се развива и е ограничен. Во постојан пораст е побарувачката за извоз на органските производи, како што се растенија за есенцијални масла, билки, зачини, овошје, зеленчук и мед. Понудата на преработени органски производи е речиси незначителна и речиси не постои врска помеѓу органските земјоделци и преработувачите.

### Табела 24: Органско производство и структура на фармите

| **Органско земјоделство според структура на производството** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| **Органско производство на култури (ха)** | | | | | |
| 2.359 | 2.632 | 3.240 | 2.900 | 3.909 | 5.206 |
| **Органско сточарско производство (грла)** | | | | | |
| 57.896 | 77.199 | 86.123 | 100.917 | 115.785 | 115.066 |
| **Органско производство на мед (пчелини сандаци)** | | | | | |
| 6.285 | 6.932 | 7.760 | 7.676 | 8.193 | 8.894 |
| **Број на сертифицирани земјоделски стопанства за органско земјоделство** | | | | | |
| 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| **Органско производство на култури** | | | | | |
| 102 | 152 | 214 | 268 | 334 | 240 |
| **Органско сточарско производство** | | | | | |
| 70 | 106 | 155 | 281 | 211 | 132 |
| **Органско производство на мед** | | | | | |
| 50 | 57 | 65 | 65 | 67 | 82 |
| **Органска преработка и трговија** | | | | | |
| 16 | 22 | 27 | 24 | 27 | 28 |

Извор: Регистар на органски производители, Сектор за земјоделство, МЗШВ, 2020 г.

Според анализата на податоците од Регистарот на органски производители (2019 година), просечно земјоделско стопанство, кое се занимава со органско производство на добиток, одгледува 441 грла овци, 67 грла кози или 60 грла говеда, односно 22,7 хектари за органско производство на култури.

Најголем удел во органското производство на култури имаат фуражните култури (25,52 %), а по нив се житните култури (16,81 %), овошјето (12,67 %), свежиот зеленчук (7,31 %) и грозјето (2,69 %). Во последните години се забележува зголемен удел во вкупното органско производство на ароматични/медицински билки (8,71 %). Кај сточарското производство, водечки сектор е одгледувањето овци (52 % од сертифицираните производители на органско одгледување добиток). Уделот на органското одгледување кози и говеда е од 23 % до 25 % за секој од нив. Пречка на органското одгледување добиток е недостигот на, или скапата органска сточна храна. Имајќи предвид дека практиките за одгледување овци главно се номадски, на „чисти“ планински пасишта, овој сектор многу „полесно“ се сертифицира како органско производство.

Органското производство е регулирано согласно Законот за органско производство, кој е во сила од 1 јануари 2010 година и е усогласен со соодветната Регулатива бр. 834/2007 на ЕУ и Регулативата 889/2008 на Комисијата.

Во однос на контролниот систем за органското производство во земјата, постојат две тела за сертификација (Балкан Биосерт и Про-Серт), кои се овластени од МЗШВ да вршат контрола и сертификација на органското производство. Контролните тела вршат експертска контрола и сертификација согласно МКС EN 45011 (Општи барања за телата што работат со системи за сертификација на производи). Потврдата дека телата за контрола и сертификација работат согласно овој стандард ја дава Институтот за акредитација на Република Северна Македонија (ИАРСМ) како резултат на процесот на акредитација. ИАРСМ е полноправен член на Европската организација за соработка во областа на акредитацијата (ЕА), а во 2012 година го потпиша заедничкиот договор за признавање на акредитациските сертификати (EA-MLA) со Европската организација за соработка во областа на акредитацијата.[59]

**Голема предност за органското производство е постоењето автохтони сорти земјоделски култури што традиционално се одгледуваат и се најдобро адаптирани за областа во која се одгледуваат. Од голема важност е тоа што големото присуство на овие сорти значително го намалува ризикот за неуспешно производство како резултат на земјоделско-климатските услови.**

**Сè повисоката информираност на потрошувачите и континуираното зголемување на побарувачката за органска храна придонесуваат за неминовно зголемување на понудата на сертифицирани органски производи.** Во изминатите години, домашниот пазар на потрошувачите не им нудеше доволно количества официјално сертифицирани органски, свежи или преработени растителни производи. Ниските приходи на потрошувачите и високите трговски маржи наложени од малопродажните мрежи прават органските производи да им бидат достапни само на категориите потрошувачи со повисоки примања. Се забележуваат изразени недостатоци и во голема мера тоа се препреки за поинтензивен развој на растителното органското производство. Првиот недостаток што треба да се спомне е **ниската понуда на суровини за растително производството на домашниот пазар, вклучително семиња и саден материјал и заштита на производите што се дозволени за користење при органското растително производство. Немањето сточна храна и соодветни ветеринарни лекови за органското одгледување добиток е недостаток за понатамошен развој на сертифицирани органски месни и млечни производи.**

**Недоволната и испрекината промоција на придобивките од органското производство за животната средина и човековото здравје придонесува за ниска информираност на потрошувачите за овие производи. Недоволната едукација и организација на органските земјоделци е уште една пречка за развојот на органското растително производство и на локално и на национално ниво.**

**Прехранбена индустрија[60]**

---

[59] Договорот овозможува документите што ги издаваат националните акредитирани тела што се однесуваат на процена на усогласеноста (лаборатории за тестирање и калибрирање, тела за инспекција и сертифицирање производи) да може да се признаваат во ЕУ и надвор од ЕУ.
[60] Статистичките податоци за економскиот развој, кои се анализирани во овој дел, детално се прикажани во Табела 7, освен ако не е поинаку наведено.

Бруто-додадената вредност во прехранбената индустрија (вклучително пијалаците и тутунот) во 2017 година се проценува на 286 милиони ЕУР и придонес од 2,8 % во БДП. Вработеноста во 2019 година била 24.088 лица, кои биле 3,0 % од вкупно вработените во земјата.

Според последните официјални статистички податоци за БДП (производен метод), во 2017 година прехранбената индустрија придонела со 22,6 % во вкупното генерирано производство. Иако уделот на прехранбената индустрија во вкупниот БДП во периодот 2014-2017 година бил стабилен, со 2,8 %, вредноста на генерираното производство од прехранбената индустрија се зголемило за 18 % споредено со 2014 година. Во периодот од 2014 до 2017 година, растот во генерираното производство од прехранбената индустрија може да се карактеризира како незначително и константно и резултат на намалувањето на производствените активности на другите производни сектори како последица на економските кризи. Резултатите во однос на генерираното производство во прехранбената индустрија во овој период на раст се постигнале без зголемување на бројот на вработени, а тоа значи дека се зголемила продуктивноста на работната сила.

Значителен дел од растот на прехранбената индустрија, исто така, би можел да се должи на брзиот раст на домашната побарувачка и извозот. Преработените земјоделски производи претставуваат 38,6 % од вкупниот увоз на земјоделски и прехранбени производи и 20,7 % од вкупниот извоз на земјоделски и прехранбени производи во 2019 година. Најважните извозни производи се необработен тутун, бисквити и вафли, вино и преработен зеленчук.

Во 2020 година, 637 претпријатија биле регистрирани како оператори со храна, односно преработувачи на земјоделски производи и храна од растително и животинско потекло и субјекти што пласираат храна на пазарот (АХВ, 2020 г.). Најголем удел во бројот на оператори со храна има категоријата МСП. Најголем удел во бројот на оператори со храна се преработувачите на овошје и зеленчук (29,8 %), преработувачите на месо (17,7 %), преработувачите на млеко и млечни производи (12,9 %) и производителите на вино (11,9 %). Од вкупниот број одобрени оператори за храна од животинско потекло, вкупно 25 субјекти добиле дозвола за извоз во ЕУ, од кои 6 кланици за овци и/или добиток, 3 преработувачки капацитети за месо, 6 субјекти за калибрирање и пакување јајца, 2 за рибни производи и 1 субјект за преработка на полжави.

**Табела 25: Број на одобрени и регистрирани преработувачки претпријатија**

| *ОиЗ* | *Вино* | *Млеко* | *Месо* | *Мелници* | *Јајца* | *Мед* | *Риба* | *Сточна храна* | Σ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *190* | *76* | *82* | *113* | *75* | *67* | *19* | *4* | *6* | *637* |

Извор: МЗШВ (2020 г.) и АХВ (2019 г.).

Генерираното производство на повеќето прехранбени претпријатија во Северна Македонија е ниско во споредба со европскиот просек (околу 2.000 ЕУР по вработен, наспроти 40.000 ЕУР по вработен во прехранбениот сектор во ЕУ 27). Според тоа, повеќето прехранбени претпријатија ги продаваат своите производи на регионално или на национално ниво. На пример, 6 од вкупно 28 кланици и 7 од 82 млекари се регистрирани за извоз во ЕУ. **Малиот капацитет на преработувачите на прехранбени**

**производи и слабата динамика на спроведување на стандардите од ЕУ се главните причини што го попречуваат прехранбениот сектор да стане конкурентен на големите пазари.** Од една страна, има субјекти главно во извозно ориентираните сектори (вино, овошје и зеленчук и месо), кои располагаат со модерна опрема за преработка што е конкурентна на единствениот европски пазар, меѓутоа тие треба да ги прошируваат своите капацитети за да може да одговорат на бараните количества. Од друга страна, одредени преработувачки претпријатија немаат доволно финансиски ресурси што се потребни за исполнување на строгите стандарди за хигиена и безбедност на храната.

Преработувачката индустрија за овошје и зеленчук е застапена со 190 регистрирани субјекти, од кои 70 % својата дејност ја вршат во руралните средини (Табела 26).

**Табела 26: Број на преработувачки претпријатија за овошје и зеленчук и регионална дистрибуција**

| Регион | Број на регистрирани претпријатија | Регион | Број на регистрирани претпријатија |
|---|---|---|---|
| Скопски Регион | 37 | Пелагониски Регион | 29 |
| Источен Регион | 28 | Вардарски Регион | 21 |
| Југоисточен Регион | 43 | Југозападен Регион | 11 |
| Североисточен Регион | 8 | Полошки Регион | 13 |
| **Вкупно** | **190** | | |

Извор: АХВ (2019 г.), 2020 г.

Преработувачката индустрија за овошје и зеленчук се карактеризира со ниска искористеност на производните капацитети. Просечното ниво на искористување во 2017 година било 46 %, а во 2019 година 52 %. Вкупно инсталираните капацитети за преработка на овошје и зеленчук се околу 120.000 тони готов производ. Ниското искористување на производните капацитети е поради неколку фактори, како што се: испрекинато обезбедување квалитетни суровини, бариери за увоз на суровини надвор од сезоната, проблематичен пристап до исплатливи финансиски ресурси од банките, генерален недостиг на: договорно производство со добавувачите на суровини, квалификувана работна сила во сезона на преработка, соодветни капацитети за складирање на суровините и готовите производи, развој на нови производи со додадена вредност, добро конципирана општа стратегија за маркетинг. И покрај овие факти, производството на преработено овошје и зеленчук е во благ пораст, особено во 2019 година.

**Табела 27: Производство на преработено овошје и зеленчук**

| Година | Вкупно производство (во илјади тони) | Зголемување во илјади тони (во споредба со претходната година) | Зголемување во % (во споредба со претходната година) | Индекс (2013 = 100) |
|---|---|---|---|---|
| 2014 | 52,7 | -2,0 | -3,7 | 96,3 |
| 2015 | 56,1 | +3,4 | +6,5 | 102,6 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2016 | 54,9 | -1,2 | -2,2 | 100,4 |
| 2017 | 55,3 | +0,4 | +0,7 | 101,1 |
| 2018 | 55,8 | +0,5 | +0,9 | 102,0 |
| 2019 | 62,4 | +7,6 | +13,9 | 114,1 |

Извор: МАП, 2020 г.

Според класификацијата на производи, 18 претпријатија преработуваат само зеленчук, 7 преработуваат само овошје, додека, пак, 28 претпријатија ги преработуваат и двете групи земјоделски производи. Целосно, 82 % од сите дејности вклучуваат само преработка на зеленчук, додека, пак, 18 % преработка на овошје[61]. Во однос на инсталираните капацитети, 68 % се капацитети за конзервирање, 15 % се за замрзнување, 11 % се занимаваат со комбинирана дејност, а останатите 6 % се капацитети за сушење и производство на други производи.[62]

Индустријата за преработка на овошје и зеленчук е важна за агрокомплексот и неговиот развој поради следниве факти:

- Преработката на суровини (овошје и зеленчук) главно потекнува од домашно производство;
- Индустријата е извозно ориентирана (80 % од вкупното производство) во ЕУ и соседните пазари; и
- Вработува значителен дел од сезонските работници во текот на целата година.

Во моментот има 76 регистрирани винарници што се наоѓаат во главните подрачја на производство на грозје во земјата. Како резултат на воведувањето построги услови во однос на производните капацитети и опремата на винарниците, како и исполнувањето на нивните договорни обврски кон производителите на грозје, бројот на винарници во 2019 година падна од 86, колку што биле регистрирани во 2010 година, на 76 винарници што во моментот се регистрирани во Регистарот на производители на вино во Министерството. Меѓутоа, во блиска иднина се очекува зголемување на бројот на регистрирани „мали/семејни“ винарници како резултат на олеснувањето на условите за нивно регистрирање со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за вина[63].

**Табела 28: Број на производители на вино и регионална дистрибуција**

| Регион | Број на регистрирани претпријатија | Регион | Број на регистрирани претпријатија |
|---|---|---|---|
| Скопски Регион | 11 | Пелагониски Регион | 3 |
| Источен Регион | 6 | Вардарски Регион | 42 |
| Југоисточен Регион | 7 | Југозападен Регион | 3 |
| Североисточен Регион | 4 | Полошки Регион | 0 |
| **Вкупно** | **76** | | |

Извор: Сектор за лозарство, винарство и овоштарство во МЗШВ (2020 г.).

[61] Просек за преработувачките сезони 2018 и 2019 година.
[62] Извор: Македонска асоцијација на преработувачи, 2020 г.
[63] „Службен весник“ бр. 235/19.

Вкупниот преработувачки капацитет е речиси двојно поголем од годишното производство на вино.

Просечното годишно производство на вино варира меѓу 90 и 110 милиони литри. Меѓутоа, тенденцијата во производството на вино упатува на намалување од аспект на количествата, како резултат на фактот дека повеќето од винарниците најчесто се фокусираат на производство на висококвалитетни флаширани вина преку строга селекција на сортите, управување со лозовите насади и практиките за берба, транспорт и достава. Исто така, тие инвестираат во модерна опрема за преработка, финализација, флаширање и технологии за маркетинг и конкурентен домашен и странски пазари.

Мелничката индустрија е застапена со 75 претпријатија што ја вршат својата дејност само на домашниот пазар. Претпријатијата во оваа индустрија главно мелат брашно од пченица, пченка, јачмен и ориз и готови мешавини од брашно и теста.

### Табела 29: Број на мелнички претпријатија и регионална дистрибуција

| Регион | Број на регистрирани претпријатија | Регион | Број на регистрирани претпријатија |
|---|---|---|---|
| Скопски Регион | 10 | Пелагониски Регион | 6 |
| Источен Регион | 9 | Вардарски Регион | 6 |
| Југоисточен Регион | 4 | Југозападен Регион | 17 |
| Североисточен Регион | 15 | Полошки Регион | 8 |
| **Вкупно** | **75** | | |

Извор: АХВ, 2020 г.

Мелничките претпријатија најчесто се микро, мали и средни претпријатија со застарена опрема и многу потребна модернизација на производството, со цел да се одржат конкурентни и да одговорат на сè поголемата побарувачка на пазарот.

Според податоците на АХВ, сите регистрирани прехранбени оператори ги исполнуваат националните стандарди што се целосно усогласени со законодавството за безбедност на храна на ЕУ.

Според АХВ, има 63 регистрирани собирни центри за сурово млеко, со капацитет од 100 до 12.000 литри, од кои повеќето се наоѓаат во Пелагонискиот Регион.

### Табела 30: Откупени количества млеко

| Година | Кравјо млеко (во илјади литри) | Овчо млеко (во илјади литри) | Козјо млеко (во илјади литри) |
|---|---|---|---|
| 2015 | 148.609 | 10.205 | 2.229 |
| 2016 | 155.868 | 8.501 | 1.796 |
| 2017 | 120.613 | 8.580 | 2.565 |
| 2018 | 158.903 | 7.895 | 2.164 |
| 2019 | 159.497 | 9.900 | 2.568 |

Извор: АХВ, 2020 г.

Во изминатите години, бројот на млекари е во постојан пораст, при што најмногу од нив се занимаваат со производство од мал обем. Во моментот има 82 капацитети за преработка на млеко што се одобрени од АХВ, додека, пак, 50 % од вкупно откупеното

млеко се преработува во 3 млекари, а останатите 50 % во малите и средни капацитети, со исклучок на оние што се наоѓаат на високите планински подрачја во земјата.

**Табела 31: Број на регистрирани млекари и регионална дистрибуција**

| Регион | Број на регистрирани претпријатија | Регион | Број на регистрирани претпријатија |
|---|---|---|---|
| Скопски Регион | 11 | Пелагониски Регион | 11 |
| Источен Регион | 11 | Вардарски Регион | 12 |
| Југоисточен Регион | 10 | Југозападен Регион | 4 |
| Североисточен Регион | 7 | Полошки Регион | 16 |
| **Вкупно** | **82** | | |

Извор: АХВ, 2020 г.

Според категоризацијата по дневен капацитет, повеќето од млекопреработувачките капацитети се производство од мал обем, со дневен преработувачки капацитет помеѓу 1.000 и 5.000 литри, а само 4 од фабриките имаат капацитет од над 80.000 литри млеко дневно. Околу 51 % од регистрираните млекари имаат капацитет помеѓу 1.000 и 15.000 литри дневно.

**Табела 32: Структура на преработувачите на млеко според инсталираниот капацитет за дневна преработка**

| | До 1.000 литри | 1.000-5.000 литри | 5.000-15.000 литри | 15.000-80.000 литри | Над 80.000 литри | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на капацитети/објекти | 16 | 24 | 18 | 20 | 4 | **82** |
| % | 19,5 | 29 | 22 | 24,5 | 5 | **100 %** |

Извор: АХВ, 2019 г.

Основните млечни производи се пастеризирано млеко, УХТ-млеко, локални видови сирење, јогурт и кисело млеко. Капацитетите за преработка повеќе се интересираат да добијат квалитетно сурово млеко, кое ги исполнува бараните стандарди за квалитет и безбедност, главно од специјализираните фарми или помалите фарми поврзани со земјоделските задруги или организирање собирни центри. **Многу малите сточарски фарми (1 до 3 крави) не ги исполнуваат неопходните барања за квалитет на млекото.**

Годишно, околу 60 милиони ЕУР се даваат за поддршка на сточарското производство. Меѓутоа, ваквата поддршка не ги дава посакуваните резултати, а увозот на свежо или замрзнато месо останува со над 102 милиони ЕУР трговски дефицит. Статистичките податоци покажуваат дека во последните четири години домашното производство на месо се намалило за околу 26 % (говедско месо, јагнешко и пилешко), а зголемено е за 35 % само за свинското месо. Во Северна Македонија, годишните потреби за свежо месо и месо за преработка се речиси 11 илјади тони за свинско месо, 20 илјади тони за говедско месо и околу 22 илјади тони за пилешко месо. Околу две третини од овие количества се покриваат со увозот, кој секоја година е во пораст поради растот во месната индустрија во последните 4 години.

Месните капацитети на земјата ги задоволуваат потребите за свежо месо на домашниот пазар. Во месната индустрија има 113 претпријатија и 23 кланици (1 кланица за дивеч).

**Табела 33: Број на месопреработувачки претпријатија и регионална дистрибуција**

| Преработка на месо | |
|---|---|
| **Регион** | **Број на регистрирани претпријатија** |
| Скопски Регион | 38 |
| Источен Регион | 8 |
| Југоисточен Регион | 4 |
| Североисточен Регион | 17 |
| Пелагониски Регион | 8 |
| Вардарски Регион | 23 |
| Југозападен Регион | 4 |
| Полошки Регион | 11 |
| **Вкупно** | **113** |

Извор: АХВ, 2019 г.

**Табела 34: Број на кланици и регионална дистрибуција**

| Кланици | |
|---|---|
| **Регион** | **Број на регистрирани претпријатија** |
| Скопски Регион | 3 |
| Источен Регион | 1 |
| Југоисточен Регион | 7 |
| Североисточен Регион | 2 |
| Пелагониски Регион | 1 |
| Вардарски Регион | 4 |
| Југозападен Регион | 0 |
| Полошки Регион | 5 |
| **Вкупно** | **23** |

Извор: АХВ, 2019 г.

Наспроти ова, Северна Македонија е нето-извозник на јагнешко месо. Околу 85 % од заклаthese јагниња се извезуваат во земјите од ЕУ, главно Италија и Грција, посебно во периодите околу Велигден и Божик. Овие пазари бараат јагниња со тежина на трупот од 7 до 8 кг како свежо разладено месо. Иако извозот на Северна Македонија во ЕУ е ослободен од давачки за увоз, препознатливото „јагне од Северна Македонија“ во моментов е под закана како резултат на воведување и мешање на други раси. Поради тоа, сè потешко се произведува униформно заклано јагне со бараниот квалитет.

Вкупното производство на свинско месо во 2019 година било околу 13.384 тони, а тоа е зголемување за 26 % во споредба со 2012 година. Товните свињи се колат со приближно 100 кг жива мера. Се проценува дека околу 90 % од домашната побарувачка за свежо свинско месо ја покрива домашното производство. Недостигот на свинско месо на домашниот пазар и месната индустрија се покрива со увоз на свежо, разладено и замрзнато свинско месо (во 2019 г. се увезени 11.984 тони, а тоа е за околу 12 % помалку во споредба со 2018 година кога биле увезени 13.574 тони свинско месо).

Производството на пилешко месо главно се базира врз колење пилиња бројлери. Според податоците на ДЗС, вкупното производство на пилешко месо во 2019 година било приближно 1.490 тони, а тоа е зголемување за 7,6 % во споредба со 2012 година. Производството е организирано во големи индустриски фарми и во мали приватни фарми и на договорна основа. Во земјата има само три кланици со дневен капацитет од 1.200 до 1.500 птици/час, кое го ограничува развојот на индустријата за пилешко месо. Домашното производство на пилешко месо бележи брз раст во последната деценија, меѓутоа, тоа е само 20 % од побарувачката на домашниот пазар. Според тоа, најголемото

количество пилешко месо се увезува во форма на замрзнато пилешко месо. Увозот на пилешко месо е важен дел од целокупниот увоз на земјоделски прехранбени производи.

И покрај динамичната инвестициска активност на прехранбените претпријатија во изминатите години, вклучително ИПАРД II (66 инвестиции/одобрени 15,6 милиони евра, од кои 44 инвестиции/6,8 милиони евра исплатени до јуни 2020 година), сè уште има голема потреба од понатамошни инвестиции, особено во оние сектори што го опслужуваат домашниот пазар – мелнички производи, месо и преработка на млеко, производство на масла и масти од животинско и растително потекло – како и секторите што се ориентирани кон извоз – преработка на овошје и зеленчук, производство на вино, преработка на медицински и индустриски култури и производството на мед. За претпријатијата што се соочуваат со проблеми во однос на квантитетот, квалитетот или цените на суровините, инвестициите треба да одат заедно со приоритетни мерки за зголемување на конкурентноста на примарниот сектор.

**Сè уште е многу ниско нивото на технички и технолошки квалитет, кој е клучен со цел индустријата да може да го издржи притисокот од конкуренцијата во проширената Европска Унија.** Прехранбените претпријатија, исто така, се соочуваат со проблеми со застарената и несоодветна опрема при процесите за контрола на квалитетот, пакувањето и етикетирањето. Во различните технолошки погони, новата опрема, која не е постара од 5 години, претставува помалку од 10 % од целокупната ангажирана опрема. Поради немање финансиски средства за нови технологии, често одлуката да се инвестира во преработувачкиот сектор резултира со купување користена опрема и механизација од земјите членки на ЕУ, главно поради тоа што наводно цената е половина од цената за нова технологија. Притисокот од конкуренцијата на домашниот пазар се зголемува бидејќи значителен број од преработувачите на месо и млеко сè уште не добиле дозвола за извоз на пазарот во ЕУ.

**Половина од преработувачите на овошје и зеленчук имаат сертификат за ISO 9001, а само 10 претпријатија имаат сертификат за ISO 22000.** Преработувачите на овошје и зеленчук и извозниците на свежо овошје и зеленчук сè повеќе се интересираат за спроведување на BRC за извоз на пазарите во Обединетото Кралство. Што се однесува до системите за следење на производите, повеќе од половината од сите прехранбени претпријатија изјавиле дека имаат такви системи, особено претпријатијата за преработка на млеко и месо.

Преработувачите на храна треба и натаму да инвестираат во заштитата на животната средина, особено за управување со отпадот од животинско потекло, имајќи предвид дека преработката на овошје и зеленчук се смета за сектор со релативно мал удел во загадувањето на животната средина. Ниту едно претпријатие од месната индустрија нема капацитети за отпад, затоа одлагањето на отпадот претставува голем притисок врз производната дејност, особено во руралните средини, каде што не се доволно развиени системите за одлагање отпад.

Енергетската ефикасност на претпријатијата во прехранбената индустрија е ниска поради тоа што користат енергетски неефикасни технологии, опрема и објекти. Затоа,

потребни се посебни мерки за охрабрување енергетска ефикасност, со цел да се намалат трошоците и да се подобри конкурентноста на претпријатијата. Претпријатијата во прехранбената индустрија треба, исто така, да се поттикнат да користат обновливи извори на енергија со цел да се зголеми нивната ефикасност и да станат поеколошки.

За прехранбените претпријатија е важно да се подобри системот за стручно оспособување и зголемување на бројот на работниците и раководителите што учествуваат во континуираното стручно образование и обука. Клучен приоритет се обуките за усогласување со европските стандарди за безбедност на храната. Во овој контекст, во декември 2019 година, Министерството за образование и наука на Северна Македонија формираше работна група (Финансиска експертска група – ФЕГ), во која членуваат претставници од Кабинетот на заменик-премиерот надлежен за економски прашања, клучните министерства, релевантните институции и работодавачите. ФЕГ има мандат да ѝ предлага на Владата на Северна Македонија модели за подобрување и иновирање на тековното финансирање за стручни обуки, со поголемо вклучување на деловниот сектор.

Исто така, мора да биде приоритетно да се финансираат иновациите, производството и рекламирањето нови прехранбени производи и диверзификацијата на различни типови генерирање производ, кое ќе доведе до зголемување на додадената вредност на земјоделските производи.

**Надворешна трговија со земјоделско-прехранбени производи**

Во 2019 година, целокупната трговија (индустриски и земјоделско-прехранбени производи) (извоз + увоз) се зголеми за 10 % во споредба со 2018 година. Што се однесува до извозот на земјоделско-прехранбени производи во 2019 година во споредба со 2018 година, продолжи порастот со 14,5 %, за првпат достигнувајќи вредност од над 0,6 милијарди ЕУР (625 милиони евра). Истовремено, вредноста на увозот на земјоделско-прехранбени производи во 2019 година во споредба со вредноста од 2018 година е зголемена за 5,7 % (од 792,2 милиони ЕУР на 837,1 милион ЕУР). Уделот на извозот на земјоделско-прехранбените и рибните производи во вкупниот извоз од Северна Македонија во 2019 година беше 9,72 %, а увозот на земјоделско-прехранбени и рибни производи во вкупниот увоз учествува со 9,89 %.

Трговскиот дефицит достигна највисоки негативни вредности во 2018 година од 246,6 милиони ЕУР, а во 2019 година се спушти на нивото што е вообичаено за последните години, односно на 212,6 милиони ЕУР.

**Табела 35: Трговија со земјоделско-прехранбени и рибни производи**

| Во милиони ЕУР | | Вкупно трговија (индустриски + земјоделски производи) | Вкупно трговија со земјоделски, преработени и рибни производи | Удел на земјоделските, преработените и рибните производи во вкупната трговија |
|---|---|---|---|---|
| **2014** | ***Извоз*** | 3.722,95 | 486,24 | 13,06 % |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ***Увоз*** | 5.484,96 | 649,02 | 11,83 % |
| | ***Разлика*** | -1.762,01 | -162,78 | 9,24 % |
| **2015** | ***Извоз*** | 4.051,23 | 486,7 | 12,01 % |
| | ***Увоз*** | 5.776,93 | 700,6 | 12,13 % |
| | ***Разлика*** | -1.725,70 | -213,9 | 12,39 % |
| **2016** | ***Извоз*** | 4.329,27 | 530,52 | 12,25 % |
| | ***Увоз*** | 6.106,73 | 718,01 | 11,76 % |
| | ***Разлика*** | -1.777,46 | -187,49 | 10,55 % |
| **2017** | ***Извоз*** | 5.007,19 | 536,23 | 10,71 % |
| | ***Увоз*** | 6.824,92 | 759,84 | 11,13 % |
| | ***Разлика*** | -1.817,73 | -223,61 | 12,30 % |
| **2018** | ***Извоз*** | 5.860,83 | 545,50 | 9,31 % |
| | ***Увоз*** | 7.671,95 | 792,15 | 10,32 % |
| | ***Разлика*** | -1.811,12 | -246,65 | 13,61 % |
| **2019** | ***Извоз*** | 6.423,70 | 624,5 | 9,72 % |
| | ***Увоз*** | 8.463,17 | 837,15 | 9,89 % |
| | ***Разлика*** | -2.039,47 | -212,65 | 10,42 % |

Извор: ДЗС, 2020 г. (пресметки на МЗШВ, 2020 г.).

Земјите членки на ЕУ се клучни партнери во трговијата со земјоделско-прехранбени производи од аспект на увоз, односно извоз. Во 2019 година, вкупната вредност на трговијата со земјоделско-прехранбени и рибни производи (извоз + увоз) со земјите од ЕУ 28 изнесувала 720 милиони ЕУР. Уделот на извозот на земјоделско-прехранбени и рибни производи кон земјите од ЕУ 28 во вкупниот извоз на земјоделско-прехранбени и рибни производи во 2019 година бил 49,7 %, а уделот на увоз од ЕУ 28 во вкупниот увоз на земјоделско-прехранбени и рибни производи во 2019 година бил 48,9 %.

Вториот најважен партнер во трговијата со земјоделско-прехранбени производи се земјите од ЦЕФТА, со вкупна вредност на трговијата (извоз + извоз) од 457,5 милиони ЕУР. Уделот на извозот на земјоделско-прехранбени и рибни производи кон земјите од ЦЕФТА во вкупниот извоз на земјоделско-прехранбени производи бил 35,1 %, а уделот на увоз од земјите од ЦЕФТА во вкупниот увоз на земјоделско-прехранбени и рибни производи бил 28,5 %. Најважниот трговски партнер на ЦЕФТА била Србија, со удел од 10,9 % во вкупниот извоз на земјоделско-прехранбените и рибни производи и 22,8 % од вкупниот увоз на земјоделско-прехранбените и рибни производи.

Земјата е нето-извозник на тутун (сув ориентален), вино, зеленчук и јагнешко месо, а нето-увозник на риба и рибни производи, како и разладено и замрзнато месо.

Надворешната трговија од групата земјоделско-прехранбени производи е прикажана во Анекс 4 од оваа Програма.

### 3.2.2 Конкурентност на секторот шумарство

Во 2019 година, под шуми била површина од 1.019.253 хектари[64]. Од оваа површина, 596.795 хектари листопадни шуми, 62.8884 хектари зимзелени шуми, 314.278 хектари мешани, а 44.376 хектари деградирани шуми. Според потеклото, шумите се

[64] ДЗС: http://makstat.stat.gov.mk/.

класифицираат како: *високи шуми* – кои зафаќаат 31 % од вкупната шумска површина и *ниски шуми* – кои опфаќаат 69 % од вкупната површина под шуми.

Регионално, најбогатиот шумски регион е Југозападниот Регион, со околу 190 илјади хектари, а најсиромашниот е Североисточниот Регион, со околу 77 илјади хектари. Дистрибуцијата на шумската прекривка во земјата не е еднаква во однос на квантитетот и квалитетот. Високите шуми со висок квалитет се наоѓаат по должината на државните граници, далеку од индустриските и населените области и влијанието на луѓето. Нискостеблестите шуми со низок квалитет се наоѓаат во централните делови од земјата, а нивната состојба е делумно резултат на климатските услови (на пример, шумските пожари) и делумно на човечкото влијание (сечење за дрвна маса).

Државата поседува околу 87 % од вкупната површина под шуми (вкупно пресечена дрвна маса од 71,6 %). Шумите во приватна сопственост се околу 13 % од вкупната површина под шуми, а нивниот удел во вкупната дрвна маса во 2019 година бил 28,3 %.[65] Повеќе од 200 илјади парцели со шуми се во сопственост на околу 65 илјади домаќинства. Според истражувањето на Катастарот од 1998 година, **просечната големина на парцелите со шуми е 2,48 хектари, со просечно 0,37 хектари во приватна сопственост и 8,39 хектари во државна сопственост**.

Во 2017 година, уделот на шумарството (сечата) во БДП бил околу 0,34 %. Генералниот придонес на шумарството и дрвната индустрија (примарна и секундарна преработка на дрво, мебел, хартија и целулоза, итн.) во БДП е 1,24 %. Се проценува дека вработеноста во секторот шумарство е помеѓу 0,3 % и 0,5 % од вкупната вработеност. Се проценува дека овие бројки ќе растат за вработеноста во дрвната индустрија. Уделот на секторот шумарство (сеча и дрвна индустрија) во извозот е незначаен бидејќи земјата е главно увозно зависна од дрвни производи со висока додадена вредност, како и суровини за столарството и градежната индустрија.

Растечките залихи од сите шуми изнесуваат 91,4 милиони м$^3$, односно 92,8 м$^3$/ха, а годишниот прираст е 1,99 милиони м$^3$, односно 2,0 м$^3$/ха или 2,15 % од шумските површини во пораст. Годишната проектирана дрвна маса за сеча е околу 1,44 милиони м$^3$ и е на ниво на околу две третини од годишниот прираст. Реалниот годишен волумен на сеча за 2019 година е 759 илјади м$^3$ во 2019 година и најмногу е за огревно дрво (81 %) за домаќинствата. Дрвото најмногу го користи домашната индустрија, а се извезува само мал дел. Земјата располага со значителни ресурси од други шумски производи: лековити растенија, диви печурки, шумски овошја и разновиден дивеч. Понатаму, високите шуми имаат голем потенцијал за рекреативен спорт, екотуризам и рекреативен лов. Искористувањето на шумите и шумските производи (вклучително дивеч, размножување и лов) се регулираат согласно Законот за шуми и лов.

МЗШВ управува со политиката за шумарство. Јавното претпријатие „Македонски шуми“ заедно со своите 30 регионални канцеларии управува со шумите во државна сопственост класифицирани како шуми за економска употреба. Со државните шуми во заштитените подрачја раководат посебни јавни тела назначени со конкретниот закон со кој се

[65] ДЗС: http://makstat.stat.gov.mk.

заштитува конкретното подрачје. Во однос на класификацијата, околу 92 % од вкупната површина под шуми е категоризирана како шума за економска употреба (вклучително заштитени шуми) и околу 8 % од шумите во заштитените подрачја.

Сопствениците на приватни шуми се организирани во „Здружение за заштита на интересите на сопствениците на шуми во приватна сопственост“ основано во 1998 година. Здружението е клучна засегната страна што активно учествува во конципирањето и спроведувањето на политиките.

**Опсег на заштитени шуми**

Во моментот во земјата постојат три прогласени национални паркови: националниот парк „Пелистер“ со површина под шуми од 171,15 км$^2$, националниот парк „Галичица“ со површина под шуми од 227 км$^2$ и националниот парк „Маврово“, кој е најголем национален парк во земјата со површина од 780 км$^2$.

„Пелистер“ е еден од првите заштитени национални паркови на Балканот, а статусот го добил во 1948 година. Петиглестиот (Пелистерски) бор – терцијарна флора – Молика (Pinus Peuce Griseb), единствен таков вид во светот, покрива површина од околу 1,6 илјади хектари. Националниот парк „Галичица“ се наоѓа на падините на планината Галичица (помеѓу Охридското и Преспанското Езеро) и за национален парк е прогласен во 1958 година. Националниот парк „Галичица“ се протега на површина од 22.750 хектари со деветнаесет различни шумски заедници. Националниот парк „Маврово“ бил прогласен за национален парк во 1949 година. Во 1952 година бил проширен на 73.100 хектари, од кои околу 27 илјади хектари се брезови и борови шуми.

Шумскиот резерват „Јасен“ е прогласен за посебна заштитена зона во 1958 година. Тој покрива површина од 24 илјади хектари и се протега по должината на планинските масиви Сува Гора, Сува Планина и Караџица. Овој парк припаѓа на категоријата посебни природни резервати каде што се штитат многу видови флора и фауна и други природни реткости.

Исто така, постојат шуми во две заштитени области во категоријата споменици на природата – Смоларскиот Водопад, кој како таков е прогласен во 2006 година, и Вевчанските Извори, прогласени за заштитени во 1999 година.

**Стратегија и политика во шумарството**

Според Стратегијата за одржлив развој на шумарството од 2006 година, главните цели за развој на шумарството се: проширување на површините под шуми и подобрување на квалитетот, одржлив развој на економски изводливо шумарство, зголемување на придонесот на шумите и производите и услугите поврзани со нив за квалитетот на животот во руралните области, подобрување на јавните и општествените функции на шумите и шумарството преку вреднување на општите и општествените функции на шумите и подигнување на свеста за еколошките и општествените вредности на шумите.

Стратешките цели се спроведуваат преку Програмата за проширување и репродукција на шумите со фокус на мерки за пошумување, заштита на шумите од болести и штетници, превенција на сушење на боровите шуми и спречување шумски пожари.

Секоја година, со помош на Програмата, се обезбедува саден материјал од различни типови шуми што се користат за пошумување голи површини во приватна сопственост (дистрибуцијата е врз основа на официјално доставени барања од сопствениците).

За подигнување на свеста за еколошката и општествената вредност на шумите, во периодот од 2008 до 2017 година државата спроведе сеопфатна јавна еколошка акција во рамките на кампањата „Ден на дрвото – засади ја својата иднина". Акциите се приклучија на глобалната кампања „Кампања за милијарда дрвја", која започна во 2006 година во рамките на Програмата на Обединетите нации за животна средина (УНЕП) како одговор на предизвиците со глобалното затоплување. Се проценува дека во текот на овој период се пошумени околу 13.000 хектари со околу 35 милиони дрвја.

**Иако земјата има огромен потенцијал за развој на шумарството, факторите што го спречуваат тоа се: нискиот квалитет на локалните суровини и складирањето на индустриската дрвна маса.** Дрвната индустрија се соочува со недостиг на модерна опрема и автоматизирани системи што не се произведуваат во земјата. Има многу малку инвестиции, особено кај странските директни инвестиции. Не се прават доволно истражувања, иновации и пренос на технологија во шумарскиот сектор, а има и многу мала соработка меѓу Шумарскиот факултет и други истражувачки институции.

**Несоодветната шумска инфраструктура го попречува и развојот на секторот.** Недоволниот пристап до шумите влијае врз навременото одржување на шумите (кастрење и чистење гранки и грмушки), кое е една од превентивните мерки за заштита од шумски пожари и превентивни мерки за заштита од болести и штетници. Исто така, не е доволно развиена сечата и се врши без модерна опрема.

Потребно е инвестирање во поголем обем со цел подобрување на управувањето со шумите, сечата на дрвјата и подобрување на шумската инфраструктура. Подобрувањето на економската вредност на шумите би можело да се подобри преку засадување соодветни видови за производство на дрвна маса, вклучително за производство на биомаса и инвестирање во инсталации и опрема за преработка и искористување на таа дрвна биомаса. Во моментот нема целосно завршено истражување во однос на неискористениот капацитет на шумите за биомаса.

**Главните закани и проблеми во управувањето и стопанисувањето со шумите се: високиот степен на незаконска сеча, шумските пожари**, за кои се проценува дека, во просек, зафаќаат 10 илјади хектари годишно[66], **сушење на шумите** поради суши и климатските промени, **наезди на инсекти и болести, недоволно активности за управување кај приватните шуми**, како резултат на малите димензии на шумските парцели, нивната фрагментираност **и ниските приходи од сечење на дрвото**.

Голем број сопственици на шуми живеат во урбаните средини и не се мотивирани да вршат соодветни и скапи уредувачки активности во нивните шуми. Исто така, сопствениците на приватни шуми изјавуваат дека прекумерната регулација и контролирана сеча од страна на државата дури и во приватните шуми ги обесхрабрува да ги развиваат своите шуми. Дополнително, забележано е дека е потребен пристап до

[66] Извор: Државен инспекторат за шумарство и ловство – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

обуки за подобрување на знаењата за техничките работи во шумарството и одрживото управување со шумите – и за јавното и за приватното управување со шумите.

**Сепак, шумските пожари се најзначајното влијание врз управувањето со шумите:** Според статистичката евиденција[67], шумските пожари во Северна Македонија, кои главно ги предизвикува човечки фактор, на годишно ниво уништиле, во просек, дури 0,6 % шумска површина во периодот од 2010 до 2018 година. Во последните години се забележани два најизразени периоди на шумски пожари – во сушната 2012 година (со 19 илјади хектари, односно 2 % изгорена шумска површина) и втор – во 2017 година (со 13 илјади хектари, односно 1,3 % шумска површина). Еден од факторите што придонел биле климатските услови, т. е. драматични топлински бранови и највисоки некогаш забележани температури, кои заедно со пролонгираниот сушен период ја турнал вообичаената летна сезона на шумски пожари вон вообичаената шема на случувања. Очигледно е дека шумските пожари не само што го уништуваат биодиверзитетот, туку тие ја менуваат микроклимата и создаваат потенцијал за ерозија и предизвикуваат огромни економски загуби за кои се потребни децении за да се надоместат.

Земјата разви национален систем за рано предупредување за шумските пожари „Информативен систем за шумски пожари на Северна Македонија“[68]. Системот е изграден во рамките на проектот ЈICA/ЦУК: „Развој на интегриран систем за превенција и рано предупредување за шумски пожари“. Се очекува резултатите од системот да овозможат политиката за шумарство да усвои мерки за превенција и сузбивање, но и да спроведе анализа за ризиците од шумски пожари, а тоа ќе води кон намалување на бројот на шумски пожари и изгорени површини.

### 3.2.3 Конкурентност на рибарството и аквакултурата

Рибарството има незначителен удел во националниот БДП со само 0,3 % во 2018 година. Вработеноста во секторот рибарство, исто така, е мала, со годишен просек од 392 вработени во 2019 година. Вработувањата во секторот рибарство се поврзани со рибарењето, дејност на мрестилиштата и рибниците, како и услуги поврзани со рибарството. Имајќи предвид дека земјата е копнена земја, таа е нето-увозник на риба и рибни производи – главно од морско потекло. Во 2019 година, уделот на рибата и рибните производи во вкупниот увоз на земјоделско-прехранбените и рибни производи од ЕУ 28 бил 2,3 %.

Од вкупната територија на државата, околу 56 илјади хектари се соодветни за рибарење, од кои 46,7 илјади хектари се природни езера, 6,4 илјади хектари се вештачки езера и 2,2 илјади хектари се реки. Комерцијалното рибарство во слатководни води примарно се врши во трите природни езера – Охридско, Преспанско и Дојранско Езеро и вештачките акумулации. Рекреативниот (спортски) риболов се врши на сите водни површини.

Производната структура на секторот рибарство се состои од капацитети за аквакултура, комерцијален риболов во езерата и рекреативен риболов. Производството на аквакултура главно се однесува на одгледување крап и пастрмка. Според податоците од

[67] http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/sq/441069c7-efbe-4eea-99b0-325022aafb12.
[68] Повеќе информации може да најдете на следнава веб-страница: http://mkffis.cuk.gov.mk.

2020 година од Регистарот на производители на аквакултура во МЗШВ, регистрирани се вкупно 107 капацитети за аквакултура со инсталиран капацитет од приближно 4.000 тони.

**Табела 36: Структура и големина на капацитетите за аквакултура**

| Риба | Број на капацитети според обемот на производство во тони | | | | Вкупен број |
|---|---|---|---|---|---|
| | До 20 тони | 20-50 тони | 50-100 тони | Над 100 тони | |
| Пастрмка | 33 | 9 | 7 | 3 | 52 |
| Крап во кафези | 15 | 7 | 3 | 1 | 26 |
| Крап во базени | 17 | 1 | 2 | - | 20 |
| Мешано | 6 | 3 | - | - | 9 |
| **Вкупно** | **71** | **20** | **12** | **4** | **107** |

Извор: МЗШВ, Сектор за земјоделство – Единица за рибарство (2020 г.).

Вкупното производство на риба во земјата се базира врз производството на аквакултура и улов од комерцијалното рибарство што се врши само во слатки води. Според евиденцијата на МЗШВ, производството на позначајни видови риби во периодот од 2014 до 2019 година од аспект на производството на аквакултура и улов од комерцијално рибарство е следново:

**Табела 37: Производство на аквакултура и улов од комерцијално рибарство**

| Риба | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно/кг | Вкупно/кг | Вкупно/кг | Вкупно/кг | Вкупно/кг | Вкупно/кг |
| Пастрмка | 834.456 | 822.205 | 1.142.840 | 1.128.413 | 1.155.532 | 1.132.020 |
| Крап | 355.442 | 381.400 | 513.819 | 588.887 | 613.791 | 524.343 |
| Сом | 5.187 | 521 | 3.207 | 4.747 | 5.989 | 1.849 |
| Јагула | 3.869 | 794 | 905 | 914 | 407 | 352 |
| Други | 124.621 | 106.005 | 130.953 | 85.946 | 97.910 | 47.215 |
| **Вкупно** | **1.323.575** | **1.310.925** | **1.791.724** | **1.808.907** | **1.873.629** | **1.705.779** |

Извор: МЗШВ, Сектор за земјоделство – Одделение за рибарство (2020 г.).

Се проценува дека покрај производството на аквакултура и комерцијално рибарство, околу 130 до 150 тони од сите видови риби на годишно ниво се ловат од рекреативниот риболов.

Производството на аквакултура е во стабилен пораст во периодот главно поради интензивирање и зголемен капацитет преку реконструкција на постојните капацитети и нови инвестиции. Северна Македонија учествува во Европската стратегија за Јадранско-јонскиот Регион, со главен приоритет на „Промовирање на одржливоста, диверзификацијата и конкурентноста во секторите рибарство и аквакултура, преку едукација, истражување и развој, административни, технолошки и активности за маркетинг, вклучително промовирање иницијативи за стандарди во маркетинг и здрави прехранбени навики". Ова значи можност за заеднички нови проекти за унапредување на развојот и отпорноста на секторите рибарство и аквакултура.

### 3.2.4 Човечки капитал и пренос на знаење

Системот на Северна Македонија за знаења и информации за земјоделството (АКИС) се состои од образовните и истражувачките институции, институциите за неформално

образование и агенцијата за поддршка на развојот на земјоделството, како и консултантски фирми. Приватниот сектор, кој обезбедува влезни информации за земјоделците, игра голема улога за преносот на иновативните практики и технолошките напредоци, истовремено промовирајќи ги нивните производи. Здруженијата на земјоделци се вклучени во процесот во ограничено својство. Така, системот ги интегрира земјоделците, земјоделските едукатори, истражувачите и поддршката за прибирање знаења и информации од различни извори со цел подобро земјоделство и подобар живот. Сè уште не е воспоставен формален интегриран систем, а чинителите главно одговараат на побарувачката без стратешки насоки. Меѓутоа, воспоставувањето на АКИС се воведува како дел од НСЗРР 2021-2027 година, каде што се предвидува воспоставување национален интегриран АКИС според европските стандарди, кој ќе биде регулиран со Законот за систем на знаења и иновации во земјоделството, кој ќе ги опфаќа компонентите, планирањето, спроведувањето и финансирањето на системот, организирани со посебна Програма за знаења и иновации во земјоделството.

### 3.2.5 Образование за земјоделство и шумарство

Образовниот систем во земјата, во надлежност на Министерството за образование и наука (МОН), помина низ реформи во насока на модернизација и унапредување на наставните програми и образовните активности.

Високообразовниот систем во земјата во областа на земјоделството вклучува шест образовни институции: Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, Шумарскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултетот за биотехнички науки во Битола, Факултетот за прехранбена технологија при Државниот универзитет во Тетово и Земјоделскиот факултет во Штип при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во периодот 2016-2018 година, во просек, дипломирале 302 студенти годишно на горенаведените образовни установи.

**Табела 38: Број на запишани студенти во прва година високо образование**

| **Факултет** | **2014/15** | **2015/16** | **2016/17** | **2017/18** | **2018/19** | **2019/20** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Јавни високообразовни установи | 15.625 | 14.364 | 13.036 | 12.473 | 11.479 | 10.525 |
| Приватни високообразовни установи | 2.728 | 3.723 | 3.059 | 3.167 | 2.893 | 2.360 |
| **Вкупно** | **18.353** | **18.087** | **16.095** | **15.640** | **14.372** | **12.885** |

Извор: ДЗС 2020 МАКСтат база на податоци (http://makstat.stat.gov.mk/).

Во рамките на образовните установи се прават напори да се обезбедат ефективни и модерни наставни програми, стандарди за образование и квалификации за потребите на многу поголема заедница на мали и нови средни фарми, земјоделска индустрија и поединци. Исто така, самостојната природа на земјоделските универзитети во земјата на

некој начин ја попречува можноста за интердисциплинарни студии, кои се значајни во секторите што се релевантни за политиките на ЕУ (принципи на вкрстена усогласеност, еколошка димензија и рурален развој). Истовремено, постои потреба од постојано градење врски меѓу училиштата и бизнисите.

Постојат четири истражувачки институти поврзани со универзитетите – Земјоделски институт, Институт за сточарство (вклучително и рибарство) со седиште во Скопје, Институт за тутун со седиште во Прилеп и Институт за јужни земјоделски култури со седиште во Струмица. Единствената владина поддршка за истражувачките институти се платите на истражувачкиот персонал и бесплатното користење на државното земјоделско земјиште за истражувачки цели. Финансирањето на истражувањата на институтите доаѓа од сопствени средства, па затоа е многу скромно. Установите за истражувања во областа на земјоделството моментално вработуваат околу 300 лица со полно работно време или ангажирани во истражување, од кои околу 40 % се со завршени додипломски и постдипломски студии. Освен институтите, помал дел од истражувањата во земјоделството се спроведуваат од високообразовните установи од областа на земјоделството и од Академијата на науките и уметностите на земјата. Сите овие установи имаат сериозни институционални недостатоци: недоволна способност да одговорат на претстојните предизвици и да ги поддржат политичките реформи во процесот на приближување кон ЕУ, како и да подготвуваат и да спроведуваат истражувачки проекти финансирани од ЕУ; недоволни капацитети, опрема и материјали и незадоволителен процент на млади истражувачи од вкупниот број истражувачи. Истражувањата сè уште се насочени кон големите земјоделски стопанства, а не се засновани врз потребите на пошироката заедница на мали и средни фарми. Најголема слабост на истражувачките установи во областа на земјоделството е недостигот на капацитети за применета наука. Иако институтите имаат право на државно земјоделско земјиште, немаат финансии за натамошен развој на демонстративни опитни полиња и капацитети за одгледување.

Високото образование во земјоделскиот сектор е организирано во 10 средни училишта лоцирани во главните земјоделски региони. Средните училишта обезбедуваат стручно образование од областа на земјоделството и ветеринарството. Училиштата се сместени во неколку поголеми градови во земјата: Струмица, Кавадарци, Битола, Прилеп, Куманово, Валандово, Ресен, Свети Николе, Тетово и Скопје. Ваквата распределба на училиштата на некој начин овозможува еднакви можности за упис на ученици од целата држава.

Средните училишта изведуваат 3-годишни и 4-годишни програми. Во последните години, земјоделските училишта интензивно се вклучени во создавањето услови за посебни програми за образование на возрасни во областа на земјоделството. Овие установи имаат потенцијал да играат клучна улога во обезбедувањето обука за земјоделците, со оглед на блиската локација на капацитетите и доволната квалификуваност на персоналот за технолошките производствени практики. Меѓутоа, немаат соодветни демонстративни фарми за спроведување на практичните обуки, а

персоналот нема доволно познавања за стандардите и еколошките практики на ЕУ. Овие училишта имаат и потенцијал да обезбедуваат советодавни услуги за земјоделците.

Од година во година се намалува интересот за професиите поврзани со земјоделството, а тоа е поттикнато од пазарот на трудот. Оваа состојба може да се влоши со оглед на трендот на деградација во земјоделскиот сектор, ниското ниво на стручност и комерцијализацијата на земјоделското производство, како и ограничените можности за работа. Исто така, во рамките на формалниот образовен систем во земјата, кога станува збор за постдипломски студии по земјоделство, студентите добиваат модули за научен пристап (магистер на науки), но нема специјализирани студии во одредени области (диплома за специјализирани магистерски студии). Во студиските програми недостасуваат предмети поврзани со политиките. Исто така, образовните и истражувачките установи не успеаја да развијат потенцијал за поддршка на процесот на приближување кон ЕУ во земјоделскиот сектор. Нивната вклученост во креирањето политики е ограничена и е поттикната од побарувачката наместо да биде проактивна и да ја извршува улогата на двигател на развојот на секторот.

Што се однесува до сопствениците на фармите, речиси половина (45 %) од управителите на земјоделските стопанства се со основно, незавршено основно образование или без образование.[69] Состојбата е уште полоша ако се има предвид дека од сите лица што се занимаваат со земјоделство со завршено средно или високо образование, само 9 % се со земјоделска, ветеринарна или друга релевантна струка. Отсуството на организиран систем за обука на земјоделските производители (сопственици, работници) е најголемата слабост во процесот на развој на човечкиот потенцијал што реално се занимава со земјоделско производство.

### 3.2.6 Советодавни услуги

Советодавните услуги во областа на земјоделството во земјата главно се обезбедуваат од институциите од јавниот сектор, а сè повеќе и од приватниот сектор, вклучително и од здруженијата на земјоделци. Приватниот сектор вклучува различни категории даватели на услуги. Најрелевантни, иако сè уште ограничени во рамките на државата, се индивидуалните советници или консултантските фирми (земјоделски инженери, економисти, агрономи, специјалисти за почва, специјалисти за заштита на растенијата, ветеринари итн.) што во некои случаи користат и лаборатории и професионална опрема. Вообичаено, зачестеноста и распределбата (бројот на советници, опсегот на конкретната расположлива експертиза) на советите дадени од оваа категорија се директно поврзани со нивото на економски и демографски развој на конкретните региони, при што концентрацијата е поголема онаму каде што земјоделството е просперитетно и економски значајно во регионот. Нивните целни групи се прогресивните земјоделци, кои се подготвени и способни да платат за специјализирани услуги и агропреработувачи. Во овие региони се даваат совети и од добавувачи на материјали (семиња и садници,

[69] ДЗС: Структура и типологија на земјоделските стопанства, 2016 г.

ѓубрива, агрохемикалии) и од добавувачи на машини и опрема како дел од претпродажните и постпродажните политики на компаниите.

Опсегот и квалитетот на услугите што ги обезбедуваат постојните здруженија на земјоделци и здруженија на производители се променливи и определени од нивните внатрешни човечки и организациски ресурси и од достапноста на меѓународни проекти и фондови. Општо земено, овие здруженија сè уште **нудат ограничен опсег на услуги, користат недоволно разновидни методи, се обраќаат на ограничени целни групи и делумно придонесуваат за задоволување на потребите од советодавни услуги**.

Советодавниот систем во земјата е организиран како плуралистички – јавен и приватен. Јавниот советодавен систем го спроведува Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството формирана во 2001 година од поранешната Служба за поттикнување на земјоделството. Трансформацијата беше овозможена со Проектот „Поддршка на земјоделците“ финансиран со заем од Светската банка, надополнет со грант од холандската влада.

Целта на трансформацијата беше да се воспостави професионална агенција управувана од побарувачката и од корисниците, при што нејзините оперативни трошоци ќе бидат обезбедени од понудата на квалитетни услуги за земјоделците. Управниот одбор го сочинуваат претставници од МЗШВ, од образовните и истражувачките установи во земјоделството и од организациите на земјоделските производители. Активностите на АПРЗ, откако ќе бидат одобрени од Управниот одбор, секоја година се усвојуваат од страна на Владата во форма на Годишен план за работа.

АПРЗ своите активности ги врши преку 30 регионални одделенија и дополнителни 36 дисперзирани одделенија на целата територија на државата. Во АПРЗ се ангажирани околу 80 советници. Преостанатиот персонал од околу 50 лица е за административна поддршка во дирекцијата во Битола. Покрај редовните активности за поддршка, Агенцијата врши и собирање податоци за системот ФАДН.

Советодавните капацитети на АПРЗ се ограничени и во однос на опсегот на советодавните услуги за земјоделците и во однос на советодавните методи што се применуваат. Активностите на АПРЗ главно може да се окарактеризираат како поддршка, односно дејствување како инфо-точки за информирање на земјоделците за националните политики за поддршка. Општо земено, степенот на образование на советниците на АПРЗ е релативно добар (78 % со високо образование), но им недостасува усовршување на вештините (редовни обуки или застарени обуки), и имаат **недоволен капацитет за исполнување на своите задачи за да ги подготват земјоделците за новите технологии и производствени стандарди и за исполнување на барањата за пристапување кон ЕУ**. Им недостасуваат компетенции за агроеколошките аспекти на земјоделското производство или решенија за проблемите надвор од оние директно поврзани со технологијата на примарното земјоделско производство. Вештините поврзани со економската анализа и управувањето со фармите се исто така многу ограничени. На советниците на АПРЗ им недостасуваат вештини за образование на возрасни и методи за групна обука, како и партиципативни техники и советување „еден на еден“. Контактите со истражувањето, кои би можеле да бидат начин

за обновување на вештините и поттикнување на иновациите, се многу ограничени и *ад хок*, со ограничен фокус на производствените технологии, наместо на советодавните методи, иновациите или економската/пазарната анализа.

Во последно време, во областа на поддршката и советодавните услуги се вклучува и приватниот сектор, но сè уште е во почетна фаза на развој. Со поддршка обезбедена во рамките на проектот ИФАД беа основани неколку приватни пазарно ориентирани консултантски фирми, главно претпријатија во приватна сопственост. Грантот за основање на овие компании беше наменет да го надополни недостигот на специјализирана експертиза во комерцијалните банки за давање кредити за земјоделството. По завршувањето на проектот ИФАД, овие компании продолжија со работа како поддршка на подносителите на барања за ИПАРД I и ИПАРД II. Меѓутоа, и натаму е скромен напредокот кон развивање динамично, приватно комерцијално земјоделство.

Во досегашното искуство во спроведувањето на ИПАРД I, перформансите на јавните и приватните даватели на советодавни услуги беа посочени како многу слаби или отсутни во обезбедувањето квалитетна поддршка за потенцијалните корисници. **Слабите советодавни услуги, исто така, беа идентификувани како една од главните причини за високата стапка на одбивање** од страна на ИПАРД Агенцијата и како еден од факторите на ризик од враќање неискористени средства. Сепак, до одреден степен има подобрување во оваа состојба со спроведувањето на ИПАРД II. **Отсуството на соодветно информирање и комуникација, квалификуван персонал и организациска структура на советодавните служби, како и недостигот на постојана обука и размена на информации и натаму се идентификуваат како области што треба да се подобрат.**

Согледувајќи ги овие слабости во советодавниот систем, од страна на МЗШВ беше подготвен нацрт-закон за советодавен систем што треба да биде предмет на прво читање во 2022 година. Со нацрт-законот се уредуваат областите во кои треба да се обезбедат јавно финансирани советодавни пакети за земјоделците, како и улогата на јавните и приватните институции за обезбедување јавни советодавни пакети. Исто така, и земјоделските НВО се идентификувани како даватели на советодавни услуги. Дополнително, проектот за поддршка на советодавните услуги во рамките на ИПА II 2019 се очекува да започне во втората половина на 2021 година.

### 3.2.7 Пристап до кредити

Пристапот до кредити е еден од главните проблеми што ги ограничува развојот и модернизацијата на земјоделските стопанства. Иако од 2014 година наваму состојбата се подобрува, пристапот до кредити за руралните и земјоделските активности е многу ограничен бидејќи финансиските институции честопати не се заинтересирани да инвестираат во областа. Вкупно, националната кредитна изложеност во земјоделството, рибарството и шумарството е околу 81 милион евра (НБРСМ, 2018 година), а тоа е само 3 % од вкупната кредитна изложеност на компаниите во земјата.

Главните идентификувани ризици за кредитирање се: сопственичките проблеми и сезонскиот карактер на производството, како и фактот дека руралните претпријатија се генерално микро и мали, со слаби раководни и административни вештини. Исто така, слабиот интерес на финансиските институции за финансирање на земјоделството и руралните активности се должи на непознавањето на карактеристиките и перформансите на земјоделските и руралните бизниси, недостигот на соодветно техничко знаење и вештини за соодветна анализа на земјоделските и руралните бизниси, со цел процена на ризиците и исплатливоста на инвестициите, а со тоа и недостиг на претходно искуство со одобрувања и исплати на кредити во овој сектор. Исто така, високите административни трошоци што се особено поврзани со обработката на барањата за мали кредити ги прават индивидуалните земјоделци и руралните бизниси помалку атрактивни за банките и за штедилниците. Економските кризи дополнително придонесоа за уште поизразена аверзија кон ризиците од страна на банките, кои во голема мера избегнуваат финансирање на земјоделството и инвестициите во микро и малите и средните претпријатија. Како резултат на рецесијата, банките ги заострија критериумите за кредитирање на бизнисите, а тоа најверојатно ќе има неповолни последици врз инвестициите на компаниите и врз економскиот раст. Земјоделството и прехранбената индустрија се меѓу најпогодените сектори бидејќи банките ги сметаат за ризични сектори. Ваквата аверзија кон ризиците на финансискиот сектор имаше помало влијание врз успешноста на ИПАРД II во споредба со ИПАРД I.

Што се однесува до кредитопримателите, **и земјоделците и руралните претприемачи имаат, општо земено, низок степен на образование, ограничено познавање на комерцијалното кредитирање (каматни стапки, распоред за отплата, грејс период, обезбедување итн.) и претпочитаат неформално да зајмуваат финансиски средства**.

Почетокот на спроведувањето на ИПАРД II во 2017 година и сè поголемиот интерес за фондовите на ИПАРД поттикнаа некои од банките да креираат посебни кредитни производи за малите и средните компании, вклучително и за земјоделските производители. Со цел да се олесни пристапот до кредити за потенцијалните корисници на ИПАРД, ИПАРД Агенцијата склучи меморандум за разбирање со здружението на комерцијални банки со цел заемно признавање на документите за пријавување за ИПАРД и процедурите за одобрување за да им се овозможи полесен пристап на корисниците со истиот пакет документи.

Пристапот до кредити е олеснет со активностите на Развојната банка на Северна Македонија со цел да се поддржи владината политика за МСП и да се поддржат земјоделството и руралниот развој. Во 2010 година, Македонската банка за поддршка на развојот започна да управува со Земјоделскиот кредитен дисконтен фонд (ЗКДФ) – кредитна линија наменета за кредитирање на примарните земјоделски производители, малите и средните претпријатија од агропреработувачкиот и агроизвозниот сектор. Оваа кредитна линија претставува значаен владин инструмент што има цел да ги надмине проблемите во финансирањето на руралните средини и земјоделството, а кредитите на ЗКДФ се доделуваат преку комерцијалните банки и штедилниците. Исто така, Владата воведе субвенционирана каматна стапка како мерка вклучена во националната програма

што се однесува на кредитите подигнати за инвестиции поддржани од ИПАРД. Со оваа мерка се покриваат 50 % од каматата, но само доколку каматната стапка не надминува 8 %, а рокот на отплата е пократок од 10 години.

Меѓутоа, **пристапот до кредити и натаму претставува проблем за малите и средните земјоделски производители и руралните претприемачи, а тоа ги ограничува нивните инвестиции и ја намалува побарувачката за грантови**. МЗШВ ќе ги следи случувањата на кредитниот пазар и, онаму каде што е изводливо, ќе предложи и ќе спроведе мерки за намалување на бариерите за пристап до кредити. Еден од предлозите за зајакнување на апсорпцискиот капацитет на достапните грантови шеми за поддршка на инвестиции беше да се воспостави државен гарантен инструмент за земјоделските и руралните бизниси и микрокредитни шеми.

## 3.3. Управување со животната средина и со земјиштата

Последните податоци покажуваат тренд на напуштање на земјоделските земјишта и промени во употребата на земјиштата од земјоделска во друга употреба или трансформирање во вештачки површини, проследено со процес на маргинализација на земјоделството.

Врз квалитетот и врз плодноста на почвата најмногу влијае прекумерната употреба на ѓубрива и материјали за заштита (загадување на почвата), намалувањето на органската материја на почвата и набивањето на почвата на горните слоеви поради сувоста и интензивните врнежи.

Ризиците од загадување на водите се високи во регионите со интензивно земјоделско производство и монокултурни насади во близина на сливовите и езерата.

Главните карактеристики на биолошката разновидност во Северна Македонија се изобилството и хетерогеноста на видовите и на екосистемите и високиот степен на релативизам и ендемизам.

Земјоделството, шумарството и друга употреба на земјиштето (ЗШДУЗ) е единствено меѓу секторите со оглед на големиот број процеси што доведуваат до емисии и отстранување стакленички гасови (СГ), кои вклучуваат емисии поврзани со сточарството, шумарството и друга употреба на земјиштето (ДУЗ).

Негативните ефекти од климатските промени се очекува да имаат поголемо влијание врз земјоделството отколку врз кој било друг сектор во земјата, при што значително ќе се намалат приносите на повеќето култури.

Земјоделство со висока природна вредност (ЗВПВ) во земјата се: комбиниран систем на екстензивно напасување на полуприродни пасишта и полуинтензивно земјоделство, полуприродни ливади или засадени ливади, зимски пасишта, летно напасување на планински пасишта, стари екстензивни или полуинтензивни овоштарници и систем на мозаични формации.

### 3.3.1 Ризици од напуштање и маргинализација на земјиштата

Поради карактеристиките на земјиштето на територијата на Северна Македонија, од 44 можни класификации во рамките на номенклатурата CORINE за земјишна покривка, идентификувани се 33 класификации до 3-то ниво од номенклатурата.

Според оваа номенклатура, најголем процент од земјиштето е под шуми и полуприродни површини што зафаќаат 15.770 км$^2$ или 61,3 % од вкупната површина. Категоријата земјоделски површини зафаќа 9.248 км$^2$ или 36 %, категоријата водни тела зафаќа 577 км$^2$ или 2,2 %, категоријата вештачки површини зафаќа 464 км$^2$ или 1,8 % од вкупната површина, а најмалата површина од 22 км$^2$ или 0,1 % од вкупната површина спаѓа во категоријата мочуришта. Според номенклатурата CORINE за земјишна покривка, разликите помеѓу 2012 и 2018 година опфаќаат територија од околу 28.985 ха или приближно 1,13 % од вкупната територија на државата.

За периодот 2002-2018 година може да се забележат големи промени во вештачките површини со дополнително генерирани 2.302 ха. Уште еден негативен тренд е намалувањето на површината на земјоделското земјиште за 1.996 ха во 2018 година во споредба со 2002 година. Останатите промени се помали, почнувајќи од намалувањето на водните тела за 24 ха, зголемувањето на мочуриштата за 32 ха, до намалувањето на вкупната површина на шумите и полуприродните површини за 288 ха.

Показател за бројот и големината на површината на назначените подрачја во 2019 година е вкупниот број и големината на површината на различните категории назначени подрачја во Северна Македонија, заштитени според националното законодавство и меѓународните договори. Мрежата на заштитени подрачја во Северна Македонија опфаќа 86 подрачја со вкупна површина од 230.083 ха, а тоа е приближно 8,9 % од вкупната територија на државата.

### 3.3.2 Влијанието на климатските промени врз земјоделството и потребите за мерки за адаптација и ублажување[70]

Според неодамнешните истражувања, се очекува земјата да биде меѓу првите што ќе доживеат потопли лета со помалку дожд, но со поинтензивни врнежи и зголемен број бури и град, продолжени топлотни бранови и посилни суши и поплави. Негативните ефекти од климатските промени се очекува да имаат поголемо влијание врз земјоделството отколку врз кој било друг сектор во земјата, при што значително ќе се намалат приносите на повеќето култури.

Анализите на различните сценарија за климатските промени за земјата покажуваат дека просечната годишна температура ќе се зголеми за 1,0 °C до 2025 година и за 1,9 °C до 2050 година, додека, пак, просечните врнежи се предвидува да се намалат за 3 % и 5 % во истите временски периоди, а тоа значи значително зголемување на аридноста.

[70] Трет национален план за климатски промени – Министерство за животна средина и просторно планирање и студии на Светска банка (список со користените референци може да се најде на: http://www.climateadaptation.eu/macedonia/agriculture-and-horticulture/).

Бидејќи се предвидува целокупните климатски промени да имаат негативно влијание во речиси сите важни земјоделски региони во земјата, постои континуирана потреба да се развиваат и да се спроведуваат опции за адаптација за зголемување на отпорноста на земјоделските системи во Северна Македонија.

Засегнати се следниве потсектори: растително производство, почви и сточарско производство. Ризиците од загуби за земјоделскиот сектор на Северна Македонија се поголеми од сите потенцијални придобивки.

Како засегнати култури беа дефинирани следниве:

- Винова лоза/грозје како најзначајна култура во Вардарскиот Регион;
- Доматите како најзначајна градинарска култура во претежно градинарското земјоделство во југоисточниот дел на земјата (Гевгелија – Струмица);
- Зимската пченица како најзначајна житарка во регионот на Скопје – Куманово и Овче Поле; јаболката во Охридско-преспанскиот Регион, особено во ресенско;
- Луцерката како култура со многу голема побарувачка на вода и огромно значење во сточарскиот сектор што е засегнат во сите земјоделски региони во земјата, особено во Битолскиот Регион.

Се очекува шумарскиот сектор да биде под силно влијание на климатските промени, особено бореалните шуми, каде што тие влијанијата би можеле да бидат драматични во однос на штетите. Главните извори на изложеност (и поврзани влијанија) за шумите во земјата се зголемувањето на температурите, намалувањето на врнежите, зголемената зачестеност на шумските пожари и промените на продуктивноста на шумите.

Вообичаените опции за адаптација во земјоделскиот сектор на Северна Македонија се инвестирање во истражувањето и услугите за поддршка; зајакнување на капацитетот и обезбедување информации за земјоделскиот сектор, со посебно внимание на климатските промени и спроведувањето на опциите за адаптација; унапредување на системите за рано предупредување и информирање за временските услови, вклучувајќи често објавување и дистрибуција на временски прогнози посебно наменети за земјоделството; инвестирање во следењето и откривањето нови штетници и болести во градинарството, сточарството и шумарството преку унапредување на санитарниот и фитосанитарниот режим и воведување програма за осигурување креирана според временските услови.

### 3.3.3 Биолошка разновидност особено поврзана со земјоделството и шумарството

Главните карактеристики на биолошката разновидност во Северна Македонија се изобилството и хетерогеноста на видовите и на екосистемите и високиот степен на релативизам и ендемизам. И покрај тоа што разновидноста на флората и фауната сè уште не е целосно истражена, според достапните информации, се карактеризира со огромно изобилство – над 23.019 таксони од кои 2.095 видови алги, 2.000 видови габи, 450 видови лишаи, 3.200 васкуларни растенија и 500 видови мов, 13.379 безрбетници и 555 видови ’рбетници.

Се очекува да се изготви нацрт-национална програма за следење на биолошката разновидност, заедно со протоколи за следење 20 живеалишта, 20 видови и 20 птици што се од интерес за ЕУ, усогласени со барањата на директивите за живеалишта и птици. Поради ограничените податоци, расположливите статистички податоци за биолошката разновидност во Северна Македонија треба да се сметаат за груби процени.

Бројот на сорти/видови што се користат во земјоделското производство во земјата е доказ за голема биолошка разновидност. Според Националната листа на автохтони земјоделски растенија и автохтони раси на добиток, има 410 автохтони растителни сорти од различни видови. Врз основа на оваа листа, министерот го пропишува начинот на следење и анализа на состојбата на автохтоните видови врз основа на степенот на загрозеност и предвидува дополнителни мерки за зачувување, собирање и складирање на потребниот генетски материјал и негова употреба за земјоделско производство. Според Регулативата (ЕЗ) бр. 870/2004 на Советот, во 2012 година МЗШВ формираше Комисија за заштита на автохтоните видови и ја подготви Програмата за дополнителни мерки за заштита.

Во 2020 година, во Ген-банката при Земјоделскиот институт во Скопје се чуваат вкупно 819 примероци од 54 различни видови.

Според биолошкиот статус на примероците, поголемиот дел од новите примероци во ген-банката се традиционални култивари/сортотипови (41,39 %). Житните култури претставуваат 57,7 % од збирката на семиња на Ген-банката, а потоа следува зеленчукот (28 %). Збирката на овошје се состои од 66 примероци што се чуваат *ex situ*, додека, пак, 26 примероци на круши и 6 примероци на цреши (сите сортотипови) се чуваат *in situ* – на фарма.

Во Ген-банката при Институтот за тутун – Прилеп има 112 различни видови ориентален тутун, 10 различни видови полуориентален тутун и 41 различен вид крупнолистен тутун.

Во Ген-банката во Штип има 23 различни видови житни култури што се користат во семепроизводството, 49 различни видови (популации) индустриски култури и 4 различни видови градинарски култури (селекционерска линија) и 19 различни видови воведени сорти.

**Табела 39: Тековен статус на националните збирки на ген-банките**

| Биолошки статус на примероците: | Национални збирки на различни култури | | | | | | Вкупно: |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Житни култури | Индустриски култури | Зеленчук | Сточна храна | Винова лоза (семе) | Овошје | |
| (100) Диви | - | - | - | 7 | - | 2 | **9** |
| (110) Природни | - | - | - | 32 | - | - | **32** |
| (120) Полуприродни/диви | - | - | - | 25 | - | - | **25** |
| (200) Коровски | - | - | - | 2 | - | | **2** |
| (300) Традиционални култивари/сортотипови | 115 | 10 | 174 | 2 | - | 32 | **333** |
| (400) Материјал за одгледување/истражување | 32 | - | - | - | - | 36 | **68** |
| (410) Селекционерска линија | 90 | - | - | - | - | - | **90** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| (414) Самооплодна линија – родител на хибриден култивар | 78 | - | - | - | - | - | **78** |
| (420) Мутиран/генетски материјал | 8 | - | - | - | - | - | **8** |
| (500) Напредни култивари | 56 | - | - | 9 | 1 | 13 | **79** |
| Непознато | 37 | 15 | 28 | - | - | - | **80** |
| Број на видови | **7** | **2** | **18** | **16** | **1** | **9** | **53** |
| Број на примероци | **416** | **25** | **202** | **77** | **1** | **92** | **813** |

Извор: МЗШВ, 2020 г.

Автохтоните раси и видови на припитомени животни во земјата се целосно приспособени на локалните услови за одгледување. Меѓутоа, во текот на изминатите 50 години беа воведени нови, попродуктивни раси. Денес се присутни и првичните воведени раси и вкрстувања со локални видови.

Целите и приоритетите на заштитата на биолошката разновидност на домашните животни во Северна Македонија се засноваат врз:

а) Глобалниот акциски план усвоен на Првата меѓународна техничка конференција за животински генетски ресурси одржана во 2007 година во Интерлакен – Швајцарија, под покровителство на ФАО, и

б) Законот за сточарство (2008/2013).

И покрај скромните податоци за генетските ресурси во сточарството во Северна Македонија, експертската заедница го потврди присуството на неколку домашни раси или типови од видовите говеда, овци, кози, свињи, пчели, бизони, кучиња, коњи, магариња и живина (Табела 40).

Податоците собрани од досега спроведените активности во однос на биолошката разновидност на домашните животни се резимирани во Табела 40.

**Табела 40: Состојбата на биолошката разновидност на домашните животни**

| **Видови** | **Раса/тип** | **Статус на популацијата** | **Број на потврдени грла/пчелни семејства на автохтони раси** | **Број на заштитени грла** | | **Конзервиран биолошки и репродуктивен материјал** | **Генотипизација** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | ***Ex situ*** | ***In situ*** | | |
| Говеда | Буша | Стабилни/неизстражени | 600 | | X | | |
| Овци | Каракачанска | Критични | 100 | 60 | | 50 | PrP-генотип од овци; ДНК-микросателити од овци според стандардите ISAG |
| | Овчеполска | Не се загрозени | 2.800 | | X | 2.000 семенски дози<br>14 ембриони<br>10 јајце клетки | PrP-генотип од овци |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Шарпланинска | Неистражени | 200 | | | | PrP генотип од овци |
| Кози | Балканска коза (локална) | Не се загрозени | 60 | X | | | 100 примероци за анализа на ДНК-микросателити |
| Свињи | Локална примитивна свиња | Неистражени | Во процес на земање материјал и карактеризација на фенотипот | | | | |
| Пчели | Apis mellifera macedonica | Не се загрозени | 2.000 | | | | |
| Бизони | Локална раса | Критични | 60 | X | | | |
| Кучиња | Шарпланинец | Не се загрозени | 60 | X | | | 100 примероци за анализа на ДНК-микросателити |
| Коњи | Локални коњи | Неистражени | Во процес на земање материјал и карактеризација на фенотипот | | | | |
| Магариња | Локални магариња | Неистражени | Во процес на земање материјал и карактеризација на фенотипот | | | | |
| Живина | Домашна кокошка | Неистражени | 460 | | | | |

Извор: Национална стратегија за биолошка разновидност и Акциски план за периодот 2018-2023 година, Скопје 2018 г.

Според Заводот за статистика на Северна Македонија, шумите зафаќале 1,01 милион ха или 39,2 % од територијата на земјата во 2018 година. Заедно со другите шумски површини и голините непосредно до шумите, тоа изнесува 1,12 милиони ха или 43,7 % од територијата на земјата.

Според овие податоци, шумите се зголемени за 4,9 % од 2010 година, додека, пак, останатите шумски површини дури за 14,3 %. Последното особено се должи на природната сукцесија на шумите на напуштеното земјоделско земјиште.

**Табела 41: Категории на шумски површини според статистичките податоци**

| Година | Вкупно | Шуми | Други шумски површини | Голини непосредно до шумите |
|---|---|---|---|---|
| **2010** | 1.057.382 | 960.431 | 87.696 | 9.255 |
| **2018** | 1.122.753 | 1.007.095 | 100.207 | 15.451 |

Извор: ДЗС на Северна Македонија, 2020 г.

Шумските екосистеми покриваат голем дел од земјата и се наоѓаат во неколку региони: „регионот на дабот“ е распореден во низините и висорамнините до 1.100 м и зафаќа 73 % од вкупната пошумена површина; „регионот на буката“ ги зафаќа планинските предели помеѓу 1.100 и 1.700 м (околу 22 % од вкупната пошумена површина). Планинскиот појас се протега помеѓу 1.300 и 1.700 м надморска височина и е формиран од различни видови букова, буково-елова шума, а во секундарните живеалишта се застапени шуми на бел бор, јасика и бреза. „Претпланинскиот (субалпски) регион“ се наоѓа на надморска височина од 1.700 м и околу 2.100 м. Во овие подрачја, шумите се речиси уништени. Сепак, може да се најдат шуми од смрека (*Picea abies*), планински бор

(*Pinus mugo*) и молика (*P. peuce*), како и вриштини од *Bruckenthalia spiculifolia, Vaccinium myrtillus* итн.

### 3.3.4 Земјоделство со висока природна вредност (ЗВПВ)[71]

Земјата има многу високо ниво на биолошка разновидност што е создадена и се одржува како резултат на традиционалните земјоделски практики со низок интензитет. Нивната распространетост во земјата во голема мера ја определуваат агроеколошките зони.




| | |
|---|---|
| **Медитеранска зона** | |
| Предел: | Плавни рамнини и брановиден ридски релјеф |
| Елевација: | 50-600 мнв |
| **Континентална зона** | |
| Предел: | Премин од висорамнини кон брановиден ридски релјеф и планински падини |
| Елевација: | 600-1000 мнв |
| **Алпска зона** | |
| Предел: | Длабок и планински релјеф прошаран со области на висорамнини |
| Елевација: | 1100 м до повеќе од 2250 мнв |

Медитеранската зона има висок потенцијал за поледелство и поинтензивно производство со добри услови за градинарско производство и лозарство. Со оглед на малата просечна големина на семејните фарми, користењето на земјиштето е особено мешовито. Меѓутоа, ретко има висока природна вредност бидејќи целосно се користи расположливото обработливо земјиште со малку или никакви карактеристики на пределот или други полуприродни живеалишта.

[71] Извор: http:// http://see.efncp.org/countries/macedonia/hnv-farming/ (до различните извори користени во овој дел ќе биде направено посебно упатување).

Од друга страна, во континенталните и алпските зони се застапени големи обработливи површини со висока природна вредност: поголемиот дел од пасиштата се во овие две зони, а тоа е најмалку 0,5 милиони хектари природни и полуприродни пасишта. Говедата, овците и козите пасат на пасиштата од рана пролет до доцна есен. Условите за земјоделство во континенталната зона се прилично разновидни. Оваа зона ги опфаќа главните региони за производство на житни култури, како и подрачјата за овоштарство, производство на зеленчук и интензивно и екстензивно сточарско производство.

Мозаичните предели од мали размери (ЗВПВ тип 2) во Северна Македонија најчесто се наоѓаат во континенталната зона. Тие се состојат од семејни градини околу населените места, мали традиционални овоштарници и поединечни дрвја, како и домашни лозови насади, со кои сè уште се управува на многу екстензивен начин. Ваквите системи се спротивни на интензивните методи на производство на овошје и зеленчук што се сè позастапени во некои од порамните долини на Југоисточниот Регион. Традиционалните овоштарници главно се насадени со круши, јаболка и сливи, а лозовите насади се одгледуваат најмногу за сопствена потрошувачка.

Алпската зона најмногу се користи за летно пасење на добитокот (главно овци) и за шумарство, како и за екстензивно растително производство во подрачја со пониска надморска височина, вклучувајќи овес, ’рж и компир. Говедата, овците и козите се напасуваат на големи површини полуприродни и природни пасишта во текот на речиси целата година. Во текот на зимата, стадата се преселуваат во рамничарските области во централниот дел на Северна Македонија.

Потенцијални земјоделски системи со висока природна вредност во земјата се: комбиниран систем на екстензивно напасување на полуприродни пасишта и полуинтензивно земјоделство, полуприродни ливади или засадени ливади што се користат за сено, зимски пасишта, летно напасување на планински пасишта, стари екстензивни или полуинтензивни овоштарници и систем на мозаични формации.[72]
Добрата состојба на пасиштата зависи од натамошното екстензивно напасување на добитокот. Во моментов, најголем дел од пасиштата не се користат доволно и се напуштени поради намалувањето на добитокот во последните години. Ова намалување доведе до проширување на грмушестата вегетација (на пример, смрека и дива боровинка) и губење на хетерогеноста на тревните заедници, промена на составот на тревната вегетација и деградација на хумусниот слој.

Овчарството игра многу важна улога во сточарскиот сектор. Овците од полуномадски тип, кои се двонаменски, главно се среќаваат во планинските предели на северната, западната и источната граница. Главни производи на традиционалниот систем на овчарството се јагнињата и преработените млечни производи, како што се сирењето, кашкавалот, киселото млеко, урдата и сурутката. Овие системи, несомнено, се ЗВПВ (Тип 1).

[72] Земјоделство со висока природна вредност и агроеколошки плаќања во Северна Македонија, В. Стефанова, Скопје, 2012 г.

Уште една практика што зависи од полуприродните подрачја е собирањето шумски плодови, печурки и растенија, кои во некои подрачја генерираат и до 85 % од приходот на руралното население. Иако не е јасно дали ова би можело да се смета за земјоделски систем, несомнено, претставува многу важна социоекономска врска меѓу луѓето и обработливите земјишта и шумите со ВПВ.

### 3.3.5 Квалитетот на водата и нејзината врска со земјоделството

Водните ресурси, т. е. подземните и површинските води се релативно чисти во горниот тек, но рапидно се влошуваат по средниот и долниот тек. Оваа состојба е резултат на непрочистената отпадна вода што се испушта главно од населените места, но и од индустријата и земјоделството.

Соодветната Уредба за класификација на водите ги распоредува водите од „чисти“ до „загадени“ во пет класи и ги дефинира критериумите за дозволено користење на соодветната класа на вода. Категоризацијата ги наведува водите во земјата според речни сливови, езера и подземни води и ги распоредува класите на квалитет во соодветните сливни подрачја.

Следење на површинските води на реките во Северна Македонија вршат Републичкиот завод за здравствена заштита (РЗЗЗ)/Прописите за хемикалии (Информации за опасноста и пакувањето – CHIP) и Управата за хидрометеоролошки работи (УХМР). Иако РЗЗЗ/CIHP посветуваат повеќе внимание на параметрите од санитарно значење, имено, микробиолошките параметри, УХМР се фокусира на хидролошките, но и на параметрите за квалитетот на водата.

Улогата на МЗ, преку Заводот за здравствена заштита – Скопје, е да го следи квалитетот на водата за пиење, како и на водата што ја користат земјоделските производители за наводнување. Заводот за здравствена заштита има 10 регионални заводи што се одговорни за следење на квалитетот на водата според Програмата за превентивна здравствена заштита.

Во рамките на проектот „Систем за следење на реките во Македонија“ (RIMSYS) се воспоставени 20 автоматски мерни станици. Задачата на овој систем е следење на квалитетот на површинските води и следење на антропогеното влијание врз нив. Сите мерни станици вршат биолошко следење на водите, имено, на 18 реки што припаѓаат на трите речни сливови, Вардарски, Црнодримски и Струмички. Овие реки припаѓаат на сливните подрачја на Егејското и Јадранското Море, кои опфаќаат 99,86 % од територијата на Северна Македонија.

Ризиците од загадување на водите се високи во регионите со интензивно земјоделско производство и монокултурни насади во близина на сливовите и езерата. Посебен проблем за подземните води се сточарските фарми. Модернизацијата и интензивирањето на земјоделството дополнително ќе ги загрозат површинските и подземните извори и акумулации. Загадената вода го ограничува изборот на земјоделските култури, особено на попрофитабилните култури, како што се зеленчукот и овошјето.

### 3.3.6 Емисии на стакленички гасови

Северна Македонија, како земја што не е вклучена во Анекс I на UNFCCC, изготвува Инвентар на антропогени емисии по извори и отстранувања по понори на стакленички гасови емитирани во или отстранети од атмосферата од 2000 година како дел од своите Национални планови за климатски промени и Двогодишни ажурирани извештаи. Досега, до УНФЦЦЦ се доставени три Национални планови (2003, 2008 и 2014 година) и два Двогодишни ажурирани извештаи (2015 и 2018 година).

Земјоделството, шумарството и друга употреба на земјиштето (ЗШДУЗ) е единствено меѓу секторите со оглед на многубројните процеси што доведуваат до емисии и отстранување стакленички гасови, кои може да бидат нашироко распространети во просторот и со прилично варијабилни концентрации.

Емисиите на стакленички гасови од секторот ЗШДУЗ вклучуваат емисии поврзани со сточарството, шумарството и друга употреба на земјиштето. Од активностите поврзани со сточарското производство се емитуваат $CH_4$ и $N_2O$. Емисијата на $CH_4$ е предизвикана од ентеричната ферментација за време на дигестијата кај преживарите, но се јавува и емисија на $N_2O$ за време на метаболичките процеси. Исто така, $N_2O$ се испушта и како резултат на складирање и преработка на арско ѓубре (управување). Вкупните емисии како резултат на сточарската дејност во 2015 година изнесуваа 821,5 Gg $CO_2$-eq, додека, пак, во 2016 година изнесуваа 833,5 Gg $CO_2$-eq. Овој пораст од околу 4-5 % во однос на 2014 година (792,7 Gg $CO_2$-eq) се должи на зголемувањето на бројот на грла кај говедата (за околу 5 %) и свињите (за 34 %), а намалувањето кај овците, коњите и живината.

Шумарскиот сектор е главниот фактор што придонесува за понори на стакленички гасови во Северна Македонија во рамките на потсекторот на ЗШДУЗ, со исклучок на неколку години кога бројот на шумски пожари (опожарени површини) беше значително над годишниот просек. Површината на шумите, составот на видовите (четинари, широколисни, мешани), како и годишниот прираст и етат на шумите се релативно стабилни. Понорите на стакленички гасови во овој сектор за 2015 година се проценуваат на 1.608,3, а во 2016 година на 2.120,6 Gg $CO_2$-eq.

Во Северна Македонија, емисиите од шумарскиот сектор се резултат на потрошувачката на огревни дрва, како и на шумските пожари. Најконстантен емитувач на $CO_2$ се домаќинствата што користат огревни дрва. Шумските пожари се вториот најголем емитувач на $CO_2$, но тие не се константни и нивниот удел многу се разликува од година во година.

Удел во емисиите на $CO_2$ имаат и земјиштата за друга употреба, како што се земјоделските површини, пасиштата, населените места и друго земјиште, а некои години може да се сметаат како значаен извор на емисии на овој стакленички гас. Овие емисии се главно резултат на конверзија од една во друга категорија на употреба на земјиштето, кога значителни количества надземна и подземна биомаса брзо се отстрануваат и се сметаат за директна загуба.

За изворите на стакленички гасови што не се $CO_2$ може да се заклучи дека постојат многубројни практики за управување и инпути што резултираат со значително

количество емисии на стакленички гасови, кои ако се сумираат, пројавуваат мали разлики од 313,1 Gg $CO_2$-eq во 2000 година до 382,3 Gg $CO_2$-eq во 1990 година. Управуваните почви се главен извор на емисии на стакленички гасови што не се $CO_2$, со удел од 55,4 % во вкупните емисии и до 62,4 % во 2016 година.

Емисиите на стакленички гасови од сточарските активности се последица на нивната биолошка активност и управувањето со арско ѓубре на фармите. Сточарскиот сектор е еден од главните извори на стакленички гасови со вкупни емисии на $CO_2$-eq во опсег од 1.108,11 Gg во 1990 година, до само 792,68 Gg во 2014 година. Говедата се главен извор на стакленички гасови меѓу преживарите. Поголемиот дел од емисиите на метан произлегуваат од ентеричната ферментација, додека, пак, управувањето со арско ѓубре придонесува со само 18 % од вкупните емисии на CH4.

Класата Земјоделско земјиште опфаќа површина што се користи за одгледување: поледелски култури и повеќегодишни култури, каде што главно спаѓаат лозови насади, овошни насади и тревни површини (ливади и тревници). Количествата емитуван $CO_2$ се многу мали и главно се должат на промените кај повеќегодишните култури. Во периодот 2014-2016 година има негативен тренд (отстранувања) на $CO_2$, а тоа е резултат на поинтензивно поставување повеќегодишни насади (особено овошни насади).

Емисиите од пасиштата главно се предизвикани од промените на употребата на земјиштата и се во опсег помеѓу 32,25 Gg $CO_2$-eq до 25,80 Gg $CO_2$-eq во 2016 година.

### 3.3.7 Квалитет и ерозија на почвата

Еколошките проблеми поврзани со почвата се (а) загадување на почвата со ѓубрива и пестициди (особено локализирано во регионите каде што се произведува овошје – јаболка и зеленчук), (б) намалување на органската материја на почвата (поради монокултурни насади, ретка употреба на органски ѓубрива), (в) набивање на горните слоеви на почвата поради сувоста и интензивните врнежи. Загадувањето на почвата доаѓа и од локални извори: во руралните средини и околу селата има голем број нерегулирани/неорганизирани локации за одлагање отпад.

Околу 96 % од вкупната површина е зафатена од ерозија.[73] Површина од 9.423 $км^2$ или 36,65 % од вкупната површина на земјата спаѓа во највисоките категории (I-III, исклучително висока, висока и средна). Вкупниот годишен интензитет на ерозијата во Северна Македонија изнесува околу 17.000.000 $м^3$ годишно или 680 $м^3$ $км^2$ годишно, со околу 7.500.000 $м^3$ или 303 $м^3$ $км^2$ седимент што се преместува од местото на ерозија годишно. Значителен дел од овие депозити, околу 3.000.000 $м^3$ годишно, не се пренесува преку низводните делови на реките надвор од територијата на државата, туку се таложат во природните езера и резервоари.

Во нашата земја има околу 1.700 поројни струи на површина од 18.229 $км^2$ (71 % од целата територија). Овие порои се поделени во пет категории на поројна јакост (првата категорија – највисок коефициент на поројна јакост). Овие категории ги вклучуваат следниве области: I – 8,6 %; II – 13,2 %; III – 30,5 %; IV – 29,0 % и V – 18,7 % од

[73] Според Картата на ерозија на Македонија (Ѓорѓевиќ и др., WDI, 1993).

површината на поројните текови (сливни подрачја). За првите три категории (прекумерна, силна и средно силна ерозија) потребно е преземање заштитни мерки.

Намалувањето на органската материја е многу значаен вид деградација на почвата. Продуктивноста на земјиштето е израз на биопродуктивноста на сите компоненти на земјиштето и нивната интеракција. Според пресметките, вкупната површина на деградација на земјиштето (динамика на продуктивноста на земјиштето) што се дефинира како неприфатлива е само 2,35 % од територијата на земјата, која се чини дека е многу мала површина, но реално се работи за 58.500 ха со негативна динамика на продуктивност на земјиштето.

Вкупната деградирана површина во земјата (негативна динамика на продуктивноста на земјиштето и на органскиот јаглерод во почвата) зафаќа 589 км$^2$ од кои 585 км$^2$ се однесуваат на динамиката на продуктивноста на земјиштето, а 3,5 км$^2$ се со загуби на органски јаглерод во почвата. Површината на конверзија на шумите во земјоделско земјиште изнесува 2,6 км$^2$.

Намалувањето на површините и уништувањето на вегетацијата во Пелагонија како една од најголемите низини во Северна Македонија доведуваат до годишно намалување на вкупното количество хумус од 0,75 %, а тоа покажува дека деградацијата е слаба, помала од 1 %.

### 3.3.8 Обновливи извори на енергија

Вкупната инсталирана моќност за производство на електрична енергија во Северна Македонија е 2,06 GW, од кои ~48 % се термоелектрани, ~34 % големи и мали хидроцентрали, ~15 % когенеративни гасни електрани и ~3 % други обновливи извори.

Главниот субјект во Северна Македонија за производство на електрична енергија е државната компанија Електрани на Северна Македонија (ЕСМ), со ~ 70 % од вкупната инсталирана моќност. Во сопственост на ЕСМ се двете големи термоелектрани што произведуваат струја од јаглен, Битола и Осломеј. Во последниве години, производството на електрична енергија од јаглен постојано се намалува до ~ 60 % во 2017 година.[74]

Земјата е потписничка на Договорот за основање на енергетската заедница, чија цел е да се усогласи националното законодавство со постојното законодавство на ЕУ за енергија, животна средина, конкуренција и обновливи извори на енергија. Северна Македонија ја ратификуваше Рамковната конвенција на ОН за климатски промени во 1997 година и го ратификуваше Протоколот од Кјото во 2004 година. Исто така, Северна Македонија е една од земјите што се изземени од Анекс I, т. е. земји без квантифицирани обврски според наведените меѓународни документи. Како таква, земјата може да го користи Механизмот за чист развој (CDM) за привлекување странски инвестиции за проекти насочени кон намалување на емисиите на стакленички гасови, вклучително и проекти од областа на обновливите извори на енергија. Земјата го потпиша Статутот на ИРЕНА

[74] http://economy.gov.mk/Upload/Documents/Adopted%20Energy%20Development%20Strategy_EN.pdf

(Меѓународната агенција за обновливи извори на енергија – IRENA), со што се вброи меѓу земјите основачи на оваа меѓународна организација.

Стратегијата за развој на енергетиката на Северна Македонија до 2040 година (Стратегијата) е изготвена според релевантните глобални енергетски политики и трендови и оние на ЕУ, а особено според законодавството на Енергетската заедница. Поконкретно, Северна Македонија е подготвена да ја следи добрата практика на политиките на ЕУ за ОИЕ и ЕЕ, како и за декарбонизација.

Законот за енергетика предвидува дека Стратегијата треба да обезбеди, меѓу другото, унапредување на енергетската ефикасност; намалување на употребата на фосилни горива за производство на енергија; поттикнување на користењето на обновливите извори на енергија; заштита на јавното здравје, животната средина и ублажување на климатските промени од штетните влијанија што произлегуваат од вршењето на енергетските дејности и исполнувањето на обврските преземени од Северна Македонија според ратификуваните меѓународни договори.

Вкупната инсталирана моќност на електраните во 2019 година е 2.087,8 MW, што е за 10,9 MW поголема од инсталираната моќност во 2018 година.

Од вкупната инсталирана моќност, термоелектраните учествуваат со 49,53 %, потоа хидроцентралите со 33,43 %, когенеративните електрани со 13,77 % и сите останати со 3,27 %.

**Табела 42: Инсталирана моќност и производство на електрична енергија од обновливи извори во 2019 година**

| **Вид на електрана** | **Број на електрани** | **Инсталирана моќност (MW)** | **Учество (%)** | **Производство (GWh)** | **Учество (%)** |
|---|---|---|---|---|---|
| Хидроцентрали | 10 | 586,65 | 28,10 | 920 | 16,26 |
| Ветерни електрани | 1 | 36,80 | 1,76 | 101,81 | 1,80 |
| Мали хидроцентрали | 101 | 111,43 | 5,34 | 263 | 4,65 |
| Фотоволтаични електрани | 140 | 23,99 | 1,15 | 28,4 | 0,50 |
| Биогасни електрани | 3 | 6.99 | 0.34 | 55,1 | 0.97 |
| Биомасни електрани | 1 | 0,60 | 0,03 | 0 | 0 |
| Вкупно производство од обновливи извори на енергија | 256 | 766,46 | 36,71 | 1.369 | 24,19 |
| **ВКУПНО ПРОИЗВОДСТВО** | **264** | **2.087,87** | **100** | **5.658,01** | **100,00** |

Извор: Годишен извештај за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (2019 г.) https://www.erc.org.mk/odluki/3RKE%20GI_2019-final.pdf

Според податоците на ДЗС, учеството на енергијата од обновливи извори во бруто-финалната потрошувачка на енергија изнесува меѓу 15 % и 20 % во 2017 година, а тоа претставува зголемување од околу 31 %.

**Табела 38: Учество на енергијата од обновливи извори во бруто-финалната потрошувачка на енергија**

| 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15,0 | 15,6 | 17,2 | 16,5 | 16,4 | 18,1 | 18,5 | 19,6 | 19.5 | 18,0 | 19,7 |

Извор: ДЗС, 2020 г.

*Хидроенергијата* е најексплоатиран обновлив извор на енергија во земјата. Производството на хидроелектрична енергија во 2017 година изнесува 1.110.270 GWh, што покрива 56 % од вкупната побарувачка на електрична енергија (1.982.545 GWh).

*Биомасата* во форма на дрво или јаглен се користи речиси исклучиво во домашниот сектор. Главните извори на биомаса се: остатоци шума (вклучувајќи дефектно комерцијално дрво, мртво дрво итн.) и отпад од преработка на дрво, земјоделски остатоци и отпад од преработка на храна, енергетски култури, животински отпад и органски урбан отпад. Биомасата главно се користи од домаќинствата и задоволува 30-33 % од вкупните потреби за енергија. Околу 430 илјади домаќинства (76 %) користат биомаса за затоплување.

Во Северна Македонија има само една биомасна термоелектрана со инсталирана моќност од 0,60 MW, што претставува 0,03 % од вкупната инсталирана моќност за производство на електрична енергија.

Северна Македонија има голем потенцијал за искористување на биогасот од животинско ѓубриво за енергетски цели и производство на биогориво од маслодајни индустриски и градинарски култури.

Во Северна Македонија има три биогасни термоелектрани со инсталирана моќност од 6,99 MW, што претставува 0,34 % од вкупната инсталирана моќност за производство на електрична енергија.

Земјата има долгогодишно искуство со користење на геотермалната енергија и има инфраструктура за нејзино користење за греење и медицински/здравствени бањи. Сепак, потенцијалот на геотермалната енергија е недоволно искористен. Користењето на овој потенцијал за енергетски цели е во надлежност на локалната власт. Имајќи ја предвид релативно ниската температура (највисоката температура забележана во Кочанско е 78 ºC), геотермалната енергија главно се користи за задоволување на потребите за греење.

Иако земјата има повеќе од 250 сончеви денови во годината, употребата на сончевата енергија е ограничена на многу мал број системи за греење вода. Во 2019 година имаше 140 фотоволтаични електрани со инсталирана моќност од 23,99 MW, што претставува 1,15 % од вкупната инсталирана моќност за производство на електрична енергија.

Производството на енергија од ветер е ограничено на регионите во кои има докази за ветер со постојан правец (се евидентира во рамките на тригодишни мерења на брзината на ветерот). Во земјата има само една ветерна електрана со инсталирана моќност од 36,80 MW, што претставува 1,76 % од вкупната инсталирана моќност за производство на електрична енергија.

**Иако постојат големи природни и климатски можности, има недостиг на знаења и инвестиции во користењето на обновливите извори на енергија за земјоделското производство.**

### 3.3.9 Употреба на пестициди и ѓубрива

Во земјата е присутно загадување на водите со ѓубрива, пестициди и органски шталски ѓубрива предизвикано од земјоделските извори особено во езерските води.

Употребата на пестициди и ѓубрива (органски и минерални) се смета за дифузен извор на загадување. Не постојат веродостојни бази на податоци што точно покажуваат колку и во кои области се користат пестициди и минерални ѓубрива во Северна Македонија. Со оглед на тоа што во земјава не се произведуваат ниту пестициди ниту минерални ѓубрива, груба слика за употребата на пестицидите и минералните ѓубрива даваат податоците за нивниот увоз.

**Табела 39: Увоз на пестициди (кг/годишно)**

| Година | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| Инсектициди | 27.551 | 415.983 | 248.552 | 364.741 | 252.118 |
| Фунгициди | 957.544 | 847.354 | 567.842 | 694.695 | 883.589 |
| Хербициди | 671.852 | 643.149 | 639.966 | 529.359 | 591.551 |
| Акарициди | 0 | 0.230 | 0 | 8.340 | 0.024 |
| **Вкупно** | **1.656.947** | **1.906.486** | **1.456.360** | **1.597.135** | **1.727.258** |

Извор: Државен инспекторат за земјоделство, 2021 г.

Според горенаведените податоци, увезени се 1.668.837 кг пестициди (во просек за последните пет години), што претставува 5,2 кг искористени пестициди на 1 хектар користена земјоделска површина (под претпоставка дека целото увезено количество е продадено/искористено).

Во споредба со земјите од ЕУ, Бугарија има најмал процент на продажба на пестициди по хектар со 0,22 кг/ха. Ирска, Естонија, Финска, Данска, Латвија, Романија, Грција, Шведска и Литванија имаат количества продадени пестициди под 1 килограм по хектар користено земјоделско земјиште (КЗЗ). Со вредност од 9,97 кг/ха, Малта забележува најголемо количество пестициди по хектар КЗЗ.

**Табела 40: Увоз на ѓубрива (кг/годишно)**

| Година | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| NPK | 36.828.272 | 34.217.380 | 31.412.959 | 34.552.926 | 37.205.415 |
| KAN | 12.133.313 | 11.656.336 | 5.277.639 | 2.776.157 | 7.204.222 |
| Суперфосфат | 659.830 | 442.050 | 126.609 | 168.339 | 312.098 |
| Уреа | 9.534.761 | 8.499.975 | 9.014.011 | 7.161.260 | 9.009.008 |
| Томасфосфат | 0.564 | 1.100 | 2.042 | 19.988.567 | 0 |
| Амониум нитрат | 216 | 19.944.160 | 17.631.026 | 0 | 30.548.213 |
| MAP | 1.167.366 | 475.740 | 565.034 | 544.540 | 3.686.116 |
| Фолијарни ѓубрива | 342.744 | 158.848 | 239.122 | 156.610 | 227.357 |
| Течни минерални ѓубрива | 206.538 | 1.017.809 | 472.466 | 2.677.176 | 2.587.615 |
| Калиум хлорид | 549.967 | 74.129 | 104.820 | 172.113 | 373.680 |
| Органско ѓубриво | 914.856 | 770.523 | 1.238.626 | 864.253 | 1.038.464 |
| **Вкупно** | **62.337.864** | **77.258.050** | **66.084.354** | **69.061.941** | **92.192.188** |

Извор: Државен инспекторат за земјоделство, 2021 г.

Презентираните податоци за увоз на ѓубрива на годишно ниво покажуваат увоз во просек од 73.386.879 кг (во последните пет години), што претставува околу 229 кг употребени ѓубрива по 1 ха КЗЗ (под претпоставка дека целото увезено количество е продадено/искористено).

## 3.4. Рурална економија и квалитет на живот[75]

Во 2017 година, националниот БДП изнесуваше околу 10.000 милиони евра, додека, пак, просечниот БДП по глава на жител изнесуваше околу 4.850 евра. Во однос на регионалниот удел во националната економија, Скопскиот Регион има најголемо учество (42,8 %) во националниот бруто-домашен производ.

**Табела 46: Бруто-домашен производ, по година, по региони (2017 г.)**

| | **БДП, во милиони евра** | **Структура на БДП, МК = 100** | **БДП, по глава на жител, во евра** | **БДП, по глава на жител, МК = 100** |
|---|---|---|---|---|
| Северна Македонија | 10.051 | 100 | 4.845 | 100 |
| Вардарски Регион | 765 | 7,6 | 5.016 | 103,5 |
| Источен Регион | 831 | 8,3 | 4.722 | 97,5 |
| Југозападен Регион | 853 | 8,5 | 3.884 | 80,2 |
| Југоисточен Регион | 987 | 9,8 | 5.690 | 117,4 |
| Пелагониски Регион | 1.079 | 10,7 | 4.701 | 97 |
| Полошки Регион | 735 | 7,3 | 2.288 | 47,2 |
| Североисточен Регион | 499 | 5 | 2.835 | 58,5 |
| Скопски Регион | 4.302 | 42.8 | 6.871 | 141.8 |

Извор: ДЗС 2020 МАКСтат база на податоци (http://makstat.stat.gov.mk/).

Руралните средини сè уште се многу зависни од земјоделството. Во 2017 година, учеството на земјоделството во БДП беше околу 9 %, при што Скопскиот Регион како претежно урбан регион учествува со помалку од 1 %. Меѓутоа, неземјоделските сектори (трговијата на големо и мало, преработувачката индустрија и градежната индустрија) имаат најголемо учество во БДП и генерираа повеќе од 80 % од БДВ во руралните средини. Со оглед на процентот на бруто-додадена вредност од земјоделското производство, со модернизација на земјоделското производство и подобар пласман на земјоделските производи, голема е можноста за постигнување повисок економски раст. Земјоделското производство ќе се стимулира особено во Југоисточниот и Пелагонискиот Регион, кои бележат високо учество на земјоделското производство во БДП.

**Табела 41: Бруто-додадена вредност во земјоделството, по региони, во милиони евра (2017 г.)**

| | **Вкупно** | **Земјоделство, шумарство и рибарство** |
|---|---|---|

[75] За целите на оваа Програма, показателите за двигателите на рурална економија се земени врз регионална основа во согласност со достапните податоци од Државниот завод за статистика (референтна година 2017).

| | | |
|---|---|---|
| Северна Македонија | 8.711 | 791 |
| Вардарски Регион | 663 | 99 |
| Источен Регион | 720 | 68 |
| Југозападен Регион | 740 | 43 |
| Југоисточен Регион | 855 | 233 |
| Пелагониски Регион | 935 | 169 |
| Полошки Регион | 637 | 84 |
| Североисточен Регион | 433 | 29 |
| Скопски Регион | 3.728 | 67 |

Извор: ДЗС 2020 МАКСтат база на податоци (http://makstat.stat.gov.mk/)

Исто така, повеќе од 30 % од вкупната ангажирана работна сила во земјоделскиот сектор се наоѓа во Пелагонискиот и Југоисточниот Регион. Овој показател е дури и повисок ако се земе предвид дека поголемиот дел од руралното население е ангажирано во земјоделскиот сектор (главно за егзистенција/семејно земјоделство) или како главен извор на приход или како дополнителна дејност (Табела 48).

## Табела 48: Земјоделски стопанства и работна сила по тип на регион

| **Број на земјоделски стопанства** | | | **Работна сила во земјоделството (лица)** | **Работна сила во земјоделството (годишни работни единици)** | **КЗЗ (ха)** | **Просечна големина на земјоделското стопанство/КЗЗ ха** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Северна Македонија** | **Вкупно** | 178.125 | 439.721 | 242.988 | 320.738 | 1,80 |
| Индивидуални земјоделски стопанства | | 177.845 | 435.210 | 237.552 | 271.989 | 1,53 |
| Деловни субјекти | | 280 | 4.511 | 5.436 | 48.749 | 174,10 |
| **Вардарски Регион** | Вкупно | 21.944 | 50.398 | 29.468 | 42.708 | 1,95 |
| Индивидуални земјоделски стопанства | | 21.883 | 48.989 | 27.592 | 30.208 | 1,38 |
| Деловни субјекти | | 61 | 1.409 | 1.876 | 12.500 | 204,92 |
| **Источен Регион** | Вкупно | 26.003 | 59.513 | 26.609 | 43.949 | 1,69 |
| Индивидуални земјоделски стопанства | | 25.955 | 58.992 | 25.839 | 39.741 | 1,53 |
| Деловни субјекти | | 48 | 521 | 769 | 4.208 | 87,67 |
| **Југозападен Регион** | Вкупно | 17.114 | 47.393 | 17.991 | 17.635 | 1,03 |
| Индивидуални земјоделски стопанства | | 17.098 | 47.313 | 17.887 | 16.938 | 0,99 |
| Деловни субјекти | | 16 | 80 | 104 | 696 | 43,50 |
| **Југоисточен Регион** | Вкупно | 25.323 | 54.813 | 48.067 | 32.995 | 1,30 |
| Индивидуални земјоделски стопанства | | 25.291 | 63.725 | 46.974 | 28.609 | 1,13 |
| Деловни субјекти | | 32 | 1.088 | 1.093 | 4.386 | 137,06 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Пелагониски Регион** | Вкупно | 26.977 | 75.952 | 57.583 | 90.243 | 3,35 |
| Индивидуални земјоделски стопанства | | 26.908 | 75.072 | 56.630 | 71.043 | 2,64 |
| Деловни субјекти | | 69 | 880 | 953 | 19.201 | 278,28 |
| **Полошки Регион** | Вкупно | 21216 | 55.554 | 21.051 | 25.180 | 1,19 |
| Индивидуални земјоделски стопанства | | 21198 | 55.404 | 20.874 | 23.971 | 1,13 |
| Деловни субјекти | | 18 | 150 | 178 | 1.209 | 67,17 |
| **Североисточен Регион** | Вкупно | 22.083 | 44.572 | 23.106 | 43.263 | 1,96 |
| Индивидуални земјоделски стопанства | | 22.066 | 44.403 | 22.918 | 39.690 | 1,80 |
| Деловни субјекти | | 17 | 169 | 189 | 3.573 | 210,18 |
| **Скопски Регион** | Вкупно | 17.465 | 41.524 | 19.112 | 24.765 | 1,42 |
| Индивидуални земјоделски стопанства | | 17.446 | 41.310 | 18.837 | 21.789 | 1,25 |
| Деловни субјекти | | 19 | 214 | 275 | 2.976 | 156,63 |

Извор: ДЗС, 2016 г. (пресметки на МЗШВ за 2020 г.).

Речиси целата работна сила во земјоделството се наоѓа во руралните региони, бидејќи околу 75 % од земјоделските стопанства се наоѓаат во руралните региони. Постојат значителни разлики помеѓу индивидуалните земјоделски стопанства и деловните субјекти во однос на просечната големина на земјоделските стопанства и работната сила. Југозападниот Регион е специфичен по фрагментираноста на обработливото земјиште, па затоа не е погоден за интензивен земјоделски развој. Затоа има потенцијал за сточарство и производство на грозје (Табела 48).

Земјоделскиот сектор служи само за ублажување на социјалните влијанија – ублажување на сиромаштијата и невработеноста, особено во услови на висока стапка на невработеност надвор од земјоделскиот сектор. Споредбата меѓу исклучиво земјоделските домаќинства, мешаните домаќинства (кои се занимаваат со земјоделство на приватни имоти и каде што најмалку еден член од семејството е вработен надвор од земјоделството) и домаќинствата без земјоделски имоти покажува дека мешаните домаќинства генерираат највисоки приходи, а потоа земјоделските домаќинства. Најсиромашни се неземјоделските рурални домаќинства.

Неколку студии во минатото, исто така, покажаа тренд кон диверзификација на неземјоделските вработувања што произлегуваат од економската потреба (во помала мера, ставовите кон земјоделството) и ја потврдуваат позитивната корелација помеѓу приходот и бројот на неземјоделски дејности што ги вршат домаќинствата. Не постои формален доказ за диверзификацијата на фармите во неземјоделски дејности во руралните средини. Меѓутоа, се проценува дека околу 30 % од земјоделците или членовите на земјоделското домаќинство се вработени или како самовработени, вработени во производството или во јавниот сектор. Вработувањето или самовработувањето надвор од земјоделството е во трговијата, градежништвото или

услужните дејности. Поголемиот дел од жените во руралните средини се вработени во текстилниот сектор.

**Најголемата слабост во руралната економија е отворањето работни места, високите трошоци за започнување нови бизниси и вработувањето нови работници.** Оваа причина, исто така, се смета дека има клучно влијание врз националниот пазар на труд затоа што го спречува да функционира ефикасно со цел да се намали невработеноста што е на историски високо ниво. Долгорочната висока невработеност во руралните средини е поврзана со слабата структура на квалификациите и компетенциите на невработените.

Руралната економија во голема мера зависи од економските перформанси на МСП. Најголемиот дел од компаниите во руралните средини работат во градежниот или услужниот сектор. Услужниот сектор е концентриран во трговијата на големо или мало и во угостителството. Само 3,4 % од вкупниот број регистрирани претпријатија во земјата се во областа на земјоделството, шумарството и рибарството (2.605) – од кои речиси 90 % (2.305) се од редот на микропретпријатија, со помалку од 10 вработени. Меѓутоа, не постојат прецизни докази за точниот број на регистрирани правни лица лоцирани во руралните средини.

**Табела 49: Број на регистрирани правни лица (во земјоделскиот сектор) со број на вработени (2019 г.)**

| | Вкупно | % | 0 вработени или нема податоци | 1-9 | 10-19 | 20-49 | 50-249 | 250 + |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно во сите сектори** | 75.914 | 100 | 7.565 | 61.265 | 3.211 | 2.237 | 1.404 | 232 |
| **Земјоделство, шумарство и рибарство** | 2.605 | 3,4 | 180 | 2.305 | 53 | 37 | 26 | 4 |

Извор: ДЗС 2020 г. МАКСтат база на податоци (http://makstat.stat.gov.mk/).

### 3.4.1 Потенцијал за рурален туризам

Постои добар потенцијал за развој на *туризмот* во руралните општини, но тој сè уште е недоволно развиен. Специјализираните истражувања покажуваат дека речиси половина од територијата на државата има голем потенцијал во смисла на ресурси за развој на атрактивни туристички производи. Поголемиот дел од општините имаат доволно природни и инфраструктурни ресурси за развој на рекреативниот туризам. Сепак, туризмот имаше конкретен придонес во приходите и вработеноста само во езерските општини (Охрид, Ресен и Дојран) и во градот Скопје, каде што се наоѓаат најголемиот дел од сместувачките капацитети.

**Табела 50: Капацитет за сместување, по регион (2019 г.)**

| | Број на соби | Број на кревети | Ноќевања на туристи |
|---|---|---|---|
| Северна Македонија | 29.933 | 76.942 | 3.262.398 |
| Вардарски Регион | 663 | 1.748 | 48.590 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Источен Регион | 734 | 2.088 | 62.878 |
| Југозападен Регион | 16.943 | 43.312 | 1.618.312 |
| Југоисточен Регион | 2.467 | 6.367 | 562.422 |
| Пелагониски Регион | 3.666 | 10.846 | 183.520 |
| Полошки Регион | 1.240 | 3.769 | 84.138 |
| Североисточен Регион | 381 | 763 | 14.214 |
| Скопски Регион | 3.839 | 8.049 | 688.324 |

Извор: ДЗС 2020 МАКСтат база на податоци (http://makstat.stat.gov.mk/).

Официјалните статистики не даваат податоци што се однесуваат конкретно на руралниот туризам во сите свои форми. Во текот на 2019 година, водечки туристички дестинации беа езерските области, од кои најзначајно е Охридското Езеро, потоа Скопје (22 %), планинските области (10 %) и бањите (4 %), за одмор и рекреација, како и за културен туризам. Се проценува дека 4 % од вкупниот број сместувачки капацитети се наоѓаат во руралните средини.

Во моментов, руралниот туризам генерира многу мал дел од националните приходи од туризмот. Тој е концентриран во ограничен број региони (главно во националните паркови, Источниот Регион и природните езера). Во текот на последните неколку години, неколку села што се наоѓаат во близина на езерските одморалишта исто така нудат сместување во руралниот туризам.

Пред неколку години, поради владините кампањи за промоција на потенцијалот на руралниот туризам, *домашниот туризам забележа пораст за повеќе од 100 % – главно еднодневни или викенд-тури*. Мал е бројот на туристички агенции што нудат рурален туризам, но нивното искуство покажува дека расте побарувачката за рурален туризам. Повеќето од руралните места се посетени од домашните туристи за време на одморите или за време на викендите/националните празници. Постојат рурални туристички производи што се нудат и на странските пазари, но главно како комплементарен производ на комерцијалните одмори во Охрид.

Сместувањето е клучен елемент на туристичката понуда што силно влијае врз степенот на развој на туризмот и неговото влијание во конкретната област. Туристичкото сместување е концентрирано во 8 општини (Скопје, Охрид, Струга, Ресен, Берово, Маврово, Крушево и Гевгелија). Поради оваа концентрација, во моментов, развојот на туризмот во многу области на земјата е отежнат поради недостигот на сместување, додека, пак, во други области клучниот недостаток е квалитетот/стандардот на сместувањето и придружните услуги.

Меѓу најголемите пречки за развој на туризмот во руралните средини е **недоволниот развој на туристичките атракции и капацитети, како и отежнатиот пристап до туристичките погодности, националните паркови и туристичките места, пред сè, поради лошата состојба на патната инфраструктура**.

Најмногу невработени лица со професионални квалификации што се потребни за работа во туризмот има во Југозападниот Регион (1.205) и во Скопскиот Регион (1.307). **Постои голем проблем со недостиг на обучени човечки ресурси, како и на стратешко**

**планирање и маркетинг на ресурси и производи за рурален туризам.** Од расположливите податоци за невработени лица во руралните средини, во Националната стратегија за рурален туризам 2012-2017 година се проценува дека со дополнителна обука за конкретни потсектори и услуги поврзани со руралниот туризам може во голема мера да се придонесе за развојот на овој сектор. Стратегијата препорачува обуките да бидат насочени кон активното население на возраст од 15 до 39 години (во сите региони) со одредени квалификации за работа во туризмот.

Речиси сите општини го имаат наведено руралниот туризам како една од целите во своите стратегии за локален развој, главно нагласувајќи го неговиот природен и културен потенцијал како причина за тоа. Речиси две третини од руралните општини во своите стратегии ги имаат идентификувано конкретните инфраструктурни проекти за развој на руралниот туризам. Оттука, веќе се идентификувани проекти за развој на туристичката инфраструктура, реставрација на историски и културни споменици и други проекти поврзани со туризмот. Околу една третина од овие проекти се наоѓаат во помалите рурални општини и во населени места со население под 150 жители.

### 3.4.2 Промоција и развој на МСП во руралните средини

Во поголемиот дел од руралните региони, производството е претставено главно од мали фирми, кои ги опслужуваат локалните/регионалните пазари. Речиси целата прехранбена индустрија (освен за преработка на месо и кланиците) се наоѓа во руралните средини. Во сите региони, **развојот на индустријата е ограничен од квалитетот на патната инфраструктура и инфраструктурата поврзана со бизнисот и сè повеќе од недостигот на квалификувана работна сила**.

**Табела 51: Број на деловни субјекти, по регион и број на вработени (2019 г.)**

| | Вкупно | 0 вработени или нема податоци | 1-9 | 10-49 | 50-249 | 250+ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Северна Македонија | 75.914 | 7.565 | 61.265 | 5.448 | 1.404 | 232 |
| Вардарски Регион | 5.595 | 409 | 4.713 | 356 | 103 | 14 |
| Источен Регион | 5.799 | 428 | 4.701 | 480 | 172 | 18 |
| Југозападен Регион | 7.520 | 558 | 6.423 | 420 | 108 | 11 |
| Југоисточен Регион | 6.233 | 552 | 5.042 | 511 | 115 | 13 |
| Пелагониски Регион | 8.327 | 624 | 7.029 | 513 | 141 | 20 |
| Полошки Регион | 8.614 | 451 | 7.628 | 424 | 103 | 8 |
| Североисточен Регион | 4.174 | 260 | 3.522 | 308 | 79 | 5 |
| Скопски Регион | 29.652 | 4.283 | 22.207 | 2.436 | 583 | 143 |

Извор: ДЗС (2019 г.), објавено во 2020 г.

**Секторот на малите и средните претпријатија во руралните средини е недоволно развиен.** Показателите на деловната демографија (број на деловни субјекти на 1.000

жители) укажуваат на тоа дека густината на МСП во претежно руралните региони е помала од националниот просек (32 на 1.000 жители), додека, пак, густината на МСП е релативно висока во Скопскиот Регион (45 на 1.000 жители), достигнувајќи го просекот на ЕУ 27 од 45 на 1.000 жители.

Земјоделско-прехранбените мали и средни претпријатија во руралните средини работат претежно за локалниот (општински/регионален) пазар, освен претпријатијата за преработка и трговија со овошје и зеленчук и преработувачите на вино што ги извезуваат своите производи. Секторот за специјалитети/специфични прехранбени производи е моментално мал во однос на бројот на претпријатија, бидејќи во голема мера функционира на ниво на земјоделски домаќинства. Во секторот за овошје и зеленчук, АХВ има регистрирано 190 компании, од кои околу две третини се наоѓаат во рурални средини. Од нив, само 18 компании преработуваат зеленчук, 7 се занимаваат само со овошје, додека, пак, 28 компании имаат комбинирана преработка (овошје и зеленчук). Најголем дел од претпријатијата за преработка на овошје и зеленчук се класифицирани како микро (16) и мали претпријатија (21), а 20 % од нив (14 претпријатија) се специјализирани за производство на специфични производи, како што се „ајвер“, „пинџур“ и „лутеница“. Што се однесува до инсталираните капацитети, 68 % се за конзервирање, 15 % за замрзнување, 11 % се со комбинирани дејности, а останатите 6 % се за сушење и производство на други производи. Што се однесува до преработувачите на вино, од вкупно 76 регистрирани винарници во 2020 година, повеќе од две третини имаат преработувачки капацитети лоцирани во руралните средини.

Пристапот на руралните мали и средни претпријатија до деловни консултантски услуги е слаб. Министерството за економија преку Агенцијата за поддршка на МСП го поддржа создавањето мрежа на советници и промовираше систем со ваучери за користење консултантски услуги. За поддршка на самовработувањето, Агенцијата за вработување води програми на поволни заеми за основање бизниси и самовработување. Најголем интерес за користење на оваа програма има за земјоделството, трговијата и услугите, а интересот е најмал за занаетчиството.

**Напорите за промовирање на претприемништвото и занаетчиството во руралните средини се ограничени поради ниският образовен статус на работната сила и недостигот на професионално искуство.**

Програмите за промоција на претприемништвото што досега функционираа во руралните средини покажаа дека недостигаат зрели бизнис-идеи и претприемачки вештини и знаења. **Почетните бизниси се ограничени од ниските приходи/ниската куповна моќ на руралните жители и заситеноста на секторите за кои е потребен мал почетен капитал (мали продавници, ресторани, комунални услуги). Во моментов, недостигот на почетен капитал е значајна бариера за развој на одржливи бизниси.**

### 3.4.3 Занаети

Занаетчискиот сектор е релативно мал, разнолик и распространет низ целата земја. Овој сектор се смета дека има голем потенцијал за развој на национално ниво, важен е за

создавање приходи и работни места, особено во руралните средини што се поизолирани и не толку привлечни за другите видови бизниси.[76] Сепак, овој сектор стагнира во последните години и постои тенденција на исчезнување на некои од традиционалните занаети.

Во однос на вработеноста во секторот, анализата спроведена во рамките на Стратегијата на Занаетчиска комора 2012-2020 година покажува дека најголем дел или 61 % од занаетчиите вработуваат само едно лице, а 35 % вработуваат од едно до пет лица.

Во согласност со правната рамка, следните дејности се дефинирани како занаетчиски дејности: производство и мал обем на производство; услуги; уметничко занаетчиство; домашно ракотворење.

Што се однесува до видот на дејноста, најголем удел во вкупните занаетчиски дејности имаат занаетите за кои не е потребно специјално образование и занаетите за кои се потребни простории (15 %, соодветно), потоа производството на храна и пијалаци со 13 %, електрика и машини (12 %), градежништво (10 %), лични услуги (9 %), текстил и кожа (7 %) и минерали (5 %). Останатите дејности чиј удел се движи меѓу 1 % и 3 % се производство на дрво, производство на хартија, пластика и гума, здравје и лична нега и рачно изработени (ракотворени) занаети.

Според Занаетчиската комора, главните области на домашното производство во занаетчискиот сектор се следниве:

- Ткаење (во источниот дел од земјата, во селата околу Делчево, Берово, Пехчево, Кочани, Виница, во западниот дел од земјата, во селата околу Тетово);
- Везење, плетење и шиење (во централната област на земјата, селата околу Крушево, Битола, Ресен);
- Грнчарство (во селата околу Кичево, Велес, Струмица);
- Столарство, резбарство и обработка на дрво (во источниот дел од земјата, во селата околу Делчево, Берово, Пехчево, во западниот дел од земјата, во селата околу Тетово и Гостивар);
- Ковање (во јужниот дел од земјата, во селата околу Струмица);
- Производство на филц (во источниот дел од земјата, во селата околу Делчево, Берово, Пехчево, Кочани, Виница, Пробиштип).

Според Стратегијата на Занаетчиската комора 2012-2020 година, најголем дел од ограничувањата за развој на занаетчискиот сектор се поврзани со оданочувањето, малиот пазар и зголемената конкуренција од увоз и нерегистрирани занаетчии и трговци со занаетчиски производи, застарената опрема, неповолната финансиска состојба и недоволниот пристап до кредити, недоволната обука и недостигот на континуирано професионално усовршување и промоција на занаетчиството за вработување.

[76] Национална стратегија за развој на занаетчиството 2012-2020, Министерство за економија.

### 3.4.4 Обезбедување услуги во руралните средини

Населението во руралните средини во голема мера е лишено во споредба со населението во урбаните средини, и тоа во многу погледи. За оние што живеат во руралните средини, со проблемот на пристап до банкарски услуги се соочуваат 36 %, пристап до поштенски услуги 24 % и пристап до културни објекти 20 %. Основни транспортни услуги се недостапни или се тешко достапни за 22 % од населението во руралните средини.[77] Потребата за подобрување на патната мрежа во руралните средини е означена како високоприоритетна, во низинските села (51 %), како и во планинските села (54 %).

За децата од руралните средини, пристапот до основните училишта е малку позадоволителен во споредба со пристапот до средните училишта, каде што оддалеченоста негативно влијае врз пристапот до образование. Телефонската мрежа (фиксна линија и GSM) ја покрива целата територија на државата, а интернетот се користи сè повеќе. Употребата на интернетот бележи неверојатен раст во последните години, од 1,5 % во 2000 година, 58,3 % од домаќинствата во 2012 година, до 81,8 % во 2019 година.[78] Националните и локалните телевизии, вклучувајќи ги и кабелската и сателитската, како и радиото се достапни низ целата земја.

Квалитетот на физичката и општествената инфраструктура во руралните средини значително се влоши поради недоволното инвестирање во развојот и одржувањето на инфраструктурата. Ова резултира со влошување на квалитетот на животот и претставува закана за способноста на руралните средини да го задржат своето население и да привлечат инвестиции.

Квалитетот на инфраструктурата се разликува според видот и големината на населените места. Во земјата има густа мрежа од мали рурални градови или поголеми села (над 3.000 жители) опкружени со рурални села. Руралните населени места се групирани околу центарот на општината, иако тоа не е случај во сите општини. Во руралните општини со поголеми територии или претежно планински територии, селата може да бидат на раздалеченост од над 20 км од центарот на општината. Во центарот на општината се сместени државните установи, кои обезбедуваат дел од основните услуги за руралното население – средни и/или стручни училишта, здравствена заштита, банки итн.

Посебен проблем претставува големиот процент на рурално население што живее во мали населени места. Имено, 81 % од руралното население живее во населени места со под 10.000 жители. Впрочем, овој проблем се зголемува бидејќи има 1.573 населени места (89 % од вкупниот број населени места во земјата) со население под 1.500 жители, а во овие населени места живеат 35 % од вкупното рурално население и 19 % од вкупното население. Во рамките на оваа категорија, околу 13 % од руралното население живее во многу мали населени места со под 500 жители.

[77] Европска фондација за унапредување на условите за живеење и работа, „Квалитетот на животот во земјите од проширувањето: Трета европска анкета за квалитетот на животот – Северна Македонија 2013 г.“.
[78] ДЗС, „Користење информатичко-комуникациски технологии во домаќинствата и кај поединците, 2020 г.“.

**Табела 5242: Распореденост на руралното население според големината на населеното место**

| **Население во населеното место (опсег)** | **Број на населени места** | **Удел на населените места %** | **Бројност на населението** | **Удел на населението во вкупниот рурален % (вкупниот национален %)** |
|---|---|---|---|---|
| до 500 жители | 1.283 | 73 % | 148.649 | 13 % (7 %) |
| 500-1.499 | 290 | 16 % | 248.286 | 22 % (12 %) |
| 1.500-4.999 | 149 | 8 % | 379.730 | 33 % (19 %) |
| 5.000-9.999 | 23 | 1 % | 153.470 | 13 % (8 %) |
| 10.000-29.999 | 12 | 1 % | 211.564 | 19 % (10 %) |
| **Вкупно рурално население** | **1.757** | / | **1.141.699** | **100 % (56 %)** |

Извор: ДЗС, Попис на населението 2002 година (пресметки на МЗШВ, 2020 година). *Град Скопје не е опфатен.

Општините се соочуваат со големи тешкотии да ги одржат квалитетот и пристапот до основните услуги во малите населени места. Со оглед на малата бројност на населението, пристапот до основните услуги на населението во малите населени места во голема мера зависи од квалитетот и пристапноста на патната инфраструктура. Вреди да се спомене дека 158 населени места се без постојано население, но сопствениците на куќите доаѓаат во сезонска посета – обично во текот на летото и овие области се од особено значење за руралниот туризам.

**Луѓето што живеат во руралните средини се помалку задоволни од квалитетот на животот во споредба со оние што живеат во урбаните средини, кои се магнет за миграција на младите луѓе од селата, со што населението во селата станува уште поранливо и посиромашно. Затоа, постои потреба од политики за рурален развој за зголемување на инвестициите во инфраструктурата со цел селата повторно да станат атрактивни места за живеење и работа на младите и претприемачите.** За да се постигнат овие цели, потребни се програми за промовирање на доживотното учење во руралните средини, воспоставување индустриски зони за мали производствени и услужни индустрии за развој на рурални задруги и социјални претпријатија, како и за промовирање вмрежување здруженија и организации во заедницата со цел создавање рурален социјален капитал.

### 3.4.5 Обезбедување инфраструктура

*Социјална инфраструктура*

Во сите општини има недостиг на планирани инвестиции во инфраструктурата во делот на социјалната заштита. Општините најчесто инвестираат во капитални инвестиции во објекти за деца од предучилишна возраст, основни и средни училишта. Сите рурални општини имаат основни училишта, но немаат предучилишни установи, односно дневен престој за деца и градинки. Средните училишта се наоѓаат во центрите на општините, а

учениците од селата зависат од редовниот превоз или сместувањето во јавните интернати, ако се достапни.

**Речиси и да нема инвестиции за изградба на центри за ран детски развој.**[79]

Во однос на здравствената инфраструктура, МЗ прави дополнителни напори за развој на мрежа на примарна здравствена заштита и доближување на системот на здравствена заштита до населението заради остварување на политиката за достапност на здравствената заштита. За таа цел се изградени 16 нови здравствени установи во руралните средини и се очекува меѓу 35-40 илјади лица да добиваат услуги во примарната здравствена заштита. Меѓутоа, **ограничен е пристапот до лекови и фармацевтски продавници во руралните средини, а тоа руралните жители го сметаат за проблем**.

*Техничка инфраструктура*

Вкупната должина на постојаната транспортна инфраструктура во земјата е 14.410 км јавни патишта од кои 899 км се автопатишта, 3.778 км се регионални, а 9.733 км се локални патишта. Железничкиот транспорт е слабо развиен и вклучува мрежа од 699 км отворени пруги, 226 км станици и депоа и 102 км индустриски пруги.[80] И покрај тековните владини и општински инвестиции во патната инфраструктура (модернизација и проширување), останува да се реализира уште повеќе бидејќи состојбата на патната мрежа е уште во полоша состојба од онаа на соседните земји и просекот на ЕУ.[81]

**Табела 43: Вкупна должина на јавните патишта според видот (во км)**

| Вид на пат | |
|---|---:|
| ВКУПНА ДОЛЖИНА НА ПАТИШТАТА | 14.410 |
| од кои асфалтирани патишта и калдрма | 8.958 |
| Вкупно автопати | 899 |
| Вкупно регионални патишта | 3.778 |
| Вкупно локални патишта | 9.733 |

Извор: Национална стратегија за транспорт, 2018-2030 г.

**Се појавува потреба за унапредување на физичката инфраструктура и квалитетот на основните услуги во руралните средини со цел да се подобрат нивните конкурентност и способност да се задржи помладото и пообразовано население.**

Повеќето помали населени места (на пример, селата во руралните средини) немаат канализациски систем и користат септички јами или неконтролирано испуштање на отпадните води. Процентот на рурално население приклучено на јавна канализациска мрежа е низок и се проценува на 17,7 % од вкупното население. Вкупното население во

[79] Министерство за труд и социјална политика, „Анализа на состојбите во социјалната заштита и социјалното вклучување на локално ниво, 2010 г.“.
[80] Национална стратегија за транспорт, 2018-2030 г.
[81] Светска банка „Преглед на националната програма, април 2014 г.“.

руралните средини што нема инсталации за одлагање отпадни води е 8,9 % (4 % од вкупното население).[82]

Со електрична енергија се снабдуваат 99,75 % од населението во руралните средини, а тоа е овозможено со помош на добро развиена преносна и дистрибутивна мрежа со извори на електрична енергија со доволен капацитет (1.430 MW), кои обезбедуваат редовно снабдување. **Електричната мрежа во становите во руралните средини не е модернизирана за да издржи редовно и непречено снабдување енергија за апаратите во домаќинството.**

Околу 60-70 % од населението има корист од јавниот систем за собирање отпад што го вршат јавните претпријатија, но само 10 % од населението во руралните средини добиваат услуги за редовно собирање цврст отпад. Општа практика е да се собира неселектиран комунален и неопасен индустриски отпад, како и фракции на неопасен и опасен неселектиран отпад.[83]

### 3.4.6 Културно наследство и градежно окружување во селата

Културното наследство што се наоѓа во руралните средини има најголем потенцијал за развој со оглед на разновидноста и квалитетот на културните и историските богатства и археолошките локалитети во земјата, како и зголемениот интерес за културен туризам на пазарот. Како недвижно културно наследство се регистрирани 15.123 објекти (2.567 споменици од неолитот до отоманскиот историски период, 5.160 археолошки локалитети, 4.681 меморијални споменици, 1.286 објекти од урбаната, руралната и комерцијалната архитектура, 29 сегменти од урбани и рурални комплекси, 1.156 манастири, 61 средновековна градба, тврдини, мостови, кули, 112 џамии, 71 друг објект што потекнува од 15 до 19 век) и 500.000 музејски експонати. Институционалната одговорност за културното наследство е под Секторот за заштита на културното наследство при Министерството за култура.

Во моментов има неколку рурални населени места заштитени како споменици на културата и природни реткости: селото Галичник (од 1975 г.), руралната средина Кичиница (од 2004 г.), руралната средина Гари (од 2003 г.), историското подрачје Смилево (од 2003 г.), руралната средина Железнец (од 2004 г.), урбанизираната средина на селото Коњско (од 1979 г.) и селото Горно Врановци (од 1981 г.).

Според Националната стратегија за развој на културата 2018-2022 година, **стратешка цел е да се заштити културното наследство на локално ниво и да се обезбеди одржлива културна инфраструктура, со што ќе се промовираат културното наследство, традицијата и локалните вредности и нивната поврзаност со руралниот туризам. За ова е потребен и развој на патната инфраструктура**, бидејќи најголемиот дел од културното наследство се наоѓа во најоддалечените рурални средини,

[82] ДЗС, „Попис на население, домаќинства и станови 2002 г.“.
[83] Министерство за животна средина и просторно планирање, „Национален план за управување со отпад (2009-2015 г.) на Северна Македонија“.

а блиските населени места имаат помалку од 150 жители и се погодени од надворешната миграција.

## 3.5. Подготовка и спроведување стратегии за локален развој – LEADER

### Искуство со стратегии за локален развој

Речиси секоја општина во земјата има донесено свој стратешки документ со кој се утврдува и се управува со локалниот развој, како што се Стратешкиот план за одржлив развој, Стратешкиот план за развој или Стратегиите за локален економски развој (СЛЕР). Најголемиот број општини веќе имаат подготвено и усвоено СЛЕР. Исто така, општините (во рамките на своите законски обврски) имаат формирано Сектор/Одделение за локален економски развој (ЛЕР). Обезбедени се обуки за клучниот персонал за планирање на локалниот развој и подготовка на проекти. Меѓу другото, овие организациски единици се одговорни за подготовка и спроведување на стратегиите за развој.

СЛЕР обично се изготвуваат со вклучување претставници на различни сектори и претставници на локални чинители преку партиципативни методи на планирање. Процесите на подготовка на стратегиите за локален развој беа делумно поддржани од различни донаторски проекти, а најактивна беше УНДП. Потребите беа идентификувани врз основа на процена на локалната состојба, инфраструктурата, економскиот развој, од гледна точка на животната средина или квалитетот на животот, а мерките беа дефинирани преку стратешки план – вклучувајќи визија, стратегија и развојни цели, како и краток преглед на програмите и проектите што треба да се реализираат преку буџетот и другите средства на општината. Локалните стратегии, вклучително и СЛЕР, беа и останаа основни стратешки документи на општината за дефинирање и управување со локалниот развој.

### Иницијативи од типот на LEADER

Земјата досега нема спроведено мерка LEADER во рамките на претпристапните програми (ИПАРД I и II). Со цел да се промовира пристапот LEADER и за да се изградат капацитети за спроведување на мерките LEADER, МЗШВ иницираше или поддржа неколку проекти што користат методологија LEADER.

Од 2005 година, формирањето локални акциски групи од типот на LEADER е исто така поддржано со проекти финансирани со билатерална помош. Неколку донаторски организации, како што се УСАИД и УНДП ги поддржаа општините во развојот и спроведувањето на нивните СЛЕР, како поддршка на процесот на децентрализација на земјата.

УСАИД поддржа вкупно 32 урбани и рурални заедници. Во 20 рурални општини, тие ја поддржаа подготовката на СЛЕР со пет стратешки компоненти (инфраструктура, локална економија, земјоделство, туризам и човечки ресурси) и воведувањето на таканаречениот Општински одбор за планирање (ООП) со 20 до 100 членови од различни сектори (ЈПП). Со проектот на УСАИД беа обучени 400 учесници за стратешко планирање, вмрежување и алатки за спроведување проекти.

Преку Програмата за регионален економски развој (GIZ RED) во четири (Источен, Југоисточен, Југозападен и Полошки) од осум региони беа изготвени Програми за регионален развој преку партиципативен пристап во кој беа вклучени сите засегнати страни. Беа поддржани и 70 пилот-проекти (по природа многу слични проекти во рамките на пристапот LEADER), што резултираше со отворање нови работни места, подобра туристичка понуда и почиста животна средина.

Македонската програма за поддршка на советодавните услуги во земјоделството (МААСП, Фаза II, финансирана од СИДА – Шведската меѓународна агенција за развој) е првата програма во Северна Македонија што практично го поддржува спроведувањето иницијативи како што е LEADER во претходните пет пилот-општини (формирана во 2007 година). Поддржаните активности најмногу се однесуваа на организирање семинари и локални настани (на пример, саем на бавна храна, саем на мед, саем на ракотворби итн.).

Основите за спроведување на мерката LEADER се утврдени во Законот за земјоделство и рурален развој донесен во согласност со регулативата на ЕУ. Во согласност со националното законодавство, МЗШВ е одговорно за запишување во евиденцијата на ЛАГ. Така, во текот на 2012 година беше формирана единица одговорна за координација на LEADER во рамките на Секторот за управување со ИПАРД (ТУ) и беше подготвена стратегијата за пристапот LEADER. Подзаконски акти за признавање на ЛАГ и подготовка на СЛР беа донесени на почетокот на 2013 година. Телото за управување со ИПАРД при МЗШВ во периодот од март 2015 до август 2016 година, со финансиска поддршка од Европската Унија, го реализираше проектот „Воведување нови мерки на ИПАРД", каде што една од активностите беше да се подготви мерката „пристап LEADER" како дел од можностите на ИПАРД за Северна Македонија.

Согласно подготвениот текст на мерката „пристап LEADER" во рамките на ИПАРД III Програмата, изготвени беа соодветни процедури за спроведување на мерката, пресметки за потребната распределба на средствата, како и прирачници и друга потребна документација за спроведување на мерката. Целокупната подготвена документација потоа беше проследена до Генералниот директорат за земјоделство на Европската комисија за консултации и коментари. Доставените забелешки се вклучени во најновата верзија на текстот на предложената мерка во оваа Програма. Исто така, во рамките на проектот беа спроведени одредени активности за зајакнување на институционалните капацитети за спроведување на мерката, обуки на одговорните за спроведување на мерката, процени на перформансите и предлози за надополнување на човечките ресурси.

Исто така, во рамките на проектот беше проценето дека оптималниот број на ЛАГ за целата земја би бил околу 20 ЛАГ.

Заклучокот во конечниот извештај на проектот беше дека Северна Македонија е подготвена да ја започне постапката за акредитација за спроведување на „пристапот LEADER" во рамките на ИПАРД Програмата.

Во 2018 година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, согласно членот 89 став 6 од Законот за земјоделство и рурален развој („Сл. весник" бр.

49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17) и членот 4 од Правилникот за условите за запишување во евиденцијата на Локалната акциска група, постапката за упис, потребната документација и начинот на водење на евиденцијата („Сл. весник“ бр. 40/13), објави Јавен повик бр. 01/18 за признавање на постојните иницијативи и запишувањето во евиденцијата на локалните акциски групи (ЛАГ).

Со одлука на министерот, формирана е Комисија за запишување во евиденцијата на Локалните акциски групи (ЛАГ) и оценување на стратегиите на ЛАГ. Комисијата ги разгледа доставените барања, потребната документација и ги оцени Стратегиите на ЛАГ согласно Правилникот за условите за запишување во евиденцијата на Локалната акциска група, постапката за упис, потребната документација и начинот на водење на евиденцијата („Сл. весник“ бр. 40/13) и Правилникот за содржината и методологијата за подготовка на стратегии за локален развој на руралните средини и начинот за нивно одобрување – Анекси 2 и 3 („Сл. весник“ бр. 40/13), и својот конечен извештај го достави до ТУ со ИПАРД, надлежно за водење на евиденцијата.

Од 14 поднесени барања, 13 ЛАГ што ги исполнуваа минималните услови добија статус на ЛАГ и добија Решение за запишување во евиденцијата на Локалната акциска група (ЛАГ), која се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Повеќе од половина од територијата на земјата и вкупно 47 општини се опфатени со запишаните ЛАГ (број на население, карта).

Од 12.2.2018 до 13.4.2018 година, МЗШВ, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и храна на Словенија, ангажираше неколкумина експерти за LEADER од Словенија со цел размена на искуства за руралниот развој и спроведувањето на „пристапот LEADER“ во Словенија пред нивното пристапување кон ЕУ. Поддршката на словенечките експерти беше особено корисна за подобрување на постапката за запишување во евиденцијата на ЛАГ и оценувањето на стратегиите на ЛАГ.

Со добивање Решение за запишување во евиденцијата на Локалните акциски групи (ЛАГ), на ЛАГ за првпат им беше овозможен пристап до финансии за нивните проекти и активности преку националниот буџет, односно преку мерките на Националната програма за финансиска поддршка на руралниот развој.

За таа цел, во 2019 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој објави Јавен повик за поднесување барања за користење средства од Националната програма за рурален развој за 2019 година за Мерката 412 – Воспоставување локални акциски групи (ЛАГ) и Мерката 413 – Реализација на стратегии за локален развој на руралните средини.

Од 9 ЛАГ што поднесоа барања за користење средства од овие мерки, договори им беа доделени на 7. Засега реализацијата на проектите сѐ уште е во тек и за двете мерки.

Максималните износи на поддршката за секој од прифатливите трошоци по мерка се уредени со Правилникот за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките

за рурален развој, прифатливите трошоци и висината на поддршката по корисник, по мерка.

Локалната акциска група е целосно одговорна за реализацијата на одобрените проекти/активности по потпишувањето на Договорот за финансиска поддршка со АФПЗРР и е должна да спроведе јавни набавки за планираните трошоци согласно Законот за јавни набавки.

**Национална рурална мрежа**

Во земјата нема формално воспоставување Национална рурална мрежа. Меѓутоа, МЗШВ го поддржа основањето на граѓанското здружение – Мрежа за рурален развој на Северна Македонија (МРР – основано на 20 март 2010 година) како дел од активностите во рамките на програмата финансирана од СИДА за поддршка на советодавните услуги во земјоделството МААСП. Воспоставувањето мрежа за рурален развој во Северна Македонија претставува идна цел заснована врз принципите на LEADER и врз цврст корпус на луѓе и знаења, кои се создаваат со спроведување активности преку методологијата LEADER. МРР поддржува дополнителни пет општини во процесот на изготвување потстратегии за рурален развој и ја продолжува својата мисија за развивање вештини за градење капацитети и знаење на чинителите од руралните средини со цел да им овозможи да ги реализираат своите цели и програми за развој. На меѓународно ниво, МРР е членка на Европското здружение LEADER за рурален развој (ЕЛАРД) со седиште во Брисел (видете Поглавје 9 од оваа Програма).

## 3.6. Табела со контекстуални показатели[50]

| Социоекономски показатели | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1. НАСЕЛЕНИЕ** | | | | |
| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
| Вкупно – Северна Македонија | жители | 2.076.255 | 2019 | ДЗС, статистика на населението (2020 г.) |
| Вардарски Регион | жители | 151.492 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 7,30 % | 2019 | |
| Источен Регион | жители | 173.804 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 8,37 % | 2019 | |
| Југозападен Регион | жители | 219.180 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 10,56 % | 2019 | |
| Југоисточен Регион | жители | 172.824 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 8,32 % | 2019 | |
| Пелагониски Регион | жители | 226.837 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 10,93 % | 2019 | |
| Полошки Регион | жители | 322.872 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 15,55 % | 2019 | |
| Североисточен Регион | жители | 175.973 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 8,48 % | 2019 | |
| Скопски Регион | жители | 633.273 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 30,50 % | 2019 | |
| **2. ВОЗРАСНА СТРУКТУРА** | | | | |
| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
| Вкупно < 15 | лица | 336.630 | 2019 | ДЗС, статистика на населението (2020 г.) |
| | % од вкупниот број | 16,21 % | | |
| Вкупно 15-64 | лица | 1.438.810 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 69,30 % | | |
| Вкупно 64 < | лица | 300.815 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 14,49 % | | |
| Вардарски Регион < 15 | лица | 23.741 | 2019 | |

[50] Показателите за кои недостигаат или постојат стари вредности (на пр. 2013 и 2016 г.) ќе бидат разгледани од МЗШВ и одговорните национални органи во текот на програмскиот период во контекст на ажурирањето на собирањето податоци и подготовките за пристапување кон ЕУ.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | % од вкупниот број | 15,67 % | | |
| Вардарски Регион 15-64 | лица | 103.450 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 68,29 % | | |
| Вардарски Регион 64 < | лица | 24.301 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 16,04 % | | |
| Источен Регион < 15 | лица | 23.491 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 13,52 % | | |
| Источен Регион 15-64 | лица | 120.629 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 69,41 % | | |
| Источен Регион 64 < | лица | 29.684 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 17,08 % | | |
| Југозападен Регион < 15 | лица | 31.382 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 14,32 % | | |
| Југозападен Регион 15-64 | лица | 159.773 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 72,90 % | | |
| Југозападен Регион 64 < | лица | 28.025 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 12,79 % | | |
| Југоисточен Регион < 15 | лица | 27.422 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 15,87 % | | |
| Југоисточен Регион 15-64 | лица | 119.356 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 69,06 % | | |
| Југоисточен Регион 64 < | лица | 26.046 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 15,07 % | | |
| Пелагониски Регион < 15 | лица | 34.206 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 15,08 % | | |
| Пелагониски Регион 15-64 | лица | 153.541 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 67,69 % | | |
| Пелагониски Регион 64 < | лица | 39.090 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 17,23 % | | |
| Полошки Регион < 15 | лица | 51.372 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 15,91 % | | |
| Полошки Регион 15-64 | лица | 238.813 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 73,97 % | | |
| Полошки Регион 64 < | лица | 32.687 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 10,12 % | | |
| Североисточен Регион < 15 | лица | 28.739 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 16,33 % | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Североисточен Регион 15-64 | лица | 123.383 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 70,11 % | | |
| Североисточен Регион 64 < | лица | 23.851 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 13,55 % | | |
| Скопски Регион < 15 | лица | 116.277 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 18,36 % | | |
| Скопски Регион 15-64 | лица | 419.865 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 66,30 % | | |
| Скопски Регион 64 < | лица | 97.131 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 15,34 % | | |

## 3. ТЕРИТОРИЈА

| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | км$^2$ | 25.713 | 2020 | Министерството за локална самоуправа (2020 г.) |
| Вардарски Регион | км$^2$ | 4.042 | | |
| | % од вкупниот број | 15,72 % | | |
| Источен Регион | км$^2$ | 3.537 | | |
| | % од вкупниот број | 13,76 % | | |
| Југозападен Регион | км$^2$ | 3.340 | | |
| | % од вкупниот број | 12,99 % | | |
| Југоисточен Регион | км$^2$ | 2.739 | | |
| | % од вкупниот број | 10,65 % | | |
| Пелагониски Регион | км$^2$ | 4.717 | | |
| | % од вкупниот број | 18,34 % | | |
| Полошки Регион | км$^2$ | 2.416 | | |
| | % од вкупниот број | 9,40 % | | |
| Североисточен Регион | км$^2$ | 2.310 | | |
| | % од вкупниот број | 8,98 % | | |
| Скопски Регион | км$^2$ | 1.812 | | |
| | % од вкупниот број | 7,05 % | | |

## 4. ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНИЕТО

| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | жители/км$^2$ | 83,4 | 30.06.2019 | ДЗС, Регионален годишник „Региони во Република Северна Македонија, 2020 г. |
| Вардарски Регион | жители/км$^2$ | 37,6 | 30.06.2019 | |
| Источен Регион | жители/км$^2$ | 49,3 | 30.06.2019 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Југозападен Регион | жители/км$^2$ | 65,7 | 30.06.2019 | |
| Југоисточен Регион | жители/км$^2$ | 63,2 | 30.06.2019 | |
| Пелагониски Регион | жители/км$^2$ | 48,2 | 30.06.2019 | |
| Полошки Регион | жители/км$^2$ | 133,5 | 30.06.2019 | |
| Североисточен Регион | жители/км$^2$ | 76,2 | 30.06.2019 | |
| Скопски Регион | жители/км$^2$ | 348,6 | 30.06.2019 | |

## 5. СТАПКА НА ВРАБОТЕНОСТ

| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|---|---|
| Вработени лица | лица | 797.651 | 2019 | ДЗС, Анкета за работна сила (2019 г.) |
| Вработени лица – мажи | лица | 477.437 | 2019 | |
| Вработени лица – жени | лица | 320.124 | 2019 | |
| Вработени лица на возраст од 15 до 64 години | лица | 788.216 | 2019 | |
| Учество на вкупното население на возраст од 15 до 64 години | % на вкупното население на возраст од 15 до 64 години | 54,78 % | 2019 | |
| Вработени лица на возраст од 20 до 64 години | лица | 782.591 | 2019 | |
| Учество на вкупното население на возраст од 20 до 64 години | % на вкупното население на возраст од 20 до 64 години | 59,27 % | 2019 | |
| Стапка на вработеност – Ниво на земја | Вработени лица како процент од работоспособното население (на возраст од 15 до 64 години) | 47,3 | 2019 | ДЗС, Региони на Република Северна Македонија (2020 г.) |
| Вардарски Регион | Вработени лица како процент од работоспособното население (на возраст од 15 до 64 години) | 55,2 | 2019 | ДЗС, Региони на Република Северна Македонија (2020 г.) |
| Источен Регион | Вработени лица како процент од работоспособното население (на возраст од 15 до 64 години) | 54,3 | 2019 | ДЗС, Региони на Република Северна Македонија (2020 г.) |
| Југозападен Регион | Вработени лица како процент од работоспособното население (на возраст од 15 до 64 години) | 43,1 | 2019 | ДЗС, Региони на Република Северна Македонија (2020 г.) |
| Југоисточен Регион | Вработени лица како процент од работоспособното население (на возраст од 15 до 64 години) | 63,3 | 2019 | ДЗС, Региони на Република Северна Македонија (2020 г.) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Пелагониски Регион | Вработени лица како процент од работоспособното население (на возраст од 15 до 64 години) | 56,0 | 2019 | ДЗС, Региони на Република Северна Македонија (2020 г.) |
| Полошки Регион | Вработени лица како процент од работоспособното население (на возраст од 15 до 64 години) | 37,1 | 2019 | ДЗС, Региони на Република Северна Македонија (2020 г.) |
| Североисточен Регион | Вработени лица како процент од работоспособното население (на возраст од 15 до 64 години) | 37,0 | 2019 | ДЗС, Региони на Република Северна Македонија (2020 г.) |
| Скопски Регион | Вработени лица како процент од работоспособното население (на возраст од 15 до 64 години) | 45,6 | 2019 | ДЗС, Региони на Република Северна Македонија (2020 г.) |

## 6. СТАПКА НА НЕВРАБОТЕНОСТ

| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|---|---|
| Невработени лица | лица | 166.363 | 2019 | ДЗС, Анкета за работна сила, 2020 г. |
| Невработени лица – мажи | лица | 94.198 | 2019 | |
| Невработени лица – жени | лица | 72.165 | 2019 | |
| Невработени лица на возраст од 15 до 24 години | лица | 28.881 | 2019 | |
| Невработени лица на возраст од 24 до 74 години | лица | 137.454 | 2019 | |
| Стапка на невработеност – Вкупно | Невработени лица како процент од работната сила | 17,3 | 2019 | ДЗС, Региони на Република Северна Македонија, 2020 г. |
| Вардарски Регион | Невработени лица како процент од работната сила | 10,8 | 2019 | |
| Источен Регион | Невработени лица како процент од работната сила | 7,8 | 2019 | |
| Југозападен Регион | Невработени лица како процент од работната сила | 24,4 | 2019 | |
| Југоисточен Регион | Невработени лица како процент од работната сила | 6,3 | 2019 | |
| Пелагониски Регион | Невработени лица како процент од работната сила | 13,1 | 2019 | |
| Полошки Регион | Невработени лица како процент од работната сила | 28,5 | 2019 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Североисточен Регион | Невработени лица како процент од работната сила | 33,0 | 2019 | |
| Скопски Регион | Невработени лица како процент од работната сила | 14,7 | 2019 | |

## 7. БДП ПО ГЛАВА НА ЖИТЕЛ

| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|---|---|
| Национално | ЕУР | 5.176 | 2018 | ДЗС, Регионален годишник „Региони во Република Северна Македонија, 2020 г. |
| Вардарски Регион | ЕУР | 5.415 | 2018 | |
| Источен Регион | ЕУР | 5.057 | 2018 | |
| Југозападен Регион | ЕУР | 4.080 | 2018 | |
| Југоисточен Регион | ЕУР | 5.806 | 2018 | |
| Пелагониски Регион | ЕУР | 5.264 | 2018 | |
| Полошки Регион | ЕУР | 2.419 | 2018 | |
| Североисточен Регион | ЕУР | 2.995 | 2018 | |
| Скопски Регион | ЕУР | 7.349 | 2018 | |

## 8. СТРУКТУРА НА ЕКОНОМИЈАТА

| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|---|---|
| Вкупна БДВ | милиони ЕУР | 9.726,8 | 2019 | ДЗС, 2020 г. |
| Примарен сектор | милиони ЕУР | 902,1 | 2019 | |
| | % од вкупната БДВ | 9,3 | 2019 | |
| Секундарен сектор | милиони ЕУР | 2.634,4 | 2019 | |
| | % од вкупната БДВ | 27,1 | 2019 | |
| Терцијарен сектор | милиони ЕУР | 6.190,5 | 2019 | |
| | % од вкупната БДВ | 63,6 | 2019 | |

## 9. СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНОСТА

| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 1.000 лица | 797,6 | 2019 | ДЗС, 2020 г. |
| Примарен сектор | 1.000 лица | 111,0 | 2019 | |
| | % во вкупната вработеност | 13,9 | 2019 | |
| Секундарен сектор | 1.000 лица | 220,4 | 2019 | |
| | % во вкупната вработеност | 27,6 | 2019 | |
| Терцијарен сектор | 1.000 лица | 466,1 | 2019 | |
| | % во вкупната вработеност | 58,5 | 2019 | |

| **10. ПРОДУКТИВНОСТ НА РАБОТНАТА СИЛА ПО ЕКОНОМСКИ СЕКТОР** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
| Вкупно | БДВ (ЕУР)/вработени лица | 12.193 | 2019 | ДЗС, 2020 г., пресметки на МЗШВ |
| Примарен сектор | БДВ (ЕУР)/вработени лица | 8.126 | 2019 | |
| Секундарен сектор | БДВ (ЕУР)/вработени лица | 11.973 | 2019 | |
| Терцијарен сектор | БДВ (ЕУР)/вработени лица | 13.284 | 2019 | |

**Секторски показатели**

| **11. ВРАБОТЕНОСТ ПО ЕКОНОМСКА ДЕЈНОСТ** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
| Земјоделство | 1.000 лица | 111,0 | 2019 | ДЗС, Анкета за работна сила, 2020 г. |
| | % од вкупниот број | 13,9 | 2019 | |
| Шумарство | 1.000 лица | 4,2 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 0,5 | 2019 | |
| Прехранбена индустрија | 1.000 лица | 24,1 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 3,0 | 2019 | |
| Туризам | 1.000 лица | 34,3 | 2019 | |
| | % од вкупниот број | 4,3 | 2019 | |

| **12. ПРОДУКТИВНОСТ НА РАБОТНАТА СИЛА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
| Вкупна БДВ по вработено лице со полно работно време во земјоделството | ЕУР/вработено лице | 7.106,3 | 2019 | ДЗС, 2020 г., пресметки на МЗШВ |

| **13. СТРУКТУРА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ПРОИЗВОДСТВО** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
| Вкупна вредност на земјоделското производство | БЗП (милиони ЕУР) | 1.346,5 | 2018 | ДЗС, ЕСЗ (2020 г.) |
| - житни култури | % во вкупното БЗП | 7,8 | 2018 | |
| - градинарски култури | % во вкупното БЗП | 33,7 | 2018 | |
| - повеќегодишни растенија | % во вкупното БЗП | 12,1 | 2018 | |
| - индустриски култури | % во вкупното БЗП | 6,2 | 2018 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - фуражни култури | % во вкупното БЗП | 8,7 | 2018 | |
| - стока и сточарски производи | % во вкупното БЗП | 22,9 | 2018 | |

## 14. ПРОДУКТИВНОСТ НА РАБОТНАТА СИЛА ВО ПРЕРАБОТКАТА НА ХРАНА

| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|---|---|
| Вкупна БДВ по вработено лице | БДВ (ЕУР)/по лице | 9.010 | 2019 | ДЗС (2020 г.), пресметки на МЗШВ |

## 15. ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА

| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 1.000 земјоделски стопанства | 178 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства (2016 г.) |
| Просечна големина на земјоделското стопанство | ха КЗП/земјоделско стопанство | 1,80 | 2016 | |
| Големина на земјоделското стопанство ≤ 0,5 ха | 1.000 земјоделски стопанства | 73,92 | 2016 | |
| | % од вкупниот број | 41,50 % | 2016 | |
| Големина на земјоделското стопанство > 0,5 ≤ 1 ха | 1.000 земјоделски стопанства | 34,44 | 2016 | |
| | % од вкупниот број | 19,33 % | 2016 | |
| Големина на земјоделското стопанство > 1 ≤ 3 ха | 1.000 земјоделски стопанства | 47,76 | 2016 | |
| | % од вкупниот број | 26,81 % | 2016 | |
| Големина на земјоделското стопанство > 3 ≤ 5 ха | 1.000 земјоделски стопанства | 13,61 | 2016 | |
| | % од вкупниот број | 7,64 % | 2016 | |
| Големина на земјоделското стопанство > 5 ≤ 8 ха | 1.000 земјоделски стопанства | 4,24 | 2016 | |
| | % од вкупниот број | 2,48 % | 2016 | |
| Големина на земјоделското стопанство > 8 ≤ 10 ха | 1.000 земјоделски стопанства | 1,34 | 2016 | |
| | % од вкупниот број | 0,75 % | 2016 | |
| Големина на земјоделското стопанство > 10 ха | 1.000 земјоделски стопанства | 2,62 | 2016 | |
| | % од вкупниот број | 1,47 % | 2016 | |

## 16. ЗЕМЈОДЕЛСКА ПОВРШИНА

| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|---|---|
| Вкупна КЗЗ | 1.000 ха | 1.265 | 2019 | ДЗС, Статистика за земјоделството (2019 г.) |
| Обработливо земјиште и градини | 1.000 ха | 419 | 2019 | |
| | % од вкупната КЗЗ | 33,1 | 2019 | |
| Трајни пасишта и ливади | 1.000 ха | 804 | 2019 | |
| | % од вкупната КЗЗ | 63,6 | 2019 | |
| Трајни култури | 1.000 ха | 41 | 2019 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | % од вкупната КЗЗ | 3,3 | 2019 | |
| **17. ЗЕМЈОДЕЛСКА ПОВРШИНА ЗА ОРГАНСКО ПРОИЗВОДСТВО** | | | | |
| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
| Вкупно | Во ха | 3.168 | 2013 | МЗШВ (2014 г.) |
| | % од вкупната КЗЗ | 0,25 | 2013 | ДЗС, Одржлив развој |
| **18. НАВОДНУВАНО ЗЕМЈИШТЕ** | | | | |
| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
| Вкупна наводнувана површина | 1.000 ха | 84,4 | 2016 | ДЗС, Статистика за земјоделството |
| | % од вкупната КЗП | 26,3 | 2016 | Пресметка на МЗШВ |
| **19. СТОЧАРСТВО** | | | | |
| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
| Вкупно | Добиточни единици (ДЕ) | 381.361 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства (2016 г.) |
| Просечна големина на земјоделското стопанство | ДЕ/по земјоделско стопанство | 2,14 | 2016 | |
| Говеда | број | 217.790 | 2019 | ДЗС, Статистика за добиток (2020 г.) |
| Овци | број | 684.558 | 2019 | |
| Кози | број | 87.581 | 2019 | |
| Свињи | број | 135.770 | 2019 | |
| Живина | број | 1.562.089 | 2019 | |
| Пчелни кошници | број | 96.143 | 2019 | |
| **20. РАБОТНА СИЛА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ СТОПАНСТВА** | | | | |
| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
| Вкупна работна сила: | 1.000 лица | 120 | 2017 | ДЗС, Анкета за работна сила (2017 г.) |
| *мажи* | *1.000 лица* | *67* | 2017 | |
| *жени* | *1.000 лица* | *53* | 2017 | |
| Работна сила во семејството | 1.000 лица | 43,4 | 2017 | |
| Самовработување | 1.000 лица | 52,9 | 2017 | |
| Вработени | 1.000 лица | 17,0 | 2017 | |
| Вкупно годишни работни единици | 1.000 годишни работни единици | 242,9 | 2016 | ДЗС, ЕСЗ (2016 г.) |
| *Неплатена работна сила* | *1.000 годишни работни единици* | *61* | 2016 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *Платена работна сила* | *1.000 годишни работни единици* | *89* | 2016 | |

## 21. ВОЗРАСНА СТРУКТУРА НА УПРАВИТЕЛИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ СТОПАНСТВА

| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно управители на земјоделски стопанства според возраста | лица | 178.125 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| *35 години или помалку* | лица | 7.088 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| | % од вкупниот број | 4,0 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| *35-55 години* | лица | 60.733 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| | % од вкупниот број | 34,1 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| *повеќе од 55 години* | лица | 110.304 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| | % од вкупниот број | 61,9 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |

## 22. ОБУКА ВО ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА УПРАВИТЕЛИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ СТОПАНСТВА

| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|---|---|
| Управители на земјоделски стопанства со основна обука | лица | 1.597 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| *35 години или помалку* | лица | 164 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| | % од вкупниот број | 10,3 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| *35-55 години* | лица | 723 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| | % од вкупниот број | 45,3 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| *повеќе од 55 години* | лица | 710 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| | % од вкупниот број | 44,5 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Управители на земјоделски стопанства само со практично искуство | лица | 172.320 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| *35 години или помалку* | *лица* | 6.741 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| | *% од вкупниот број* | 3,9 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| *35-55 години* | *лица* | 58.721 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| | *% од вкупниот број* | 34,1 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| *повеќе од 55 години* | *лица* | 106.858 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| | *% од вкупниот број* | 62,0 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| Управители на земјоделски стопанства со целосна обука во областа на земјоделството | лица | 2.122 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| *35 години или помалку* | *лица* | 98 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| | *% од вкупниот број* | 4,6 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| *35-55 години* | *лица* | 680 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| | *% од вкупниот број* | 32,0 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| *повеќе од 55 години* | *лица* | 1.344 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |
| | *% од вкупниот број* | 63,3 | 2016 | ДЗС, Анкета за структурата на земјоделските стопанства, 2016 г. |

## 23. СОЗДАВАЊЕ БРУТО-ОСНОВЕН КАПИТАЛ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|---|---|
| Инвестиции во средства (растително и животинско производство, како и услужни дејности поврзани со нив) | милион ЕУР | 11,1 | 2017 | ДЗС, БДП и инвестиции (2017 г.) |
| | % од БДВ во земјоделството | 1,5 | 2017 | ДЗС, БДП и инвестиции (2017 г.) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **24. ШУМИ И ДРУГИ ПОШУМЕНИ ЗЕМЈИШТА (ШДПЗ)** | | | | |
| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
| Вкупно | 1.000 ха | 1.131 | 2019 | ДЗС, Статистика за земјоделството (2020 г.) |
| | % од вкупната површина на земјиштето | 44 % | 2019 | |
| **25. ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА ВКЛУЧИТЕЛНО И АГРОТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА** | | | | |
| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
| Вкупно | број на соби | 29.933 | 2019 | ДЗС, Туризам и угостителство (2020 г.) |
| | број на кревети | 76.942 | 2019 | |
| **Еколошки показатели** | | | | |
| **26. ЗЕМЈИШНА ПОКРИВКА** | | | | |
| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
| Земјоделска површина | % од вкупната површина | 49,7 | 2019 | Редовни истражувања, Статистички годишник, 2019 г. |
| Површина под шуми и полуприродни површини | % од вкупната површина | 40,7 | 2019 | Редовни истражувања, Статистички годишник, 2019 г. |
| Мочуришта | % од вкупната површина | 0,11 | 2019 | Мапирање на мочуриштата и мочуришните површини во Северна Македонија, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Природно-математички факултет, Институт за географија, 2019 г. |
| Вештачка површина | % од вкупната површина | 6,04 | 2019 | Статистички годишник, 2019 г. |
| Други површини (вклучително и езера и води од внатрешноста) | % од вкупната површина | 3,45 | 2019 | Статистички годишник, 2019 г. |
| **27. ИНДЕКС НА ПТИЦИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ** | | | | |
| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
| Вкупен индекс на птици на земјоделско земјиште (ИПЗЗ) | индекс 2000 = 100 | НП | НП | НП |

## 28. СТАТУС НА КОНВЕРЗИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ЖИВЕАЛИШТА (ПАСИШТА)

| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|---|---|
| поволен | 1.000 ха | НП | НП | НП |
| | % од вкупната површина | НП | НП | НП |
| неповолен – лош | 1.000 ха | НП | НП | НП |
| | % од вкупната површина | НП | НП | НП |
| неповолен – несоодветен | 1.000 ха | НП | НП | НП |
| | % од вкупната површина | НП | НП | НП |

## 29. ЗАШТИТЕНИ ШУМИ

| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|---|---|
| Вкупни заштитени ШДПЗ | 1.000 ха | 75,3 | 2013 | МЗШВ, Сектор за шумарство |
| | % од вкупните ШДПЗ | 7,6 | 2013 | МЗШВ, Сектор за шумарство |

## 30. КВАЛИТЕТ НА ВОДАТА

| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|---|---|
| Бруто-биланс на хранливи материи | кг N/ха/годишно (азот) | НП | НП | НП |
| | кг P/ха/годишно (фосфор) | НП | НП | НП |
| Нитрати во слатки води – површински води: | | | | |
| *Висок квалитет* | *% локациите за следење* | *НП* | *НП* | *НП* |
| *Среден квалитет* | *% локациите за следење* | *НП* | *НП* | *НП* |
| *Низок квалитет* | *% локациите за следење* | *НП* | *НП* | *НП* |
| Нитрати во слатки води – подземни води: | | | | |
| *Висок квалитет* | *% локациите за следење* | *НП* | *НП* | *НП* |
| *Среден квалитет* | *% локациите за следење* | *НП* | *НП* | *НП* |
| *Низок квалитет* | *% локациите за следење* | *НП* | *НП* | *НП* |

## 31. ОРГАНСКА МАТЕРИЈА НА ПОЧВАТА ВО ОБРАБОТЛИВОТО ЗЕМЈИШТЕ

| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно проценето количество органски јаглерод во почвата | Мегатони | НП | НП | НП |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| (ОЈП) на горните 30 см од горниот слој на почвата | | | | |
| Средна вредност на концентрацијата на ОЈП | г/кг | НП | НП | НП |

## 32. ЕРОЗИЈА НА ПОЧВАТА ОД ВОДА

| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|---|---|
| Стапка на загуби на почвата со водена ерозија | тони/ха/годишно | НП | НП | НП |
| Вкупни земјоделски површини изложени на ризик од водена ерозија на почвата: | во ха | НП | НП | НП |
| | % од вкупната земјоделска површина | НП | НП | НП |
| *обработлива површина под трајни култури* | *во ха* | *НП* | *НП* | *НП* |
| | *% од вкупната земјоделска површина* | *НП* | *НП* | *НП* |
| *трајни ливади и пасишта* | *во ха* | *НП* | *НП* | *НП* |
| | *% од вкупната земјоделска површина* | *НП* | *НП* | *НП* |

## 33. ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ ОД ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ШУМАРСТВОТО

| **Показател** | **Мерка** | **Вредност на показателот** | **Референтна година** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно производство од обновливи извори на енергија | ktoe | 333 | 2018 | ДЗС, Енергетска статистика (2019 г.) |
| | *% од вкупното производство на енергија* | 29,4 | 2018 | ДЗС, Енергетска статистика (2019 г.) |
| *од земјоделството* | *ktoe* | *НП* | *НП* | *НП* |
| | *% од вкупниот број* | *НП* | *НП* | *НП* |
| *од шумарството* | *ktoe* | *НП* | *НП* | *НП* |
| | *% од вкупниот број* | *НП* | *НП* | *НП* |

# 4. СИЛНИ СТРАНИ, СЛАБОСТИ, МОЖНОСТИ И ЗАКАНИ

Во табелата подолу се резимирани клучните проблеми и предизвици идентификувани во описот на моменталната состојба. Проблемите и предизвиците се структурирани според аргументите во описот на моменталната состојба.

| **4.1. Земјоделство, шумарство и прехранбена индустрија** | |
|---|---|
| **Силни страни** | • Стабилното учество на секторот земјоделство, шумарство и преработка на храна зазема важен дел во националниот БДП;<br>• Приватните земјоделци поседуваат најголем дел од земјоделското земјиште и средствата;<br>• Локацијата на преработувачките капацитети во близина на урбаните центри е во полза на мобилноста на работната сила (достапност на транспортната и сервисната мрежа);<br>• Значајна улога на малите и средните претпријатија за преработка на храна како пофлексибилни и поконкурентни економски чинители;<br>• Долга традиција во производството на различни примарни производи и преработена храна;<br>• Позитивни напори за воспоставување хоризонтални врски меѓу преработувачите и примарните производители (договорно земјоделство);<br>• Голем природен потенцијал за производство на дрва;<br>• Угледни и активни здруженија на земјоделски производители, преработувачи на храна, сопственици на приватни шуми и стопански комори, како и систем на социоекономски дијалог (преку потсекторски групи);<br>• Силна посветеност на Владата за развој на земјоделството со целосен корпус на основни правила, регистри и зголемена буџетска поддршка за развој на секторот во согласност со клучните елементи на Европската ЗЗП. |

| | |
|---|---|
| **Слабости** | • Неповолна земјоделска структура со мешовито земјоделско производство на мали и раштркани земјишни парцели;<br>• Ниска ефикасност и продуктивност на земјоделството и прехранбениот сектор;<br>• Ретка употреба на земјоделска механизација и застапеност на механизација што во голема мера е амортизирана;<br>• Незадоволителни практики за управување со фармите во однос на искористување на ѓубривата и заштита на посевите и употреба на квалитетни сертифицирани семиња/саден материјал;<br>• Висок степен на трудова интензивност (зависност од семејна работна сила);<br>• Недостиг на постбербени капацитети и маркетиншки вештини на ниво на фарма;<br>• Слаба интеграција на синџирите на исхрана и недостиг на вертикална интеграција;<br>• Ниска ликвидност и недостиг на капитал за сопствениците на мали фарми за преземање нови инвестиции;<br>• Сезонското снабдување со суровини придонесува за прекумерен капацитет во претпријатијата за преработка на храна;<br>• Значителен број сточарски фарми и капацитети за преработка на храна што не се усогласени со релевантните стандарди на ЕУ;<br>• Недостиг на иновации и трансфер на технологии;<br>• Голем број мали фарми, од кои многу произведуваат главно за самоиздржување и се економски неодржливи;<br>• Недоволна заинтересираност за основање задруги и други облици на асоцијативни субјекти од страна на сопствениците на мали фарми;<br>• Лоша позиција на пазарот на малите производители што зависат од продавачите со цел да ги пласираат своите производи, долги пазарни синџири и недостиг на маркетинг-услуги, вклучително и информации;<br>• Прекумерно регулиран шумарски сектор и недоволно развиено управување со државните шуми;<br>• Недостиг на механизација за управување со шумите;<br>• Незадоволителни практики за управување со шумите во однос на заштитата и искористеноста на шумите;<br>• Недоволно развиен систем за стручно оспособување на возрасните во земјоделството, прехранбената индустрија и шумарството и недоволна достапност на услугите за поддршка и советување;<br>• Слаба интеграција на истражувачките капацитети за развој на земјоделството и шумарството и бавно темпо на иновациите во земјоделско-прехранбениот сектор;<br>• Неразвиени пазари на фактори на производство и пазари на стоки и услуги и пазарна инфраструктура. |

| | |
|---|---|
| **Можности** | • Зголемување на интересот на бизнисите за земјоделството и преработката на храна;<br>• Добар пристап и дистрибутивни врски до европските пазари и главните европски транспортни коридори;<br>• Добри климатски услови за земјоделство и повеќе региони со различни можности за земјоделско производство;<br>• Поволни природни услови и искуство за развој на растителниот и сточарскиот сектор;<br>• Голема побарувачка на земјоделски и прехранбени производи на локалните/регионалните пазари;<br>• Зголемена побарувачка на инвестиции во земјоделска механизација и опрема, садење повеќегодишни култури и унапредување на сортите;<br>• Потенцијал за структурно зајакнување (консолидација на земјиштето, групи на производители, задруги);<br>• Воведување нови производи и технологии во земјоделството, прехранбената индустрија и шумарството;<br>• Промовирање промени во производството и асортиманот на производи за да се одговори на сè построгите барања на пазарот и барањата за квалитет;<br>• Зголемен потенцијал на МСП за нивен развој и диверзификација на дејностите во земјоделството;<br>• Зајакнување на улогата на услугите за поддршка и советување и истражувањата;<br>• Зголемена мотивација кај претпријатијата за преработка на храна за воведување напредни стандарди за квалитет, како што се HACCP, ISO. |
| **Закани** | • Голема фрагментираност на земјиштето на земјоделските и шумските парцели;<br>• Стареење на работната сила во земјоделството и неквалификувана работна сила;<br>• Недостиг на сезонска работна сила во периодот на берба и во шпицот на сезоната во прехранбениот сектор;<br>• Сè уште скромни напори на комерцијалните банки за финансирање на земјоделството;<br>• Високи колатерали;<br>• Зголемување на трошоците за работна сила, фактори на производство и земјиште;<br>• Зголемена конкуренција на домашниот пазар;<br>• Ограничен број на добавувачи на нови машини за земјоделство и преработка на храна;<br>• Високи трошоци за истражување и мали можности на пазарот. |

## 4.2. Животна средина

| | |
|---|---|
| **Силни страни** | • Значително ниво на природни ресурси и биолошка разновидност;<br>• Неискористени резерви на биоенергија и обновливи извори на енергија;<br>• Висок агроеколошки потенцијал;<br>• Заштитен и поддржан животински генетски материјал;<br>• Релативно мала употреба на пестициди и ѓубрива во земјоделството;<br>• Воспоставен систем за следење на квалитетот на површинските води;<br>• Голема разновидност на пејсажна структура;<br>• Застапеност на традиционални и екстензивни практики поволни за природата;<br>• Угледни и активни еколошки здруженија и органско производство;<br>• Воспоставени структури за управување со шумите;<br>• Добро управување со природните паркови. |

| | |
|---|---|
| **Слабости** | • Несоодветни практики за заштита и управување со водите и почвите;<br>• Недоволно користење и заштита на природните ресурси;<br>• Деградација на земјоделското земјиште и почвата;<br>• Нерационално користење на водата за наводнување;<br>• Незадоволително управување со комуналниот отпад и несоодветно управување со отпадот на ниво на фарма;<br>• Недоволна заинтересираност за пошумување во приватни шуми на ниво на фарма;<br>• Недостиг на инвестиции во приватни шуми;<br>• Ниска свест за зачувувањето на природните ресурси и заштитата на животната средина;<br>• Ниска свест за животната средина и климатските промени;<br>• Мала употреба на обновливи извори на енергија и затоплување на водата на ниво на фарма и преработка, како и од страна на жителите во руралните средини;<br>• Недоволно знаење за одржливо управување со земјиштето и шумите;<br>• Непостојна или недоволно развиена патна мрежа за пристап до земјоделското земјиште и шумите;<br>• Нејасна поделба на надлежните органи за агроекологија;<br>• Недостиг на агроеколошка статистика;<br>• Недоволна советодавна поддршка и недостиг на извори за обука за активности во обласата на агроекологијата и климатските промени. |
| **Можности** | • Зголемување на свеста за заштитата на животната средина и зачувувањето на природните ресурси;<br>• Поттикнување на потенцијалот за одгледување маслодајни култури за производство на биогориво;<br>• Висок потенцијал за одгледување енергетски култури и достапност на биомаса;<br>• Висок интерес за користење технологии за заштеда на енергија и обновливи извори на енергија;<br>• Голем постоен потенцијал за органско производство, земјоделство со висока природна вредност и одржување пасишта со висока природна вредност;<br>• Постоење почетен квалификуван човечки потенцијал за обезбедување услуги за поддршка и советување на земјоделците за агроеколошките практики и практиките за адаптација и ублажување на климатските промени;<br>• Спроведување на стандардите за одржлива употреба на пестициди;<br>• Постоен пазар за обезбедување фактори за органско производство (семиња, органски ѓубрива и сл.);<br>• Воведување еколошки услови за поддршка на земјоделството;<br>• Усогласување со Зелениот договор и Зелената агенда на ЕУ. |

| | |
|---|---|
| **Закани** | • Депопулација на руралните средини, напуштање на земјиштето и губење на земјоделскиот генетски материјал;<br>• Живеалишта загрозени од инфраструктурни проекти и екстракција на минерална руда од површински коп;<br>• Земјоделските и шумските површини силно погодени од климатските промени поврзани со природни катастрофи (пожари, поплави, суши, топлотни бранови итн.);<br>• Загадување предизвикано од незадоволителни системи за управување со отпад;<br>• Голема сосредоточеност на економскиот развој во владините политики;<br>• Недостиг на финансии за реализација на скапи проекти за заштита на животната средина;<br>• Недостиг на јавни инвестиции во активности за контрола на ерозијата;<br>• Недостиг на инвестиции во пошумување на шумите оштетени од пожар;<br>• Висок ризик за оштетување на земјоделските и шумските растенија од штетници и болести;<br>• Исчезнување на знаењето за традиционалните методи на органско производство;<br>• Зголемено загадување поради интензивирање на земјоделството, индустриските активности, транспортот и туризмот;<br>• Зголемена динамика на урбанизацијата што доведува до трајно губење на природните ресурси. |

| **4.3. Рурална економија и квалитет на живот** | |
|---|---|
| **Силни страни** | • Застапеност на традиционални вештини, занаети и производство на храна;<br>• Географска разновидност и богати историски традиции во културата, обичаите, традиционалните настани;<br>• Успешни искуства со ревитализација на селата, реставрација на историските споменици и вински туризам;<br>• Голем број зачувани значајни рурални заедници со богати историски и културни традиции;<br>• Природни ресурси;<br>• Присуство на голема патна инфраструктура со пристапни патишта до релативно помалите населени места во руралните средини;<br>• Ниски трошоци за живот;<br>• Изразено гостопримство. |
| **Слабости** | • Мало учество на руралната економија во националниот БДП;<br>• Понискиот степен на образование доведува до висока стапка на невработеност,<br>• Мала вклученост во неземјоделски економски дејности и други алтернативни бизниси и прекумерна зависност од земјоделските дејности во руралните средини;<br>• Амортизирана или незадоволителна техничка инфраструктура во руралните средини (водовод, канализација, одлагање отпад, рурални патишта, интернет итн.);<br>• Слабо развиени услуги во руралните средини;<br>• Пасивност или отсуство на релевантни рурални организации за застапување на интересите на руралните заедници и промовирање обуки;<br>• Мал број активни МСП во руралните средини;<br>• Сè уште недоволно развиени рурални заедници, недостиг на иницијативи LEADER;<br>• Недостиг на финансиски средства за управување со локалните организации;<br>• Слаб капацитет на локалните власти за локално планирање, како и за управување и спроведување на проектите;<br>• Недостиг на инфраструктура и услуги и недоволна населеност на областите со потенцијал за рурален туризам;<br>• Незадоволителен процес на спроведување на лиценцирањето и категоризацијата за руралниот туризам. |

| | |
|---|---|
| **Можности** | • Зголемена побарувачка на рурален туризам и рурални атракции (предели, традиционални села, лов, риболов, СПА-одморалишта итн.);<br>• Близина до населени области;<br>• Богато културно наследство во руралните средини и разновиден природен потенцијал;<br>• Постојна традиција во производството на локални специјалитети и рурални производи;<br>• Висок потенцијал за развој на алтернативни земјоделски дејности (хортикултура, одгледување дивеч итн.);<br>• Отвореност на општините за соработка со руралните чинители;<br>• Потенцијал за странски инвестиции; технолошки инвестициски зони што се наоѓаат во руралните средини;<br>• Проектите за рурална инфраструктура се приоритет на општинските власти;<br>• Владина поддршка за развој на бизнисите, претприемништвото, инфраструктурата и човечките ресурси во руралните средини;<br>• Мали регулаторни оптоварувања и финансиски олеснувања за развој на МСП и занаетчиството;<br>• Нискобуџетно домување;<br>• Повторна употреба на постојните згради. |
| **Закани** | • Стареење на руралното население и иселување на младите од руралните средини (иселување на младите, жените и економски активното население);<br>• Недостиг на почетен капитал (мала поддршка за претпријатијата, недостиг на информации, инкубатори, мала достапност на кредити);<br>• Недоволно можности за вработување и еднаквост;<br>• Зголемување на разликите меѓу руралните и урбаните средини во образованието и пристапот до основните услуги;<br>• Недоволна понуда на обуки за доживотно учење и квалификациски обуки;<br>• Недоволно развиени и мали рурални пазари;<br>• Заедници што стагнираат/заглавени се во минатото;<br>• Земјиштен фонд (сопственициte на земјишта не нудат локации за развој);<br>• Ограничени финансиски средства (отсуство на евтини кредити), основен капитал;<br>• Зависност од користење автомобил;<br>• Туризмот е фокусиран на патување со автомобил;<br>• Зголемен интерес и поттик на туристите да патуваат во други соседни места за рекреација. |

## 4.4. Подготовка и спроведување Стратегии за локален развој – LEADER

| | |
|---|---|
| **Јаки страни** | • Добро подготвени човечки капацитети и воспоставени процеси во спроведувањето на ИПАРД;<br>• 13 формирани ЛАГ и запишани во евиденцијата МЗШВ, соодветно распространети на териториите на ЛАГ и основни човечки капацитети;<br>• Спроведена мерка на LEADER според НПРР;<br>• Знаење за градење капацитети, изготвување СЛР, поддршка и формирање на ЛАГ;<br>• Национална мрежа за рурален развој – предвиден дел од ИПАРД;<br>• Воспоставена законска основа за спроведување на LEADER;<br>• Вклучување на постојните ЛАГ во подготовката на ИПАРД Програмата;<br>• Општините ги координираат општинските програми со СЛР. |

| | |
|---|---|
| **Слабости** | • Недостиг на административен персонал за работа на LEADER;<br>• Недостиг на координација меѓу институциите;<br>• Недостиг на континуирано финансирање за оперативните трошоци на Локалните акциски групи;<br>• Недостиг на човечки капацитети и искуство за управување со СЛР;<br>• Недостиг на знаење во општините за нивната улога во ЛАГ;<br>• Национална мрежа за рурален развој – сè уште не е формирана;<br>• Недостиг на транспарентни процедури кај главните чинители (создавање синергија, системи за комуникација и одлучување);<br>• Недостиг на проактивност на Локалните акциски групи за комуникација со МЗШВ и ПА. |
| **Можности** | • Подготвено нацрт-фише за мерки на LEADER за програмскиот период на ИПАРД III;<br>• Обезбедување средства за ЛАГ во рамките на ИПАРД ТП за зајакнување на нивните капацитети;<br>• Обезбедување финансиска поддршка за одобрените проекти на ЛАГ во рамките на НПРР;<br>• Изразен интерес за редовно приспособување на НПРР според принципите на LEADER како дел од ИПАРД;<br>• Во тек е основно анимирање на локалното население;<br>• Општините најчесто даваат поддршка за спроведувањето на СЛР на ЛАГ;<br>• Симулирана мерка на LEADER во рамките на НПРР;<br>• Новата НСЗРД 2021-2027 обезбедува стратешки континуитет за поддршка на пристапот LEADER;<br>• Солиден капацитет на Мрежата за рурален развој со цел да го координира процесот на спроведување на LEADER според ИПАРД и да го олесни вмрежувањето во рамките на процесите на LEADER. |
| **Закани** | • Чести промени на раководната структура и одложување на вработувањето нови кадри во соодветните институции (ПА);<br>• Недоволна поддршка на LEADER во рамките на НПРР;<br>• Неприспособување на мерките на LEADER според ИПАРД;<br>• Недостиг на континуирана поддршка на Локалните акциски групи за оперативните трошоци;<br>• Политички влијанија од општинското раководство и локалните избори;<br>• Неповолно економско окружување поради состојбата со КОВИД-19. Ова може драстично да ги забави планираните активности. Состојбата, исто така, може да го запре процесот на акредитирање нови мерки на ИПАРД, вклучително и на LEADER, а тоа ќе има негативно влијание врз напредокот на процесот на LEADER;<br>• Бавен процес на акредитирање на мерката на LEADER во рамките на ИПАРД. |

# 5. ГЛАВНИ РЕЗУЛТАТИ ОД ПРЕТХОДНАТА ИНТЕРВЕНЦИЈА

## 5.1. Главни резултати од претходната национална интервенција

Како резултат на признавањето на важноста на земјоделскиот сектор и во согласност со двете Национални стратегии за земјоделство и рурален развој за 2007-2013 и 2014-2020 година, Владата на Северна Македонија го вклучи земјоделството во еден од своите економски приоритети, со што дополнително се спроведуваат комплементарни и сеопфатни политики.

Охрабрува зајакнатата конкурентност во изминатиот период изразена преку континуираниот пораст на извозот на македонски производи што надмина половина милијарда евра, но невозможно е значително подобрување на општата конкурентност на секторот и искористување на реалниот развоен потенцијал без промена на постојната структура, особено во однос на големината на расположливите производствени капацитети во земјоделските стопанства, техничко-технолошка модернизација на опремата, како и хоризонтална и вертикална интеграција.

Од аспект на идното вклучување на македонското земјоделство во внатрешниот пазар со членството во ЕУ, ваквата структура под непроменети услови ќе претставува сериозна закана за натамошниот опстанок на поголем дел од македонските земјоделски стопанства. Оттука, имајќи го предвид основниот стратешки приоритет на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој (2014-2020), останува следново:

„Зголемување на конкурентноста на македонското земјоделско производство и прехранбената индустрија, развој на руралните средини и одржливо управување со природните ресурси“.

За да се постигне стратешката цел, во следниот период земјоделскиот сектор треба да биде целосно ориентиран кон потребите на потрошувачите и пазарните сигнали, да ја зголеми својата оперативна ефикасност, економиите на обем и приспособливоста кон промените во насока на обезбедување повисока додадена вредност на производството, што го прави атрактивен и квалитативно различен од конкуренцијата.

Вкупниот износ наменет за политиките за директна финансиска поддршка во земјоделството и руралните средини за целокупниот стратешки период (2014-2020 г.) изнесува 1.040 милиони евра. Заедно со средствата наменети за функционирање на институциите во земјоделскиот сектор, вкупните средства на државата наменети за земјоделството ќе изнесуваат најмалку 5 % од буџетот на годишно ниво. Пропорционално најголем дел од средствата за поддршка на земјоделството и руралниот развој, приближно 90 %, се наменети за политиките за директни плаќања, додека, пак, остатокот се користи за новововедените мерки за рурален развој за кофинансирање на инвестициите за зголемување на обемот на производството и модернизација на земјоделските стопанства и преработувачките капацитети. Покрај финансиската поддршка, земјоделските стопанства беа поддржани со доделување државно земјоделско земјиште, ослободување или намалување на данокот на добивка и

повластени исплати на надоместоци за социјална заштита, намалување на ДДВ, легализација на објектите и повеќегодишните насади, како и обезбедување бесплатни советодавни услуги. Особено значајни за поддршката на земјоделците во последниот период се напорите на Владата да го потпомогне формирањето задруги, да го зајакне договорното производство и да започне важни политики за консолидација на земјоделското земјиште. Во последните две години големо внимание се посветува на подобрувањето на пазарната инфраструктурата со обезбедување услови за инвестирање во нови откупни и логистички центри, кои треба да придонесат за продажбата на земјоделските производи, особено на оние од малите производители.

Меѓутоа, најголемиот столб во однос на доделени финансиски средства беше финансиската поддршка во земјоделството (политика за директна поддршка). Во 2020 година, околу 70 илјади земјоделски стопанства се регистрирани корисници на директна поддршка. Бројот на корисници на мерките за поддршка е 40 % од вкупниот број од околу 175 илјади активни земјоделски стопанства што се регистрирани во Единствен регистар на земјоделски стопанства во 2020 година.

Во последниот период, благодарејќи на добиената поддршка, земјоделството постепено се претвори од ублажувач на негативните социјални и економски последици од транзицијата и намалувањето на индустриското производство, во постојана и доминантна стопанска дејност што обезбедува редовни примања за најголемиот дел од вклучените економски субјекти.

Во услови на силна конкуренција поради намалената куповна моќ и засилениот светски интервенционизам, мерките на националната политика успеаја да го задржат или придонесоа за зголемување на степенот на пазарно учество на надворешните пазари. Без редовните и интервентните мерки за финансиска поддршка на земјоделството, сегашната состојба во земјоделството ќе беше многу полоша и ќе ја зафатеше најранливата група, а тоа сѐ уште се нетрансформираните мали стопанственици, кои сѐ уште се доминантна категорија.

## 5.2. Главни резултати од помошта на ЕУ

### 5.2.1 Преглед на помошта од ИПА-ТАИБ и TAIEX

Соодветен пакет активности за техничка помош во рамките на ИПА и TAIEX се во процес на реализација или се во изработка, а опфаќаат широк дијапазон од активности за интеграција.

Од Мапата за обука за TAIEX 2019 година се реализирани 4 апликации (2 студиски посети и 2 експертски мисии), а одобрени се уште 2, кои се планира да се реализираат во 2020 година.

Реализираните настани на TAIEX се следниве: студиска посета за промоција на мед и пчелни производи, каде што вработени во МЗШВ ги дефинираа задолженијата за спроведување на националните одредби во однос на ЗПО на мед и пчелни производи и

посета на задруга (организација) на производители на мед како позитивен пример за успешен и организиран маркетинг.

Преку студиската посета за подготовка на контролни планови, листи за проверка и утврдување степени на усогласеност, дадени беа насоки за спроведување на постапките за регистрација на производи од трети земји, како што се ЗОП, ЗГО и ЗТС, според шемите за квалитет на ЕУ.

Експертска мисија за усогласување со регулативата на ЕУ во областа на рибарството и аквакултурата со цел да се постигнат организациска поставеност и процедури за спроведување на Регулативата на ЕУ во областа на рибарството и аквакултурата. Експертска мисија за пресметување на надоместоците за вода за наводнување и одводнување, која даде насоки во процесот на изготвување документ за пресметка на овие надоместоци во секторот за наводнување.

Исто така, 2 апликации од TAIEX Agri Map реализирани во 2020 година беа следниве: Експертска мисија за собирање податоци – усогласена националната регулатива со регулативата на ЕУ во областа на рибарството и аквакултурата и Експертска мисија за поддршка за правилно дефинирање на правилата и постапката за пресметка на шифрата за типот на култура за категоријата култури „Свеж зеленчук, дињи и јагоди“ во софтверот ФАДН, според RI/CC 1680, Дефиниции на податоците во извештаите на земјоделските стопанства.

**Подолу е претставен статусот на проектите што се реализираат или ќе се финансираат преку ИПА I – ТАИБ:**

| бр. | Наслов на проектот | Тип | Програма ИПА | Статус | Вкупна вредност во милиони ЕУР |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | СИЗП | Услуга | 2008 година | Реализиран | 0,64 |
| 2. | ЗПО | Услуга | | Реализиран | 0,54 |
| 3. | Агроекологија | Услуга | | Реализиран | 0,70 |
| 4. | Компјутери | Набавка | | Реализиран | 0,12 |
| 5. | Компјутерска опрема | Набавка | | Реализиран | 0,08 |
| 6. | Возила | Набавка | | Реализиран | 0,10 |
| 7. | Органско и квалитет | Твининг | 2009 година | Реализиран | 0,65 |
| 8. | СИЗП | Услуга | | Реализиран | 0,73 |
| 9. | Вкрстена сообразност | Твининг | | Реализиран | 0,95 |
| 10. | Лабораториска опрема | Набавка | | Реализиран | 0,45 |
| 11. | АИС – ИССАМ | Услуга | 2011 година | Реализиран | 0,70 |
| 12. | Платежна агенција | Твининг | | Реализиран | 1,65 |
| 13. | Опрема за ЗПИС | Набавка | | Реализиран | 0,15 |
| 14. | Опрема за ПА | Набавка | | Реализиран | 0,43 |
| 15. | Поддршка за подготовка и спроведување на 5-тата компонента на ИПА (ИПАРД) по 2013 година | Услуга | 2012 година | Недоговорено | 1,21 |
| 16. | Изработка на ортофото карти и дигитализација на користењето на земјоделското земјиште | Услуга | 2012 година | Реализиран | 1,2 договорен на 879.000 ЕУР |
| 17. | Контрола на квалитетот на изработените ортофото карти и дигитализирани слоеви за користењето на земјоделското земјиште | Рамка | 2012 година | Реализиран | 0,08 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 18. | Финализирање на мрежата за сметководствени податоци за земјоделските стопанства | Твининг | 2013 година | Реализиран | 0,8 |
| 19. | Градење на основата за реформа на тутунскиот сектор | Услуга | 2013 година | Реализиран | 0,95 договорен на 864.000 ЕУР |
| 20. | Набавка на ИТ-опрема, возила за земјоделството и руралниот развој | Набавка | 2013 година | Реализиран | 1.534.837 ЕУР договорен на Лот 1 1.149.683 ЕУР Лот 2 222.858 ЕУР |
| 21. | Мали, евтини, еколошки системи за наводнување: избор на локации и подготовка на целокупната тендерска документација за работа | Услуга | 2013 година ЦЕНТРАЛИЗИРАНО | Во тек | 1,63 |
| ИПА 2 – 2013 година | | | | | |
| 1. | Оценување на влијанието на ИПА и националните фондови врз реформите во секторот земјоделство и рурален развој | Рамка | Договор со ДЕУ | Реализиран | 0,128 |
| ИПА 2 – ЕУИФ | | | | | |
| 1. | Функционална процена на МЗШВ | Рамковен договор | Административен договор со Светската банка | Реализиран | 0,5 |
| Подолу е претставен статусот на проектите што се реализираат или ќе се финансираат преку ИПА II: | | | | | |
| 1. | Поддршка за спроведувањето на активностите за консолидација на земјиштето (Административен договор со ФАО) | Договор за услуги или шема за грантови за обезбедување техничка помош | 2015 година ЦЕНТРАЛИЗИРАНО | Во тек | 2,5 |
| 2. | Поддршка за формирањето нови пазарно одржливи задруги | Шема за грантови | 2015 година ЦЕНТРАЛИЗИРАНО | Во тек | 1,8 |
| 3. | Поддршка за инвестиции во мали системи за наводнување | Работи Изградба<br><br>Надзор (услуга – рамка) | 2015 година ЦЕНТРАЛИЗИРАНО | Во тек | 2,150<br><br>0,158 |
| 4. | Воведување и спроведување на мерките за Заеднички пазарни организациии во Северна Македонија | Договор за услуги | 2015 година ЦЕНТРАЛИЗИРАНО | Завршено | 0,896 |
| 5. | Унапредување на интероперабилноста и ефективноста на СИЗП | Договор за услуги + набавка | 2015 година ЦЕНТРАЛИЗИРАНО | Во тек | 1,160 |
| 6 | Унапредена реализација на мерките за здравјето на животните, безбедноста на храната и фитосанитарното законодавство и соодветните информациски системи | Договор за услуги | 2015 ЦЕНТРАЛИЗИРАНО | Завршено | 1,592 |
| 7 | Набавка на опрема за фитосанитарните органи | Набавка | 2015 ЦЕНТРАЛИЗИРАНО | Завршено | |
| 8 | Изградба на објекти за гранична ветеринарна и фитосанитарна | Договор за услуги | 2015 година ЦЕНТРАЛИЗИРАНО | Завршено | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | инспекција на Граничната инспекција Блаце | | | | |
| 9 | Надзор на градежни работи на објектите за гранична ветеринарна и фитосанитарна инспекција на ГИ Блаце | Договор за услуги | 2015 година ЦЕНТРАЛИЗИРАНО | Завршено | |
| FWC SIEA; 2018 – ЛОТ 1: Одржливо управување со природните ресурси и отпорност (централизирано управување) | | | | | |
| | Преглед на шумарскиот сектор/Подготовка на проект за шумарство во рамките на ИПА 2019 година | Рамковен договор – услуга | ЦЕНТРАЛИЗИРАНО | Реализирано | 0,12 |
| ИПА 2019 година | | | | | |
| 1. | Управување со водите и наводнување (А4) | Работи<br><br>Услуга | ДИРЕКТНО УПРАВУВАЊЕ | Процес на подготовка на тендерска документација | Вкупно 5,0; 3,4 учество на ЕУ<br><br>0,2 |
| 2 | Поддршка на реформите во шумарството | Грант | ДИРЕКТНО УПРАВУВАЊЕ | Во тендерска фаза | 1,3 |
| 3 | Изградба на кафилерија | Услуга | ДИРЕКТНО УПРАВУВАЊЕ | Во тек | |
| 4 | Поддршка за унапредување на здравјето на луѓето, животните и растенијата (АХВ) (Зајакнување на стандардите за безбедност на храната, законодавството и системите за контрола) | Услуга | ДИРЕКТНО УПРАВУВАЊЕ | Во тек | |
| 5 | Унапредување на физичките капацитети за заштита на растенијата | Услуга | ДИРЕКТНО УПРАВУВАЊЕ | | |
| 6 | Кон модерна заштита на растенијата и биолошката разновидност (Наслов на твининг-проект: Подобрување на административните и на оперативните капацитети на органите за заштита на растенијата) | Твининг | ДИРЕКТНО УПРАВУВАЊЕ | Во тек | |

Извор: Сектор за ЕУ-интеграции, МЗШВ 2020 година.

### Програмирање во рамките на ИПА III

Во рамките на годишниот/повеќегодишниот програмски пристап на ИПА 3, изготвен е технички нацрт на **СТРАТЕШКИОТ ПЛАН за ИПА III** од страна на Министерството за земјоделство и водостопанство и други релевантни институции (Агенцијата за храна и ветеринарство, Фитосанитарната управа итн.). Консултациите беа посредувани од страна на секторската работна група за земјоделство и рурален развој, која ги собира релевантните национални органи, донаторите и граѓанското општество на масата за дискусија со која претседава министерот за земјоделство. Стратешкиот план беше дополнително одобрен од Владата.

Клучни тематски приоритети се вклучени во нацрт-верзијата на СТРАТЕШКИОТ ПЛАН за ИПА III.

Во согласност со своите стратешки приоритети, Северна Македонија бара финансиска помош од ЕУ за да ги постигне следниве цели:

- Да се подготви земјата за учество во Заедничката земјоделска политика на ЕУ, да го усогласи законодавството со правото на ЕУ и со европските стандарди во

областите на земјоделството, храната, ветеринарството, благосостојбата на животните, хигиената и животната средина и да ги изгради потребните административни и институционални капацитети;

- Да се зголеми конкурентноста на земјоделското производство и земјоделско-прехранбената индустрија во Северна Македонија на меѓународните пазари;
- Да се елиминираат ризиците по јавното здравје;
- Да се намали негативното влијание на земјоделските активности врз животната средина;
- Да се промовира територијално рамномерен и одржлив развој во руралните средини;
- Да се подобри политиката за рибарство и да се усогласи со правото на ЕУ;
- Да се спречи ННН риболов и да се унапреди конкурентноста на секторот.

Во следната фаза ќе треба да се подготват **Акциски документи** за **2021** и **2022 година**, каде што ЕУ/ДГ НЕАР ќе ги оценуваат проектите според нивната релевантност и зрелост.

### 5.2.2 Преглед на спроведувањето на ИПАРД II

Во претходниот програмски период (2014-2020 г.), Северна Македонија, како претпристапна земја, ја користеше поддршката во рамките на ИПАРД.

Помошта беше распределена врз основа на Програмата ИПА за рурален развој 2014-2020 година (Програма ИПАРД II) според Регулативата 447/2014 во 2014 година, а беше усвоена од Европската комисија на 13 февруари 2015 година во согласност со Одлуката на Комисијата Ц(2015)760.

ИПАРД Програмата беше подготвена во согласност со трите главни владини програмски документи (Партнерство за пристапување, Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија и Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2014-2020 година – НСЗРР 2014-2020 година).

И покрај тоа што Програмата потенцијално служи за реализирање повеќе од една цел според ИПА II и нејзината усогласеност со НСЗРР 2014-2020 година, целите може да се групираат во следниве приоритетни области:

1. Унапредување на одржливоста на земјоделските стопанства и конкурентноста на сите видови земјоделски производители и преработувачи на примарни прехранбени производи, истовремено постепено усогласувајќи се со стандардите на Унијата;
2. Враќање, зачувување и унапредување на екосистемите што се зависни од земјоделството и шумарството;
3. Промовирање рамномерен територијален развој во руралните средини;
4. Трансфер на знаење и зајакнување на капацитетите на јавната администрација за спроведување на програмите за рурален развој.

Програмата понуди можности за спроведување 11 мерки, иако спроведувањето на Програмата започна со 5 мерки. Овие мерки се реализираа во текот на целокупниот програмски период 2014-2020 година, со исклучок на мерката „Инвестиции во рурална јавна инфраструктура“, која ќе се спроведе по акредитацијата.

Спроведувањето на Програмата започна во април 2017 година со објавувањето на првиот јавен повик. До крајот на 2020 година беа објавени шест јавни повици.

**Табела 44: Преглед на објавените јавни повици во рамките на Програмата ИПРАД II**

| | Јавен повик | Барања | | | | | | Време за обработка на барањето |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Поднесени | | Склучени договори | | Исплатени | | |
| | | бр. | Учество на ЕУ | бр. | Придонес на ЕУ | бр. | Придонес на ЕУ | |
| 1 | 01/2017 [51] | 1.648 | 72.329.985 | 899 | 16.099.845 | 859 | 11.139.357 | 15 месеци |
| 2 | 01/2018[52] | 65 | 15.306.651 | 38 | 6.700.036 | 25 | 1.929.367 | 4 месеци |
| 3 | 02/2018[53] | 1.099 | 18.335.969 | 640 | 6.319.986 | 400 | 1.272.017 | 6 месеци |
| 4 | 01/2019[54] | 261 | 43.821.070 | 36 | 2.332.025 | / | / | 7 месеци |
| 5 | 02/2019[55] | 61 | 16.763.734 | 32 | 6.272.419 | / | / | 6 месеци |
| 6 | 01/2020[56] | 748 | 21.011.113 | / | / | / | / | / |
| **Вкупно** | | **3.073** | **187.710.870** | **1.657** | **37.724.311** | **1.292** | **14.340.741** | **/** |

Извор: Тело за управување, декември 2020 г.

Процесот на обработка и одобрување на барањата поднесени на првиот јавен повик траеше долго време. Доцнењата во процесот на одобрување на барањата ја ограничуваат можноста за објавување нови јавни повици. Причините за ваквата состојба се големиот број некомплетни барања и времето потребно за доставување на барања за дополнување и пристигнување на документите што недостасуваат (во многу случаи, барањата беа некомплетни дури и откако Агенцијата побара да се дополнат). Според информациите на ИПАРД Агенцијата, контролата на референтната цена во Одделението за бази на податоци трае најмалку два месеца, а во некои случаи, во зависност од достапноста на информациите и заинтересираноста на добавувачите да ги дадат податоците, дури и повеќе. Исто така, недостигот на кадар во ИПАРД Агенцијата, обемните процедури за контрола на стандардите, особено времето потребно за проверка на цената на понудите беа едни од главните причини за долгиот процес на одобрување на барањата.

**Табела 45: Финансиски резултати (расходи на ЕУ) во однос на последниот одобрен финансиски план**

| Мерка | Договорен дел на ЕУ (A) | Платен дел на ЕУ (Б) | Финансиски план на ИПАРД Програмата (дел на ЕУ)[57] (C) | Договорени финансиски резултати (A/C) | Платени финансиски резултати (B/C) |
|---|---|---|---|---|---|
| Мерка 1 | 14.207.820 | 7.413.174 | 9.080.000 | 156 % | 82 % |
| Мерка 3 | 17.952.392 | 6.264.792 | 8.330.000 | 216 % | 75 % |
| Мерка 7 | 5.564.099 | 662.775 | 3.410.000 | 163 % | 19 % |
| Мерка 9 | 148.188 | 21.126 | 180.000 | 82 % | 12 % |
| **Вкупно** | **37.872.499** | **14.361.867** | **21.000.000** | **180 %** | **68 %** |

[51] Јавен повик мерки 1, 3 и 7.
[52] Јавен повик за мерка 3.
[53] Јавен повик за мерка 1.
[54] Јавен повик за мерка 7.
[55] Јавен повик за мерка 3.
[56] Јавен повик за мерка 1.
[57] Предвид се земени алокации од 2014, 2015, 2016 и 2017 година.

Извор: Тело за управување, декември 2020 г.

**Главни фактори што влијаеја врз спроведувањето на ИПАРД II Програмата**

1. Недоволен административен капацитет на структурата на ИПАРД да се справи со реализацијата на средствата и истовремено да обезбеди соодветен степен на контрола во определените рокови, а особено во однос на воведувањето (акредитацијата) нови мерки.
2. Низок степен на спроведување на националното законодавство, особено законодавството усогласено со правото на ЕУ, главно во областа на животната средина и здравјето, како и благосостојбата на животните.
3. Низок квалитет на регистрите и отсуство на електронски пристап.
4. Потреба за континуирана и поголема вклученост на системот за истражување и поддршка за да им се помогне на земјоделците со административните работи, техничките работи и маркетингот. Проектите беа генерално успешни кога беа вклучени приватни претприемачи и земјоделски и индустриски здруженија и кога пилот-операциите беа сфатени како потенцијални генератори на повисок приход или како начин да се обезбедат/одржат домашните и извозните пазари. Меѓутоа, проектите покажаа дека здруженијата сѐ уште се слаби и треба да се зајакнат.
5. Строг процес на селекција и неизвесност на исходот до конечната исплата. Многу потенцијални корисници (дури и успешните) сметаат дека процесот на селекција е премногу строг, особено за верификација на прифатливоста на трошоците и процената на економската и финансиската исплатливост (вредноста на прифатливите трошоци се проверува дали одговара на пазарната вредност на соодветните предмети, што се докажува преку три независни понуди од добавувачи (за стоки со вредност над 10.000 евра), споредено со референтните вредности поставени од ИПАРД Агенцијата или споредено со стандардните трошоци).

### 5.2.2 Научени лекции од спроведувањето на ИПАРД II

Процесот на селекција се смета за клучен елемент на Програмата и нејзиниот успех. Многу потенцијални крајни корисници (и оние успешните) сѐ уште го сметаат за премногу строг, а неговиот исход е неизвесен сѐ до конечната исплата. Во последниве години беа воведени олеснувања во однос на потребната документација за барателите, но и покрај таквите напори, товарот на грбот на барателите сѐ уште се чини премногу тежок, што често доведува до тоа тие да не го пополнат барањето и да се откажат од учеството во Програмата.

Пристапот до финансии беше нагласен како проблем во претходните извештаи за евалуација, кој и натаму се истакнува од страна на корисниците интервјуирани во оваа евалуација. Се наведува дека комуникацијата меѓу барателите и банките сѐ уште има простор за подобрување. Како долгогодишен проблем се наведува и неподготвеноста на банките да прифатат земјоделски средства како обезбедување со цел да обезбедат краткорочен кредит.

Во целокупниот период на спроведување на Програмата, анализата покажа дека два вида фактори предизвикале тесни грла и ограничен степен на искористување на средствата од ИПАРД II.

ВНАТРЕШНИ ФАКТОРИ:

1. Одредбите на регулативата за ИПА и последователните договори што влијаат врз степенот на искористеност (на пример, многу високи стандарди на ЕУ, бавен процес на акредитација, недостиг на јасни дефиниции во однос на одредени принципи за стабилно финансиско управување).
2. Недоволен административен капацитет на структурите на ИПАРД да се справат со реализацијата на средствата и истовремено да обезбедат соодветен степен на контрола во определените рокови, а особено во однос на воведувањето (акредитацијата) нови мерки.

НАДВОРЕШНИ ФАКТОРИ:

1. Степен на спроведување на националното законодавство, особено законодавството усогласено со правото на ЕУ, главно во областа на животната средина и здравјето, како и благосостојбата на животните.
2. Сè уште ограничен квалитет на регистрите и отсуство на електронски пристап.
3. Слаб административен капацитет на институциите во врска со спроведувањето на националното законодавство усогласено со ЕУ во областите поврзани со ИПАРД.
4. Отсуство на вклученост на други институции, како што се Агенцијата за вработување, Агенцијата за поддршка на претприемништвото, Агенцијата за странски инвестиции и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, кои може да придонесат за обезбедување соодветни информации и поддршка за потенцијалните корисници.

ИПАРД II несомнено беше усогласена со националните политики и приоритетите на крајните корисници. Успешните баратели потврдија дека инвестицијата во рамките на ИПАРД ги исполнила нивните очекувања во однос на поддршката за нивните вообичаени активности. Немаше преклопување меѓу националната шема за поддршка на руралниот развој и ИПАРД II, иако некои видови инвестиции беа „пренасочени“ од националните програми кон ИПАРД со цел да се одржи целосна одвоеност. Приоритетите на секторот се јасно дефинирани во националните стратешки документи и во програмските документи на ИПАРД, со што се одржува усогласеноста меѓу нив. Во сите документи поврзани со стратегијата и програмирањето се препознава потребата за приспособувања во земјоделскиот и прехранбениот сектор во случај на пристапување. ИПАРД Програмата беше наменета да биде многу детална, а тоа може да се види од конкретните приоритети на мерките и подмерките. Главниот интерес на земјоделците („желбите“) се очигледно трактори или мали парчиња земјоделска механизација, додека, пак, „потребата“, идентификувана во Програмата за секторот, претставува пообемен, поширок дијапазон од активности. Во оваа фаза на секторска транзиција преовладува

интересот за инвестиции во земјоделска механизација и опрема над интересот за инвестиции што се очекува да придонесат за поголема усогласеност со правото и стандардите на ЕУ поврзани со безбедноста на храната, благосостојбата на животните и заштитата на животната средина или за добри земјоделски практики. Општата природа на Програмата треба да биде повеќе насочена и наменета да ги задоволи потребите наместо желбите на земјоделската заедница.

ИПАРД Агенцијата треба да изнаоѓа начини да се забрза процесот на селекција со цел да се минимизира неизвесноста кај барателите во однос на резултатите. Досегашната мануелна обработка на барањата за ИПАРД се покажа дека одзема прилично време и ги оптоварува вработените во Агенцијата. Изнаоѓањето начин за електронско поднесување и обработка на барањата во Секторот за одобрување проекти и Секторот за одобрување плаќања може да има исклучително позитивно влијание врз реализацијата на Програмата и апсорпцијата на средствата. За Телото за управување е важно да има кориснички пристап (само за читање) до стандардни групи извештаи, како и до извештаите на барање и показателите поврзани со спроведувањето на инвестициските мерки во рамките на ИПАРД, со цел да може да генерира приспособени извештаи од поединечни подмодули, како што е модулот за одобрување проекти и за одобрување плаќања. Овие стандардни групи на извештаи и показатели се наведени за годишно известување и следење на спроведувањето на ИПАРД Програмата.

Телото за управување заедно со Националниот фонд треба да размислат за воведувањето механизам за поддршка пред финансирање (револвинг фонд, гарантен фонд, директно финансиско управување со заеми), со цел да се олесни финансискиот товар на барателите, кои немаат пристап ниту до посебни ниту до поволни кредити.

Базите на податоци на Телото за управување, ИПАРД Агенцијата, АПРЗ и техничките тела, како што е Агенцијата за храна и ветеринарство, како и оние што им припаѓаат на професионалните здруженија, би можеле да се искористат со цел поефикасно да се идентификуваат потенцијалните баратели. Телото за управување треба да води политика за добивање практична согласност од засегнатите страни со цел да се обезбеди меѓусебно поврзување на нивните бази на податоци. Информативните активности во оваа напредна фаза од спроведувањето на Програмата би можеле да бидат повеќе насочени на секој потсектор. Во овој поглед, искуството стекнато со спроведувањето на мерката за техничка помош укажува на позитивно влијание врз раководството на вклучените засегнати страни и техничките тела. Мерката за техничка помош обезбеди логистичка и експертска поддршка за организирањето на состаноците, а тоа резултираше со споделување општи информации за Програмата и технички насоки. На овој начин, веднаш беа решени предизвиците и отворените прашања (документацијата што треба да ја достави барателот и започнувањето на процесот на изработка на барањата). Телото за управување се охрабрува да ја зголеми употребата на мерката за техничка помош со цел на овој начин да се ублажат отворените прашања, со вклучување претставници од ИПАРД Агенцијата, НАО и АПРЗ.

ИПАРД Агенцијата треба да обезбедува повратни информации до потенцијалните корисници, општините и АПРЗ во врска со причините за одобрените, одбиените и откажаните проекти и за „најдобрите" и „најлошите" практики. Ова ќе послужи за зајакнување на одговорноста и посветеноста кон Програмата и нејзините корисници.

## 5.3. Главни резултати од спроведената билатерална и мултилатерална помош

Земјата има корист од голем број програми за помош финансирани од донатори. Меѓутоа, по почетокот на ИПА (од 2007 година), бројот на билатерални и мултилатерални донатори се намали и завршија нивните буџети за земјоделство и рурален развој.

Во секторот земјоделство и рурален развој во тек се следниве програми финансирани од различни донатори:

| Донатор | Вредност на поддршката | Адресирани прашања | Период на спроведување |
|---|---|---|---|
| **Програма за техничка соработка на ТЦП во рамките на ФАО** | | | |
| ФАО | 401.000 УСД | **Поддршка за интегрирање на Националната програма за консолидација на земјиштето** | 1.1.2020<br>31.8.2021 |
| ФАО | 100,00 УСД | **Поддршка за приватизација на државното земјиште** | 15.6.2018<br>31.7.2020 |
| ФАО | 275.000 УСД | **Поддршка за интегриран развој на заедниците** | 15.5.2019<br>14.05.2021 |
| ФАО | 64.000 УСД | **ТЦПФ: Стандарди за безбедност и квалитет на храната во млекарскиот сектор** | 1.4.2020<br>1.4.2021 |
| ФАО | 93.000 УСД | **ТЦПФ: Зајакнување на анализите на политиките и програмирањето во земјоделството и руралниот развој** | 1.9.2019<br>3.11.2021 |
| ФАО | 280.000 УСД | **Зголемена отпорност на земјоделскиот сектор преку промоција на паметни климатски практики во земјоделството** | 1.1.2020<br>31.12.2021 |
| **РЕГИОНАЛНИ проекти на ТЦП во рамките на ФАО** | | | |
| ФАО – Регионален проект во: Северна Македонија, Албанија, Ерменија, Молдавија | 320.000 УСД | **Стратегии за загуби на храна и намалување на отпадот** | 8.1.2018<br>31.12.2020 |
| ФАО – Регионален проект во: Северна Македонија, Украина, Ерменија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Грузија Молдавија | 388.000 УСД | **Поддршка за подобрување на националните системи за надзор на штетници кај растенијата и системи за фитосанитарна сертификација** | 2.1.2019<br>31.12.2020 |
| ФАО – Регионален проект во: Северна Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија | 500.000 УСД | **Итна подготвеност против Африканска свинска чума на Балканот** | 1.11.2018<br>31.12.2020 |
| ФАО – Регионален проект во: Северна Македонија, Албанија, Црна Гора | 320.000 УСД | **Подобрена методологија за собирање податоци за одрживо управување со рибни ресурси во Западен Балкан** | 8.11.2018<br>31.12.2020 |
| ФАО – Регионален проект во: Северна Македонија, Таџикистан, Ерменија, | 405.000 УСД | **Создавање поволно окружување за зголемена отпорност на климатските промени во земјоделството** | 15.4.2020<br>14.4.2022 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Киргистан | | | |
| ФАО – Регионален проект во: Северна Македонија, Албанија, Ерменија, Белорусија, Киргистан Руската Федерација, Таџикистан, Узбекистан | 420.000 УСД | **Зајакнување на капацитетите на информациските системи за цени и пазари и следење на политиките како одговор на кризата со КОВИД-19 и на други шокови** | 15.5.2020<br>14.5.2022 |
| **Финансиран од донатори (Trust Funds/GCP), имплементиран од ФАО** | | | |
| ФАО – GCP/MCD/002/EC (Субјект: 640031) (донатор: Европска Унија/ИПА) | 2.653.928 УСД | **Интегрирање на Националната програма за консолидација на земјиштето (MAINLAND)** | 3.1.2017<br>31.8.2020, очекувано продолжување од 1 година |
| ФАО – GCP/MCD/006/GCR (донатор: Зелениот климатски фонд) | 611.285 УСД | **Зајакнување на националните капацитети за ублажување и адаптација кон климатските промени и финализирање на работната програма за Северна Македонија** | 19.12.2019<br>18.6.2021 |
| ФАО – GCP/GLO/893/MUL (донатор: Фондот Кодекс) | 95.100 УСД | **Зајакнување на националните структури на Кодекс во земјата** | 27.2.2019<br>31.8.2021 |
| УНДП | 150.000 УСД | **Климатски отпорна инфраструктура за наводнување во сливот на реката Брегалница – Студија за изводливост за подобрување на шемата за наводнување во сливот на реката Брегалница** | 10/2020<br>12/2021 |
| Светска банка | Светска банка 50.500.000 УСД<br>ЕУ 4.400.000 УСД<br>Вкупно 54.900.000 УСД | **Проект за модернизација на земјоделството** | 12.2.2020<br>20.5.2026 |
| KfW | Банка KfW (заем) – 10.250.000 ЕУР<br>Банка KfW (грант) – 4.000.000 ЕУР<br>Учество на МЗШВ – 7.000.000 ЕУР (минимум)<br><br>Вкупно – 21.250.000 ЕУР (минимум) | **Програма за наводнување на јужната долина на реката Вардар – Фаза 2** | 03/2019<br>05/2021 |

Извор: МЗШВ Сектор за меѓународна соработка, 2020 г.

Резултатите од спроведувањето на помошта од ЕУ во минатото, како и помошта обезбедена од билатерални и мултилатерални донатори се различни во текот на периодот, некои со центри за извонредност, а некои со послаби влијанија. Главните научени лекции од програмите поврзани со законските, административните и институционалните реформи се следниве:

- Капацитетот за апсорпција на МЗШВ во минатото беше низок, иако е во постојан раст. Административниот недостаток во суштина произлегува од немањето доволен број квалификувани човечки ресурси за справување со новите задачи што ги бараат процесот на усогласување на законодавството и слабиот капацитет за инвестирање во технички ресурси (простории и опрема).
- Усвоени се голем број примарни и секундарни законски акти усогласени со правото на ЕУ, но претстои дополнителна работа за да се постигне целосно усогласување во различните области (ветеринарство, фитосанитарни работи,

безбедност на храната, животна средина и друго) и зајакнување на способноста за спроведување на барањата на ЕУ.

- Постои потреба за континуирана и поголема вклученост на системот за истражување и поддршка со цел да им се помогне на земјоделците со административните работи, техничките работи и маркетингот.

Главните научени лекции од програмите фокусирани на пилот-операции во различни земјоделски потсектори, вклучувајќи трансфер на знаење, технологија, хардвер и софтвер, се следниве:

- Проектите генерално беа успешни кога беа вклучени приватни претприемачи и земјоделски и индустриски здруженија и кога пилот-операциите беа сфатени како потенцијални генератори на повисок приход или како начин да се обезбедат/одржат домашните и извозните пазари. Меѓутоа, проектите покажаа дека здруженијата сè уште се слаби и треба да се зајакнат.

- Програмите за кредити во руралните средини се многу успешни, а тоа покажува дека постои потреба да се даде поддршка на проширувањето на достапноста на ваквите кредите и да се комбинираат советодавните услуги (подготовка на бизнис-план итн.) за барателите и за кредитните установи (банките) при обработката на заемите.

# 6. ОПИС НА СТРАТЕГИЈАТА И ЦЕЛИТЕ НА ПРОГРАМАТА

## 6.1. Опис на тековната национална стратегија за рурален развој

Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2021-2027 (НСЗРР 2021-2027), донесена од Владата на Република Северна Македонија на 16 јануари 2021 година, го одразува континуитетот на приоритетите на земјата за развој на земјоделството и руралните средини и обезбедува поддршка за земјоделскиот сектор за да се постигне задоволително ниво на конкурентност за справување со предизвиците на отворениот и променлив пазар, како и за зајакнување на развојот на руралните средини.

Со цел да се одговори на идентификуваните потреби на секторот, интервенциите на националната земјоделска политика во претстојниот стратешки период 2021-2027 година во рамките на НСЗРР ги дефинираат следните општи цели за периодот 2021-2027 година:

- подобрување на конкурентноста на земјоделско-прехранбениот сектор, економската одржливост и приходот на земјоделските стопанства,
- примена на еколошки практики во производството што би довело до ублажување и прилагодување кон климатските промени; и
- обезбедување одржлив развој на руралните средини.

Овие цели ќе бидат надополнети со хоризонталната цел за модернизација на секторот преку поттикнување и споделување знаење, иновации и дигитализација во земјоделството и руралните средини и поттикнување на нивното прифаќање од страна на земјоделците и другите засегнати страни во секторот.

Постигнувањето на утврдените стратешки цели ќе се постигне преку насочени интервенции на земјоделските политики во девет конкретни области кои се претставени како специфични цели. Конкретните цели, односно областите на интервенција на политиките за периодот 2021-2027 година се дадени во последователниот текст, каде што е претставена врската меѓу нив и трите главни цели на стратегијата.

**Подобрување на конкурентноста на земјоделско-прехранбениот сектор, економската одржливост и приходот на земјоделските стопанства**

***СЦ1: Поддршка на одржливиот приход на земјоделските стопанства поради нивниот придонес за подобрување на обезбедувањето во снабдувањето со храна*** - во услови на континуирана варијабилност на цените на пазарите на земјоделски производи, земјоделската дејност остварува значително помали приходи од просечните во земјава. Поради тоа, ќе продолжи поддршката за дополнување на приходите на земјоделците остварени од пазарите преку директни плаќања. За да се обезбеди стабилност на приходите, ќе се применуваат инструменти за стабилизација на приходите и управување со ризик, како што се осигурување, основање приватни заеднички фондови, приватно складирање и ограничени интервенции на пазарот.

***СЦ2: Зајакнување на пазарната ориентираност и зголемување на конкурентноста, со посебен фокус на истражување, технологија и дигитализација*** - Во изминатиот период продуктивноста на факторите на производство бележи позитивен тренд и во добар дел од секторите го одржува производството во услови на структурни прилагодувања и намалени вкупни капацитети. Сепак, споредено со европското ниво, па дури и во регионален контекст, потребно е дополнително подобрување. Со ограничени ресурси, зголемувањето на продуктивноста е единствениот начин да се зголеми нивото на приход на економиите и во таа насока, интервенциите на политиките ќе ги кофинансираат капиталните инвестиции за оптимизирање на трошоците за производството и рационализирање на работната сила. Посебен акцент ќе биде ставен на воведувањето на политиките кои беа запоставени во минатото, а кои се насочени кон обука на човечките капацитети за примена на нови технологии. Нововоспоставениот Систем за знаење и иновации треба да ги поврзе сите засегнати страни во создавањето иновации, трансферот на знаење и дигитализацијата и да овозможи размена на дигитални технологии, паметно земјоделство и методи на производство засновани на знаење и добро владеење.

***СЦ3: Подобрување на позицијата на земјоделците во синџирот на додадена вредност на земјоделски производи*** - Преструктуирањето и консолидацијата на стопанствата е долг процес, па затоа подобрувањето на позицијата на земјоделците во синџирот на вредност на краток рок е можно само преку нивно здружување во задруги. Тоа и понатаму ќе се поддржува со политиките за рурален развој преку поддршка на основањето и работењето на земјоделските задруги. Дополнително, ќе се воведе нова интервенција за препознавање на организациите на производители и меѓугранкови организации и за спроведување на активностите од нивните оперативни програми.

***Примена на еколошки практики во производството што би довело до ублажување и прилагодување кон климатските промени***

***СЦ4. Придонес за ублажување и адаптација на климатските промени, како и поголема употреба на одржлива енергија*** - Климатските промени имаат сериозно влијание врз македонското земјоделство преку намалени приноси, потреба од дополнително наводнување или одводнување и зголемена појава на нетипични болести на растенијата и животните. За да се ублажат и прилагодат кон климатските промени, ќе се стимулираат практики кои не влијаат врз климата преку нивно воведување во барањата за вкрстена сообразност и преку зголемен интензитет на кофинансирање на потребните инвестиции. Негативното влијание од промените ќе се ублажи со поддршка за набавка на опрема за заштита, системи за ефикасно користење на водата, како и поттикнување на промената на сортите соодветни на идниот климатски режим, особено за најчувствителните потсектори. Посебно внимание ќе се посвети на стимулирање инвестиции во производството на енергија од одржливи извори и подобрување на енергетската ефикасност.

***СЦ5. Поттикнување на одржлив развој и ефикасно управување со природните ресурси како што се водата, почвата и воздухот*** - Почвата е најважниот природен ресурс и основа за земјоделското производство и обезбедувањето доволно храна за населението зависи од здрава и плодна почва. Интервенциите на политиките за заштита на почвата од деградација се однесуваат на строго почитување на барањата за вкрстена сообразност за покривање на почвата, заштита од ерозија, инвестициска поддршка за прецизно земјоделство користејќи сензори за оптимална примена на агротехничките мерки и обезбедување финансиска поддршка за агроеколошки мерки. Прецизното земјоделство во кое се применува дозирана употреба на вода и ѓубрива по потреба ќе биде промовирано преку оперативните програми на организациите на производители и поддржано од Системот за знаење и иновации во земјоделството преку приспособени совети и обуки.

***СЦ6. Придонес за заштита на биолошката разновидност, подобрување на услугите на екосистемот и зачувување на природните живеалишта и предели*** - Земјоделската активност зависи од многу различни видови на биодиверзитет, но исто така, таа има важна улога во зачувувањето на живеалиштата и видовите кои се наоѓаат на земјоделското земјиште. Интервенциите на политиките што ќе се преземат во насока на постигнување на зацртаната цел се финансиска поддршка за зачувување и заштита на автохтоните раси на животни и растителни сорти и примена на агроеколошки практики релевантни за биолошката разновидност, како и наметнување обврски на производителите за заштита на биолошката разновидност што се дел од вкрстената сообразност, поддршка на сточарските активности со помалку интензивно пасење на животните и примена на подобрени агротехнички практики (на пример, одгледување различни култури, природна контрола на штетници, мерки за зачувување на почвата) и технологии, како што се прецизно и дигитално земјоделство, што постигнуваат солидни приноси со помала употреба на вода, ѓубрива и пестициди (преку АКИС).

***Обезбедување одржлив развој на руралните подрачја средини***

***СЦ7. Привлекување млади земјоделци и олеснување на развојот на бизнисите во руралните средини*** - Привлекувањето млади земјоделци да започнат земјоделска дејност ќе се стимулира со пакет поволности кои се нудат преку неколку политики, како што се: дополнителни директни плаќања, грант за инвестиции за започнување земјоделски бизнис со зголемен износ, олеснет пристап до земјоделско земјиште и задолжителна обука и советодавна поддршка во областа на нивните активности.

***СЦ8. Промовирање на вработувањето, растот, социјалната инклузија и локалниот развој во руралните средини, вклучително и био-економијата и одржливото шумарство*** - Руралните средини се карактеризираат со повисоки стапки на сиромаштија и невработеност од урбаните области, особено кај младата популација. Мерките за рурален развој насочени кон создавање бизниси или диверзификација на економските активности во руралните средини кои не мора нужно да бидат поврзани со земјоделството (рурален туризам, обработка на дрво, услуги, занаетчиство и преработка) ќе продолжат да создаваат работни места,

особено во областите каде што земјоделството претежно е дополнителна активност или каде што се одвива процес на преструктуирање.

***СЦ9. Подобрување на одговорот на земјоделството на барањата на општеството за аспектите поврзани со храната, како што се безбедноста на храната, нутритивниот состав и одржливост, храната што завршува како отпад и благосостојбата на животните*** - Воспоставениот систем за безбедност на храната ќе се подигне на повисоко ниво за да се постигне одржлив систем на храна, кој, заедно со економските, треба да донесе еколошки, здравствени и социјални придобивки и да обезбеди одржлива егзистенција за примарните производители. Во следниот период, политиките за безбедност на храната треба да обезбедат доволни количини квалитетна и безбедна храна за потребите на домашните потрошувачи и странските пазари, како и благосостојба на животните.

ИПАРД Програмата 2021-2027 ефективно ќе влијае на сите стратешки цели предвидени со НСЗРР 2012-2027 година. Избраните мерки во рамките на ИПАРД Програмата 2021-2027 директно ќе влијаат врз постигнувањето на 7 од специфичните цели предвидени со НАРДС 2012-2027 година, а индиректно ќе влијаат врз 2 од целите (ПЦ2 и ПЦ9).

## 6.2. Идентификување на потребите и резиме на целокупната стратегија

Иако има очигледни позитивни трендови во земјоделството, шумарството, преработката на храна и руралните средини постигнати во изминатиот период, сепак развојот на земјоделството и руралниот развој се попречени од структурните тешкотии и неефикасности, како што се идентификувани во СВОТ-анализата, за кои е потребна дополнителна интервенција во претстојниот период.

Со СВОТ-анализата се издвои голем број на потреби кои треба да се разгледаат во Програмата:

| **1. Земјоделство, шумарство и прехранбена индустрија** |
|---|

**Потреба 1.1**: Да се подобри продуктивноста на фарма и ефикасноста на земјоделското производство, како и постбербата и маркетингот на земјоделските производи, со цел да се зголеми конкурентноста преку инвестиции;

**Потреба 1.2**: Да се подобри искористеноста на преработувачките капацитети во однос на ефикасноста и подобрувањата на технологијата на производство, како и маркетиншките активности, а во исто време да се промовираат иновациите, со цел целосно усогласување со стандардите на ЕУ за безбедност на храната;

**Потреба 1.3**: Да се поддржи воспоставувањето економска соработка меѓу земјоделските производители и да се промовираат маркетиншки врски; скратување на пазарниот синџир со промовирање на договорното земјоделско производство и солидни директни односи со преработувачите, трговците и извозниците;

**Потреба 1.4:** Да се воспостават силни врски помеѓу образованието и истражувањето и поддршката за ефективен трансфер на знаење; да се подобри координацијата и интеграцијата на советодавните услуги и да се зајакне нивниот човечки капацитет;

**Потреба 1.5**: Да се подобрат вештините и квалификациите на земјоделските производители и работници и нивните капацитети за управување со фарма за да можат да го приспособат земјоделското производство кон барањата на пазарот и климатските промени;

**Потреба 1.6**: Да се воведат одржливи и економски оправдани практики за управување со шумите за заштита и искористување на шумите и нивната биомаса;

**Потреба 1.7**: Да се зајакнат инвестициските способности на малите земјоделци (и нивните колективни форми) да преземат активности за реконструкција, модернизација и нови инвестиции (вклучувајќи колективни инвестиции) и подобро обезбедување на финансии за капитални инвестиции.

| **2. Животна средина** |
|---|
| **Потреба 2.1**: Да се вклучат земјоделските производители да воведат и да применуваат практики за управување со заштитата на водата и почвата и органското производство со цел да се запре опаѓањето на биолошката разновидност, да се разгледаат негативните влијанија од напуштањето на земјиштето, намалените активности во подрачјата со ЗПВП и практиките за ублажување и адаптација на климатските промени;<br><br>**Потреба 2.2**: Да се зајакнат советодавните услуги за поддршка на земјоделците и сопствениците/менаџерите на шуми во спроведувањето на агроеколошки практики, практиките за ублажување и адаптација на климатските промени и управувањето со шумите и да се обезбеди обука за земјоделците и сопствениците/менаџерите на шумите за агроеколошки практики, практики за ублажување и адаптација на климатските промени и управување со шумите;<br><br>**Потреба 2.3**: Да се зголеми употребата на енергетските култури и да се промовира користењето на обновливите извори на енергија на ниво на земјоделски стопанства и во преработката, како и да се зголеми севкупната употреба на енергија од обновливите извори на национално ниво;<br><br>**Потреба 2.4**: Да се подобри управувањето со комуналниот отпад и пристапот до комуналните услуги на руралното население;<br><br>**Потреба 2.5**: Да се подобрат практиките за управување со шумите за да се спречат ризиците од шумски пожари и деградација на шумите и искористување на шумската биомаса како обновлив извор. |

| **3. Руралната економија и квалитетот на животот** |
|---|
| **Потреба 3.1**: Да се поддржи развојот на постојните и новите рурални бизниси за економски развој и вработување; развој на потенцијалот на руралниот туризам;<br><br>**Потреба 3.2**: Да се развие физичка инфраструктура, да се надградат селските простори и да се зголеми обезбедувањето услуги и рурално сместување, за развој на туризмот и бизнисот во руралните средини и подобрување на условите за живот во руралните средини;<br><br>**Потреба 3.3**: Да се обучат општинските власти за планирање на локалниот развој и спроведување проекти за активна реализација на проекти од рурална јавна инфраструктура;<br><br>**Потреба 3.4**: Да се зајакне гласот на руралните жители и да се мобилизираат локални организации кои ги претставуваат потребите и интересите на руралните жители и руралните бизниси активно да учествуваат во планирањето на локалниот развој.<br><br>**Потреба 3.5**: Да се поддржи производството и употребата на обновлива енергија со цел да се заштити животната средина и да се намалат трошоците за електрична енергија, греење и ладење. |

Целокупната стратегија на Програмата е резултат на поврзувањето на целите на помошта од ИПА III во рамките на Стратешкиот одговор на ИПА III, во Прозорецот 4 – Програми за конкурентност и инклузивен раст во *Тематскиот приоритет 3: Земјоделство и рурален развој* и *Тематскиот приоритет 4: Рибарство*, а потребите за интервенција беа идентификувани преку СВОТ-анализа, и соодветните мерки, како што е дадено во табелата подолу:

| | |
|---|---|
| **Цел 1.** Унапредување, одржливост и конкурентност на земјоделските стопанства и сите видови на земјоделство и примарна преработка на храна, до постепено усогласување со стандардите на Европската Унија | |
| Мерка „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“ | Потреба 1.1, 1.5, 2.1, 2.3, 3.5 |
| Мерка „Поддршка за формирање групи на производители“[58] | Потреба 1.3 |
| Мерка „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи“ | Потреба 1.2, 1.3, 2.3, 3.5 |
| **Цел 2**. Враќање, зачувување и подобрување на екосистемите зависни од земјоделството и шумарството и ублажување и прилагодување на климатските промени | |
| Мерка „Агроекологија, клима и органско производство“[59] | Потреба 2.1 |
| Мерка „Воспоставување и заштита на шумите“[60] | Потреба 1.6, 2.5 |
| **Цел 3.** Промовирање рамномерен територијален развој во руралните средини | |
| Мерка „Подобрување и развој на руралната инфраструктура“ | Потреба 2.3, 2.4, 2.5, 3.2, 3.5 |
| Мерка „Диверзификација на фарми и развојна бизниси“ | Потреба 3.1, 3.2, 2.4, 3.5 |
| Мерка „Спроведување на стратегии за локален развој – пристап LEADER“[61] | Потреба 3.3, 3.4 |
| **Цел 4.** Трансфер на знаење и иновации во областа на земјоделството, шумарството и во руралните области и зајакнување на капацитетот на јавната администрација за спроведување на програмите за рурален развој. | |
| Мерка „Подобрување на вештините и компетенциите“[62] | Потреба 1.1, 1.2, 1.3, 1.4, 1.5, 1.6, 1.7, 2.1, 2.2 |
| Мерка „Советодавни услуги“[63] | Потреба 1.1, 1.3, 1.4, 1.5, 1.6, 1.7, 2.1, 2.2, 3.1 |

Мерката „Техничка помош“ е хоризонтална мерка која се залага за успешно спроведување на целата програма, па затоа оваа мерка не може да биде директно

[58] Со цел да се одговори на потребата 1.3, мерката 2 – Поддршка за формирање групи на производители – може да се воведе во Програмата ИПАРД III во текот на програмскиот период 2021-2027 година.
[59] Мерката е во фаза на подготовка за одобрување и е воведена во Програмата ИПАРД III за информативни цели
[60] Мерката е во фаза на подготовка за одобрување и е воведена во Програмата ИПАРД III за информативни цели
[61] Мерката е во фаза на подготовка за одобрување и е воведена во Програмата ИПАРД III за информативни цели
[62] За да се одговори на потребата 1.1, 1.2, 1.3, 1.4, 1.5, 1.6, 1.7, 2.1, 2.2, мерката 8 – Унапредување на вештините и компетенциите – може да се воведе во Програмата ИПАРД III во програмскиот период 2021-2027 година.
[63] Мерката е во фаза на подготовка за одобрување и е воведена во Програмата ИПАРД III за информативни цели

поврзана со посебна потреба и не е наведена во табелата погоре (видете фише на мерката „Техничка помош“ во делот 8.3. на оваа Програма).

Наведените мерки на ИПАРД не се инклузивни за да одговорат на сите потреби за интервенција и на потенцијалот ма земјоделството и руралниот развој. Оттука, комплементарни активности ќе се спроведуваат или преку националната поддршка и политики, или со поддршка од техничката помош на ИПА или други мултилатерални и билатерални донатори.

Табеларната презентација е наведена подолу за да укаже на потенцијалната употреба на други комплементарни извори за решавање на идентификуваните потреби:

| **Потреба** | **Мерка на ИПАРД** | **ИПА (Да/Не)** | **Помош од други донатори, МФИ (Да/Не)** | **Национална поддршка (Да/Не)** |
|---|---|---|---|---|
| **1. Земјоделство, шумарство и прехранбена индустрија** | | | | |
| **Потреба 1.1:** Да се подобри продуктивноста на фарма и ефикасноста на земјоделското производство, како и постбербата и маркетингот на земјоделските производи, со цел да се зголеми конкурентноста преку инвестиции. | Мерка „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“<br>Мерка „Подобрување на вештините и компетенциите“<br>Мерка „Советодавни услуги“ | **ДА** (консолидација на земјиштетото, обновување на системот за наводнување) | **ДА** (консолидација на земјиштетото, обновување на системот за наводнување) | **ДА** (Грантови за поддршка на млади земјоделци кои влегуваат во земјоделска дејност, поволни заеми за да обезбедат пред-финансирање на инвестиции) |
| **Потреба 1.2**: Да се подобри искористеноста на преработувачките капацитети во однос на ефикасноста и подобрувањата на технологијата на производство, како и маркетиншките активности, а во исто време да се промовираат иновациите, со цел целосно усогласување со стандардите на ЕУ за безбедност на храната. | Мерка „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи“<br>Мерка „Подобрување на вештините и компетенциите“ | **НЕ** | **НЕ** | **ДА** (Поволни заеми за да обезбедат пред-финансирање на инвестиции) |
| **Потреба 1.3**: Да се поддржи воспоставувањето економска соработка меѓу земјоделските производители и да се промовираат маркетиншки врски; скратување на пазарниот синџир со промовирање на договорното земјоделско производство и солидни директни односи со преработувачите, трговците и извозниците. | Мерка „Поддршка за формирање групи на производители“<br>Мерка „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи“ | **ДА** (Техничка помош за зајакнување на капацитетите, студии и анализи) | **ДА** (УНДП, ФАО, итн.) | **ДА** (Поддршка на политиките за воспоставување и функционирање на земјоделски задруги) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Мерка „Подобрување на вештините и компетенциите“<br>Мерка „Советодавни услуги“ | | | |
| **Потреба 1.4**: Да се воспостават силни врски помеѓу образованието и истражувањето и поддршката за ефективен трансфер на знаење; да се подобри координацијата и интеграцијата на советодавните услуги и да се зајакне нивниот човечки капацитет. | Мерка „Подобрување на вештините и компетенциите“<br>Мерка „Советодавни услуги“ | **ДА**<br>(градење институционални капацитети, инфраструктура, опрема, итн.) | **НЕ** | **ДА**<br>(Поддршка на политиката за воспоставување и функционирање на консултантски услуги и даватели на обука, истражување во земјоделството и шумарството, итн.) |
| **Потреба 1.5**: Да се подобрат вештините и квалификациите на земјоделските производители и работници и нивните капацитети за управување со фармата за да можат да го приспособат земјоделското производство кон барањата на пазарот и климатските промени. | Мерка „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“<br>Мерка „Подобрување на вештините и компетенциите“<br>Мерка „Советодавни услуги“ | **ДА**<br>(Градење институционални капацитети, инфраструктура, опрема,<br>за организирање на стручни обуки за земјоделство, шумарство, рурален развој, итн.) | **НЕ** | **ДА**<br>(Поддршка на политиките за воспоставување и функционирање на консултантски услуги и даватели на обука, истражување за организирање семинари и обука) |
| **Потреба 1.6**: Да се воведат одржливи и економски оправдани практики за управување со шумите за заштита и искористување на шумите и нивната биомаса. | Мерка „Воспоставување и заштита на шумите“<br>Мерка „Подобрување на вештините и компетенциите“<br>Мерка „Советодавни услуги“ | **ДА**<br>(Техничка помош за зајакнување на капацитетите, студии и анализи) | **ДА**<br>(потенцијални донатори, поддршка од МФИ) | **НЕ** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Потреба 1.7**: Да се зајакнат инвестициските способности на малите земјоделци (и нивните колективни форми) да преземат активности за реконструкција, модернизација и нови инвестиции (вклучувајќи колективни инвестиции) и подобро обезбедување на финансии за капитални инвестиции. | Мерка „Подобрување на вештините и компетенциите“<br>Мерка „Советодавни услуги“ | **ДА**<br>(Техничка помош за воспоставување капацитети за рурално кредитирање) | **ДА**<br>(Потенцијален донатор, поддршка на меѓународните финансиски институции за обезбедување на кредити, програми за рефинансирање, гаранции, итн.) | **ДА**<br>(Политики за поддршка на обезбедувањето на поволни кредити за инвестиции во земјоделството и оперативен капитал) |
| **2. Животна средина** | | | | |
| **Потреба 2.1:** Да се вклучат земјоделските производители да воведат и да применуваат практики за управување со заштитата на водата и почвата и органското производство со цел да се запре опаѓањето на биолошката разновидност, да се разгледаат негативните влијанија од напуштањето на земјиштето, намалените активности во подрачјата со ЗПВП и практиките за ублажување и адаптација на климатските промени. | Мерка „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“<br>Мерка „Агроекологија, клима и органско производство“<br>Мерка „Подобрување на вештините и компетенциите“<br>Мерка „Советодавни услуги“ | **ДА**<br>(Техничка помош за стандарди на органско производство, градење на капацитетите на здруженијата за агроекологија и ВПВЗ итн.) | **ДА**<br>(УНДП, УСАИД, ГЕФ, итн.) | **ДА**<br>(Поддршка е обезбедена за органско производство, номадско одгледување овци, јавни инвестиции во пасишта, промовирање органски производи, итн.) |
| **Потреба 2.2:** Да се зајакнат советодавните услуги за поддршка на земјоделците и сопствениците/менаџерите на шуми во спроведувањето на агроеколошки практики, практиките за ублажување и адаптација на климатските промени и управувањето со шумите и да се обезбеди обука за земјоделците и сопствениците/менаџерите на шумите за агроеколошки практики, практики за | Мерка „Подобрување на вештините и компетенциите“<br>Мерка „Советодавни услуги“ | **ДА**<br>(Техничка помош за зајакнување на капацитетите и зајакнување на советодавните услуги) | **НЕ** | **ДА**<br>(Политики за поддршка за воспоставување и функционирање на консултантски услуги и даватели на обука) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ублажување и адаптација на климатските промени и управување со шумите. | | | | |
| **Потреба 2.3:** Да се зголеми употребата на енергетските култури и да се промовира користењето на обновливите извори на енергија на ниво на земјоделски стопанства и во преработката, како и да се зголеми севкупната употреба на енергија од обновливите извори на национално ниво. | Мерка „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“<br>Мерка „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи“<br>Мерка „Подобрување и развој на руралната инфраструктура“ | **НЕ** | **НЕ** | **ДА**<br>(Директна поддршка - исплати за енергетски култури) |
| **Потреба 2.4:** Да се подобри управувањето со комуналниот отпад и пристапот до комуналните услуги на руралното население. | Мерка „Диверзификација на фарми и развој на бизниси<br>Мерка „Подобрување и развој на руралната инфраструктура“ | **ДА**<br>ИПА животна средина - за населените места> 10 000 жители | **ДА**<br>(СБ) | **НЕ** |
| **Потреба 2.5:** Да се подобрат практиките за управување со шумите за да се спречат ризиците од шумски пожари и деградација на шумите и искористување на шумската биомаса како обновлив извор. | Мерка „Воспоставување и заштита на шумите“<br>Мерка „Диверзификација на фарми и развој на бизниси”<br>Мерка „Подобрување и развој на руралната инфраструктура“ | **НЕ** | **НЕ** | **ДА**<br>(Национална програма за пошумување, јавна кампања за ден на дрвото- Засади ја својата иднина) |
| **3. Руралната економија и квалитетот на животот** | | | | |
| **Потреба 3.1:** Да се поддржи развојот на постојните и новите рурални бизниси за економски развој и вработување; развој на потенцијалот на руралниот туризам. | Мерка „Диверзификација на фарми и развој на бизниси<br>Мерка „Советодавни услуги“ | **НЕ** | **НЕ** | **НЕ** |
| **Потреба 3.2:** Да се развие физичка инфраструктура, да се надградат селските простори и да се зголеми обезбедувањето услуги и рурално сместување, за развој на туризмот и бизнисот во руралните | Мерка „Диверзификација на фарми и развој на бизниси<br>Мерка „Подобрување и развој на руралната инфраструктура“ | **НЕ** | **НЕ** | **НЕ** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| средини и подобрување на условите за живот во руралните средини. | | | | |
| **Потреба 3.3:** Да се обучат општинските власти за планирање на локалниот развој и спроведување проекти за активна реализација на проекти од рурална јавна инфраструктура. | Мерка „Подобрување и развој на руралната инфраструктура“ | **ДА**<br>(Техничка помош за зајакнување на капацитетите на ИПАРД Агенцијата и општините.) | **НЕ** | **НЕ** |
| **Потреба 3.4:** Да се зголеми гласот на руралните жители и да се мобилизираат локални организации кои ги претставуваат потребите и интересите на руралните жители и руралните бизниси активно да учествуваат во планирањето на локалниот развој. | Мерка „Спроведување на стратегии за локален развој – Пристап LEADER“ | **ДА**<br>(Техничка помош за воспоставување на Национална рурална мрежа, подготовки за LEADER) | **ДА**<br>(УНДП, УСАИД, итн.) | **ДА**<br>(Поддршка на активностите на НРМ поврзани со други национални политики и мерки) |
| **Потреба 3.5:** Да се поддржи производството и употребата на обновлива енергија со цел да се заштити животната средина и да се намалат трошоците за електрична енергија, греење и ладење. | Мерка „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“<br>Мерка „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи“<br>Мерка „Подобрување и развој на руралната инфраструктура“<br>Мерка „Диверзификација на фарми и развој на бизниси“ | **НЕ** | **НЕ** | **НЕ** |

## 6.3. Цели на програмата

Во контекст на севкупните цели на ИПАРД, како и на целите на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2021-2027 година и Програмската рамка на ИПА III и Стратешкиот одговор, земајќи ги предвид резултатите од СВОТ-анализата и приоритизацијата направени во Северна Македонија, следните цели беа избрани за ИПАРД Програмата 2021-2027 година.

### 6.3.1. Подобрување на економската одржливост на земјоделските стопанства и конкурентноста на земјоделско-прехранбениот сектор

Активности што треба да се спроведат з**а да се зајакне финансиската одржливост и конкурентноста на сите видови земјоделски стопанства и примарни преработувачи на храна**, **во услови на постепено усогласување со стандардите на Унијата** за подобрување на нивото на модернизација и технологија и иновации во примарното земјоделско производство, земјоделско-прехранбениот сектор, рибарството и шумарството со цел да се осигура дека земјоделските стопанства ги прилагодуваат своите практики на барањата на ЕУ за благосостојба на животните и животната средина, а преработувачите на храна постепено се усогласуваат со европските стандарди за безбедност на храната.

Потребата за подобрување на земјоделската технологија, нивото на модернизација, инфраструктурата во рамките на земјоделските стопанства е за да се ублажи трудовата интензивност и да се постигне поголема продуктивност и ефикасност на земјоделското производство, со користење на современи машини, технологија и адаптација на сортите, како и употреба на биомаса, алтернативни и обновливи извори на енергија кои силно се поттикнуваат за да се исполнат еколошките барања и потребата за прилагодување на климатските промени. Исто така, се очекува дека поради поддршката достапна за алтернативни земјоделски активности и примарна преработка на ниво на фарма, некои од полу-одржливите земјоделци ќе го зголемат својот приход од фармата преку диверзификација и додавање вредност на примарните производи.

Понатаму, покрај мерките за унапредување на модернизацијата на фармите, ќе се обезбеди поддршка за поттикнување на соработката на земјоделците преку поддршка на формирање и работење на групи производители и други здружени правни субјекти и, индиректно, преку промовирање проекти за соработка на земјоделците и соработка со преработувачите и регистрираните откупувачи.

Активностите во рамките на оваа приоритетна цел индиректно ги решаваат проблемите на земјоделците со старосната и неповолната структура на земјоделските стопанства преку промовирање на инвестициски проекти од страна на млади земјоделци и зголемени стапки на помош и промовирање на проекти поднесени од полу-одржливи земјоделски стопанства.

Што се однесува до преработувачката индустрија, планирано е да се даде приоритет за модернизација на преработувачките претпријатија, со оглед на тоа што нивото на

модернизација во капацитетите за преработка сè уште е на ниско ниво. Со цел да се промовираат иновациите, ќе се обезбеди поддршка за спроведување иновативни практики или нови производи.

Дополнително, ќе се обезбеди поддршка за зајакнување на маркетингот на земјоделските производи и на внатрешните и на меѓународните пазари.

Во однос на развојот на шумарството, потребно е да се инвестира во практики за управување со шумите во смисла на искористување и заштита на шумите на поекономичен и еколошки одржлив начин.

### 6.3.2 Обновување, зачувување и подобрување на екосистемите зависни од земјоделството, рибарството и шумарството

Активностите кои ќе се финансираат за „**обновување, зачувување и подобрување на екосистемите зависни од земјоделството, рибарството и шумарството**" ќе се фокусираат на промовирање на употребата на еколошки земјоделски практики, заштита и унапредување на биолошката разновидност, пределот, водата и почвата, во рамките на области со високи природни вредности и традиционалните земјоделски области, како и за ублажување на климатските промени.

Со оглед на фактот дека ерозијата и киселоста на почвата претставуваат сериозни проблеми за животната средина и за условите за земјоделско производство, предвидено е да се спроведат соодветни агроеколошки шеми за отстранување на овие проблеми во најголема можна мера. Покрај тоа, промоцијата на органското земјоделско производство позитивно ќе влијание врз животната средина (почвата, водата, биодиверзитетот, воздухот) и ќе доведе до повисока вредност на земјоделското производство.

Конечно, што се однесува до климатските промени, поддршката за модернизација на земјоделски стопанства (инвестиции во ефикасни системи за наводнување, промоција на биогориво, производство и користење на алтернативни и обновливи извори на енергија, примена на практики за ракување со арско ѓубре и сл.), како и поддршката во рамките на мерките за инвестиции во руралната инфраструктура за управување со отпад и канализациски системи во руралните средини, ќе имаат влијание врз меѓусекторските цели за адаптација ублажување на климатските промени.

### 6.3.3 Промовирање рамномерен територијален развој во руралните средини

Приоритетната област за „**Промовирање рамномерен територијален развој во руралните средини**" ќе се постигне преку спроведување активности со цел зголемување на можностите за вработување и, истовремено, креирање алтернативни извори на приход за руралното население. Покрај тоа, атрактивноста на руралните средини е невозможна без претходно да се подобрат условите за живот (физичката рурална инфраструктура), безбедноста на животот и приватна сопственост.

Претприемништвото во руралните средини е попречено поради високиот степен на ризик заради работењето на малите пазари, недостатокот на капитал и недоволниот пристап до советодавни и услуги за развој на бизнисот. Бизнисите во руралните средини

се соочуваат со дополнителни територијални недостатоци поврзани со пониската куповна моќ на локалното население и локални рурални економии што стагнираат.

Поддршката за инвестиции за започнување нов бизнис и развој на веќе воспоставените микро и мали претпријатија претставува важна алатка за унапредување на конкурентноста и на потенцијалот за создавање работни места во руралните економии. Руралните средини ќе имаат придобивки од тоа преку креирање повеќе и поквалитетни работни места и ќе им се помогне да се диверзифицира руралната економија која сè уште е многу зависи од земјоделството. Предвидени се активности за диверзификацијата на земјоделските стопанства и развој на бизнисот за да се одговори на потребата занамалување на зависноста на руралното население од приходите од земјоделството, за да се создадат алтернативни работни места и за да се зголеми нивото на приходите во руралните средини.

Конкурентноста на руралните средини е ограничена поради недоволниот квалитет и пристап до основна инфраструктура и услуги за економијата и руралното население. Оттука, приоритет за инвестиции ќе им се даде на активностите за воспоставување и обновување на патната инфраструктура, водоводот и канализацијата во руралните области, како и на обезбедувањето инфраструктура за пристап до земјоделско и шумско земјиште.

Активностите во рамките на „Спроведување на стратегиите за локален развој – пристап LEADER“ се насочени кон промовирање на локалните иницијативи и партнерство преку вклучување на локалните заедници, како и претставници на деловната заедница и локалната власт, бидејќи постои очигледна потреба да се поттикне и развие капацитетот на руралното население за заедничко дејствување со цел да се развијат и спроведат интегрирани стратегии за локален развој преку комбинација на ресурсите, знаењето и вештините на претставници на јавниот сектор, економијата и социјалниот сектор, кои ја формираат основата на локалните акциски групи.

### 6.3.4 Трансфер на знаење и иновации во областа на земјоделството, шумарството и руралните средини

Ниедна од горенаведените цели не може да се постигне без значителни инвестиции во човечкиот капитал. Затоа, целта на активностите предвидени за „**Трансфер на знаење и иновации во областа на земјоделството, шумарството и во руралните средини и зајакнување на капацитетот на јавната администрација во спроведувањето на програмите за рурален развој**“ е зајакнување на човечкиот капитал во руралните средини и на тој начин тие придонесуваат за решавање на проблемот со тесниот опсег и недоволната обука, недостатокот на информации. Иако земјоделците и руралните жители имаат добар пристап до консултации од општа природа во областа на традиционалните методи на земјоделско производство, економија и сметководство, правни совети, постои недостиг на специјализирани консултации и обуки во областа на подобрување на технологијата на производство, продуктивност, агроеколошко земјоделство и примена на барања за заштита на животната средина и други барања, развој на заедницата и партнерство во областа на маркетинг и диверзификација на

економските дејности. Затоа, важно е во иднина да се обезбеди таков тип консултации за руралното население.

### 6.3.5 Хоризонтални и меѓусекторски приоритети

Во согласност со целите на оваа Програма, при спроведувањето на програмата ќе бидат земени предвид серија хоризонтални и меѓусекторски приоритети.

Така, хоризонтални и меѓусекторски приоритети во обезбедувањето поддршка се следниве (наведени по случаен избор):

- проекти поднесени од жени и млади претприемачи (на возраст помеѓу 18 и 40 години)
- активни земјоделски стопанства;
- активности за заштита на животната средина и ублажување на климатските промени;
- воведување иновации и нови производи;
- развој на претприемништвото и креирање работни места;
- заеднички иницијативи и колективни инвестиции;
- диверзификација на активностите во економски помалку развиените региони (рурални средини, планинските подрачја, пограничните подрачја и подрачја во најмалку развиените региони);
- промоција на рурален туризам во подрачја кои се сметаат за културно наследство, блиски арехеолошки наоѓалишта, национални паркови или споменици на природата;
- зачувување и промоција на традицијата и наследството;
- активности за зајакнување на човечкиот капитал во руралните средини и за промовирање локални иницијативи;
- активности за зајакнување на вештини и способности за развој на бизнис.

Хоризонталните и меѓусекторските приоритети ќе се применуваат без оглед на целите на оваа Програма. Во практична смисла, тоа значи дека овие хоризонтални и меѓусекторски приоритети во Програмата ќе бидат опфатени во рангирањето на проектите за време на нивниот избор по мерка или ќе се спроведуваат преку помош со повисок износ.

## 6.4. Конзистентност помеѓу предложената интервенција на ИПАРД и Програмската рамка и Стратешкиот одговор на ИПА III (ИПА III СО)

Според **ИПА III СО**[64], во претстојниот програмски период 2021-2027 година, главните цели за земјоделскиот сектор остануваат следниве:

- да се подготви земјата за учество во Заедничката земјоделска политика на ЕУ, да го усогласи законодавството со *acquis* и со европските стандарди во областа на

[64] ПРОЗОР 4 – КОНКУРЕНТНОСТ И ИКЛУЗИВЕН РАСТ (*Тематски приоритет 3: Земјоделство и рурален развој и Тематски приоритет 4: рибарство*)

земјоделството, храната, ветеринарството, благосостојбата на животните, хигиената и животната средина и да ги изгради потребните административни и институционални капацитети;

- да се зголеми конкурентноста на земјоделското производство и земјоделско-прехранбената индустрија на Северна Македонија на меѓународните пазари;
- да се намали негативното влијание на земјоделските активности врз животната средина;
- да се отстранат ризиците по растителното, животинското и јавното здравје;
- да се промовира територијално рамномерен и одржлив развој во руралните средини;

ИПАРД ќе продолжи да обезбедува поддршка за реструктуирање и модернизација на земјоделските стопанства и на земјоделско-прехранбениот сектор. Посебно внимание ќе биде посветено на малите земјоделски стопанства, одговорни за најголемиот дел од националното производство, со цел да бидат повеќе пазарно ориентирани, како и за потсекторите за кои државата има компаративна предност.

Комплементарно со ИПАРД, ќе се даде поддршка и на клучните трансверзални прашања, како што се консолидација на земјиште, групи на земјоделци, советодавните услуги, пристап до финансии, еколошки системи за наводнување, со цел да се стимулираат приватните инвестиции и зголемувањето на конкурентноста на секторот.

Со цел да се придонесе за ублажување на климатските промени, да се поттикне одржливо управување со природните ресурси и да се намали негативното влијание на земјоделските активности врз животната средина, заедно со прогресивното воведување на вкрстена усогласеност во директните плаќања, ќе се воведе и меркара „Агроекологија, клима и органско производство“.

Продолжувањето на мерката „Техничка помош“ на ИПАРД ќе овозможи зајакнување на капацитетите неопходни за успешна реализација на програмата и дополнително развивање на следењето и евалуацијата на програмата.

Руралната инфраструктура, исто така, ќе биде поддржана со средства на ИПАРД за да се создаде поволна средина за раст на руралната економија, да се подигне квалитетот на животот во руралните заедници и да се промовира територијално рамномерен и одржлив развој во руралните средини; тоа ќе вклучува физички средства (на пр. селски/земјоделски патишта, управување со водите, управување со отпад, снабдување со енергија итн.).

ИПАРД ќе го олесни развојот на бизнисот, растот и вработувањето во руралните средини, ќе ја подобри позицијата на земјоделците во синџирот на вредност и ќе ги привлече младите земјоделци да се занимваат со земјоделство. Исто така, диверзификацијата на економските активности, вклучувајќи го и руралниот туризам, ќе продолжи да се промовира преку посебна мерка на ИПАРД.

Вклученоста на граѓанското општество во процесот на локално планирање и развој ќе се поттикнува преку формирање Локални акциски групи.

Во однос на меѓусекторските прашања, ИПА III ќе го промовира одржливиот економски развој на Северна Македонија. Фондовите на ЕУ ќе се насочат кон зазеленување, закрепнување и модернизација на економијата преку воспоставување на Програмата за „Зелени бизниси“ и зајакнување на соработката и позицијата на земјоделците во синџирот на снабдување. Фондовите на ЕУ, исто така, ќе ја подобрат конкурентноста на земјоделскиот сектор во согласност со ревидираната Заедничка земјоделска политика. Тие ќе го поддржат формирањето на Заеднички пазарни организации (ЗПО) како безбедносна мрежа за земјоделците во земјата, а истовремено ќе ги утврдат стандардите за маркетинг на одредени производи. Акцијата, исто така, ќе придонесе за спроведување на Зелената агенда за Западен Балкан и за постигнување на целите на земјата за големината на зелената економија, зголемување на бројот на зелени работни места и поттикнување постепено преминување кон циркуларна климатско-неутрална економија. Покрај тоа, Телото за управување со ИПАРД и другите оперативни структури ќе се стремат да воспостават плодна соработка со други владини органи, со цел понатамошно интегрирање на активностите на ИПАРД III Програмата со поврзаните програми за прекугранична соработка Интеррег ИПА 2021-2027 година (Грција-Северна Македонија, Бугарија-Северна Македонија), Интеррег ИПА транснационалните програми (ИПА Адрион, Еуро - МЕД), како и Стратегијата на Европската Унија за Јадранско-јонскиот регион (ЕУСАИР).

Во рамките на подготовката за управувањето со фондовите на ЕУ за земјоделство и рурален развој, ќе се обезбеди дополнителна поддршка за постигнување целосна функционалност и интероперабилност на Интегрираниот систем за администрација и контрола (ИСАК).

Конечно, активностите за градење капацитети ќе се однесуваат на две важни прашања за земјоделството и руралниот развој. Прво, ќе се обезбеди поддршка за подобрување на квалитетот на советодавните услуги за земјоделските стопанства во земјата. Второ, ИПАРД ќе го подобри развојот на заедницата и социјалниот капитал во руралните средини и ќе изгради модерни јавни администрации за земјоделство и рурален развој, со почитување на начелата на добро владеење. Очекуваните резултати го вклучуваат следново: i) подобрена конкурентност, ефикасност и одржливост на земјоделско-прехранбениот сектор, обезбедување подобар одговор на општествените барања за безбедна, хранлива и одржлива храна, ii) зајакнат територијално рамномерен и одржлив развој на руралните средини и, iii) намалено негативно влијание на земјоделските активности врз животната средина, преку ублажување на климатските промени и одржливо управување со природните ресурси. Слободното движење на безбедна храна и заштитата на здравјето на луѓето, животните и растенијата е постигнато.

## 6.5. Усогласување на избраните мерки и критериуми за избор со главните елементи на Зелениот договор на ЕУ и Зелената агенда за Западен Балкан

ИПАРД III Програмата интегрираше различни активности во сите мерки за да придонесе за постигнување на главните цели на Зелената агенда за Западен Балкан: зајакнување на ефикасното користење на ресурсите преку преминување кон чиста, циркуларна економија, обновување на биолошката разновидност, намалување на загадувањето и хоризонтална цел за зајакнување на знаењето за одржлив и иновативен развој.Ова се однесува на сите сектори, примарно земјоделско производство, преработка и маркетинг на храна, како и за сите фази, од производство, употреба и конечно одлагање на отпадот. Активностите во рамките на ИПАРД III ќе ја опфатат главно областа на земјоделството и производството на храна, но исто така значително ќе се одразат на декарбонизацијата, намалувањето на загадувањето на воздухот, водата и почвата, циркуларната економија и заштитата на биолошката разновидност. Во тој поглед, економскиот раст и новите деловни можности во рамките на ИПАРД III се поврзани со поодржливи модели на потрошувачка и производство, вклучувајќи и промоција на циркуларната економија, зачувување на дефицитарните ресурси и подобра повторна употреба на отпадот. Според тоа, се очекува ИПАРД III да ги зајакне руралните економии, преструктуирањето на земјоделско-прехранбените сектори и намалувањето на отпадот, и притоа придонесува за циркуларна и биоекономија и ги претвора руралните средини во поживи простори за живеење и поотпорни на предизвици како што се климатските промени и губењето на биолошката разновидност.

Законодавството на земјата во однос на здравјето на животните и растенијата, безбедноста на храната и благосостојбата на животните веќе е усогласена со важечките регулативи на ЕУ. Оттука, предизвикот што треба да се реши сега со поддршката на ИПАРД е да се натераат „прехранбените претпријатија“ да ги следат и почитуваат законските одредби и да ги усогласат со стандардите на ЕУ. Поради тоа, со ИПАРД III Програмата повисока помош се дава на инвестициите поврзани со управување со отпад и отпадни води, обновливи извори на енергија и инвестиции како циркуларната економија (ефикасна повторна употреба на отпадни материјали) и преработка на алтернативни земјоделски производи. Предвидени се инвестиции за воспоставување и развој на кратки синџири на снабдување и локални пазари, вклучувајќи ги и трошоците за анимирање, кои треба да ја подобрат позицијата на земјоделците на пазарот.

Спроведувањето на мерката „Агроекологија, клима и органско производство“, која опфаќа органско земјоделско производство и други интервенции, ќе придонесе за зголемена климатска амбиција, зачувување на биолошката разновидност, намалување на употребата на пестициди, прекумерни хранливи материи и деградација на почвата предизвикана од ерозија. Инвестициите во третман на отпадните води во руралните заедници ќе придонесат за подобро управување со водите и подобар квалитет на водата.

Кога користи средства од ИПАРД, секој корисник мора да ги задоволи стандардите на ЕУ за поддржани инвестиции што значи дека земјоделските производи и храната се безбедни, обилни, хранливи и со висок квалитет.

Инвестициските мерки на ИПАРД придонесуваат за конкурентноста на земјоделско-прехранбениот сектор, што доведува до создавање нови работни места и живи рурални заедници. Со поддршката на локалните заедници во руралните средини преку пристапот ЛИДЕР, ширењето на добри практики и иновации и вмрежувањето, ќе им се овозможи на руралните заедници подобро да одговорат на горенаведените предизвици.

Иницијативата за воведување Мерка „Советодавни услуги" ќе го олесни преминот кон иновативни и еколошки технологии и земјоделски методи и ќе ја подобри соработката меѓу научните/истражувачките тела, услугите за поддршка и производителите во земјоделско-прехранбениот сектор. Друго хоризонтално прашање за зајакнување на знаењето за одржлив и иновативен развој се обезбедува преку спроведување на мерки за обука и информирање на корисниците на ИПАРД.

Исто така, важно е да се информира пошироката јавност за улогата и значењето на одржливите земјоделско-прехранбени системи за зачувување на животната средина и природата, за придонесот за целата заедница и општата одржливост.

## 6.6. Збирна табела на Интервентната матрица која ги прикажува мерките избрани за ИПАРД, квантифицираните цели на мерките и целите на Програмата

| Мерки | Цели на мерката | Цели на програмата |
| --- | --- | --- |
| **Мерка -1 „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“** | • Број на земјоделски стопанства и претпријатија за преработка на храна поддржани од ИПАРД во модернизацијата (1.800)<br>• Број на фарми и претпријатија за преработка на храна што добиваат инвестициска поддршка од ИПАРД за постепено усогласување со хигиенските и стандарди за благосостојба на животните на ЕУ (1.000)<br>• Број на отворени работни места (250)<br>• Број на млади земјоделци што добиваат поддршка од ИПАРД за инвестиции (800)<br>• Број на поддржани групи/организации на производители (10)<br>• Број на земјоделци што учествуваат во поддржаните Групи на производители, Организации на производители, локални пазари, кратки синџири за снабдување и програми за квалитет (120)<br>• Број на колективни инвестиции (15)<br>• Број на корисници на ИПАРД со поддршка за инвестиции поврзани со заштита на животната средина или климатски промени (1.000)<br>• Број на корисници на ИПАРД со поддршка за инвестиции за управување со арско ѓубре (70)<br>• Број на корисници на ИПАРД со поддршка во инвестиции за третман или управување со отпад (140)<br>• Број на ИПРД корисници со поддршка во инвестиции за производство на енергија од обновливи извори (200)<br>• Вкупни инвестиции во модернизација на фарми и земјоделскиот сектор 64,8 милиони евра) | • Број на проекти со ИПА поддршка во земјоделско-прехранбениот сектор и секторот за рурален развој (2.867)<br>• Вкупни инвестиции обезбедени преку ИПА во земјоделско-прехранбениот сектор и руралниот развој (184,9 мил. евра)<br>• Број на економски субјекти кои изведуваат проекти за модернизација во земјоделско-прехранбен сектор (2.000)<br>• Број на економски субјекти со постепено надградување согласно европските стандарди (1.120)<br>• Број на отворени работни места (бруто) (965)<br>• Број на земјоделски стопанства/претпријатија кои обезбедуват |
| **Мерка – 2 „Поддршка за формирање групи на производители“** | | |
| **Мерка -3 „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на** | • Број на земјоделски стопанства и претпријатија за преработка на земјоделска храна поддржани од ИПАРД во модернизацијата (120)<br>• Број на фарми и претпријатија за преработка на храна и рибни производи што добиваат инвестициска поддршка од ИПАРД за постепено | |

| | | |
|---|---|---|
| **земјоделски и рибни производи“** | усогласување со стандардите на ЕУ за хигиена и за благосостојба на животните (120)<br>• Број на поддржани групи/организации на производители (8)<br>• Број на земјоделци што учествуваат во поддржаните Групи на производители, Организации на производители, локални пазари, кратки синџири за снабдување и програми за квалитет (100)<br>• Број на колективни инвестиции (3)<br>• Број на корисници на ИПАРД со поддршка за инвестиции поврзани со заштита на животната средина или климатски промени (60)<br>• Број на корисници на ИПАРД со поддршка во инвестиции за третман или управување со отпад (40)<br>• Број на ИПРД корисници со поддршка во инвестиции за производство на енергија од обновливи извори (30)<br>• Број на отворени работни места (400)<br>• Број на проекти со инвестиции во циркуларна економија (8)<br>• Вкупни инвестиции во модернизација на фарми и земјоделскиот сектор (79,4 милиониевра) | дополнителни или диверзифицирани извори на приход во руралните средини (50) |
| **Мерка -4 „Агроекологија, клима и органско производство“** | • Број на договори (500);<br>• Вкупно земјоделско земјиште (ха) со склучени договори за животна средина и/или клима (1.000 ха);<br>• Вкупна површина (ха) по вид на операција вклучена во следните категории:<br>– управување со инпутите (вклучувајќи интегрирано производство, намалување на употребата на ѓубрива и употребата на пестициди, што опфаќа прецизно земјоделство, управување со арско ѓубре, итн.); (1.000 ха);<br>– б) Практики за одгледување (вклучувајќи плодоред, диверзификација на културите, управување со почвата преку зачувување или без обработување, покривање на почвата итн.); (700 ха);<br>– в) органско производство (300ха).<br>• Број на стопанства поддржани за следново:<br>– Конверзија кон органско производство (50);<br>– Одржување на органското производство (100);<br>• Вкупна површина поддржана за: | |

| | | |
|---|---|---|
| | – Конверзија кон органско производство (100 ха);<br>– Одржување на органското производство (200 ха);<0} | |
| **Мерка -5 „Спроведување на стратегии за локален развој – Пристап LEADER“** | • Број на ЛАГОВИ кои функционираат во руралните средини (10)<br>• Население покриено со ЛАГОВИ (500.000)<br>• Број на отворени работни места (бруто) (10)<br>• Број на мали проекти (50)<0} | |
| **Мерка – 6 „Инвестиции во руралната јавна инфраструктура“** | • Вкупни инвестиции во рурална диверзификација, развој на бизнисот и инфраструктура (16,7 мил. {0><}100{>евра)<br>• Број на отворени нови работни места (5)<br>• Број на поддржани локални инфраструктури (30)<br>• Број на корисници на ИПАРД со поддршка за инвестиции поврзани со заштита на животната средина или климатски промени (10) | |
| **Мерка -7 „Диверзификација на фарми и развој на бизниси“** | • Број на земјоделски стопанства и претпријатија за преработка на земјоделска храна поддржани од ИПАРД во модернизацијата (80)<br>• Вкупни инвестиции во модернизација на фарми и земјоделскиот сектор (8 милиони {0><}100{>евра)<br>• Број на корисници на инвестициска поддршка од ИПАРД за рурална диверзификација и развој на бизнисот (200)<br>• Вкупни инвестиции во рурална диверзификација, развој на бизнисот и инфраструктура (40,7 мил. {0><}100{>евра)<br>• Број на отворени нови работни места (300)<br>• Број на млади земјоделци што добиваат поддршка од ИПАРД за инвестиции (40)<br>• Број на поддржани групи/организации на производители (0)<br>• Број на земјоделци што учествуваат во поддржаните Групи на производители, Организации на производители, локални пазари, кратки синџири за снабдување и програми за квалитет (0)<br>• Број на колективни инвестиции (2)<br>• Број на корисници на ИПАРД со поддршка за инвестиции поврзани со заштита на животната средина или климатски промени (50)<br>• Број на корисници на ИПАРД со поддршка во инвестиции за третман или управување со отпад (10)<br>• Број на ИПРД корисници со поддршка во инвестиции за производство на енергија од обновливи извори (2) | |

| | | |
|---|---|---|
| **Мерка -8 „Подобрување на вештините и компетенциите“** | | |
| **Мерка – 9 „Техничка помош“** | • Број на промотивни материјали за општо информирање на сите заинтересирани страни (летоци, брошури и сл.) (250.000);<br>• Број на промотивни кампањи (3);<br>• Број на поддржани експертски задачи (15);<br>• Број на работилници, конференции, семинари (100);<br>• Број на состаноци на Комитетот за следење (14);<br>• Број на студии за изготвување и спроведување на Програмските мерки (8);<br>• Број на извештаи за евалуација на Програмата (5);<br>• Број на поддржани активности за рурално вмрежување (7);<br>• Број на поддржани потенцијални ЛАГ (15) | |
| **Мерка – 10 „Советодавни услуги“** | • Број на корисници на групни совети (1.000)<br>• Број на корисници на индивидуален совет (300)<br>• Број на совети дадени за ИПАРД (100)<br>• Број на совети дадени за Животна средина (60)<br>• Број на совети дадени за Јавно здравје (60)<br>• Број на совети дадени за Благосостојба на животните (60) | |
| **Мерка -11 „Воспоставување и заштита на шумите“** | | |

# 7. СЕОПФАТНИ ФИНАНСИСКИ ТАБЕЛИ

## 7.1. Максимален придонес на ЕУ за фондовите на ИПАРД за 2021-2027, во ЕУР[65]

| Година | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИПА Земјоделство и рурален развој | 7.000.000 | 8.000.000 | 12.000.000 | 15.000.000 | 17.000.000 | 18.000.000 | 20.000.000 | **97.000.000** |

## 7.2. Финансиски план по мерка 2021-2027, во ЕУР

| | Вкупна јавна помош | Вкупна јавна помош | Учество на ЕУ | Стапка на учество на ЕУ | Национално учество | Стапка на национално учество |
|---|---|---|---|---|---|---|
| (1) | (2) | % | (3) | (4=3/2)% | (5) | (6=5/2)% |
| Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства | **38.866.667** | 60% | **29.150.000** | 75% | **9.716.667** | 25% |
| Поддршка за формирање групи на производители[66] | **0** | | **0** | | **0** | |
| Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи | **39.706.667** | 50% | **29.780.000** | 75% | **9.926.667** | 25% |
| Агроекологија, клима и органско производство | **1.647.059** | 100% | **1.400.000** | 85% | **247.059** | 15% |
| Спроведување на стратегии за локален развој - Пристап LEADER | **2.166.667** | 100% | **1.950.000** | 90% | **216.667** | 10% |
| Инвестиции во руралната јавна инфраструктура | **16.733.333** | 100% | **12.550.000** | 75% | **4.183.333** | 25% |
| Диверзификација на фарми и развој на бизниси | **24.400.000** | 60% | **18.300.000** | 75% | **6.100.000** | 25% |
| Подобрување на вештините и компетенциите | **0** | | **0** | | **0** | |
| Техничка помош | **2.905.882** | 100% | **2.470.000** | 85% | **435.882** | 15% |
| Советодавни услуги | **1.647.059** | 100% | **1.400.000** | 85% | **247.059** | 15% |
| Воспоставување и заштита на шумите | **0** | | **0** | | **0** | |
| **ВКУПНО** | **128.073.333** | | **97.000.000** | | **31.073.333** | |

[65] Годишните учества се индикативни бидејќи за реалните износи ќе се одлучува годишно во рамките на буџетот на ЕУ
[66] Буџетот за оваа мерка како и мерката Подобрување на вештините и компетенциите и Воспоставување и заштита на шумите ќе се воведат по одобрувањето на мерките.

## 7.3. Индикативен преглед на буџетот по мерка, 2021-2027, во ЕУР

| **МЕРКИ** | **Вкупна јавна помош** | **Приватен придонес** | **Вкупно трошоци** |
|---|---|---|---|
| **(1)** | **(2)** | **(3)** | **(4=2+3)** |
| Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства | 38.866.667 | 25.911.111 | 64.777.778 |
| Поддршка за формирање групи на производители | 0 | 0 | 0 |
| Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи | 39.706.667 | 39.706.667 | 79.413.333 |
| Агроекологија, клима и органско производство | 1.647.059 | | 1.647.059 |
| Спроведување на стратегии за локален развој - Пристап LEADER | 2.166.667 | 0 | 2.166.667 |
| Инвестиции во руралната јавна инфраструктура | 16.733.333 | 0 | 16.733.333 |
| Диверзификација на фарми и развој на бизниси | 24.400.000 | 16.266.667 | 40.666.667 |
| Подобрување на вештините и компетенциите | 0 | 0 | 0 |
| Техничка помош | 2.905.882 | 0 | 2.905.882 |
| Советодавни услуги | 1.647.059 | 0 | 1.647.059 |
| Воспоставување и заштита на шумите | 0 | | 0 |
| **ВКУПНО** | **128.073.333** | **81.884.444** | **209.957.778** |

## 7.4 Буџет на учеството на ЕУ по мерка 2021-2027, во ЕУР (само за цели за следење)

| МЕРКИ | Учество на ЕУ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2021-2027 | |
| Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства | 2.940.000 | 2.560.000 | 4.920.000 | 3.750.000 | 5.100.000 | 4.680.000 | 5.200.000 | 29.150.000 | 30% |
| Поддршка за формирање групи на производители | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0% |
| Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи | 3.150.000 | 3.040.000 | 4.320.000 | 3.750.000 | 5.100.000 | 5.220.000 | 5.200.000 | 29.780.000 | 31% |
| Агроекологија, клима и органско производство | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 340.000 | 360.000 | 400.000 | 1.400.000 | 1% |
| Спроведување на стратегии за локален развој - Пристап LEADER | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 510.000 | 540.000 | 600.000 | 1.950.000 | 2% |
| Инвестиции во руралната јавна инфраструктура | 0 | 0 | 0 | 3.300.000 | 2.550.000 | 2.700.000 | 4.000.000 | 12.550.000 | 13% |
| Диверзификација на фарми и развој на бизниси | 910.000 | 2.240.000 | 2.400.000 | 3.000.000 | 2.550.000 | 3.600.000 | 3.600.000 | 18.300.000 | 19% |
| Подобрување на вештините и компетенциите | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0% |
| Техничка помош | 0 | 160.000 | 360.000 | 300.000 | 510.000 | 540.000 | 600.000 | 2.470.000 | 3% |
| Советодавни услуги | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 340.000 | 360.000 | 400.000 | 1.400.000 | 1% |
| Воспоставување и заштита на шумите | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0% |
| **ВКУПНО** | **7.000.000** | **8.000.000** | **12.000.000** | **15.000.000** | **17.000.000** | **18.000.000** | **20.000.000** | **97.000.000** | **100%** |

## 7.5 Процентуална распределба на учеството на ЕУ по мерка 2021-2027

| МЕРКИ | Учество на ЕУ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| | % | % | % | % | % | % | % |
| Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства | 42% | 32% | 41% | 25% | 30% | 26% | 26% |
| Поддршка за формирање групи на производители | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи | 45% | 38% | 36% | 25% | 30% | 29% | 26% |
| Агроекологија, клима и органско производство | 0% | 0% | 0% | 2% | 2% | 2% | 2% |
| Спроведување на стратегии за локален развој - Пристап LEADER | 0% | 0% | 0% | 2% | 3% | 3% | 3% |
| Инвестиции во руралната јавна инфраструктура | 0% | 0% | 0% | 22% | 15% | 15% | 20% |
| Диверзификација на фарми и развој на бизниси | 13% | 28% | 20% | 20% | 15% | 20% | 18% |
| Подобрување на вештините и компетенциите | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| Техничка помош | 0% | 2% | 3% | 2% | 3% | 3% | 3% |
| Советодавни услуги | 0% | 0% | 0% | 2% | 2% | 2% | 2% |
| Воспоставување и заштита на шумите | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 0% |
| **ВКУПНО** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** |

# 8. ОПИС НА СЕКОЈА ОД ИЗБРАНИТЕ МЕРКИ

## 8.1. Барања што се однесуваат на сите или неколку мерки

### 8.1.1 Корисници што се прифатливи за поддршка

Прифатливите корисници се детално опишани во фишеата на мерките.

Постојат 12 групи прифатливи корисници во рамките на Програмата:

1. Земјоделски стопанства регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства што се води од МЗШВ во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој;

2. Сопственици на шуми, јавното шумско претпријатие, национални паркови и образовни и истражувачки институции што се занимаваат со шумарство;

3. Здружени правни лица (групи на производители, задруги, итн.) регистрирани во МЗШВ во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој;

4. Оператори со храна (преработка и/или маркетинг на земјоделски и рибни производи) регистрирани во согласност со Законот за трговски друштва или Законот за задруги и Законот за безбедност на храната;

5. Неземјоделски претпријатија регистрирани во согласност со Законот за трговски друштва, Законот за задруги или Законот за занаетчиство;

6. Физички лица и правни лица регистрирани во согласност со Законот за угостителска дејност или Законот за автокампови;

7. Општини или органи/претпријатија основани од општините;

8. Непрофитни правни лица регистрирани во согласност со Законот за здруженија на граѓани или Законот за трговски друштва;

9. Локални акциски групи регистрирани во МЗШВ во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој;

10. Национална советодавна служба основана со Законот за основање Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството;

11. Научни и образовни институции и даватели на обука основани и/или признаени во согласност со националното законодавство;

12. Јавни претпријатија основани со Законот за јавните претпријатија, или со посебно законодавство за прогласување национални паркови, јавни органи основани од општините во согласност со Законот за меѓуопштинска соработка.

### 8.1.2 Национални стандарди што се релевантни за Програмата и се во согласност со стандардите на ЕУ

Поддржаните операции се во согласност со релевантните одредби на правната рамка за ИПА, одредбите од Рамковната и Секторската спогодба и националното право поврзано со нивната примена.

За да бидат прифатливи за поддршка, инвестициските операции се предмет на процена на очекуваното влијание врз животната средина во согласност со специфичниот закон за инвестицијата од тој вид.

Корисниците што се поддржани во рамките на ИПАРД III треба да ги исполнат релевантните национални стандарди во однос на регистрирањето на земјоделското стопанство, признавањето на организациите на производители или другите форми на здружување, благосостојбата на животните и заштитата на животната средина, хигиената на храната и сточната храна, како и идентификацијата и регистрацијата на животните. Корисниците треба да бидат запознаени со листата на услови што треба да ги почитуваат. Најдоцна пред конечната исплата на инвестицијата, целото стопанство/претпријатие мора да ги исполнува релевантните национални стандарди што се во сила и се применливи за соодветната мерка.

Инвестицијата, кога ќе биде завршена, мора да ги почитува релевантните стандарди на Европската Унија во однос на заштитата на животната средина и благосостојбата на животните за мерка 1 и заштитата на животната средина, јавното здравје, благосостојбата на животните и безбедноста и здравјето при работа за мерка 3. Ако националните стандарди се слични на стандардите на Унијата, во соодветно образложени случаи, може да се одобри отстапување од ова правило од страна на Европската комисија.

Во случајот кога се спроведува колективна инвестиција од законски основан субјект во име на неговите членови, националните стандарди се применуваат на средствата на субјектот, а не на средствата што се поседуваат од секој учесник/член на тој субјект.

Целосната и ажурирана листа со национални минимални стандарди во сила и нивната усогласеност со релевантните стандарди на ЕУ, утврдена од Телото за управување во однос на прифатливите инвестициски активности и приоритетниот сектор во рамките на специфичните мерки од Програмата е дадена во Анекс 15 кон оваа Програма.

### 8.1.3 Прифатливи трошоци

- Поддржаните инвестиции во производство и/или преработка и/или маркетинг на производи (мерки 1 и 3) мора да бидат опфатени во Анекс I на ДФЕУ, вклучувајќи рибни производи, и/или развој на нови производи, процеси и технологии поврзани со производи што се опфатени во Анекс I кон ДФЕУ, вклучувајќи рибни производи. Аутпутот на производниот процес може да биде производ што не е опфатен во Анексот.

- Следниве трошоци се сметаат за прифатливи за инвестиции во согласност со Секторската спогодба:

а. изградба или подобрување на недвижен имот е прифатливо до пазарната вредност на средството, утврдена во согласност со членот 11(2)(ѓ) и членот 11(3)(г);

б. купувањето нови машини и опрема, вклучувајќи компјутерски хардвер и софтвер, е прифатливо до пазарната вредност на средството, утврдена во согласност со членот 11(2)(ѓ) и членот 11(3)(г);

в. општи трошоци поврзани со трошоците што се спомнуваат во точките (а) и (б), како што се надоместоци за архитекти, инженери и други консултанти и студии за изводливост, се прифатливи до горна граница од 10 % од трошоците што се наведени во тие точки (а) и (б) под следниве услови:

i. прифатливиот износ на општите трошоци не ја надминува разумната цена на чинење утврдена во согласност со членот 11(2)(ѓ) и членот 11(3)(г);

ii. за проекти со прифатливи трошоци за инвестициите што се наведени во точките (а) и (б) од повеќе од 3 милиони евра, трошоците за изготвување Деловен план не смее да надминуваат 3 % од прифатливите трошоци за овие инвестиции;

iii. за проекти со прифатливи трошоци за инвестициите што се наведени во точките (а) и (б) од најмалку 1 милион евра и не повеќе од 3 милиони евра, трошоците за изготвување Деловен план не смее да надминуваат 4 % од прифатливите трошоци за овие инвестиции;

iv. за проекти со прифатливи трошоци за инвестициите што се наведени во точките (а) и (б) од помалку од 1 милион евра, трошоците за изготвување Деловен план не смее да надминуваат 5 % од прифатливите трошоци за овие инвестиции.

- Целосните листи со прифатливи трошоци за секоја мерка во рамките на ИПАРД Програмата се изготвуваат засебно од секоја земја и се праќаат до Европската комисија за прифаќање.
- Какви било договори и додатоци што се потпишани или трошоци што се поднесени од корисниците и плаќања што се извршени од земјата не се прифатливи за финансирање од ИПАРД III Програмата пред потпишувањето на релевантниот Договор за финансирање. Ова начело не се применува за активностите во рамките на мерката за Техничка помош и за трошоците поврзани со општи трошоци, под услов ако трошоците се поднесени од корисниците по 1 јануари 2021 година.
- За другите мерки, трошоците се сметаат за прифатливи за кофинансирање ако се поднесени по склучувањето на договор за кофинансирање на проект меѓу корисникот и ИПАРД Агенцијата.

- Општите трошоци може да настанат пред склучување на договорот за кофинансирање на проект меѓу корисникот и ИПАРД Агенцијата или издавање на одлуката за одобрување на проектот за спроведување, но не порано од 1 јануари 2021 година. Општите трошоци може да се сметаат за прифатливи за кофинансирање единствено ако подносителот на пријавата побарал поддршка за општи трошоци во пријавата, обезбедувајќи детална документација што ги оправдува реалноста и вистинитоста на трошоците и ако проектот на кој тие се однесуваат е избран и е предмет на договор со ИПАРД Агенцијата.
- Трошоци за информативни и рекламни активности на ниво на проект што се во надлежност на корисниците се сметаат за прифатливи за кофинансирање ако активностите се во согласност со правилата за публицитет и видливост што се применливи за Програмата.
- Корисникот треба да обезбеди детална документација за оправдување на реалноста и вистинитоста на трошоците со барањето за исплата поднесено до ИПАРД Агенцијата. ИПАРД Агенцијата е одговорна за проверка на реалноста и вистинитоста на трошоците и за објавување на листата на услови и потребни документи за оправдување на трошоците од страна на подносителот/корисникот во упатството за корисниците.
- За инвестиции во постројки за обновлива енергија, за мерките 1 и 3, продажбата на електрична енергија во мрежата е дозволена под услов ако се почитува ограничувањето за „потрошувачка за сопствени потреби“ (т. е. електричната енергија што се продава во мрежата е еднаква во просек на електричната енергија што е преземена. Ова е оправдано од фактот што, бидејќи електричната енергија не може да се складира, таа мора да се продаде во мрежата, или, во спротивно, ќе остане неискористена; мрежата за пренос на електрична енергија може да се смета за место за складирање на електричната енергија, каде што таа се донесува и се повлекува во текот на годината во сличен износ и со различен ритам. Концептот за „потрошувачка за сопствени потреби“ треба да се провери во фазата на поднесување на проектот. Инвестицијата се смета за прифатлива кога (теоретскиот) капацитет на постројката за обновлива енергија („инвестицијата“) не надминува 120 % од 3-годишната просечна потрошувачка за сопствени потреби на земјоделското стопанство.
- За инвестиција во систем за наводнување треба да биде инсталиран водомер што овозможува мерење на искористената вода на ниво на поддржаната инвестиција (освен кога поддржаната инвестиција е поврзана со колективен систем за наводнување) или таквиот водомер треба да се инсталира како дел од таа инвестиција.

### 8.1.4. Примена на условот за трајност

Инвестицијата за која корисникот добил поддршка не смее да биде предмет на значајни модификации во рок од пет години по датумот на прием на конечната исплата.

Значајни модификации на инвестицијата се модификациите што резултираат во:

- престанок или преместување на некоја кофинансирана производна дејност надвор од програмската област;
- промена во сопственоста на дел од инфраструктурата што носи несоодветна предност за некое друштво или јавно тело; или
- суштинска промена што влијае врз природата на инвестицијата, нејзините цели или условите за спроведување што би резултирала со загрозување/менување на нејзините првични цели.

Во случај на исклучителни ситуации што може да влијаат врз инвестициите (на пр. пожар или поплава) или виша сила (на пр. пандемија), корисникот мора да ја информира ИПАРД Агенцијата во роковите согласно Секторската спогодба или Договорот за кофинансирање.

Корисниците се обврзани да ја чуваат целата сметководствена евиденција најмалку 7 години по спроведувањето на инвестициите, како и да соработуваат и да ги обезбедуваат бараните информации на службениците од МЗШВ, ИПАРД Агенцијата или Европската комисија, кои се овластени за контрола и ревизија на спроведувањето на проектот, како и на НСА/НФ и Ревизорското тело и на други организации и институции на барање на ИПАРД Агенцијата.

Условите за финансирање ќе бидат предвидени и дополнително разработени во Договорот за кофинансирање на проектот меѓу корисникот и ИПАРД Агенцијата.

### 8.1.5. Неприфатливи трошоци за поддршка во рамките на Програмата

Во согласност со членот 35(3) од Секторската спогодба, следниве трошоци не се прифатливи во рамките на ИПАРД III Програмата:

(а) даноци, вклучувајќи данок на додадена вредност;

(б) набавка, најмување или закуп на земја и постојни згради, независно од тоа дали закупот резултира со пренос на сопственоста на закупецот, освен ако одредбите на ИПАРД III Програмата не го предвидуваат тоа;

(в) глоби, финансиски казни и трошоци на судска постапка;

(г) оперативни трошоци, освен кога тие се уредно оправдани од природата на мерката во ИПАРД III Програмата или во случај на виша сила или исклучителни околности;

(д) половни машини и опрема;

(ѓ) банкарски трошоци, трошоци за гаранции и слични давачки;

(е) трошоци и давачки за претворање девизни средства и загуби од курсните разлики што се поврзани со која било сметка на ИПАРД во евра, како и други чисто финансиски расходи;

(ж) придонеси во натура;

(з) купување права за земјоделско производство, животни, едногодишни растенија и нивно садење;

(ѕ) какви било трошоци за одржување, амортизација и наем, освен кога тие се уредно оправдани од природата на мерката во ИПАРД III Програмата или во случај на виша сила или исклучителни околности;

(и) сите настанати трошоци и сите плаќања извршени од јавната администрација при управување и спроведување на помошта, вклучително оние на управувачката и оперативната структура и, особено, режиски трошоци, наеми и плати на персоналот што работи на активности за управување, спроведување, следење и контрола, освен кога тие се уредно оправдани од природата на мерката во ИПАРД III Програмата.

Освен ако Европската комисија изречно и експлицитно не одлучи поинаку, следниве трошоци, исто така, не се прифатливи:

(а) трошоци за проекти што, пред завршувањето, наплаќале надоместоци на корисниците или учесниците освен ако примените надоместоци не биле одбиени од бараните трошоци;

(б) промотивни трошоци, освен во колективен интерес. Промотивните трошоци не се прифатливи освен ако не може да се утврди постоење на „колективен интерес“. Колективниот интерес треба да се сфати како интерес што е поголем од индивидуалниот интерес на корисникот;

(в) трошоци поднесени од корисник во кој повеќе од 25 % од капиталот се поседува од јавно тело или тела, освен ако Европската комисија не одлучи така во некој конкретен случај врз основа на целосно образложено барање од земјата. Европската комисија ја носи својата одлука во рок од три месеци по приемот на барањето. Овој исклучок важи само за мерките 1, 2, 3, 4, и 7. Правилото не е применливо за мерка 11.

Инвестициите во секторите за тутун и коноп не се прифатливи во рамките на ИПАРД.

### 8.1.6. Правила за потекло

Во согласност со членот 19 од Рамковната спогодба за финансиско партнерство (РСФП):

1. Понудувачите, барателите и кандидатите од следниве земји се прифатливи за финансирање:

   а. земји членки, корисници на ИПА III, договорни страни на Договорот за европската економска област и партнерските земји опфатени од Анекс I на Регулативата (ЕУ) 2021/947, и

   б. земји за кои е воспоставен реципрочен пристап до надворешна помош од страна на Европската комисија во согласност со членот 19(1)(б) на РСФП.

2. Понудувачи, баратели и кандидати од неприфатливи земји или стоки со неприфатливо потекло може да се одобрат како прифатливи од Европската комисија во случаи на итност или недостапност на производи и услуги на пазарите во засегнатите земји, или во други соодветно образложени случаи кога примената на правилата за прифатливост би ја направиле реализацијата на некој проект, програма или акција невозможна или прекумерно тешка.

Сите набавки извршени со средства од оваа Програма може да потекнуваат од која било земја.

### 8.1.7. Економска одржливост

Економската одржливост на корисникот што ја реализира инвестицијата е услов за прифатливост за мерките 1, 3 и 7.

Прифатливи за поддршка се корисниците што се економски одржливи на крајот на реализацијата на нивната инвестиција. Одржливоста треба да се покаже и да се докаже во фазата на барањето преку деловниот план за целото стопанство што се смета за единствен правен и економски субјект, во спротивно, барањето нема да се смета за прифатливо. Дополнителни информации се дадени во поглавјето 8.1.11, во релевантните фишеа за мерките 1, 3, и 7 и во Анекс 13.

Целта на проверката на одржливоста е да се осигури дека инвестицијата може изводливо да се финансира од корисникот и дека корисникот може да ја задржи економската активност што е поврзана со поддржаната инвестиција во животниот тек на проектот (вообичаено најмалку 5 години по конечното плаќање).

Економската одржливост на корисникот што ја реализира инвестицијата се оценува врз основа на Деловен план. Главните критериуми за оценување на деловните планови во ИПАРД Програмата се објаснети во Анекс 13 кон оваа Програма.

Средствата на ИПАРД што му се доделени на корисникот се земаат предвид кога се пресметува економската одржливост на корисникот.

Се вршат *ex-post* проверки на инвестициските операции за да се потврди дали се извршени значајни модификации на проектот. Како проверка на економската одржливост, се проверува дали проектот е оперативен и дали работи или не.

### 8.1.8. Правила што се применуваат за плаќање на рати и авансни плаќања

Прифатливите инвестициски активности мора да се одвиваат по потпишувањето на договорот со ИПАРД Агенцијата. Плаќањето на јавната помош се врши врз основа на барање за плаќање и поткрепувачки документи, кои ги докажуваат реализацијата на активностите и нивната прифатливост. Образецот на барањето за плаќање е утврден од ИПАРД Агенцијата како образец што е специфичен за договорните одредби и засегнатите активности. Барањето за плаќање за конкретниот договор се приложува кон договорот.

Во однос на купувањето машини и опрема, плаќањето се врши како еднократно плаќање на крајот на инвестицијата. За приватни инвестиции што вклучуваат активности за изградба/реконструкција, плаќањето може да се изврши во најмногу две рати, по избор на корисникот, како што е предвидено во договорот. Во овој случај, првата рата се плаќа по завршувањето на градежните работи или работите на реконструкција, а втората рата по инсталирањето на опремата, т. е. на крајот на инвестициите. Општите трошоци поврзани со спроведувањето на проектот, исто така, се плаќаат како дел од втората рата.

Во случај на јавни инвестиции во рамките на мерката „Инвестиции во рурална јавна инфраструктура“ што се спроведуваат од јавен корисник (општини и јавни претпријатија), бројот на ратите може да се прошири да соодветствува на бројот на фазите во изградбата, по избор на јавните корисници, како што е предвидено во договорот.

Авансните плаќања на корисниците може да се обезбедат од буџетот на оваа Програма, во согласност со правилата и условите за авансни плаќања што се утврдени врз основа на Секторска спогодба. Плаќањата аванси се квалификуваат како прифатливи трошоци до 50 % од јавната помош поврзана со инвестицијата и се предмет на воспоставување банкарска гаранција или еквивалентна гаранција што соодветствува на 110 % од износот на авансот.

### 8.1.9. Непродуктивни трошоци

За да се намали неефикасноста во јавното финансирање во рамките на Програмата, потрошувачката на непродуктивни трошоци се адресира во целата Програма, особено за инвестиции со потенцијал за спроведување без јавно финансирање. Таквите инвестиции/корисници треба да бидат исклучени со посебно утврдена процедура, преку:

- таргетирање на корисниците, на пр. според богатство/големина;
- приоретизирање економски неатрактивни видови инвестиции (заштита на животната средина, ублажување/приспособување кон климатските промени, итн.); и
- приоретизирање инвестиции во територии со структурни неповолности што резултираат во недоволно инвестирање и мали и негативни стапки на раст.

Ризикот од непродуктивни трошоци, според тоа, се намалува преку фокусирање на ресурсите на Програмата на инвестиции што не би се реализирале без јавно финансирање од Програмата.

### 8.1.10. Користење поедноставени методологии за пресметка на трошоците

Во рамките на „Мерката за агроекологија, клима и органско производство“, јавната помош се дава во форма на поддршка со надоместување дополнителни трошоци и изгубени приходи што резултираат од преземените обврски за спроведување на поддржаните операции. Дополнителните трошоци и изгубените приходи, како и стапките на поддршка што треба да се применат во рамките на мерката, се пресметуваат од институција што е независна од МЗШВ.

Во случајот на мерката „Воспоставување и заштита на шуми“, пресметката на стандардните трошоци се врши од Факултетот за шумарство. Факултетот е институција што е независна од МЗШВ.

Кога помошта се доделува врз основа на поедноставената методологија за пресметка на трошоци или дополнителни трошоци и изгубени приходи, Агенцијата осигурува дека релевантните пресметки се соодветни и точни и се утврдени однапред врз основа на правични, рамноправни и пресметки што може да се потврдат. За оваа цел, тело што е функционално независно од органите што се одговорни за спроведувањето на ИПАРД

III Програмата и ја поседува соодветната експертиза ги потврдува адекватноста и точноста на пресметките. Релевантните документи се доставуваат до Европската комисија пред спроведувањето на поедноставената методологија за пресметка на трошоците, со цел прифаќање на пресметката и методологијата.

Методологијата за пресметка за утврдување на плаќањата за надоместување на дополнителните поднесени трошоци или изгубените приходи се обезбедува како дел од описот на мерките со исклучок на инвестициските мерки за кои методологијата и пресметките претставуваат дел од правилата за спроведување на ИПАРД Агенцијата и се предмет на одобрување од Европската комисија.

### 8.1.11. Услови за поднесување барање за поддршка

Следниве општи услови се применливи, освен ако не е поинаку предвидено во описот на мерката:

- Сите корисници, кога поднесуваат барање за поддршка, мора да поднесат образец за барањето за специфичната мерка што е издаден од ИПАРД Агенцијата (и е објавен во рамките на релевантниот јавен повик) заедно со групата задолжителни потребни документи. Барањето мора да се однесува на прифатливи активности и трошоци што се поврзани со мерката за која се поднесува.
- Еден корисник може истовремено да поднесе повеќе предлози за различни мерки од оваа Програма. Меѓутоа, корисникот може да поднесе само едно барање во исто време за една иста мерка. Ако барањето од една мерка е одобрено, подносителот на барањето треба да го заврши тој проект и да поднесе барање за плаќање пред да може да поднесе друго барање за истата мерка. Корисникот не може да го потпише договорот за второто барање пред да биде поднесено барањето за конечно плаќање за претходното барање во рамките на истата мерка. Во случајот кога еден корисник поднесува повеќе барања за истата мерка во еден јавен повик, првото барање се обработува од ИПАРД Агенцијата, додека, пак, останатите се отфрлаат.

Корисниците кои се стремат кон деловните цели во рамките на инвестициските мерки „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“, „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи“ и „Диверзификација на фарми и развој на бизниси“ треба да поднесат Технички предлог-проект или Деловен план (видете, исто така, Поглавје 8.1.7).

Следниве услови, исто така, се применуваат за инвестициските мерки и корисниците треба да го докажат нивното исполнување со соодветниот задолжителен документ:

(а) Корисникот мора да докаже дека тој/таа е сопственик на земјиштето/објектот на кој се однесува инвестицијата или дека има право да го користи најмалку 7 години од датумот на поднесување на барањето;

(б) Во случај на активности за изградба/реконструкција на земјоделско земјиште, корисниците мора да поднесат одобрение од општината за предложените активности за изградба/реконструкција (одобрение за градење), копии од основниот план и заверен

предмер од овластени архитекти/градежни инженери, во кои се наведува проценетото количество на предвидените работи и материјали. Во случај на активности за изградба/реконструкција на градежно земјиште, ИПАРД Агенцијата ќе го користи „Информацискиот систем е-Одобрение за градење“ (www.gradezna-dozvola.mk) за добивање одобрение од општината за предложените активности за изградба/реконструкција од страна на корисникот на ИПАРД, како и целата техничка документација што е поврзана со изградбата/реконструкцијата. Одобрението за градење мора да се прикачи на веб-страницата www.gradezna-dozvola.mk најдоцна од датумот на завршување на јавниот повик. Активностите за изградба/реконструкција мора да бидат во согласност со утврдените стандарди за градење на општината во согласност со урбанистичките и просторните планови и/или со други стандарди што се прифатливи за општината;

(в) Корисниот не смее да биде во процес на ликвидација, стечај и/или предмет на поведена кривична постапка од јавен обвинител во времето на поднесувањето на барањето;

(г) Корисникот не смее да има неподмирени обврски кон државата во однос на фискални обврски кон фондовите за здравствено, социјално и пензиско осигурување и даночните органи. Корисниците што најмуваат земјоделско земјиште во државна сопственост не смее да имаат неподмирени обврски кон МЗШВ;

(д) Физичкото лице што поднесува барање за поддршка во рамките на инвестициските мерки мора да го докаже соодветното стручно образование, посетување обука или најмалку три години искуство во дејноста на која се однесува инвестицијата, додека, пак, правните лица мора да имаат најмалку едно лице вработено со полно работно време (или повеќе ако тоа се бара со закон) за исполнување на истиот услов. Овој документ се поднесува заедно со барањето за плаќање;

(ѓ) Како дел од пакетот на барањето, корисникот поднесува две понуди од добавувач/понудувач за секоја ставка/група ставки (функционално зависни) што изнесува најмалку 10.000 евра или три понуди за секоја ставка/група ставки (функционално зависни) што изнесуваат повеќе од 10.000 евра. Кон понудите треба да бидат приложени детални технички спецификации и изјава за земјата на потекло за секоја ставка/група ставки. Во случај на поднесување понуди од странски добавувачи, се обезбедува и документ што содржи податоци за сопственичката структура на добавувачот/понудувачот. Во случајот кога ИПАРД Агенцијата воспоставила два метода за проверка на разумноста на трошоците, во согласност со членот 11(2)(ѓ) на СС, правилото за три понуди не се применува.

(е) Прифатливи за поддршка се инвестициите што се економски и финансиски одржливи на крајот на реализацијата на инвестицијата. Економската и финансиската одржливост се оценуваат во фазата на поднесување на барањето, врз основа на Деловен план. Во случај на проекти со вкупен буџет под 80.000 евра, изгледите за финансиска одржливост мора да се покажат преку Поедноставен деловен план што содржи перспективни податоци за финансиските показатели во однос на генерирањето доволно приходи за

покривање на оперативните трошоци и преземените долгови. Од друга страна, во случај на проекти со вкупен буџет што надминува 80.000 евра и во случаи кога корисникот е земјоделска задруга, изгледите за економска одржливост мора да се покажат преку Деловен план. Критериумите што ќе се користат од ИПАРД Агенцијата за процена на одржливоста на инвестицијата се дадени во Анекс 13 кон Програмата;

(ж) Во случај на инвестиција во систем за наводнување, корисникот мора да поднесе дозвола за користење вода за наводнување што се издава од релевантен орган;

(з) Во случај на инвестиции за производство на енергија од обновливи извори, корисникот мора да има воспоставено активности поддржани од една од мерките во оваа Програма (за кои се користи електрична енергија) во рамките на мерките 1 и 3, инвестициите за производство на енергија од обновливи извори се прифатливи ако се однесуваат на енергетските потреби на стопанството, т. е. се почитува принципот на „потрошувачка за сопствени потреби“ според кој е дозволена определена продажба на електрична енергија во мрежата доколку се почитува ограничувањето за „потрошувачка за сопствени потреби“ (т. е. електричната енергија што се продава во мрежата, во просек, е еднаква на енергијата што е преземена од стопанството во текот на една година). Инвестициите за производство и продажба на енергија од обновливи извори во рамките на мерката 7 се сметаат за прифатливи кога (теоретскиот) капацитет на постројката за обновлива енергија („инвестицијата“) ја надминува 3-годишната просечна потрошувачка за сопствени потреби на корисникот.

## 8.2. Административна постапка

### 8.2.1. Можност за контролирање и проверка на мерките

Во согласност со членот 8 и членот 9 на СС, Телото за управување, врз основа на мислење од ИПАРД Агенцијата, потврдува дека е осигурена можноста за проверка и контрола на мерките.

Во рамките на Програмата, можноста за контрола и проверка на мерките се осигурува преку следново:

- Дефинирање и примена на јасни, мерливи и транспарентни критериуми за прифатливост и избор, што може да се мерат и да се контролираат.
- Процес за избор што се заснова врз претходно утврдени и објавени критериуми со транспарентни и уредно документирани постапки (ревизорски траги) и административен капацитет, осигурувајќи усогласеност со начелата за стабилно финансиско управување, вклучувајќи го изборот на барањата, административна и теренска проверка на прифатливоста на трошоците, проверка на почитувањето на начелото за вредност за парите и на законодавството за јавни набавки и адекватни ИКТ-системи.
- Разумноста на предложените трошоци се оценува врз основа на соодветен систем за оценување, како што се референтни трошоци, стандардни единични трошоци, споредба на различни понуди или комисија за оценување.

- Соодветно управување со документација и проверка на документи – од корисникот се бара да чува евиденција за операциите, фактури и сметководствена евиденција.
- *Ex-post* проверки што се вршат врз инвестициските операции за проверка на почитувањето на обврските што се утврдени во ИПАРД III Програмата. *Ex-post* проверките се вршат во рок од 5 години од датумот на конечното плаќање на корисникот. Агроеколошките проекти вообичаено се спроведуваат во период од 5 години. Оттаму, проверките за агроеколошките инвестиции се во овој период. Сите инвестиции се проверуваат најмалку еднаш во текот на петгодишниот период. *Ex-post* проверките, кои се вршат низ целиот тек на петгодишниот период, се засноваат врз анализа на ризиците и финансиското влијание на различни операции, групи операции или мерки.

Ризикот од грешки се намалува со следниве мерки:

- Добро воспоставен систем за внатрешна контрола што гарантира дека контролите што се напишани во прирачниците за постапките се применуваат на начинот на кој се акредитирани и дека надзорниот персонал врши прегледи на функционирањето на контролите.
- Користење поедноставена методологија за утврдување трошоци што се заснова врз соодветни, точни и однапред утврдени правични и праведни пресметки што може да се потврдат. Пресметките се проверуваат за соодветност и точност и се потврдуваат од тело што е функционално независно од органите што се одговорни за ИПАРД III Програмата. Релевантните документи ѝ се обезбедуваат на Европската комисија пред спроведувањето на поедноставената методологија за пресметка на трошоците.
- Објавувањето и широката дистрибуција на документите се упатства за потенцијалните баратели, кои јасно ги опишуваат критериумите за прифатливост и условите за поднесување барање, критериумите за избор, правилата за спроведување на проектите и изготвувањето барања за плаќање.
- Обука и издавање упатства за корисниците за прифатливоста, спроведувањето и изготвувањето на барањата за плаќање.
- Редовна обука на вработените и техничките тела на ИПАРД Агенцијата за постапките за проверка на прифатливоста на барателите, барањата и барањата за плаќање, спречување и откривање нерегуларности.

Можностите за контрола и проверка на мерките што треба да бидат проценети *ex-ante* заеднички од ТУ и од ИПАРД Агенцијата во текот на процесот на изготвување на Програмата и процената се ажурираат во текот на спроведувањето врз основа на резултатите од контролите, ревизорските наоди и по модификација на мерките или вклучувањето нови мерки.

### 8.2.2. Општи барања за спроведување на мерките

Спроведувањето на мерките од оваа Програма започнува со објавување јавни повици од ИПАРД Агенцијата. Јавните повици се објавуваат во Службен весник во најмалку два национални дневни весници на македонски јазик и еден на албански јазик и нивното објавување и роковите (ако е применливо) се соопштуваат преку националните и локалните медиуми.

Комплетите материјали за поднесување барања за специфичните мерки (вклучувајќи обрасци на барањата, листи на потребните документи и модели на Технички предлог-проект/Деловен план, вклучувајќи упатства за пополнување на обрасците и други упатства за корисниците, итн.) се објавуваат електронски на веб страната на ИПАРД Агенцијата и печатени на хартија.

Комплетите за поднесување барања се достапни за потенцијалните корисници во ИПАРД Агенцијата, регионалните и локалните канцеларии на АПРЗ, регионалните канцеларии на МЗШВ, Телото за управување и во земјоделските здруженија, стопански комори, итн.

Корисниците може да ги пратат барањата до ИПАРД Агенцијата преку препорачана пошта или да ги достават во приемната служба на ИПАРД Агенцијата или, пак, електронски да поднесат барање, ако тоа е применливо.

ИПАРД Агенцијата ги обработува примените барања за одобрување во согласност со интерните процедури на ИПАРД Агенцијата, почитувајќи ги правилата за заштита на личните податоци во согласност со одредбите на РСФП (член 25).[67]

### 8.2.3 Административни проверки

По отворањето на барањето, исполнувањето на основните критериуми за прифатливост (како што е видот на корисник и видот на прифатливи инвестиции, вкупниот побаран износ на финансиската поддршка) се проверува истовремено со проверката на комплетноста. Проверката на комплетноста, т. е. дали барањето ги содржи сите задолжителни потребни придружни документи, се врши прва. Проверката за усогласеност за исполнување на општите и посебните критериуми за прифатливост за посебната мерка се врши само за комплетни барања.

ИПАРД Агенцијата е одговорна за вкрстените проверки наменети за избегнување двојно финансирање меѓу Програмата и националните шеми за поддршка на земјоделството и руралниот развој. Секој инвестициски проект во рамките на ИПАРД Програмата што може да биде во опфатот на националните шеми за поддршка се проверува за можно двојно финансирање пред одобрувањето (на проектот и на конечното плаќање). ИПАРД Агенцијата осигурува дека идното двојно финансирање ќе се избегне преку ставање јасен печат „ИПАРД“ на примените фактури за инвестиции од страна на овластен службеник пред исплатата.

### 8.2.4 Проверка на прифатливоста на трошоците и процена на економската и финансиската одржливост

Комплетните барања се предмет на натамошна процена на прифатливоста на трошоците и процена на економската и финансиската одржливост на предложената инвестиција/проект. Прифатливоста на трошоците се проверува во однос на листата на прифатливи трошоци што е одобрена од Европската комисија. Вредноста на прифатливите трошоци дополнително се проверува дали соодветствува на пазарната

[67] Сите лични податоци се обработуваат во согласност со барањата од Регулативата (ЕЗ) бр. 45/2001.

вредноста на предметните ставки, што се докажува преку три независни понуди од различни добавувачи (за стоки/услуги со вредност над 10.000 евра), во споредба со референтните вредности утврдени од ИПАРД Агенцијата, во споредба со стандардните трошоци или преку комисија за оценување. Вкупните прифатливи трошоци се оценуваат во споредба со применливите минимални и максимални прагови утврдени за проекти во фишеата на мерките. Ако вкупните прифатливи трошоци се под минимумот, проектот се одбива. Ако вкупните прифатливи трошоци се над прагот, барањето се разгледува како прифатливо, но трошоците се одбиваат сразмерно.

Процената на економската и финансиската одржливост се врши за проекти што ги исполнуваат критериумите и поседуваат комплетна документација. Процената се врши во согласност со методологијата на ИПАРД Агенцијата за пресметка на вредностите на показателите за критериумите за економска и финансиска одржливост.

### 8.2.5 Контроли на самото место

Економски и финансиски одржливите и прифатливите проекти се предмет на контроли на самото место за потврдување на фактичката состојба во споредба со предлогот за инвестиции, ако инвестицијата веќе започнала и настанале трошоци, дали податоците во доставените документи соодветствуваат на реалната состојба на самото место и други мерења.

### 8.2.6 Бодување и рангирање на проектите

Рангирањето на прифатливите проекти според вкупните добиени бодови се врши во случаи кога бараниот износ на финансиска поддршка во примените барања го надминува достапниот финансиски буџет што е распределен за конкретната мерка. За да се осигури дека инвестицијата ги исполнува целите на мерката, на прифатливите проекти им се доделуваат бодови врз основа на дефинирани приоритети за различните мерки во програмата. Бодувањето се врши за распределување бодови на сите комплетни проекти пред проверката на прифатливоста и донесувањето на конечната одлука за одобрување на проектот пред склучувањето договор.

### 8.2.7 Одобрување проекти и склучување договори

Постапката за одобрување проекти не надминува 6 месеци од датумот на поднесување на барањето.

Корисникот се известува дека неговиот/нејзиниот предлог е одобрен со решение за одобрување на барањето што е донесена од ИПАРД Агенцијата. Заедно со решението за распределба на средствата, корисникот се повикува да потпише договор за кофинансирање на проектот во рок од 30 дена по приемот на одлуката. Решението за распределба на средства е придружено од 1 примерок на соодветниот договор за корисникот. Корисникот не може да го потпише договорот или да го одбие договорот без да биде обврзан да ги наведе причините за таквото решение.

Во случај на јавни инвестиции што се вршат од општини и/или јавни тела, заедно со решението за одобрување на барањето, корисникот се повикува да потпише преддоговор или меморандум за разбирање или друг облик на спогодба во која најмалку се

утврдуваат и се договараат правилата за набавка и спроведување на проектот. По успешното спроведување на постапката за набавки (што е предмет на процена од страна на ИПАРД Агенцијата), се донесува одлука за финансирање и повик за потпишување договор за финансирање во рок од 30 дена по приемот на одлуката и/или поканата.

### 8.2.8 Одбивање проекти

Корисниците се одбиваат ако:

- барањето е нецелосно;
- не ги исполнуваат критериумите за прифатливост;
- трошоците не може да се потврдат како прифатливи;
- проектот/инвестицијата се проценети дека се неефикасно јавно финансирање;
- проектот е оценет како економски и финансиски неодржлив.

Покрај горенаведеното, корисниците што поднеле барање за јавна инвестиција се одбиваат, исто така, ако не го спроведат процесот за набавки во согласност со применливите правила за набавки.

Корисникот се известува дека неговиот/нејзиниот предлог е одбиен со решение за одбивање на барањето што е донесено од ИПАРД Агенцијата. Решението за одбивање содржи детален опис на сите причини што придонеле за таквото решение.

Можно е да се поднесе жалба против одлуката за одбивање издадена од ИПАРД Агенцијата. Жалбената постапка е опишана во Упатството за корисниците.

### 8.2.9 Спроведување на проектот

Спроведувањето на проектот започнува по потпишувањето на договорот за кофинансирање и може да има времетраење од најмногу 2 години или подолго во зависност од спецификите на инвестицијата. Службите на ИПАРД Агенцијата или институциите на кои ИПАРД Агенцијата може да ја делегира одговорноста спроведуваат следење и надзор врз извршувањето на проектите. Следењето на спроведувањето на проектот може, исто така, да се врши преку обврските за известување за напредокот во спроведувањето на проектот или преку извештаите на техничкиот надзор во текот на изградбата.

Спроведувањето на проектот што се однесува на јавни инвестиции започнува по завршувањето на постапката за набавки и потпишувањето на договорот за финансирање и може да има времетраење од најмногу 2 години или подолго во зависност од спецификите на инвестицијата.

### 8.2.10 Одобрување на плаќањето

Плаќањето на крајниот корисник се врши врз основа на барање за плаќање што се заснова врз декларации за поднесените трошоци од крајниот корисник, поткрепени со оригиналните сметкопотврди/фактури. Барањето за плаќање за конкретниот договор и листата на придружни документи се приложуваат кон договорот.

Барањето за плаќање и придружниот документ се предмет на проверки на комплетноста и усогласеноста. Прифатливоста на поднесените трошоци се проверува во споредба со документи, одредбите во договорот и преку контроли на самото место пред да се одобри плаќањето.

По одобрувањето, плаќањето се врши во националната валута на сметката на крајниот корисник или нивните претставници (видете повеќе во Делот 8.1, Поглавје „Плаќање на рати и авансни плаќања за инвестициска поддршка“).

Не се врши какво било плаќање во корист на барателот или неговиот претставник доколку се утврди дека тој вештачки ги создал потребните услови за добивање на таквите плаќања со цел да оствари корист спротивно на целите на поддршката.

Се осигуруваат *ex-post* контроли во согласност со релевантните услови што се утврдени во Поглавјето 8.2.1.

## 8.3. Опис по мерка

## Мерка ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА

### 1. Правна основа

- Член 29(1) од Секторската спогодба за ИПАРД програмата;
- Анекс 4 кон Секторската спогодба за ИПАРД програмата

### 2. Образложение

Поголемиот дел од основните средства и повеќегодишните култури во земјоделскиот сектор во земјата се амортизирани и застарени, а новите реализирани инвестиции не се доволни да се надмине високата стапка на амортизација на основните средства. Трудо-интензивното земјоделство ја влошува ситуацијата. Без финансиска поддршка и пристап до кредити, повеќето од малите стопанства не се во можност да инвестираат и да практикуваат ефикасно земјоделство. Дополнително, развојот на земјоделството е попречен од недоволно развиените истражувачки капацитети. Истражувачките институти се соочуваат со многу големи пречки во однос на недоволната подготвеност да се одговори на претстојните предизвици за земјоделците кои ги имаат на патот кон ЕУ, несоодветните капацитети и опрема, особено за применливите науки.

Пристапувањето на земјата кон Европската Унија ги соочува земјоделските стопанства со посложена и поконкурентна средина. Брзото усогласување на националното законодавство со регулативата на ЕУ наметнува строги барања кои не може да се исполнат без значителни подобрувања на фармите во однос на технолошка модернизација и преструктуирање, при што посебно внимание им се посветува на благосостојбата на животните, хигиената и еколошките барања.

За да можат земјоделците да се прилагодат на овие услови, потребни се значителни инвестиции и во материјалните и во нематеријалните средства за да се подобри целокупната работа на земјоделските стопанства во целата земја, како и за да се исполнат стандардите на Европската Унија, особено оние што се поврзани со благосостојбата на животните и заштитата на животната средина.

Оттука, оваа мерка е од клучно значење за поддршка на подобрувањето на употребата на производствените фактори и севкупната успешност на земјоделските стопанства, вклучувајќи: воведување нови технологии и процеси за подобрување на примарното производство; промоција на создавање на производи со додадена вредност; производство на енергија од обновливи извори и практики за ефикасно користење на водата на ниво на фарма; транзиција од конвенционално во органско земјоделство и поддршка на органското производство; како и севкупно подобрување на капацитетите за управување со фармите и човечкиот потенцијал.

### 3. Општи цели

- Да се зголеми ефикасноста, конкурентноста и поодржливото земјоделско производство во земјоделско-прехранбениот сектор, на пример, со прогресивно усогласување со стандардите на Унијата, подобрување на позицијата на земјоделците во синџирот на снабдување со храна и поддршка на младите земјоделци.
- Да се поддржи економскиот, општествениот и територијалниот развој;

- Да се подобри одговорот на земјоделско-прехранбениот сектор на јавната побарувачка за висококвалитетна, безбедна, еколошка, хранлива и одржлива храна, како и за благосостојба на животните;
- Да се придонесе за ублажување на климатските промени, како и одржливата енергија и поттикнување на одржливо управување со природните ресурси, како што се водата, почвата и воздухот.

## 3.1. Специфични цели

Специфичните цели на оваа мерка се следниве:

- Да се модернизира и преструктуира физичкиот потенцијал за да се подобри севкупното работење на земјоделските стопанства во производството на примарни земјоделски и рибни производи;
- Да се додаде и зголеми вредноста на производството и маркетингот;
- Да се промовира паметен, одржлив и инклузивен раст, преку развој на физички капитал;
- Да се обезбеди прогресивно усогласување со стандардите на Унијата, подобрување на позицијата на земјоделците во синџирот на снабдување со храна и поддршка на младите земјоделци;
- Да се промовира почитувањето на стандардите на ЕУ и подобрувањето на условите на земјоделските стопанства, особено оние поврзани со заштитата на животната средина и благосостојбата на животните;
- Да се поттикне одржливо управување со природните ресурси, како што се водата, почвата и воздухот,
- Да се зголеми примарната потрошувачка на енергија од обновливи извори на енергија.

# 4. Поврзаност со други ИПАРД мерки во програмата и национални мерки

Конкретно, оваа мерка е поврзана со мерката „Инвестиции во основни средства на преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи“ бидејќи аутпутот на примарното земјоделско производство и квалитетот на земјоделските производи имаат позитивен ефект врз оперативниот капацитет на индустријата за преработка. Со оваа мерка[68] се поддржуваат проекти со ограничен опсег за активности на фарма по бербата (на пример, ракување, категоризација, пакување, складирање итн.) на земјоделските производи и преработка и директен маркетинг, додека поголемите проекти се поддржуваат во рамките на мерката „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи“. Додека мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделските стопанства“ промовира хоризонтална интеграција на земјоделските производители, мерката „Инвестиции во основни средства за преработка

[68] Согласно Правилникот за барањата за условите за условите и хигиената за производство и ставање во промет на храна од животинско потекло наменета за директно снабдување, локализирана активност, во географски или економски ограничувања, како и општи и посебни барања за примена на традиционалните начини на производство, преработка и дистрибуција на храна со традиционални карактеристики („Службен весник на РНМ“ бр. 144/19) и Правилник за отстапување од посебните хигиенски мерки за малите бизниси, начинот и барањата што треба да се исполнат при директното снабдување со храна од производител до краен потрошувач, условите за просториите, материјалите, инструментите и опремата во објектите кои произведуваат како и начинот на производство на храна со традиционални карактеристики („Службен весник на РНМ“ бр. 152/20)

и маркетинг на земјоделски и рибни производи“ ги надополнува активностите преку промовирање инвестиции во собирање и дистрибуција на земјоделски и рибни производи за зајакнување на вертикалната соработка (што може да биде предложена и од земјоделските задруги). Двете мерки заедно ќе придонесат за зголемената додадена вредност во земјоделството и преработката, како и зајакнување на синџирите на земјоделски пазари.

Мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделските стопанства“ е поврзана со инвестициската поддршка обезбедена во рамките на мерката „Диверзификација на фармите и развој на бизниси“. Со мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделските стопанства“ ќе се додели поддршка за примарно земјоделско производство и мали проекти за капацитети на фарма по бербата, преработка и директен маркетинг на сопственото производство на земјоделското стопанство. Од друга страна, во рамките на мерката „Диверзификација на фарми и развој на бизниси“ се обезбедува поддршка за примарно земјоделско производство и инвестиции за преработка на фарма и директен маркетинг на сопственото производство на земјоделското стопанство, дефинирана во рамките на Мерката 7 и за преработка на земјоделски производи што не се наведени во Анекс I на Договорот. Мерката „Диверзификација на фарми и развој на бизниси“ ја дополнува мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“ бидејќи поддржува инвестиции во неземјоделски дејности и опсег на активности за обезбедување услуги на земјоделското население во руралните средини и за олеснување на земјоделско производство. Со обединувањето на двете мерки се придонесува за зголемен приход на земјоделските стопанства од неземјоделски активности и обезбедување рурални и земјоделски услуги.

Мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“, исто така, придонесува за имплементација на мерката „Агро-екологија, клима и органско земјоделство“ преку промовирање инвестиции предложени од страна на сертифициран органски земјоделски производител и инвестиции за подобрување на ефикасноста на употребата на ѓубриво (на пример, намалена употреба, опрема, прецизно земјоделство). Исто така, корисниците на оваа мерка можат да искористат поддршка, односно имаат право на исплата според мерката „ Агро-екологија, клима и органско земјоделство“.

Поддршката во рамките на оваа мерка е надополнета со мерките „Советодавни услуги“ и „Унапредување на обуката“, кои имаат за цел да им помогнат на земјоделците успешно да ги реализираат инвестициските проекти во рамките на оваа мерка. Координацијата на мерките „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“, „Советодавни услуги“ и „Унапредување на вештините и компетенциите“ треба да доведе до подобрување на професионалната стручност и познавање на корисниците, особено во однос на управувањето со фармите, агроеколошките практики и спроведување на стандардите на ЕУ.

Инвестициите во патното поврзување на фармите (на имот или со право на користење на земјоделското стопанство) се поддржани во рамки на мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“ се надополнуваат со поддршката за

инвестиции во поврзувањето на јавните патишта до земјоделско земјиште, обезбедувањето на електрична енергија на земјоделските полиња и локалните патишта во рамките на мерката „Инвестиции во рурална јавна инфраструктура“ како клучни за зголемување на конкурентноста на земјоделското производство.

Опфатот на помошта што се обезбедува во рамките на мерката „Инвестиции во основни средства за земјоделски стопанства“ нема да се преклопува со опфатот на помошта што се обезбедува во рамките на националните програми за поддршка за земјоделството и руралниот развој.

## 5. Корисници

### 5.1. Видови корисници

Следните видови корисници може да поднесат барање и да користат поддршка во рамките на оваа мерка:

I. Земјоделски стопанства
II. Задруги
III. Здружени правни лица

**I. Земјоделско стопанство** кое е регистрирано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства при МЗШВ (во натамошниот текст „Регистар на земјоделски стопанства“) во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој може да се пријави и да ја користи поддршката во рамките на оваа мерка.

Земјоделското стопанство може да се запише во Регистарот на земјоделски стопанства како семејно земјоделско стопанство застапувано од физичко лице или индивидуален земјоделски производител или како земјоделско стопанство застапувано од правно лице.

Семејното земјоделско стопанство го претставува физичко лице кое е член на земјоделското домаќинство. Физичкото лице е овластено да го застапува Земјоделското стопанство, од сите други членови на земјоделското домаќинство, да го претставува земјоделското стопанство пред надлежните органи и да управува со него.

Индивидуален земјоделски производител е физичко лице кое се занимава со земјоделство за негови/нејзини лични потреби како сопственик на земјоделскиот имот или кој има право на користење на тој имот добиено преку склучување законски договор со сопственикот и е регистриран во Регистарот за земјоделски производители при МЗШВ или како Индивидуален земјоделски производител во Фондот за пензиско осигурување. Индивидуалниот земјоделски производител е регистриран во Регистарот на земјоделски стопанства.

Кога корисникот не е сопственик на стопанството каде што се реализира инвестицијата, меѓу засегнатите страни треба да се склучи договор кој содржи одредби со кои се дозволуваат структурните ефекти на проектот во текот на најмалку 7 години по неговото склучување.

Правното лице кое го застапува земјоделското стопанство мора да биде регистрирано во Централниот регистар во согласност со Законот за трговски друштва како микро, мало или средно претпријатие (Видете Анекс 9).

**II. Задруги** што се регистрирани во Централниот регистар и претежно се занимаваат со земјоделски дејности, преработка на земјоделски производи и/или услуги што се директно поврзани со земјоделски дејности.

**III. Здружени правни лица** (за колективни инвестиции) што се контролирани од земјоделски производители и на кои таквиот статус им е признаен во согласност со Закон. Следните видови здружени правни лица може да поднесат барање и да користат дополнителна поддршка во рамките на оваа мерка:

- Задруга,
- Групи на производители и организации на производители што се признаени како такви во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој и се регистрирани во Регистарот на групи на производители и/или Регистарот на организации на производители што се водат при МЗШВ.
- Приватно друштво со претежна дејност во земјоделство и преработка на земјоделски производи, основано од овластен застапник на семејно земјоделско стопанство регистрирано во Регистарот на земјоделски стопанства, и
- Приватно друштво со претежна дејност во земјоделство и преработка на земјоделски производи , основано од здружение на земјоделски производители.

Минималниот број земјоделски производители што се вклучени во било кој од горенаведените субјекти е 10.

### 5.2. Ограничувања и разграничување

За подобро насочување на инвестициската поддршка и постигнување разграничување меѓу корисниците на различните мерки во рамките на оваа програма, корисниците ќе бидат предмет на следните ограничувања/критериуми за разграничување во рамките на оваа мерка:

1. Инвестициска поддршка за постбербени активности, преработка на фарма и директен маркетинг во рамки на оваа мерка ќе биде доделена само за сопственото земјоделското производство, произведено од страна на земјоделското стопанство (или земјоделското производство на членовите/коопераnти на задругата) – кое ќе се оценува од страна на ИПАРД Агенцијата врз основа на Технички предлог проект/Деловен план и преку ex-post контроли.

2. Задруги, здружени правни лица и земјоделски стопанства што се застапувани од правно лице што користеле поддршка во постбербени активности за преработка на фарма и директен маркетинг во рамки на оваа мерка може дополнително да поднесат барање за истата инвестициска активност во рамките на мерката „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи“.

3. Поддршка не може да се одобри за претпријатија што се застапувани од правно лице во случај кога нивниот капитал е во сопственост на јавен орган или органи или од страна на државата со повеќе од 25%. Во определени случаи кога тоа се смета за соодветно врз основа на националното законодавство, Телото за управување може да побара од Европската комисија да донесе одлука преку поднесување образложено барање.

4. Во случај корисникот претходно да користел европска поддршка за трактор, истиот, во рамките на оваа Програма, не може дополнително да аплицира за инвестиции за трактор. Ова ограничување не се однесува на земјоделските задруги и/или здружени правни лица со цел промовирање и рационално користење на земјоделските машини и опрема, преку давање услуги на земјоделските стопанства – членови и/или коопераnти.

5. Инвестициска поддршка за постројки за обновлива енергија на фарма (биомаса, ветар, сонце итн., и/или со преработка на растителни или животински производи од примарна и секундарна биомаса, опфатени во Анекс I кон Договорот) со капацитет на производство што ја надминува годишната потрошувачка за сопствени потреби на

корисникот, како што е наведено во точка 10 од дел 7 Посебни критериуми за прифатливост на оваа мерка, не е прифатлива во рамките на оваа мерка бидејќи е поддржана во рамките на мерката „Диверзификација на фарми и развој на бизниси“.

6. Разграничувањето на колективните инвестиции според мерките 1 и 7 од оваа Програма се постигнува преку соодветните сектори за инвестиции, при што оваа мерка ги опфаќа колективните инвестиции на сите сектори од Анекс I на Договорот, вклучително и рибарството, додека мерката 7 ги опфаќа колективните инвестиции за производство на алтернативни земјоделски производи (лековити и ароматични растенија, печурки, мед, украсни растенија итн.).

## 6. Општи критериуми за прифатливост

1. Сите корисници кои се пријавуваат за инвестиции поврзани со производство на земјоделски култури во времето на поднесување на барањето мора да покажат постоење на земјоделско земјиште регистрирано во Регистарот на земјоделски стопанства со минимална големина во зависност од производството на земјоделски култури што е предмет на инвестициите, како што следува:

- најмалку 0,02 хектари земјоделско земјиште во случај на инвестиции поврзани со безпочвено одгледување и други иновативни системи за производство;
- најмалку 0,3 хектари земјоделско земјиште во случај на инвестиции поврзани со оранжерии;
- најмалку 1 ха земјоделско земјиште во случај на инвестиции поврзани со повеќегодишни култури, градинарско производство на отворено, житни култури, индустриски култури и фуражни култури;

Корисниците со помало земјоделско земјиште од минималните прагови наведени погоре кои имаат намера да започнат растително производство, исто така, имаат право да се пријават и да ја искористат поддршката доколку минималниот праг (наведен погоре), во зависност од земјоделските култури, се достигне на крајот од инвестицијата и се регистрирани како такви во Регистарот на земјоделски стопанства пред поднесување на конечното барање за исплата. Во случај на неисполнување на овој критериум пред поднесување на конечното барање за исплата, тие ќе станат неприфатливи за поддршка.

2. Сите корисници кои се пријавуваат за инвестиции поврзани со сточарското производство мора да покажат постоење на минимален број ДЕ[69] регистрирани во „Системот за идентификација и регистрација на животните“ на АХВ со минимална големина во зависност на дејноста на сточарското производство која е предмет на инвестиција, како што следува:

- 10 ДЕ во случај на инвестиции кои се однесуваат на говеда; и/или
- 10 ДЕ во случај на инвестиции кои се однесуваат на овци и/или кози; и/или
- 8 ДЕ во случај на инвестиции кои се однесуваат на одгледување на свињи; и/или
- 10 ДЕ во случај кога инвестициите се однесуваат на одгледување живина (со исклучок на патки, гуски, мисирки, тетреби, ноеви и ему и бисерки).

Барателите со помал број ДЕ од минималниот праг наведен погоре или кои имаат намера да започнат со сточарско производство исто така можат да се пријават и да користат поддршка ако минималниот број ДЕ се достигне на крајот на инвестицијата, односно пред доставување на конечното барање за исплата. Во случај на неисполнување на овој

[69] Добиточни Единици (ДЕ) според коефициентите претставени како Анекс 11 од Програмата

критериум пред поднесување на конечното барање за исплата, тие ќе станат неприфатливи за поддршка.

3. Сите корисници кои аплицираат за инвестиции кои се однесуваат на одгледување на риба/аквакултура мора да докажат постоење на минимални производствени капацитети од 20 тони регистрирани во Регистарот на одгледувачи на риба на МЗШВ. Барателите со помал производствен капацитет или кои имаат намера да започнат со одгледување риба исто така можат да се пријават и да користат поддршка доколку се обврзат да го достигнат минималниот производствен капацитет на крајот на инвестицијата, односно пред доставување на конечното барање за исплата. Во случај на неисполнување на овој критериум пред поднесување на конечното барање за исплата, тие ќе станат неприфатливи за поддршка.

4. Корисникот - земјоделската задруга може да ја докаже минималната големина на нивниот капацитет за земјоделско производство во однос на производствените капацитети на нивните членови – земјоделските стопанства и/или постојаните договори со кооперантите.

5. Корисниците се должни секоја промена на производствените капацитети да ја евидентираат во Регистарот на земјоделски стопанства, Системот за идентификација на земјишни парцели, Регистарот на одгледувачи на риба и/или во „Системот за идентификација и регистрација на животните“, особено оние кои се резултат на инвестицијата пред поднесување на конечното барање за исплата, а во текот на целото времетраење на договорот.

6. Сите корисници треба да ја поднесат пријавата придружена од комплет потребни документи и Технички предлог-проект или Деловен план како дел од пријавата. Потребните документи, како и правилата за процедурите и проверките за комплетност и соодветност се објавуваат во Упатството за корисници и се наведуваат во јавниот повик. Сите примени барања кои не содржат еден или повеќе од потребните документи ќе бидат отфрлени.

### 6.1. Видови прифатливи стопанства

**I. Земјоделско стопанство**

1. Корисникот - земјоделското стопанство, како и сите производни капацитети на земјоделското стопанство (план за производство) мора да бидат регистрирани како земјоделско стопанство во Регистарот на земјоделски стопанства пред да аплицираат за поддршка. Корисниците кои доставуваат предлог-проекти за започнување сточарско производство мора да бидат регистрирани како земјоделско стопанство во Регистарот на земјоделски стопанства и во „Системот за идентификација и регистрација на животните“ пред поднесување на конечното барање за исплата. Корисниците што доставуваат предлог-проекти за одгледување риби/рибарство мора да бидат регистрирани во Регистарот на одгледувачи на риби во МЗШВ пред поднесувањето на конечното барање за исплата.

2. Корисникот – земјоделско стопанство кое инвестирало во преработка на ниво на фарма и маркетинг мора да биде регистриран како оператор со храна во согласност со Законот за безбедност на храната во АХВ пред поднесување на конечното барање за исплата.

**II. Задруги**

1. Корисникот – задруга мора да биде регистриран во Централниот регистар како субјект што се занимава со земјоделски дејности, преработка на земјоделски производи и/или услуги што се директно поврзани со земјоделски дејности.

**III. Здружени правни лица**

1. Корисникот - здружено правно лице мора да биде признаен како таков во согласност со законот и нивните производни капацитети се пресметуваат како збир од производните капацитети на членовите/основачите. Минималниот број земјоделски производители што основаат или се ангажирани во здружено правно лице мора да биде најмалку 10.

### 6.2. Економска одржливост на земјоделското стопанство

Помош може да биде доделена на корисниците чии инвестициски проекти покажуваат изгледи за финансиска/економска одржливост. Економската и финансиската одржливост се оценува врз основа на Технички предлог-проект (Поедноставен деловен план) или Деловен план.

Во случај на проекти кои имаат вкупен буџет под 80.000 евра, можноста за финансиска одржливост мора да се покаже преку Техничкиот предлог-проект (Поедноставен деловен план) кој содржи перспективни податоци за финансиските показатели во однос на генерирање доволно приход за да се покријат оперативните трошоци и должничките обврски на фармите.

Во случај на проекти со вкупен буџет кој надминува 80.000 евра и во случаи кога корисникот е земјоделска задруга или здружено правно лице (за колективни инвестиции), можностите за економска одржливост мора да се покажат преку Деловен план. Деловниот план мора да содржи детален опис на планираните инвестиции и активности (вклучувајќи маркетинг). Исто така, Деловниот план мора да покаже на кој начин спроведувањето на проектот ќе доведе до подобрување на севкупната успешност на земјоделското стопанство преку презентирање на изгледите за финансиска/економска одржливост.

Корисникот мора да прикаже изгледи за континуитет во работењето во текот на најмалку пет години по реализацијата на инвестицијата. Процената на финансиската/економската одржливост и изгледите за континуитет во работењето се врши од страна на ИПАРД Агенцијата. За да го осигури изборот на проекти со највисок квалитет во однос на финансиската/економската одржливост, ИПАРД Агенцијата, во консултација со Телото за управување, може да утврди најниски/највисоки вредности за процена на критериумите за економска и финансиска одржливост.

Обрасците за Техничкиот предлог-проект и Деловниот план, заедно со упатство за пополнување на обрасците и, по можност, највисоките/најниските вредности на критериумите за економска одржливост со методологијата за пресметување се изготвуваат и објавуваат од страна на ИПАРД Агенцијата и претставуваат дел од пакетот документи за пријавување за конкретната мерка.

### 6.3. Национални и стандарди на ЕУ што треба да се почитуваат

Националните минимални стандарди за заштита на животната средина и благосостојбата на животните во областа на земјоделското производство и преработката на храна се усогласени со релевантните стандарди на ЕУ.

Најдоцна до крајот на проект (пред поднесувањето на конечното барање за исплата), земјоделското стопанство мора да биде усогласено со главните релевантни национални минимални стандарди во сила во однос на заштитата на животната средина, добрите

земјоделски практики (ДЗП) и благосостојбата на животните. Оттаму, за целите на спроведувањето на оваа мерка, документите со кои се потврдува почитувањето на применливите национални минимални стандарди претставуваат задолжителен дел од конечното барање за исплата што корисникот го поднесува до ИПАРД Агенцијата или што се добива по службена должност од ИПАРД Агенцијата.

При поднесувањето на конечното барање за исплата, корисниците треба да ги поднесат следниве документи издадени од надлежните органи:

- АХВ во однос на почитувањето на стандардите за благосостојба на животните во согласност со Законот за благосостојба на животните (применлив само за секторот сточарство и преработка на ниво на фарма во однос на колење); и/или

- Општинските органи за заштита на животната средина или МЖСПП за стандардите за заштита на животната средина во согласност со Законот за заштита на животната средина.

Издадените документи за оценување на усогласеноста на инвестицијата во однос на применливите стандарди на ЕУ мора да се изготват врз основа на претходна процена на инвестицијата.

Кога е релевантно, ИПАРД Агенцијата може да го добие документот што го потврдува почитувањето на применливите национални минимални стандарди (и соодветните стандарди на ЕУ) по службен пат, односно, преку пристап до електронската евиденција или во писмена форма преку барање до органите што се одговорни за предметниот стандард. Списокот на документи што го потврдуваат почитувањето на применливите национални минимални стандарди што ИПАРД Агенцијата ги добива по службен пат, претставува составен дел од Упатството за корисници.

Целосната и ажурирана листа со национални минимални стандарди во сила и нивната усогласеност со релевантните стандарди на ЕУ, утврдена од Телото за управување во однос на прифатливите инвестициски активности и приоритетниот сектор е дадена во Анекс 15 кон оваа Програма. Ажурираната листа претставува составен дел од Упатството за корисници.

### 6.4. Други критериуми за прифатливост

1. Инвестициите мора да се спроведат на имотот што е во сопственост на корисникот. Во случај на инвестициски проекти, што се реализираат на имот што не е во сопственост на корисникот, мора да се поднесе договор или друг придружен документ за докажување на правото на користење на имотот што е засегнат од инвестицијата за период од најмалку 7 години од датумот на поднесување на барањето за поддршка.

2. Корисникот треба да докаже дека има завршено минимум средно образование преку диплома/сертификат или минимум 3 години искуство од областа на земјоделско производство, преработка или услуги поврзани со земјоделството (докажано преку професионално работно досие или преку евиденцијата на корисниците на националните програми за поддршка во земјоделството и руралниот развој или други прифатливи писмени докази).

Корисниците кои нема да ги исполнат горенаведените вештини и компетенции, на крајот на инвестицијата ќе обезбедат сертификат за обука издаден од релевантни институции за стручна обука, образовни и истражувачки институции или јавни советодавни служби, вклучувајќи го списокот на посетени модули за обука кои се релевантни за инвестицијата.

3. Најмалку едно одговорно лице на правното лице кое го застапува земјоделското стопанство или земјоделската задруга е постојано вработено или ангажирано со договор со времетраење не пократок од 5 години од денот на поднесувањето на барањето. Трговците поединци и индивидуалните земјоделски производители треба да бидат постојано вработени. Во случај на нови инвестиции[70] овој услов треба да биде исполнет пред поднесување на конечното барање за исплата.

## 7. Посебни критериуми за прифатливост

1. Инвестициите кои се однесуваат за наводнување на фармите се ограничени на воспоставување нови и/или рехабилитација/надградба на постојната мрежа за наводнување на имотот на земјоделското стопанство (кое може да биде во сопственост или со право на користење).

2. Корисниците кои предлагаат инвестиции за воспоставување нов систем за наводнување мора во Техничкиот предлог-проект/Деловниот план да ја елаборираат ефективноста на наводнувањето и на кој начин употребата на нововоспоставениот систем за наводнување ќе придонесе за поефикасно производство.

3. Корисниците кои предлагаат инвестиции во надградба/рехабилитација на постоечки систем за наводнување на фарма, мора во Техничкиот предлог-проект/Деловен план да го образложат постојниот систем за наводнување и неговата неефикасност во однос на потрошувачката на вода и на кој начин употребата на поефикасни системи за наводнување ќе придонесе за поефикасна употреба на вода и заштеда на вода.

4. Корисниците кои предлагаат инвестиции во воспоставување нов систем за наводнување или надградба/рехабилитација на постоечки систем за наводнување на фарми треба да обезбедат одобрение за наводнување при поднесувањето на барањето. Одобрението за наводнување може да биде во форма на договор со АД Водостопанство или дозвола издадена од МЖСПП.

5. Во случај на инвестиции за воспоставување нов систем за наводнување или надградба/рехабилитација на постоечки систем за наводнување на фарма каде што корисникот е дел од колективни системи, корисникот треба да приложи документарен доказ со проектното барање и пред конечната исплата со кој се потврдува дека се исполнети обврските за исплата на надоместокот за вода.

6. Проектите поврзани со поставување или модернизација на објектите за одгледување на зеленчук во заштитен простор се ограничени на инвестиции во постојаните структури – „пластични хали“ и оранжерии (привремените „најлонски тунели“ се исклучени од поддршката како непостојани оранжериски структури).

7. Лозите или лозовиот саден материјал мора да бидат во согласност со Националната сортна листа согласно Законот за семе и саден материјал и Законот за вино или со Општиот каталог на сорти на вино и сорти на винова лоза и подлоги на ЕУ што важат во времето на објавување на Повикот за доставување понуди.  Сортите Noah, Othello, Isabelle, Jacquez, Clinton и Herbemont се сметаат како хибридни сорти и не се дозволени според Законот за вино, и оттука, тие не се прифатливи за поддршка во рамки на мерката.

8. Лозовите насади во сопственост или изнајмени од корисникот мора да бидат регистрирани во Националниот регистар на лозови насади пред поднесување на конечното барање за исплата.

[70] Нова инвестиција е инвестиција предложена од новорегистрирано претпријатие кое сè уште нема поднесено годишна даночна пријава или постоечко претпријатие кое нуди инвестиции во нова дејност.

9. Сместувањето за животните/живината мора да може да обезбеди соодветен простор и објекти со соодветен простор за одгледување, како и дополнителен простор. Минималната големина на дозволен простор по животно (крави, овци, кози, свињи и нивните младенчиња, одгледување живина за месо - бројлери и кокошки несилки) мора да биде во согласност со „Правилникот за условите и начинот на заштита и благосостојба на домашните животни“ на крајот на инвестицијата.

10. Инвестициите за производство на енергија од обновливи извори на енергија се прифатливи ако тие се однесуваат на енергетските потреби на земјоделското стопанство, односно ако се почитуваат начелата на сопствена потрошувачка, додека одредена продажба на електрична енергија во мрежата е дозволена доколку се почитува ограничувањето на „сопствена потрошувачка“ (односно, електричната енергија која се продава во мрежа е еднаква на просекот на електрична енергија што е преземена од неа од страна на земјоделското стопанство во текот на една година)[71].

11. Во случај кога корисникот е семејно земјоделско стопанство, инвестициите за производство на енергија од обновливи извори се прифатливи доколку се однесуваат на енергетските потреби на земјоделското стопанство, вклучувајќи ја и куќата на корисникот во руралната средина.

12. Корисниците кои предлагаат инвестиции во сточарско производство, во Техничкиот предлог-проект/Деловениот План мора да образложат дека сточарските објекти се надополнети со системи за расчистување на арското ѓубре, системи за ракување и складирање во согласност со опциите наведени во Анекс 10 од Програмата или да предложат инвестиции за воспоставување и надградба на објекти за ракување и складирање на ѓубривото до минималните опишани опции.

13. Корисниците кои се занимаваат со интензивно одгледување на свињи со повеќе од 2.000 легла за гоени свињи (над 30 кг) или 750 легла за маторици или инсталации за интензивно живинарство со повеќе од 40.000 легла за живина[72], можат да предложат инвестиции за спроведување на активности од оперативните планови за воспоставување интегрирани еколошки барања. Документот со кој се докажува дека оперативните планови се договорени/одобрени од страна на МЖСПП треба да биде поднесен при аплицирањето за поддршка, а документот со кој се докажува позитивната оценка за спроведените активности издаден од МЖСПП треба да се достави на крајот од инвестицијата со конечното барање за исплата.

## 8. Прифатливи трошоци

### 8.1. Вид прифатливи инвестиции

Поддршката се доделува за инвестиции во физички средства што ќе му овозможат на секторот да одговори на широкиот спектар предизвици на земјоделските политики, вклучувајќи ја и потребата за модерни и ефикасни производствени алатки и инфраструктура за вршење на земјоделската дејност, здравјето и благосостојбата на животните. Понатаму, покрај поддршката за зголемување на ефикасноста на стопанствата и здравјето и благосостојбата на животните, инвестициите ќе придонесат и кон заштита на животна средина и борбата со климатските промени. Областите на поддршка се детално претставени во следните подделови од овој дел.

[71] Во согласност со насоките на DG AGRI за Ares(2018)6385137-12/12/2018

[72] Во согласност со Законот за заштита на животната средина

## 8.2. Приоритетни сектори

Мерката е отворена за сите сектори во рамките на Анекс I од Договорот (како што е наведено во Анекс 12 од Програмата) освен за секторот „тутун“. Прифатливите проекти се однесуваат на:

**1. Секторот за растително производство**: (i) житни култури, (ii) индустриски и фуражни култури, (iii) зеленчук (вклучувајќи компир, јагоди), (iv)повеќегодишни култури (овоштарници, вклучувајќи трпезно грозје и маслинови дрвја, (v) лозови насади, (vi) други култури од Анекс I кои не се поддржани во рамките на Мерката 7.

**2. Сектор сточарство:** (i) говеда (за: млечно говедарство, гоење), (ii) свињи (за: репродукција, гоење), (iii) овци и кози (за: млечно овчарство, козарство, гоење), (iv)живина (кокошки несилки, пилиња одгледувани за производство на месо - бројлери), (v) други добиток од Анекс I што не е поддржан во рамките на Мерката 7.

**3. Сектор рибарство:** фарми за аквакултура за слатководни риби.

**4. Преработка и директен маркетинг на сопственото земјоделско производство на фарма[73]:** (i) Млеко и млечни производи, (ii) Јајца, месо и производи од месо; (iii) Овошје и зеленчук, вклучувајќи компири и мешункасти култури; (iv) жита, мелничарски производи и скроб; (v) Растителни и животински масла и масти; (vi) Шира, сок од грозје, вино, други ферментирани пијалоци, алкохолни пијалоци и оцет; (vii) Риба и производи од риба; (viii) Производство на храна за добиток и фуражни култури.

**5. Производство на енергија од обновливи извори за сопствена потрошувачка,** преку преработка на растителни и животински производи од примарна и секундарна биомаса за производство на биогас и/или биогорива, користење на сончева енергија, ветерници, геотермална енергија итн.

## 8.3. Примери за прифатливи инвестиции

1. Изградба или реконструкција на згради и друг недвижен имот за земјоделство и рибарство (*како што се објекти за одгледување добиток, складишта за добиточна храна, станици за репродукција, оранжерии и/или стакленици и расадници, објекти за аквакултура, пост-бербени постројки, итн.*), помошни објекти (*на пример, складови за чување сточна храна и фуражни култури, силажа, амбари/силоси за сено и жито итн.*), вклучувајќи ги и оние што се користат за сместување на земјоделските машини и опрема, за заштита при работа на земјоделските работници, за заштита на животната средина (*на пример, арско ѓубре и септички јами, складишта за биомаса, недвижен имот за третман на вода/канализација/кашеста маса, складишта за силажа, складишта за производи за заштита на растителното производство и ѓубрива итн.*) и потребната опрема.
2. Изградба или реконструкција на објекти и друг недвижен имотот кој се користи за пост-бербени активности, за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи на фарма (*како што се простории за пост-бербени активности, простории за ладење, пакување, калибрирање, производствени простории, магацини, продажни пунктови и сл*), помошни објекти (*на пример објекти за подготовка на суровина, магацини за жито и др.*) вклучувајќи ги и оние за заштита при работа и заштита на животната средина (*на пример третман на отпад, магацини*

[73] Директниот маркетинг се однесува на активности поврзани со подготовка на земјоделски производи, директна продажба и други маркетинг активности на фармата (вклучително и за преработените производи на фармата)

*за биомаса, недвижен имот за вода/третман на отпадни води, итн.*) и потребната опрема.

3. Садење/повторно засадување на повеќегодишни дрвја и растенија (со исклучок на семиња за повеќегодишни култури и растенија), вклучувајќи овошни дрвја и грмушки и трпезно грозје, маслинови дрвја, лозови насади, вклучувајќи придружни инсталации;
4. Набавка и/или инсталирање на нови машини, земјоделска механизација и опрема/инструменти за подобрување на земјоделските и рибни производствени активности на фарма;
5. Набавка и/или инсталирање нови машини и/или опрема за подобрување на стандардите за благосостојба на животните (*обезбедување доволен простор за одгледување, обезбедување редовен пристап до свежа вода, хранење, сместување и одгледување на младенчиња, чистење на арското ѓубре, одмор на отворен простор, итн.*);
6. Набавка и/или инсталирање нови машини и опрема/инструменти за пост-бербени активности, преработка и директен маркетинг на фарма, вклучувајќи го следново:
    - категоризација, собирање, складирање и ладење (вклучувајќи и манипулација);
    - за преработка, пакување, разладување, замрзнување, сушење, итн., и складирање (вклучувајќи манипулација);
    - за производство на нови производи, воведување нови технологии и процеси;
    - за подобрување и контрола на квалитетот и безбедноста на суровините и храната.
7. Набавка и/или инсталирање нови машини и/или опрема за заштита на животната средина (*енергетска ефикасност, контролирани климатски услови, ракување и складирање арско ѓубре, третман на отпад и нус-производи, третман на вода, итн.*), вклучувајќи ублажување на климатските промени (*заштитни капаци, сенки, итн.*), вклучувајќи обезбедување електрична енергија и/или греење со употреба на обновливи извори на енергија за да се задоволат потребите на земјоделското стопанство за сопствените земјоделски активности;
8. Инвестиции во капацитети и опрема за наводнување на фарма (вклучувајќи *нови резервоари за вода, цистерни, цевководи, системи капка по капка, системи со водена пареа, инсталации за распрскување, пумпни станици, итн.);*
9. Набавка на специјализирани земјоделски транспортни приколки и возила, како што се *земјоделски приколки, цистерни за млеко (рефус), транспортни разладни резервоари за превоз на производството, транспорт на живи животни и живина, специјализирани опрема за транспорт на арско ѓубре, опрема за транспорт на биомаса* и слично;
10. Развој на инфраструктурата на стопанството, вклучувајќи изградба и реконструкција на патиштата и патеките на фармата, инсталации за снабдување со електрична енергија, системи за водовод и канализација, одводнување (дренажа), артески бунари, оградување итн., како и подобрување на надворешниот простор на имотот на корисникот за исполнување на потребите на земјоделското стопанство за неговите земјоделски активности.

11. Примери за прифатливи трошоци во колективни проекти се како што следува: *споделување капацитети, машини, опрема и друга инфраструктура што се користи за производство на земјоделски производи за да се постигнат стандардите на ЕУ, воспоставување и развој на кратки синџири за снабдување и локални пазари (возило со штанд за директна продажба; опрема за пазарни штандови; фрижидери и друга опрема за директна продажба).*

### 8.4. Прифатливите трошоци се ограничени на

#### (а) Материјални инвестиции

- Градежни материјали и елементи за изградба или реконструкција на згради и објекти
- Нова земјоделска механизација, машини и опрема
- Повеќегодишни дрвја и растенија (освен хибриди)

#### (б) Нематеријални инвестиции, поврзани со трошоците од точка (а)

- Добивање права на патенти и лиценци
- Компјутерски софтвер, вклучувајќи софтверски лиценци
- Транспорт и инсталација на опремата (без сервисери)
- Услуги за изградба/реконструкција (вклучувајќи технички надзор)
- Услуги за засадување/повторно засадување

Дополнително, трошоците што се поврзани со колективни инвестиции може да се прошират за дополнително да опфатат:

- Студии за спецификацијата за хигиенските стандарди и методот за производство на квалитетни производи;
- Развој на производи и студија за маркетинг за нови производи или слични студии за други продукти;
- Трошоци за анимирање што не изнесуваат повеќе од 10% за креирање и работење на краток вредносен синџир за определен производ што се дистрибуира преку локален супермаркет.

#### (в) Општи трошоци поврзани со трошоците од точка (а) и точка (б)

- Подготовка на техничка документација, градежни планови и придружни студии
- Подготовка на технички предлог-проект/деловен план: пресметки на трошоци, анализи, пазарни анализи, маркетинг анализи
- Подготовка на процена на влијанието врз животната средина
- Управување со проекти

#### (г) Трошоци за специфични информативни и рекламни активности на ниво на проект што се во надлежност на крајните корисници

- Билборди
- Плакати
- Налепници, итн.

Прифатливите трошоци треба да бидат утврдени и детално наведени во Листата на прифатливи трошоци што е прифатен од Европската комисија по објавувањето на Одлуката за донесување на Програмата.

Деталните правила за прифатливоста на трошоците, неприфатливите трошоци и правилата за потеклото се наведени во Дел 8.1 од Програмата.

## 9. Критериуми за избор

За да се осигури дека инвестицијата ги исполнува целите на мерката, на прифатливите проекти им се доделуваат бодови врз основа на следниве приоритети:

**Приоритет ќе се даде на проекти поврзани со <u>заштита на животната средина и благосостојбата на животните</u>:**

- Инвестиции кои се однесуваат на системи за управување со арско ѓубре (*складирање, третман, понатамошно користење и слично*) за заштита на животната средина, вклучувајќи/или инвестиции за подобрување на ефикасноста на употребата на ѓубрива (на пример, намалена употреба, опрема, прецизно земјоделство), или примена на Интегрирано управување со штетници (ИУШ) (**20 бодови**)
- Инвестициска подршка за воведување производство на енергија од обновливи извори на фарма *(на пр. биогас, соларна енергија, ветерници, гео-термална енергија, итн.*) и/или практики за ефикасна употреба на вода и заштеда на вода (*на пример, системи капка по капка, системи за приспособување на животните со рационализирање на потрошувачката на вода и намалување на загубите на вода, како што се корита за напојување со константно ниво* итн.) **(20 бодови)**
- Инвестиции за постигнување на стандардите за благосостојба на животните (**15 бодови**) ИЛИ
- Инвестиции кои имаат за цел ублажување/адаптација на климатските промени (*заштитни мрежи и покривки, итн.*) (**20 бодови**)

| **ВКУПНО БОДОВИ: Најмногу 60 бодови** |
|---|

**Приоритет се дава на <u>следните корисници</u>:**

- Сертифицирани органски производители или во конверзија за да добие сертификат за органско земјоделство за предложената инвестиција (**15 бодови**)
- Земјоделски задруги кои се прифатливи или користат национална поддршка за формирање и водење на земјоделски задруги (според евиденцијата на ИПАРД Агенција) (**15 бодови**) ИЛИ
- Правно лице што е здружено правно лице што врши колективна инвестиција (**15 бодови**) ИЛИ
- Правно лице (земјоделско стопанство) кое првенствено се занимава со земјоделска дејност, преработка на земјоделски производи (**15 бодови**) ИЛИ
- Семејни земјоделски стопанства претставувани од жени или млади земјоделци кои имаат најмалку 18, а помалку од 40 години на денот кога е поднесено барањето за поддршка. (**15 бодови**)

| **ВКУПНО БОДОВИ: Најмногу 30 бодови** |
|---|

**Приоритет се дава на <u>следните корисници</u>:**

- што се наоѓаат во рурални средини кои припаѓаат на Плански регион со индекс на развој меѓу 60 - 80 (**10 бодови**) ИЛИ
- што се наоѓаат во рурални средини кои припаѓаат на Плански регион[74] со индекс на развој[75] меѓу 81 - 100 (**5 бодови**)

| **ВКУПНО БОДОВИ: најмногу 10 бодови** |
|---|

| **СЕВКУПНО БОДОВИ: 100 бодови** |
|---|

Бодирањето се користи за избор на проекти преку рангирање во случаите кога бараниот износ на финансиска поддршка на прифатливата инвестиција го надминува достапниот финансиски буџет што е определен за оваа мерка.

Извештаите за рангираните проекти се користат за целите на следењето на Програмата за да се процени дали поднесените и одобрените проекти се во согласност со утврдените оперативни цели за оваа мерка.

Проекти со 0 бодови може да се одобрат кога бараниот износ за финансиска поддршка е под достапниот финансиски буџет што е распределен за оваа мерка и се исполнети условите за прифатливост.

## 10. Висина на поддршката

Вкупните јавни трошоци (75 % средства на ЕУ + 25 % национално кофинансирање) нема да ја надминуваат границата од 60 % од вкупните прифатливи трошоци на инвестициите. Висината на финансирањето ќе се зголеми до:

- 65 % за инвестиции во земјоделски стопанства во планинските области (како што е наведено во Анекс 2 на оваа Програма);
- 70 % за инвестиции во земјоделски стопанства направени од страна на млади земјоделци[76] и/или земјоделски стопанства/земјоделци сертифицирани како органски производители за предложената инвестиција;

Висината на максималната поддршка ќе се зголеми за 10 процентни за:

- Инвестиции кои се однесуваат на системи за управување со арско ѓубре (третман, понатамошно користење и сл.)
- Инвестиции во згради/опрема за производство на енергија од други обновливи извори на енергија за задоволување на сопствените енергетски потреби на земјоделското стопанство според начелото на „сопствена потрошувачка“;
- Инвестиции во згради/опрема за третман на вода/отпадни води; и
- Колективни инвестиции - дополнителна поддршка во рамките на оваа мерка е применлива за секторот за овошје и зеленчук, секторот за вино, секторот за млеко и млечни производи, како и за колективни инвестиции за квалитетни производи со изгледи за регистрирање како производи со ознака за потекло и/или географска ознака.

Максималното кумулативно/комбинирано ниво на помош не смее да надмине 75 %.

За да се добие поддршка во рамките на оваа мерка, минималните вкупни прифатливи трошоци што се предложени за инвестицискиот проект треба да изнесуваат 20.000 евра.

[74] Закон за рамномерен регионален развој (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 24/2021)
[75] Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 до 2023 година (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 234/2018)
[76] Кои имаат најмалку 18 и помалку од 40 години на датумот на поднесување на барањето за поддршка.

Максималната вкупна финансиска поддршка што се доделува на корисник според оваа мерка изнесува 1.500.000 евра за целиот период на спроведување на Програмата.

Максималната финансиска поддршка што може да се додели на новоосновани правни лица (правно лице што не поднело годишна даночна пријава за последната фискална година што претходела на годината на јавниот повик) во рамките на оваа мерка е 100.000 евра.

Максималната вкупна финансиска поддршка што може да се додели на поединечен проект во рамките на оваа мерка е 750.000 евра.

Еден корисник можат да поднесе повеќе проекти според оваа мерка во периодот на спроведување на Програмата, под услов да не се надмине максималната финансиска поддршка и да е поднесено конечно барање за исплата за претходниот проект. Договорот за следниот проект се потпишува откако реализираниот проект ќе се одобри (овласти) за исплата.

## 11. Индикативен буџет

### Табела 46: Индикативен финансиски план

| Година | Вкупно прифатливи трошоци | Јавни трошоци | | | | | | Приватно учество | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | | Учество на ЕУ | | Национално учество | | | |
| | ЕУР | ЕУР | % | ЕУР | 75% | ЕУР | 25% | ЕУР | % |
| 1 | 2=3+9 | 3=5+7 | 4=3/2 | 5 | 6=5/3 | 7 | 8=7/3 | 9 | 10=9/2 |
| 2021 | 6.533.333 | 3.920.000 | 60% | 2.940.000 | 75% | 980.000 | 25% | 2.613.333 | 40% |
| 2022 | 5.688.889 | 3.413.333 | 60% | 2.560.000 | 75% | 853.333 | 25% | 2.275.556 | 40% |
| 2023 | 10.933.333 | 6.560.000 | 60% | 4.920.000 | 75% | 1.640.000 | 25% | 4.373.333 | 40% |
| 2024 | 8.333.333 | 5.000.000 | 60% | 3.750.000 | 75% | 1.250.000 | 25% | 3.333.333 | 40% |
| 2025 | 11.333.333 | 6.800.000 | 60% | 5.100.000 | 75% | 1.700.000 | 25% | 4.533.333 | 40% |
| 2026 | 10.400.000 | 6.240.000 | 60% | 4.680.000 | 75% | 1.560.000 | 25% | 4.160.000 | 40% |
| 2027 | 11.555.556 | 6.933.333 | 60% | 5.200.000 | 75% | 1.733.333 | 25% | 4.622.222 | 40% |
| **Вкупно** | **64.777.778** | **38.866.667** | **60%** | **29.150.000** | **75%** | **9.716.667** | **25%** | **25.911.111** | **40%** |

Распределба на јавните средства за земјоделска механизација-трактори вклучувајќи ја и нивната опрема (со исклучок на додатоците) не смее да надмине 20% од вкупниот расположлив почетен финансиски буџет за оваа мерка за целиот период на спроведување на Програмата.

## 12. Показатели

| Показател | Целна вредност до 2027 г. |
|---|---|
| Број на фарми и земјоделски преработувачки претпријатија поддржани од ИПАРД за модернизација | 1.800 |
| Вкупни инвестиции во модернизација на фарми и земјоделскиот сектор | 64,8 милиони ЕУР |
| Број на фарми и претпријатија за преработка на храна и рибни производи што добиваат инвестициска поддршка од ИПАРД за постепено усогласување со стандардите на ЕУ за хигиена и за благосостојба на животните | 1.000 |
| Број на отворени работни места | 250 |

| | |
|---|---|
| Број на млади земјоделци што добиваат поддршка од ИПАРД за инвестиции | 800 |
| Број на поддржани групи/организации на производители | 10 |
| Број на земјоделци што учествуваат во поддржаните Групи на производители, Организации на производители, локални пазари, кратки синџири за снабдување и програми за квалитет | 120 |
| Број на колективни инвестиции | 15 |
| Број на корисници на ИПАРД со поддршка за инвестиции поврзани со заштита на животната средина или климатски промени | 1.000 |
| Број на корисници на ИПАРД со поддршка за инвестиции за управување со арско ѓубре | 70 |
| Број на корисници на ИПАРД со поддршка во инвестиции за третман или управување со отпад | 140 |
| Број на ИПРД корисници со поддршка во инвестиции за производство на енергија од обновливи извори | 200 |
| Број на проекти со инвестиции во циркуларна економија | 10 |

## 13. Административна постапка

Минималните чекори на административната постапка за спроведување на оваа мерка се наведени во дел 8.2 на оваа Програма. Оваа мерка ќе се спроведува во согласност со интерните постапки за управување и контрола воспоставени од ИПАРД Агенцијата, акредитирани од НАО и „доверување на правото за користење на средства“ од Европската комисија.

## 14. Географски опсег

Оваа мерка е применлива за целата земја.

## Мерка ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА ЗА ПРЕРАБОТКА И МАРКЕТИНГ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И РИБНИ ПРОИЗВОДИ

### 1. Правна основа

– Член 29(1) од Секторската спогодба за ИПАРД Програмата;

– Анекс 4 кон Секторската спогодба за ИПАРД Програмата.

### 2. Образложение

Во моментов, секторот за преработка на храна сè уште се карактеризира со ниско ниво на продуктивност и со застарена опрема и капацитети, што придонесува за ниска конкурентност и неможност за проширување до економија од обем. Структуралните слабости поврзани со сезонскиот карактер на примарното земјоделско производство, фрагментираната понуда (голем број мали производители) ја попречуваат индустријата за преработка на храна во приспособувањето кон побарувачката на пазарот. Како резултат на ваквата намалена конкурентност на домашните компании, недоволната понуда на суровини и слабата понуда на конкурентни и квалитетни производи, домашниот пазар е преплавен од увозни прехранбени производи во речиси сите сектори (млеко и млечни производи, сушено и замрзнато овошје и зеленчук, брашно и сушени житарки, масло за готвење, месо и месни производи, риба и рибни производи, итн.).

Во услови на пазар на храна со претежно увозни прехранбени производи, конкурентноста на домашните претпријатија за преработка на храна е доведена во прашање. Со цел успешно справување со увозните висококвалитетни стоки по разумни цени на домашниот пазар, како и со цел унапредување на растечкиот извоз, овие компании во голема мера имаат потреба од подобрување на ефективноста на производство и маркетинг, воведување иновации, користење обновливи извори на енергија, подобрување на квалитетот на храната и безбедноста на храната, заштита на животната средина и подобрување на работните и хигиенските услови.

Процесот на пристапување кон ЕУ, исто така, од претпријатијата што преработуваат земјоделски производи бара постигнување целосна усогласеност со стандардите на ЕУ во врска со безбедноста на храната, заштитата на животната средина, хигиената и безбедноста и здравјето при работа. По процесот за приближување на законодавството, операторите со храна кои не ги исполнуваат стандардите на ЕУ за безбедност на храната ќе бидат затворени по препорака на Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) или може да изберат да ја ограничат својата продажба на подрегионалните локални пазари. Процената на усогласеноста на постојните претпријатија што преработуваат земјоделски производи од животинско потекло се врши од АХВ во согласност со одредбите на Законот за безбедност на храната.

За постигнување на оваа усогласеност ќе бидат потребни значајни инвестиции што би се реализирале со тешкотии без финансиска поддршка, особено во секторите за млеко и месо, за кои беа одобрени преодни периоди за усогласување со стандардите на ЕУ на определени претпријатија.

Дополнително, потребна е поддршка за подобрување на перформансите на производството на земјоделски прехранбени производи од гледна точка на продуктивноста и ефикасноста во однос на рационализацијата на инсталираните капацитети, нивното ефикасно користење и елиминирање на недостатоците во синџирот на снабдување што се манифестираат на земјоделските пазари.

Овие слабости во снабдувањето со суровини од примарното земјоделско производство ги погодуваат, пред сè, секторите што имаат растечки извозен потенцијал, како што се производството на вино, преработката и пласманот на овошје и зеленчук, млеко и млечни производи. Секторот за снабдување со свежо месо има одлична можност за раст со цел задоволување на потребите на домашниот пазар, особено свинското, говедското месо и месото од живина. Секторот за преработка и пласман на житарки заедно со сушени мешункасти култури има одлична можност за раст со цел задоволување на потребите на домашниот пазар за сушени житарки и мешункасти култури.

## 3. Општи цели

- Оваа мерка ќе го поддржи развојот на човечките и физичките ресурси, ќе ја зголеми способноста на земјоделскиот сектор да се справи со конкурентскиот притисок и со пазарните сили и ќе му помогне на земјоделскиот сектор постепено да се усогласи со стандардите на ЕУ.
- Мерката, исто така, ќе помогне во справувањето со предизвикот на климатските промени, промовирајќи ефикасно искористување на ресурсите и обновливите извори на енергија.
- Определени активности во рамките на мерката, исто така, ќе придонесат за зајакнување на положбата на земјоделците во прехранбениот синџир, охрабрувајќи ги да соработуваат во кратки синџири на снабдување и да произведуваат производи со повисока додадена вредност.

### 3.1. Специфични цели

Подобрување на вкупните перформанси, економската продуктивност и конкурентноста на претпријатијата од индустријата за преработка на храна преку:

- подобро искористување на производните фактори; воведување нови производи, процеси и технологии;
- зајакнување на синџирот на снабдување и интегрирање на преработувачите и земјоделските производители;
- подобрување на квалитетот и безбедноста на прехранбените производи и нивната следливост; и
- постигнување усогласеност со стандардите на ЕУ.

Оваа мерка, исто така, ќе помогне во справувањето со предизвикот за климатските промени преку:

- промовирање обновливи извори на енергија; и
- промовирање инвестиции во циркуларната економија.

Определени активности во рамките на оваа мерка ќе придонесат за зајакнување на положбата на земјоделците во синџирот за снабдување со храна преку:

- колективни инвестиции; и
- формирање и развој на кратки синџири на снабдување и локални пазари.

## 4. Поврзаност со други мерки на ИПАРД во Програмата и национални мерки

Конкретно, оваа мерка е поврзана со мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства", бидејќи аутпутот на примарното земјоделско производство и квалитетот на земјоделските производи имаат позитивен ефект врз оперативниот капацитет на индустријата за преработка и неговото рационално и ефикасно користење. Мерката „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи" ги поддржува операторите со храна, додека, пак, во рамките на мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства" се поддржуваат мали проекти за постбербени активности на фарма (на пример, манипулација, категоризација, пакување, итн.) на земјоделските производи и преработка и директен маркетинг.

Од друга страна, во рамките на мерката „Диверзификација на фарми и развој на бизниси" се обезбедува поддршка за инвестиции во преработка на алтернативни земјоделски производи и поддршка за инвестиции во преработка на земјоделски производи што не се наведени во Анекс I на Договорот.

Мерката „Агроекологија, клима и органско производство", исто така, придонесува за спроведувањето на оваа мерка преку промовирање на органското земјоделство за производство на преработени органски производи за кои постои зголемена побарувачка на домашните и пазарите на ЕУ.

Мерката „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи" е дополнета од инвестиции во јавната инфраструктура во руралните средини, како што се подобрувањето на приклучните патишта, снабдувањето со електрична енергија, јавни системи за водовод и канализација и други локални патишта во рамките на мерката „Инвестиции во рурална јавна инфраструктура" што се суштински за зголемувањето на конкурентноста на индустријата за преработка на храна што се наоѓа и работи во руралните средини.

Опфатот на помошта што се обезбедува во рамките на оваа мерка нема да се преклопува со опфатот на помошта што се обезбедува во рамките на националните шеми за поддршка за земјоделството и руралниот развој.

### 4.1. Ограничувања и разграничувања

Со цел подобро насочување на инвестициската поддршка и разграничување на корисниците на различните мерки во рамките на оваа програма, корисниците ќе бидат предмет на следните ограничувања/критериуми за разграничување во рамките на оваа мерка:

1. Задруги, здружени правни лица и земјоделски стопанства што се застапувани од правно лице што користеле поддршка во постбербени активности за преработка и директен маркетинг на фарма во рамките на мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“ може дополнително да поднесат барање за истата инвестициска активност во рамките на оваа мерка.

2. Поддршка не може да се одобри за претпријатија што се застапувани од правно лице во случај кога нивниот капитал е во сопственост на јавен орган или органи или од страна на државата со повеќе од 25 %. Во определени случаи, кога тоа се смета за соодветно врз основа на националното законодавство, Телото за управување може да побара од Европската комисија да донесе одлука преку поднесување образложено барање.

3. Правни лица – претпријатија чија производна линија е одобрена за извоз во ЕУ се прифатливи за поддршка само во инвестиции во други производни линии (дел од претпријатието).

4. Инвестициска поддршка за постројки за обновлива енергија (биомаса, ветар, сонце, итн. и/или со преработка на растителни или животински производи од примарна и секундарна биомаса, опфатени во Анекс I кон Договорот) со капацитет на производство што ја надминува годишната потрошувачка за сопствени потреби на корисникот, не е прифатлива во рамките на оваа мерка, бидејќи е поддржана во рамките на мерката „Диверзификација на фарми и развој на бизниси“.

5. Разграничувањето меѓу колективните инвестиции во рамките на мерките 3 и 7 од оваа Програма се постигнува преку приоритетните сектори што се поддржани.

## 5. Корисници

### 5.1. Видови корисници

Следниве видови корисници може да поднесат барање и да користат поддршка во рамките на оваа мерка:

I. Правни лица
II. Задруги
III. Здружени правни лица

**I. Правни лица** што се регистрирани во Централниот регистар како правни лица согласно Законот за трговски друштва и потпаѓаат под дефиницијата за МСП (видете Анекс 9)[77].

Претпријатијата што не се опфатени со дефиницијата за МСП, но кои вработуваат помалку од 750 вработени и имаат годишен обрт што не надминува 200 милиони евра, исто така, може да бидат прифатливи, меѓутоа, во овој случај, поддршката може да се додели само за инвестиции што се посебно наменети за постигнување целосна усогласеност на целото претпријатие со релевантните стандарди на ЕУ.

[77] Анекс 9 на оваа Програма.

Проценатa на големината на корисниците се врши од страна на ИПАРД Агенцијата. Новоформираните претпријатија се оценуваат врз основа на очекуваната големина што очекуваат да ја постигнат како што е предложено во Деловниот план.

**II. Задруги** што се регистрирани во Централниот регистар и претежно се занимаваат со земјоделски дејности, преработка на земјоделски производи и/или услуги што се директно поврзани со земјоделски дејности.

**III. Здружени правни лица** (за колективни инвестиции) што се контролирани од земјоделски производители и на кои таквиот статус им е признаен во согласност со закон. Следниве видови здружени правни лица може да поднесат барање и да користат дополнителна поддршка во рамките на оваа мерка:

- задруги што се регистрирани во Централниот регистар и претежно се занимаваат со земјоделски дејности, преработка на земјоделски производи и/или услуги што се директно поврзани со земјоделски дејности;
- групи на производители и организации на производители што се признаени како такви во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој и се регистрирани во Регистарот на групи од производители и/или Регистарот на организации на производители што се водат од страна на МЗШВ;
- приватно друштво со претежна дејност во земјоделството и преработката на земјоделски производи, основано од овластен застапник на семејно земјоделско стопанство регистрирано во Регистарот на земјоделски стопанства; и
- приватно друштво со претежна дејност во земјоделството и преработката на земјоделски производи, основано од здружение на земјоделски производители.

Минималниот број земјоделски производители кои се ангажирани во рамките на кој било од горенаведените субјекти е 10.

## 6. Општи критериуми за прифатливост

### 6.1. Видови претпријатија и организации на производители што се поддржуваат

**I. Правните лица** мора да бидат регистрирани во Централниот регистар пред поднесувањето на барањето за поддршка и во АХВ како оператори со храна или за евидентирање на промените предизвикани од предметната инвестиција во согласност со Законот за безбедност на храната на крајот од инвестицијата.

**II. Задругите** што се регистрирани во Централниот регистар и претежно се занимаваат со земјоделска дејност, преработка на земјоделски производи и/или услуги што се директно поврзани со земјоделски дејности, исто така, мора да бидат регистрирани во АХВ како оператори со храна во согласност со Законот за безбедност на храната на крајот од инвестицијата.

**III. Здружените правни лица** мора да бидат признаени како такви во согласност со закон и нивните производни капацитети се пресметуваат како збир од производните капацитети на членовите/основачите. Минималниот број земјоделски производители што основаат или се ангажираат во здружено правно лице мора да биде 10.

Сите корисници треба да го поднесат барањето придружено од комплет од бараните документи и Деловен план како дел од барањето. Овие барани документи, како и правилата за процедурите и проверките за комплетност и соодветност се објавуваат во Упатството за корисници и се наведуваат во јавниот повик. Сите примени барања што не содржат еден или повеќе од бараните документи се отфрлаат.

Помош може да биде доделена на корисниците чии инвестициски проекти покажуваат изгледи за финансиска/економска одржливост. Економската и финансиската одржливост се оценува врз основа на Деловен план.

Деловниот план мора да содржи детален опис на постојниот технолошки процес, постојната и/или идната организација на производниот систем и планираните инвестиции и активности (вклучувајќи маркетинг).

Исто така, Деловниот план мора да покаже на кој начин реализацијата на проектот ќе доведе до подобрување на севкупната успешност на корисникот преку презентирање на изгледите за економска одржливост или ќе доведе до подобрување на севкупната успешност на земјоделските стопанства на членовите на земјоделска задруга.

Корисникот мора да прикаже изгледи за континуитет во работењето во текот на најмалку пет години по реализацијата на инвестицијата. Процената на финансиската/економската одржливост и изгледите за континуитет во работењето се врши од страна на ИПАРД Агенцијата. За да го осигури изборот на проекти со највисок квалитет во однос на финансиската/економската одржливост, ИПАРД Агенцијата, во консултација со Телото за управување, може да утврди најниски/највисоки вредности на критериумите за процена на критериумите за економска и финансиска одржливост.

Обрасците за Деловниот план, придружени од упатство за пополнување на обрасците и, по можност, највисоките/најниските вредности на критериумите за економска одржливост со методологијата за пресметување се изготвуваат и се објавуваат од ИПАРД Агенцијата и претставуваат дел од пакетот документи за поднесување барање за конкретната мерка.

### 6.2. Национални и стандарди на ЕУ што треба да се почитуваат

Националните минимални стандарди за заштита на животната средина, јавното здравје, благосостојбата на животните и безбедноста и здравјето при работа во областа на преработка на храна се усогласени со релевантните стандарди на ЕУ.

Најдоцна до крајот на проектот (пред поднесувањето на конечното барање за исплата), претпријатието мора да биде усогласено со главните релевантни национални минимални стандарди во сила во однос на заштитата на животната средина, јавното здравје, благосостојбата на животните и безбедноста и здравјето при работа. Оттаму, за целите на спроведувањето на оваа мерка, документите со кои се потврдува почитувањето на применливите национални минимални стандарди претставуваат задолжителен дел од конечното барање за исплата што корисникот го поднесува до ИПАРД Агенцијата.

Во случајот кога се спроведува колективна инвестиција од законски основан субјект во име на неговите членови, националните стандарди се применуваат на средствата на субјектот, а не на средствата што се поседуваат од секој учесник/член на тој субјект.

При поднесувањето на конечното барање за исплата, корисниците треба да поднесат документи издадени од надлежните органи, како што следува:

- АХВ во однос на почитувањето на јавното здравје, во согласност со Законот за безбедност на храната, кој е применлив за сите сектори во рамките на оваа мерка, и стандардите за благосостојба на животните во согласност со Законот за благосостојба на животните (применлив само за индустријата за преработка на месо и кланиците); и/или

- Општинските органи за заштита на животната средина или МЖСПП за стандарди за заштита на животната средина во согласност со Законот за заштита на животната средина; и/или

- Инспекторатот за труд за постигнување на стандардите за безбедност и здравје при работа.

Меѓутоа, пред поднесувањето на барањето до ИПАРД Агенцијата, релевантните органи за ветеринарство и животна средина треба да оценат дали (i) националните релевантни стандарди од претпријатието на корисникот и (ii) релевантните стандарди на ЕУ што се применливи за инвестицијата, ќе бидат постигнати на крајот од проектот.

Издадените документи за оценување на усогласеноста на инвестицијата во однос на применливите стандарди на ЕУ мора да се изготват врз основа на претходна проценка на инвестицискиот проект, кога е тоа соодветно.

Кога е тоа релевантно, ИПАРД Агенцијата може да го добие документот што го потврдува почитувањето на применливите национални минимални стандарди (и соодветните стандарди на ЕУ) административно, т. е. преку пристап до електронската евиденција или во писмена форма преку барање до органите што се одговорни за предметниот стандард. Листата документи што го потврдуваат почитувањето на применливите национални минимални стандарди (и соодветните стандарди на ЕУ), која ИПАРД Агенцијата ја добива по службен пат, претставува составен дел од Упатството за корисници.

Целосната и ажурирана листа со национални минимални стандарди во сила и нивната усогласеност со релевантните стандарди на ЕУ, утврдена од Телото за управување во однос на прифатливите инвестициски активности и приоритетниот сектор е дадена во Анекс 15 кон оваа Програма. Целосна и ажурирана листа на овие главни релевантни стандарди мора да се чува од ИПАРД Агенцијата и да се стави на располагање на корисниците. Ажурираната листа претставува составен дел од Упатството за корисници.

### 6.3. Други општи критериуми за прифатливост

1. Инвестициите мора да се реализираат на имотот што е во сопственост на корисникот. Во случај на инвестициски проекти, кои се реализираат на имот што не е во сопственост на корисникот, мора да се поднесе договор или друг придружен документ за докажување

на правото на користење на имотот што е засегнат од инвестицијата за период од најмалку 7 години од датумот на поднесување барање за поддршка.

2. Сите корисници мора да бидат регистрирани во националниот систем за ДДВ.

3. Пред да се поднесе конечното барање за исплата, најмалку едно одговорно лице на правното лице што го застапува претпријатието е вработено на неопределено време во правното лице или е ангажирано врз основа на договор со времетраењето што не е пократко од времетраењето на Договорот за доделување финансиска поддршка во рамките на оваа Програма.

## 7. Посебни критериуми за прифатливост

1. Корисникот што предлага инвестиции во секторот за вино мора да биде регистриран во Регистарот на производители на вино во МЗШВ пред датумот на поднесување на конечното барање за исплата.

2. Корисникот што предлага инвестиции во центар за откуп и дистрибуција на овошје и зеленчук, житарки и млеко мора да биде регистриран во Регистарот на откупувачи во МЗШВ пред датумот на поднесување на конечното барање за исплата.

## 8. Прифатливи трошоци

### 8.1. Вид на прифатливи инвестиции

Поддршката се доделува за инвестиции во основни средства што водат кон подобрување на севкупната успешност на претпријатијата, исполнување на релевантните национални и стандарди на ЕУ што се применливи за предметните инвестиции, особено за животната средина, безбедноста на храната и благосостојбата на животните.

Исто така, поддршка се доделува за воведување и развој на нови производи, процеси и технологии за производите што се опфатени во Анекс I на Договорот, вклучувајќи рибни производи и производи што се произведени врз основа на производите што се опфатени во Анекс I кон Договорот, како и за воведување нови и/или модернизација на постојните капацитети или подобрување на нивната употреба.

Поддршка се доделува за воведување енергетски ефикасни практики и згради и производство и за користење енергија од обновливи извори за потрошувачка за сопствени потреби. Поддршката, исто така, може да се користи за управување со отпад што е акумулиран во текот на преработката во биомаса и за натамошна употреба како извор на енергија или негова валоризација во други производи – циркуларна економија.

Поддршката за изградба/модернизација на приватни лаборатории во сопственост на претпријатието е прифатлива само ако се сместени во просториите на претпријатието и се користат првенствено за сопствените производи на претпријатието (како што е

наведено во Деловниот план и е потврдено во текот на *ex-post* контролите од ИПАРД Агенцијата).

## 8.2. Приоритетни сектори

Поддршка се доделува за проекти за преработка и/или маркетинг на производи што се опфатени во Анекс I на Договорот, вклучувајќи рибни производи и/или развој на нови производи, процеси и технологии поврзани со производи што се опфатени во Анекс I кон Договорот, вклучувајќи рибни производи за подобрување на додадената вредност на таквите производи. Следните сектори што се поврзани со преработка и/или маркетинг на производи, опфатени во Анекс I кон Договорот (како што е наведено во Анекс 12 кон Програмата), се прифатливи за поддршка (земјоделски производи):

1. Млеко и млечни производи;
2. Месо и производи од месо (вклучувајќи јајца и живина);
3. Овошје и зеленчук (вклучувајќи компири и мешункасти култури);
4. Житарки, мелнички производи и скроб;
5. Растителни и животински масла и масти;
6. Шира, вино, други ферментирани пијалаци, жестоки алкохолни пијалаци и оцет;
7. Риба и рибни производи;
8. Сточна храна и производи од фуражни култури;
9. Други производи произведени врз основа на производите што се опфатени во Анекс I кон Договорот;
10. Производство на енергија преку преработка на растителни и животински производи од примарна и секундарна биомаса.

Поддршката за производство на други производи од Анекс I што не се опфатени погоре, т. е. сектори за преработка и додавање вредност на други земјоделски производи (како што се мед, билки, зачини, ароматски и фармацевтски растенија, печурки и украсни и шумски растенија, итн.), како и производство на преработени земјоделски производи што не се наведени во Анекс I на Договорот се поддржани во рамките на мерката „Диверзификација на фарми и развој на бизниси“.

Инвестициите во производство на енергија од обновливи извори на енергија и/или преку преработка на растителни и животински производи од примарна и секундарна биомаса, опфатени во Анекс I кон Договорот, се прифатливи ако се однесуваат на енергетските потреби на производното претпријатие, т. е. ги почитуваат начелата на „потрошувачка за сопствени потреби“, при што определена продажба на електрична енергија во системот е допуштена под услов ако се почитува ограничувањето за „потрошувачка за сопствени потреби“ (т. е. електричната енергија што се продава во системот е еднаква во просек на електричната енергија што е преземена од претпријатието во текот на годината).

## 8.3. Примери за прифатливи инвестиции

1. Изградба или реконструкција на згради и друг недвижен имот што се користи за преработка и маркетинг на земјоделски производи (*како што се, на пример, производствени капацитети, складишта, откупни и дистрибутивни центри, итн.*), помошни простории *(на пример, лаборатории потребни за капацитетите за преработка на суровинскиот материјал на претпријатието, силоси, магацини за зрнест материјал, итн.)*, вклучувајќи ги оние што се користат за безбедност и здравје при работа за заштита на животната средина *(на пример, преработка на отпад, складишта за биомаса, недвижен имот за преработка на вода/отпадни води, итн.)* и потребната опрема.

2. Набавка и/или инсталирање нови машини и опрема/инструменти, вклучително:

   - за сортирање, откуп, чување и разладување на откупните места;
   - за преработка, пакување, разладување, замрзнување, сушење, итн. и складирање (вклучувајќи манипулација);
   - за производство на нови производи, воведување нови технологии и процеси;
   - за заштита на животната средина;
   - за производство на енергија од обновливи извори на енергија;
   - за подобрување и контрола на квалитетот и безбедноста на суровините и храната.

3. Набавка на специјализирани транспортни резервоари и приколки за транспорт на суровини и/или готови производи *(како што се цистерни за млеко, разладни приколки за транспорт на производи, опрема за транспорт на биомаса, итн.)*, вклучувајќи приколки за транспорт на живи животни.

4. Набавка и/или инсталирање нови машини и/или опрема за подобрување на стандардите за благосостојба на животните *(обезбедување редовен пристап до свежа вода, хранење, сместување на животните пред колење, чистење на арското ѓубре, итн.)*.

5. Набавка и/или инсталирање нови машини и/или опрема за заштита на животната средина (енергетска ефикасност, контролирани климатски услови, третман и валоризација на отпад и нуспроизводи, третман на вода/отпадни води, преработка на примарна и секундарна биомаса од растително или животинско потекло, итн.), вклучително за обезбедување електрична енергија и/или греење со употреба на обновливи извори на енергија.

6. Развој на инфраструктурата на претпријатието, вклучувајќи изградба и реконструкција на внатрешни патишта за поврзување, инсталации за снабдување со електрична енергија, системи за водовод и канализација, пумпни станици, артески бунари, итн., на имотот на претпријатието за исполнување на потребите за неговите активности за преработка и маркетинг.

7. Примери за прифатливи трошоци во колективни проекти се како што следува: *(заедничко користење земјоделски машини, ладилници за млеко, опрема за сортирање и пакување, споделување објекти, машини, опрема и друга инфраструктура за преработка на земјоделски производи за исполнување на стандардите на ЕУ, заедничко користење машини за пакување/полнење во шишиња/преработка во секторот за овошје и зеленчук и секторот за вино; ладилник во секторот за овошје и зеленчук; центар за откуп на млеко, и воспоставување и развој на кратки синџири на снабдување и локални пазари (возило со пазарен штанд за директна продажба; опрема за пазарни штандови; фрижидери и друга опрема за директна продажба).*

## 8.4. Прифатливите трошоци се ограничени на

### (а) Материјални инвестиции

---

- Набавка на градежни материјали и елементи за изградба или реконструкција на згради и објекти.
- Набавка на нови машини и опрема.

### (б) Нематеријални инвестиции (поврзани со трошоците од точка (а))

---

- Постигнување усогласеност со меѓународно признаени стандарди[78] како што се:
  - воведување системи за управување во претпријатијата (на пример – ISO 9000:2005; ISO 9001:2000; ISO 14001:2004 (EMAS); ISO 900; ISO/TR 10013:2001; ISO 19011:2002; ISO 27001; вклучувајќи системи што се засноваат врз ИКТ, итн.);
  - подготовка за сертификација во рамките на HACCP (Анализа на опасности и критични контролни точки) или друга[79];
  - спроведување Добри производни практики (ДПП) во претпријатијата.
- Добивање права на патенти и лиценци.
- Компјутерски софтвер, вклучувајќи софтверски лиценци.
- Транспорт и инсталација на опремата (без сервисери).
- Услуги за изградба/реконструкција (вклучувајќи технички надзор).

Дополнително, трошоците што се поврзани со колективни инвестиции може да се прошират со цел дополнително да опфатат:

- Студии за спецификацијата за хигиенските стандарди и методот за производство на квалитетни производи;
- Развој на производи и студија за маркетинг за нови производи или слични студии за други продукти;

[78] Инвестиции за постигнување усогласеност со меѓународно признаени стандарди, кои, исто така, се задолжителни во согласност со законодавството на ЕУ, се прифатливи.
[79] Сертификацијата за HACCP не е прифатлива за поддршка во рамките на оваа мерка.

- Трошоци за анимирање што не изнесуваат повеќе од 10 % за креирање и работење со краток вредносен синџир за определен производ што се дистрибуира преку локален супермаркет.

**(в) Општи трошоци (поврзани со трошоците од точка (а) и точка (б))**

- Подготовка на техничка документација, градежни планови и придружни студии.
- Подготовка на деловен план: пресметки на трошоци, анализи, пазарни анализи, маркетинг-анализи.
- Подготовка на процена на влијанието врз животната средина.
- Управување со проекти.

**(г) Трошоци за специфични информативни и рекламни активности на ниво на проект што се во надлежност на крајните корисници**

- Билборди.
- Плакати.
- Налепници итн.

Прифатливите трошоци треба да бидат утврдени и детално наведени во Листата на прифатливи трошоци што е прифатена од Европската комисија по објавувањето на Одлуката за донесување на Програмата.

Деталните правила за прифатливоста на трошоците, неприфатливите трошоци и правилата за потеклото се наведени во Делот 8.1 од Програмата.

## 9. Критериуми за избор

За да се осигури дека инвестицијата ги исполнува целите на мерката, на прифатливите проекти им се доделуваат бодови врз основа на следниве приоритети:

**Приоритет се дава на проектите што се поврзани со <u>заштитата на животната средина</u>:**

- Инвестициска поддршка за воведување производство на енергија од обновливи извори *(на пример, биомаса, биогас, сончева енергија, ветерници, итн.)*, вклучувајќи преработка на животинска или растителна примарна и секундарна биомаса **(30 бодови)** ИЛИ
- Инвестиции наменети за намалување на негативното влијание врз животната средина преку енергетска ефикасност, преработка и валоризација на отпад и нуспроизводи (циркуларна економија), преработка на води/отпадни води/воздух **(25 бодови)**.

| |
|---|
| **ВКУПНО БОДОВИ: најмногу 30 бодови** |

**Приоритет се дава на <u>проекти што промовираат интегрирање на земјоделските производители и преработувачи:</u>**

- Инвестиции наменети за формирање или модернизација на откупно-дистрибутивни центри **(10 бодови)** И/ИЛИ
- Постојни договорни односи со примарни земјоделски производители (најмалку годишни договори) што покриваат најмалку 30 % од набавките на суровински материјали за преработка **(10 бодови)**.

| **ВКУПНО БОДОВИ: најмногу 20 бодови** |
|---|

**Приоритет им се дава на <u>корисниците</u>:**

- Правното лице е здружено правно лице што врши колективна инвестиција **(10 бодови)**;
- Правното лице врши претежна дејност на преработка на земјоделски производи **(10 бодови)** ИЛИ
- Седиштето се наоѓа во рурална средина (како што е наведено во Анекс 1 кон оваа Програма) **(10 бодови)**.

| **ВКУПНО БОДОВИ: најмногу 30 бодови** |
|---|

**Приоритет им се дава на <u>корисниците</u>:**

- што се наоѓаат во рурална средина што припаѓа на Плански регион со индекс на развој меѓу 60-80 **(20 бодови)** ИЛИ
- што се наоѓаат во рурална средина што припаѓа на Плански регион[80] со индекс на развој[81] меѓу 81-100 **(10 бодови)**.

| **ВКУПНО БОДОВИ: најмногу 20 бодови** |
|---|

| **СЕВКУПНО БОДОВИ: 100 бодови** |
|---|

Бодувањето се користи за избор на проекти преку рангирање во случаите кога бараниот износ на финансиска поддршка во примените барања го надминува достапниот финансиски буџет што е распределен за оваа мерка.

Извештаите за рангираните проекти се користат за целите на следењето на Програмата со цел да се процени дали поднесените и одобрените проекти се во согласност со утврдените оперативни цели за оваа мерка.

Проекти со 0 бодови може да се одобрат кога бараниот износ за финансиска поддршка е под достапниот финансиски буџет што е распределен за оваа мерка и се исполнети условите за прифатливост.

[80] Закон за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/2021).
[81] Одлука за класификација на планските региони според нивното ниво на развој за периодот од 2018 до 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 234/2018).

## 10. Висина на помошта и стапка на учество од ЕУ

Вкупните јавни трошоци (75 % средства од ЕУ + 25 % национално кофинансирање) не ја надминуваат горната граница од 50 % од вкупните прифатливи трошоци на инвестицијата.

Меѓутоа, оваа горна граница се покажува за 10 процентни поени за:

- инвестиции во згради/опрема чија што намена е да се подобри енергетската ефикасност (на пр., употреба градежни материјали што ја намалуваат загубата на топлина);

- инвестиции во згради/опрема за производство на биоенергија во случај на преработка на производи (суровини) опфатени во Анекс I кон Договорот (преработка на животинска или растителна примарна и секундарна биомаса);

- инвестиции во згради/опрема за производство на енергија од други обновливи извори на енергија за задоволување на сопствените енергетски потреби за преработувачките претпријатија;

- инвестиции во згради/опрема за третман на вода/отпадни води;

- инвестиции во продуктивна употреба на отпадни материјали – циркуларна економија;

- колективни инвестиции – дополнителна поддршка во рамките на оваа мерка е применлива за секторот за овошје и зеленчук, секторот за вино, секторот за млеко и млечни производи, како и за колективни инвестиции за квалитетни производи со изгледи за регистрирање како производи со ознака за потекло и/или географска ознака.

Максималното ниво на помош за колективни инвестиции е 70 %.

Со цел да се добие поддршка во рамките на оваа мерка, минималните вкупни прифатливи трошоци што се предложени за инвестицискиот проект треба да изнесуваат 50.000 евра.

Максималната вкупна финансиска поддршка за поединечен корисник во рамките на оваа мерка не смее да надминува 3.000.000 евра за целиот период на спроведување на Програмата.

Максималната финансиска поддршка што може да се додели на новоосновани правни лица (правно лице што не поднело годишна даночна пријава за последната фискална година што претходела на годината на јавниот повик) во рамките на оваа мерка е 100.000 евра.

Максималната вкупна финансиска поддршка што може да се додели на поединечен проект во рамките на оваа мерка е 1.500.000 евра.

Корисниците може да поднесат неколку проекти во рамките на оваа мерка во текот на периодот на спроведување на Програмата, под услов ако не е надмината максималната вкупна финансиска поддршка и ако претходните проекти биле успешно завршени, т. е. било поднесено конечното барање за исплата за претходниот проект. Договорот за

следниот проект се потпишува откако спроведениот проект ќе се одобри (овласти) за исплата.

## 11. Индикативен буџет

### Табела 47: Индикативен финансиски план

| Години | Вкупно прифатливи трошоци | Јавни трошоци | | | | | | Приватно учество | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | | Учество на ЕУ | | Национално учество | | | |
| | ЕУР | ЕУР | % | ЕУР | % | ЕУР | % | ЕУР | % |
| 1 | 2 = 3 + 9 | 3 = 5 + 7 | 4 = 3/2 | 5 | 75 % | 7 | 25 % | 9 | 10 = 9/2 |
| 2021 | 8.400.000 | 4.200.000 | 50 % | 3.150.000 | 75 % | 1.050.000 | 25 % | 4.200.000 | 50 % |
| 2022 | 8.106.667 | 4.053.333 | 50 % | 3.040.000 | 75 % | 1.013.333 | 25 % | 4.053.333 | 50 % |
| 2023 | 11.520.000 | 5.760.000 | 50 % | 4.320.000 | 75 % | 1.440.000 | 25 % | 5.760.000 | 50 % |
| 2024 | 10.000.000 | 5.000.000 | 50 % | 3.750.000 | 75 % | 1.250.000 | 25 % | 5.000.000 | 50 % |
| 2025 | 13.600.000 | 6.800.000 | 50 % | 5.100.000 | 75 % | 1.700.000 | 25 % | 6.800.000 | 50 % |
| 2026 | 13.920.000 | 6.960.000 | 50 % | 5.220.000 | 75 % | 1.740.000 | 25 % | 6.960.000 | 50 % |
| 2027 | 13.866.667 | 6.933.333 | 50 % | 5.200.000 | 75 % | 1.733.333 | 25 % | 6.933.333 | 50 % |
| **Вкупно** | **79.413.333** | **39.706.667** | **50 %** | **29.780.000** | **75 %** | **9.926.667** | **25 %** | **39.706.667** | **50 %** |

## 12. Показатели

| **Показател** | **Целна вредност до 2027 г.** |
|---|---|
| Број на фарми и земјоделски преработувачки претпријатија поддржани од ИПАРД за модернизација | 120 |
| Вкупни инвестиции во модернизација на фарми и земјоделскиот сектор | 79,4 мил. ЕУР |
| Број на фарми и претпријатија за преработка на храна што добиваат инвестициска поддршка од ИПАРД за постепено усогласување со хигиенските и стандарди за благосостојба на животните на ЕУ | 120 |
| Број на отворени работни места | 400 |
| Број на поддржани групи/организации на производители | 8 |
| Број на земјоделци што учествуваат во поддржаните Групи на производители, Организации на производители, локални пазари, кратки синџири за снабдување и шеми за квалитет | 100 |
| Број на колективни инвестиции | 3 |
| Број на корисници на ИПАРД со поддршка во инвестиции поврзани со заштита на животната средина или климатски промени | 60 |
| Број на корисници на ИПАРД со поддршка во инвестиции за третман или управување со отпад | 40 |
| Број на ИПРД корисници со поддршка во инвестиции за производство на енергија од обновливи извори | 30 |
| Број на проекти со инвестиции во циркуларна економија | 8 |

## 13. Административна постапка

Минималните чекори на административната постапка за спроведување на оваа мерка се наведени во Делот 8.2 на оваа Програма. Оваа мерка ќе се спроведува во согласност со интерните постапки за управување и контрола воспоставени од ИПАРД Агенцијата, акредитирани од НАО и „доверување на правото за користење средства“ од Европската комисија.

## 14. Географски опсег на мерката

Оваа мерка е применлива за целата земја.

## Мерка АГРОЕКОЛОГИЈА, КЛИМА И ОРГАНСКО ПРОИЗВОДСТВО[82]

### 1. Правна основа

- Член 29(1) од Секторската спогодба за ИПАРД Програмата;
- Анекс 4 кон Секторската спогодба за ИПАРД Програмата.

### 2. Образложение

Заштитата на природата и животната средина, како севкупна цел на земјата, има заедничка општествена вредност што се отсликува во релативно добро зачувана и разновидна средина, поволна состојба на видовите и живеалиштата и поволни еколошки услови за еколошко земјоделство. Мерките за агроекологија и клима се изготвени така што ќе ги поттикнат земјоделците да ја заштитат и да ја подобрат животната средина на нивното обработливо земјиште. Како општо правило, на корисниците, кои доброволно преземаат агроеколошко-климатски обврски што ги надминуваат релевантните задолжителни стандарди, ќе им се одобрат годишни исплати за да им се надомести за направените трошоци и изгубениот приход како резултат на преземените обврски.

Мерката е насочена кон балансирање на земјоделското производство и заштита на природата и животната средина. Агроеколошко-климатските видови на операции се разновидни, но општо земено, секоја операција содржи најмалку една од двете општи цели: намалување на еколошките ризици поврзани со современото земјоделство, од една страна, и зачувување на природата и култивираните предели, од друга страна.

За да се минимизираат слабостите поврзани со зачувувањето на животната средина и природата, потребно е да се решат главните области, како што се загадувањето и деградацијата на земјоделското земјиште, загадувањето на почвата и водата и недоволната контрола на употребата на пестициди и ѓубрива.

Со оглед на фактот што загадувањето на почвата и водата како резултат на прекумерната употреба на ѓубрива претставува сериозен проблем за животната средина, се предвидува да се спроведе зелена покривка на повеќегодишните култури со што ќе се отстранат овие проблеми онолку колку што тоа е можно. Воведувањето зелена покривка во овоштарниците е една од основните операции што ќе придонесе за намалување на ерозијата на почвата и загадувањето на водите и ќе доведе до подобрување на квалитетот и квантитетот на почвата. Исто така, овој вид операција ќе го намали испарувањето на водата и може да се смета како мерка за приспособување кон климатските промени, што ќе ја намали потребата од вода за наводнување.

Монокултурата има негативно влијание врз физичките, хемиските и микробиолошките својства на почвата и доведува до трајно намалување на приносите. Плодоредот на зеленчукот се смета како вид операција што ги подобрува квалитетот и плодноста на почвата (преку контролирање на недостигот или вишокот на хранливи материи).

[82] Описот на мерката е даден за информативни цели бидејќи сè уште не е акредитирана. Може да биде потребно нејзино менување и дополнување пред да се достави за акредитирање.

Различни култури се нападнати од различни штетници и плодоредот го намалува нивниот потенцијал за зараза и со тоа ја намалува потребата да се користат пестициди.

Органското производство придонесува за подобрување на сите релевантни прашања поврзани со земјоделството и животната средина и управувањето со земјиштето: загадување на животната средина, губење на биолошката разновидност, квалитетот на водата и управување со земјиштето преку спречување на употребата на хемиски пестициди, ѓубрива, генетски модифицирани организми и производи што се состојат или потекнуваат од генетски модифицирани организми, губење на плодноста на почвата. Тоа ја намалува емисијата на стакленички гасови и амонијак, а тоа придонесува за подобрување на квалитетот на воздухот и за ублажување на климатските промени.

## 3. Општи цели

Општите цели на интервенциите во опфатот на мерката АЕК мерка се следниве:

- Да придонесе за одржливо управување со природните ресурси и адаптација и ублажување на климатските промени со примена на методи на земјоделско производство компатибилни со заштитата и подобрувањето на животната средина, природните ресурси, вклучувајќи ги водата, воздухот, почвата, биолошката разновидност, пределот и неговите карактеристики, како и генетската разновидност, надминувајќи ги релевантните задолжителни стандарди;
- Да придонесе за развој на органското производство преку проширување на површината за органско производство;
- Да се едуцираат земјоделците и администрацијата за спроведување еколошки земјоделски практики и активности;
- Да се придонесе за подготовката на Северна Македонија за идната имплементација на мерката „Агроекологија и клима“ во рамките на Програмата за рурален развој по пристапувањето.

### 3.1. Специфични цели

Мерката „Агроекологија, клима и органско производство“ е изготвена за да ги постигне следниве специфични цели:

- намалување на испуштањето хемиски материи во животната средина (почва, вода, воздух);
- подобрување на квалитетот и плодноста на почвата;
- спречување на загадувањето на водните ресурси од земјоделски извори;
- поддршка за воведување и одржување на методите на органско земјоделско производство.

## 4. Поврзаност со други мерки на ИПАРД и национални мерки

Мерката „Агроекологија, клима и органско производство“ придонесува за имплементација на мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“ преку промовирање инвестиции предложени од страна на сертифициран

органски земјоделски производител и инвестиции за подобрување на ефикасноста на употребата на ѓубриво (на пример, намалена употреба, опрема, прецизно земјоделство).

Исто така, корисниците на оваа мерка може да имаат полза од поддршката во рамките на мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства".

Поддршката според оваа мерка ќе биде надополнета со мерките „Советодавни услуги" и „Унапредување на вештините и компетенциите", поврзани со трансфер на знаење, давање насоки, совети и обуки специфични за содржината на мерката.

Координацијата на мерките „Агроекологија, клима и органско производство", „Советодавни услуги" и „Унапредување на вештините и компетенциите" треба да доведе до подобрување на професионалната стручност и познавање на корисниците, особено во однос на агроеколошките, климатските и практиките на органското производство.

Подобрените услови за преработка и маркетинг што се поддржани со мерката „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи" може да дејствуваат како двигател за подобрување на примарното производство на посебни производи со додадена вредност. Ова треба да доведе до подобрување на квалитетот и безбедноста на храната на суровините што се потребни за преработувачката индустрија, а тоа ќе биде резултат на спроведувањето на мерката „Агроекологија, клима и органско производство".

Спроведувањето на мерката „Агроекологија, клима и органско производство" е поврзано со спроведувањето на мерката „Диверзификација на фарми и развој на бизниси" преку промовирање еколошки практики и органско производство за локално произведени земјоделски/прехранбени производи што се понудени за целите на руралниот туризам.

Мерката „Агроекологија, клима и органско производство" е исто така поврзана и придонесува за спроведување на стратегиите за локален развој преку спроведување на пристапот LEADER.

## 5. Корисници

Следниве видови корисници може да поднесат барање и да користат поддршка во рамките на оваа мерка:

I. Земјоделски стопанства
II. Задруги
III. Здружени правни лица

**I. Земјоделско стопанство**, кое е регистрирано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства при МЗШВ (во натамошниот текст „Регистар на земјоделски стопанства") во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој, може да се пријави и да ја користи поддршката во рамките на оваа мерка.

Земјоделското стопанство може да се запише во Регистарот на земјоделски стопанства како семејно земјоделско стопанство застапувано од физичко лице или индивидуален земјоделски производител или како земјоделско стопанство застапувано од правно лице.

Семејното земјоделско стопанство го претставува физичко лице што е член на земјоделското домаќинство. Физичкото лице е овластено од сите други членови на земјоделското домаќинство да го претставува земјоделското стопанство пред надлежните органи и да управува со него.

Индивидуален земјоделски производител е физичко лице што се занимава со земјоделство за негови/нејзини лични потреби како сопственик на земјоделскиот имот или кој има право на користење на тој имот, добиено преку склучување законски договор со сопственикот регистриран во Регистарот за земјоделски производители при МЗШВ или како Индивидуален земјоделски производител во Фондот за пензиско осигурување. Индивидуалниот земјоделски производител е регистриран во Регистарот на земјоделски стопанства.

Правното лице што го застапува земјоделското стопанство мора да биде регистрирано во Централниот регистар согласно Законот за трговски друштва.

**II. Задруги** што се регистрирани во Централниот регистар и претежно се занимаваат со земјоделски дејности, преработка на земјоделски производи и/или услуги што се директно поврзани со земјоделски дејности.

**III. Здружени правни лица** (за колективни инвестиции) што се контролирани од земјоделски производители и на кои таквиот статус им е признаен во согласност со закон. Следните видови здружени правни лица може да поднесат барање и да користат дополнителна поддршка во рамките на оваа мерка:

- Задруга;
- Групи на производители и организации на производители што се признаени како такви во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој и се регистрирани во Регистарот на групи од производители и/или Регистарот на организации на производители што се водат при МЗШВ;
- Правно лице со претежна дејност во земјоделство и преработка на земјоделски производи, основано од овластен застапник на семејно земјоделско стопанство регистрирано во Регистарот на земјоделски стопанства; и
- Правно лице со претежна дејност во земјоделство и преработка на земјоделски производи, основано од здружение на земјоделски производители.

Минималниот број земјоделски производители што се вклучени во кој било од горенаведените субјекти е 10.

# 6. Општи критериуми за прифатливост

## 6.1. Вид на операции

Поддршка ќе се обезбеди за следниве видови операции:

- Зелена покривка;
- Плодоред на градинарски култури;
- Органско производство.

Покрај исполнувањето на условите во рамките на поединечната агроеколошка и климатска операција, корисникот дополнително треба да ги исполнува следниве барања:

- Поединечна агроеколошка и климатска операција ќе се спроведува на истите парцели за кои се пријавуваат за целото времетраење на презематата обврска. Бројот на почетните хектари на кои се однесува обврската може да се зголемува или да се намалува за 10 % секоја година во текот на периодот на преземената обврска;
- При спроведувањето на агроеколошките и климатските видови на операции, корисниците треба да го почитуваат важечкото законодавство за земјоделско производство, како и со законодавството што ја регулира заштитата на животната средина, здравјето и ветеринарната медицина и да ги исполнуваат другите законски одредби, како и минималните барања наведени во точка 6.2. Во случај на измени на националното законодавство и законодавството на Заедницата, постојните агроеколошки и климатски обврски треба да бидат соодветно усогласени;
- На подрачјата што не се вклучени во агроеколошките и климатските програми за плаќања, земјоделското производство на тие земјишни површини не треба да има негативни влијанија врз животната средина или да ја наруши ефикасноста на подмерките на подрачјата што се вклучени во агроеколошките и климатските плаќања;
- Арското ѓубре и течното ѓубре не треба да се користат во зима и во рана пролет меѓу 15 октомври (ноември) и 15 март (февруари) бидејќи не може да се апсорбираат од почвата;
- Во секој случај, употребата на тиња од отпадна вода не е дозволена во подрачјата што се вклучени во агроеколошките и климатските програми за плаќања;
- Корисникот се обврзува да го спроведе видот на операцијата/-ите со кои влегол во агроеколошката и климатската програма во согласност со условите утврдени за целото времетраење на преземената обврска;
- За целото времетраење на обврската, корисникот што се пријавил за исплата според агроеколошките и климатските операции континуирано води задолжителна и ажурирана евиденција за сите активности спроведени во опсегот на избраните операции. Земјоделците водат евиденција или белешки за работните активности. За операции од органското производство се применува евиденцијата утврдена од контролно овластено тело за контрола на органски земјоделски производи и прехранбени производи;
- За времетраењето на обврската, корисникот што ги исполнува условите за исплата во рамките на агроеколошките и климатските подмерки ќе учествува во програма за обука од најмалку 8 часа годишно. По завршувањето на процесот на обука, корисникот ќе добие потврда за присуство со детали за содржината, операторот и бројот на часови на обука;

- Корисникот што добива исплата во рамките на агроеколошките и климатските подмерки се обврзува да ја чува целата документација (копии од барањето, други барања и потребни прилози, потврда за завршената обука) и целата евиденција (план за плодоред, евиденција за работните задачи) во времетраењето на преземената обврска и уште пет години по датумот на последната примена исплата;
- Со влегувањето во програмата за агроеколошки и климатски исплати, корисникот треба да потпише договор за минимално времетраење од 5 години во кое е должен да ги почитува обврските што се дефинирани во договорот. Обврските, исто така, мора да се почитуваат доколку наредниот програмски период започнал во текот на тие 5 години од договорот.

Доколку корисникот прими исплата во рамките на одредена мерка, но потоа се покаже дека не исполнил еден или повеќе од критериумите за прифатливост, намалувањето или повлекувањето на исплатата е 100 %.

## 6.2. Основни услови

За оваа мерка се прифатливи се корисниците што доброволно ќе преземат, за период од 5 години, операции што ги надминуваат релевантните задолжителни национални и европски стандарди и услови (основни услови). Корисниците се должни да ги почитуваат релевантните задолжителни стандарди и услови на целото стопанство.

Релевантните задолжителни стандарди се дефинирани во согласност со следново законодавство:

- Законот за земјоделство и рурален развој;
- Законот за заштита на животната средина;
- Законот за заштита на природата;
- Законот за употреба на пестициди;
- Законот за здравјето на растенијата;
- Законот за ѓубрива;
- Законот за води;
- Добрите земјоделски и еколошки услови (ГАЕЦ).

Корисниците ќе ги почитуваат релевантните задолжителни стандарди што се дефинирани во националните правила, кои особено се однесуваат на задолжителните стандарди на GAEC, како што е дефинирано во Правилникот за Листата на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина („Сл. весник“ 178/2015), во кој се пропишани посебни минимални барања за:

- добра земјоделска практика и заштита на почвата;
- добра земјоделска практика и заштита на водите;
- добра земјоделска практика и заштита на растенијата;
- добра земјоделска практика за сточарството.

### 6.3. Релевантно знаење

Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството е задолжена за обезбедување насоки, совети и спроведување обука конкретно за содржината на мерката.

Секој корисник, пред да преземе каков било вид операција/-и, треба да поседува релевантно знаење и потребни информации за оваа мерка, кои ќе се пренесат преку различни форми:

- Организирање и поддршка на задолжителната обука/совет за корисниците за прашања од директна важност за видот на операцијата/-ите и засегнатите преземени обврски;
- Утврдување барање со цел корисникот да изработи агроеколошки и климатски план, кој ќе биде изготвен во тесна консултација со советник;
- Вклучување конкретни засегнати страни, како што се, на пример, тела за заштита на водата или природата, со соодветно знаење за обезбедувањето експертиза и информации со цел корисниците за да ги разберат и да ги спроведат операциите.

## 7. Посебни критериуми за прифатливост

### 7.1. Зелена покривка на повеќегодишни култури

#### 7.1.1 Опис на видот на операција

Производителите на овошје интензивно ги ѓубрат своите овошни насади и користат многу материјали за заштита на растенијата за да ја зголемат вредноста на нивните производи. Во областите со голема густина на овошни насади е забележано значително влијание врз животната средина, особено водните тела (зголемена содржина на агрохемикалии – нитрати, фосфати и пестициди).

Воведувањето на законодавството поврзано со Добрата земјоделска пракса што е релевантно за заштита на почвата и водите е добар чекор кон постигнување на целта за намалување на загадувањето во овие области. Истовремено, потребно е да се охрабрат сите земјоделци ја надминат Добрата земјоделска пракса со усвојување агроеколошки практики што обезбедуваат повисоко ниво на заштита на почвата и водата. Воведувањето зелена покривка во овоштарниците е една од основните операции што ќе придонесе за намалување на ерозијата на почвата и загадување на водите и ќе доведе до подобрување на квалитетот и квантитетот на почвата.

Спроведувањето на оваа мерка ќе биде од полза за исполнувањето на барањата од Рамковната директива за води, особено Директивата за нитрати и Директивата за подземните води. Поддршката им се доделува на корисниците што ќе ги покријат своите постојни култури со зелена покривка што е мешавина на детелина-трева или трева-детелина, со што ќе продолжат кон постигнување на долунаведените општи и специфични цели.

#### 7.1.2 Општа цел на операцијата

Зачувување на почвата и заштита на водите од загадување од земјоделски активности.

### 7.1.3 Специфични цели на операцијата

- Намалена ерозија на почвата;
- Помала употреба на пестициди и ѓубрива;
- Намалено загадување на водата како резултат на намален транспорт на загадувачи преку ерозија, како и нивно испуштање (ќе се применува користење на помалку азот и пестициди);
- Зголемена содржина на органска материја во почвата, како и подобрување на физичките и хемиските својства.

### 7.1.4 Специфични критериуми за прифатливост

- Да има најмалку 0,5 хектари овошни насади;
- Изготвување и спроведување петгодишен Агроеколошки и климатски план, вклучувајќи и план за ѓубрење со почитување на содржината на азот во мешавините на детелина-трева или трева-детелина;
- Најмалку 2 тестирања на почвата во период од 5 години (едно во првата година од договорот и второто пред истекот на преземената обврска);
- Зелената покривка треба да се засади пред крајот на септември во првата година од преземената обврска;
- Површината помеѓу редовите во рамките на повеќегодишните насади мора да биде покриена со мешавина на детелина-трева или трева-детелина широка најмалку 1 метар (на овој простор не е дозволена употреба на хербициди);
- Хербициди може да се користат само на засадената површина помеѓу дрвјата;
- Одржувајте ја површината меѓу редовите со косење или мулчирање најмалку 3 пати годишно;
- Дозволеното количество на азот од арско ѓубре е до 170 kg N/ha.

### 7.1.5 Вид и износ на поддршката

Поддршката е во форма на годишен грант по хектар. Корисникот ќе добие компензација за дополнителните трошоци што произлегуваат од одржувањето на мешавините на детелина-трева или мешавините на трева-детелина меѓу редовите, во споредба со конвенционалното земјоделство каде што нема трева меѓу редовите. Пресметките по хектар ќе ги врши надлежен орган (научен/истражувачки институт, релевантен факултет) независно од МЗШВ.

## 7.2. Плодоред на градинарски култури

### 7.2.1 Опис на видот на операција

Плодоредот доведува до намалување на негативните влијанија на земјоделското производство врз животната средина, диверзифицирано производство на култури и, следствено, подобар квалитет на храната (помалку хемиски остатоци во прехранбените производи) и зачувани живеалишта.

Плодоредот помага за да се одржи структурата на почвата и нивоата на хранливи материи и за да се спречат штетниците од почвата да се прошират во почвата. Монокултурата има негативно влијание врз физичките, хемиските и микробиолошките својства на почвата и доведува до трајно намалување на приносите, особено во комбинација со интензивна примена на ѓубрива. Секоја култура има различна

интеракција со хранливите материи во почвата и секоја од нив ослободува и апсорбира различни видови хранливи материи.

Поради тоа, плодоредот ја зголемува плодноста на почвата преку контролирање на дефицитарните или на вишокот хранливи материи бидејќи ги надополнува хранливите материи што не се достапни или ги апсорбира хранливите материи што ги има во изобилство. Плодоредот, исто така, помага за да се намали влијанието на дождовната вода врз почвата и општата ерозија од водата, бидејќи корените на растенијата го држат заедно горниот слој на почвата. Различни култури се нападнати од различни штетници и плодоредот го намалува нивниот потенцијал за зараза, а со тоа ја намалува потребата да се користат пестициди.

Оваа поддршка им се доделува на корисници што применуваат плодоред во производството на градинарски култури.

### 7.2.2 Општа цел на операцијата

- Зачувување на почвата и заштита на водите;
- Зачувување на структурата на почвата;
- Намалување на употребата на пестициди.

### 7.2.3 Специфични цели на операцијата

- Воведување различни култури и спречување монокултура;
- Намален внес на пестициди;
- Зголемена содржина на органска материја во почвата, како и подобрување на физичките и хемиските својства на почвата.

### 7.2.4 Специфични критериуми за прифатливост

- Да има најмалку 0,3 хектари под градинарски култури;
- Корисниците треба да изготват и да применат Агроеколошки и климатски план, вклучувајќи План за плодоред што е изготвен од компетентен експерт;
- Најмалку три различни видови на градинарски култури се вклучени во петгодишниот циклус како главна култура;
- Последователните култури не се една од трите различни земјоделски култури што треба да бидат вклучени во петгодишниот циклус;
- Плодоредот треба да вклучува ротација со фуражни и други култури со поволно влијание врз плодноста на почвата.

### 7.2.5 Вид и износ на поддршката

Поддршката е во форма на годишен грант по хектар. Пресметките по хектар ќе ги врши надлежен орган (научен/истражувачки институт, релевантен факултет) независно од МЗШВ.

## 7.3. Органско производство

### 7.3.1 Опис на видот на операција

Органското производство треба да го одржува и да го подобрува здравјето на почвите, растенијата, животните, луѓето и екосистемите на начин што ќе ги земе предвид целината и меѓусебните односи на овие системи; тоа е холистички пристап кон земјоделството. Органското производство мора да се приспособи на локалните услови, екологијата, културата и обемот. Инпутите треба да се управуваат внимателно и да се намалат, доколку е можно, со повторна употреба, рециклирање и ефикасно користење на материјалите и енергијата.

Во рамките на овој вид операција, прифатливи се два подвида:

***Конверзија кон органско производство***

Подвидот на операцијата „Конверзија кон органско производство“ има цел да ги поттикне земјоделците што се занимаваат со конвенционално земјоделско производство да преминат кон органско производство.

Поддршката им се доделува на корисници што се регистрирани во Регистарот на органски производители како органски производител во период на конверзија или како органски производител.

***Одржување на органското производство***

Подвидот на операцијата „Одржување на органското производство“ има цел да ги поддржи земјоделците што веќе се занимаваат со органско земјоделство да продолжат со примената на еколошки методи за органско земјоделство.

Поддршката им се доделува на корисници што се регистрирани во Регистарот на органски производители како органски производител.

### 7.3.2 Општа цел на операцијата

- Да придонесе за одржливо управување со природните ресурси и адаптација и ублажување на климатските промени со примена на методи за земјоделско производство што се компатибилни со заштитата и подобрувањето на животната средина;
- Да придонесе за подготовката на земјата за идно спроведување слични мерки во рамките на релевантните програми на ЗЗП за земјите членки.

### 7.3.3 Специфични цели на операцијата

- Поддршка за воведување и одржување на методите за органско земјоделско производство;
- Зголемен број на органски фарми;
- Намалување на употребата на ѓубрива и пестициди на земјоделско земјиште;
- Придонес за одржливо управување со почвите;
- Зголемена површина на земјоделско земјиште под органско производство;

- Обновување и зачувување на хабитати на органските фарми;
- Зголемување на органското производство.

### 7.3.4 Специфични критериуми за прифатливост

- Корисникот треба да биде регистриран во Регистарот на органски производители како органски производител (***Одржување на органското производство***) или да биде регистриран во Регистарот на органски производители како органски производител во периодот на конверзија или како органски производител (***Конверзија кон органско производство***).
- Сите парцели на фармата на кои се одгледува иста култура мора да бидат во системот на органско производство.
- Сите хектари што корисникот ги пријавил за исплата за преминување кон органско производство мора да бидат признаени од овластеното сертификациско тело.
- Корисниците мора да ги почитуваат минималните барања за ѓубрива и пестициди, кои вклучуваат правила за ѓубрење и употреба на пестициди во согласност со националното законодавство за органско производство пропишано во агроеколошкиот и климатскиот план што е изготвен од компетентен експерт.
- Поддршка нема да биде доделена за области каде што е преминато кон примена на практики и методи на органско производство, но за кои периодот на конверзија е продолжен во текот на задолжителниот период, вклучувајќи го и задолжителниот период од една година, поради непочитување на правилата за органско производство во согласност со националното законодавство за органско производство.
- Поддршка нема да биде доделена за области каде што се одржуваат практики и методи на органско производство, но кои во текот на задолжителниот период, вклучувајќи го и задолжителниот период од една година, се вратиле на статус на „период на конверзија“ поради непочитување на правилата за органско производство во согласност со националното законодавство за органско производство.

### 7.3.5 Обврски на контролните тела

Контролното тело за органско земјоделско производство до АФПЗРР доставува податоци за површините на кои е потврдено органско земјоделство за секој корисник на поддршка за секој вид на операција, врз основа на евиденцијата од извршената стручна контрола за годината на пријавување. Тие податоци контролното тело ги доставува до АФПЗРР во електронска форма најдоцна до 1 февруари од n + 1 година на контрола.

### 7.3.6 Вид и износ на поддршката

Поддршката е во форма на грант како годишна исплата по хектар.

Поддршката за подвидот на операцијата „Конверзија кон органско производство“ начелно треба да се зголеми за одреден процент во споредба со операцијата „Одржување

на органското производство" со оглед на тоа што приносот при преминувањето од конвенционално кон органско земјоделство се намалува, а корисникот не може да ги продава своите производи со органска ознака за време на периодот на конверзија. Пресметките по хектар ќе ги врши надлежен орган (научен/истражувачки институт, релевантен факултет) независно од МЗШВ.

# 8. Прифатливи трошоци – пресметка на исплатата

## 8.1. Начело и методологија

Корисниците ќе добијат надоместок за направените трошоци и приходот што го изгубиле како резултат на преземените обврски во рамките на избраниот вид на операција.

За секој вид на операција се изготвува пресметка што претставува основа за утврдување на нивото на исплата за тој вид на операција. Разликата помеѓу дополнителните трошоци и изгубениот приход се компензира со исплатата (премијата) што ќе ги опфати и трансакциските трошоци. Пресметките за агроеколошките, климатските и операциите за органско производство беа изготвени и потврдени од надлежен орган (научен/истражувачки институт, релевантен факултет) независен од МЗШВ.

Описот на методологијата и пресметките што се применуваат за секоја операција се дадени во Анекс 16 „Методологија што се применува за пресметување на нивото на плаќање за видот на операција според мерката "Агроекологија, клима и органско земјоделство" од Програмата.

Сите пресметки мора да бидат потврдени од МЗШВ.

## 8.2. Пресметки на исплатата

Посебни елементи на пресметката на плаќањата за различни видови операции.

Зачувување на почвата и водата преку зелена покривка – методологијата се заснова врз повисоките трошоци поврзани со:

- повеќегодишни култури: трошоци за производство, трошоци за одржување на површината под дрвјата (вкупна зелена покривка) и време поминато на обука и водење евиденција за работните задачи;
- Трошоци за зелена покривка, трошоци за зелената покривка во текот на целата година (трошоци за орање, обработка со фреза, користење на машини, сеење на мешавината на детелина-трева и мулчирање – се применува трипати).

Плодоред – пресметката се заснова на изгубениот приход со воведувањето петгодишен плодоред, како што е предвидено во операцијата за три градинарски култури: домат, пиперка и лубеница. Пресметаниот износ го зема предвид внесувањето на мешунките (луцерка) и пченицата и другите култури (различни од градинарските). Плаќањата се резултат на изгубениот приход преку воведување плодоред во споредба со монокултурното производство на домати, пиперки или лубеници.

Органско производство – пресметката се заснова врз директна споредба на трошокот и приходот што е намален за конвенционалното земјоделство во споредба со органското

земјоделство. Пресметката треба да вклучи и процент од зголемувањето на плаќањето за преминувањето кон органско производство.

## 9. Критериуми за избор

Не е применливо.

## 10. Висина на помошта и стапка на учество од ЕУ

Висината на помошта (јавна помош) ќе биде 100 % од вкупните прифатливи трошоци. Учеството на ЕУ изнесува 85 % од јавните трошоци, а останатите 15 % ќе бидат покриени од националниот буџет.

Единиците за плаќање се хектари.

## 11. Индикативен буџет

**Табела 48: Индикативен финансиски план**

| Година | Вкупно прифатливи трошоци | Јавни трошоци | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | | Учество на ЕУ | | Национално учество | |
| | ЕУР | ЕУР | % | ЕУР | % | ЕУР | % |
| **1** | **2 = 3 + 9** | **3 = 5 + 7** | **4 = 3/2** | **5** | **85** | **7** | **15 %** |
| 2021 | - | - | | - | | - | |
| 2022 | - | - | | - | | - | |
| 2023 | - | - | | - | | - | |
| 2024 | 352.941 | 352.941 | 100 % | 300.000 | 85 % | 52.941 | 15 % |
| 2025 | 400.000 | 400.000 | 100 % | 340.000 | 85 % | 60.000 | 15 % |
| 2026 | 423.529 | 423.529 | 100 % | 360.000 | 85 % | 63.529 | 15 % |
| 2027 | 470.588 | 470.588 | 100 % | 400.000 | 85 % | 70.588 | 15 % |
| **Вкупно** | **1.647.059** | **1.647.059** | **100 %** | **1.400.000** | **85 %** | **247.059** | **15 %** |

## 12. Показатели

| Показател | Целна вредност до 2027 г. |
|---|---|
| Број на договори; | 500 |
| Вкупно земјоделско земјиште (ха) со склучени договори за животна средина и/или клима; | 1.000 ха |
| Вкупна површина (ха) по вид на операција вклучена во следните категории: | |
| Управување со инпутите (вклучувајќи интегрирано производство, намалување на употребата на ѓубрива и употребата на пестициди, што опфаќа прецизно земјоделство, управување со арско ѓубре, итн.); | 1.000 ха |
| Практики за одгледување (вклучувајќи плодоред, диверзификација на културите, управување со почвата преку зачувување или без обработување, почвена покривка итн.); | 700 ха |

| | |
|---|---|
| Органско производство; | 300 ха |
| Број на стопанства поддржани за следново: | |
| Конверзија кон органско производство; | 50 |
| Одржување на органското производство; | 100 |
| Вкупна површина поддржана за: | |
| Конверзија кон органско производство; | 100 ха |
| Одржување на органското производство. | 200 ха |

## 13. Административна постапка

Корисниците на мерката за агроекологија, клима и органско производство треба секоја година да доставуваат барање до АФПЗРР. На тој начин тие учествуваат во мерките за агроекологија, клима и органско производство на доброволна основа и стануваат обврзани да ги исполнат сите услови и критериуми во периодот на преземените обврски. Начинот на поднесување на барањето за учество во мерките за агроекологија, клима и органско производство, како и критериумите за секој вид на операција ќе бидат опишани во подзаконскиот акт со кој се регулираат исплатите за агроекологија, клима и органско производство на годишно ниво.

АФПЗРР спроведува административни проверки на прифатливоста според критериумите дефинирани за секој вид на операција. Проверката на критериумите за прифатливост се состои од административни и теренски проверки што се спроведуваат за сите барања за одобрение и ги опфаќа сите елементи што се можни и соодветни за контрола.

### 13.1. Административни проверки

Административните проверки се спроведуваат за 100 % од сите барања за одобрение што секоја година се поднесуваат до АФПЗРР. Административната контрола вклучува проверка на комплетност и проверка на прифатливост на сите пристигнати барања според критериумите што се дефинирани за секој вид на операција.

Административните проверки се вршат во согласност со пишаните постапки на АФПЗРР. При проверката на задолжителното учество, корисникот доставува потврда до АФПЗРР за учество на обука, индивидуален совет, показна активност. Вкрстена проверка е можна со давателите на обука, индивидуални совети или активности за демонстрација.

АФПЗРР ќе обезбеди ревизорска трага за сите спроведени активности поврзани со одобрувањето, сметководството и авторизацијата на плаќањата.

### 13.2. Контрола „на самото место“

Секторот за контрола при АФПЗРР ќе биде одговорен за спроведување на проверките „на самото место“. Во одредени случаи, АФПЗРР може да делегира контролни функции на други институции ако да бидат исполнети следниве услови: да се склучи писмен

договор за спроведување проверка „на самото место“, обуките се подготвуваат и се спроведуваат редовно, делегирано тело врши надзор/контрола на квалитетот на спроведувањето на проверките.

АФПЗРР ќе го воспостави системот за контрола според посебните карактеристики на агроеколошките мерки, имајќи ја предвид годишната вегетација (за исплати врз основа на површина или добиточна единица). Системот за контрола ќе биде изготвен според насоките на Европската Унија. Спроведувањето на контролата „на самото место“ ќе биде детално опишано во пишаните процедури на АФПЗРР.

Контролорите ќе спроведуваат контрола на самото место според изготвени извештаи за контрола и листи за проверка. Проверките на прифатливоста ќе се вршат така што контролорите ќе добијат доволно инструкции и обука.

Референтната парцела за која се доставува барање ќе биде идентификувана во однос на целосниот обем на нејзините граници. Прифатливоста на површината на земјоделската парцела за која се доставува барањето за исплата потоа се проверува во однос на референтната парцела. Инспекциите на посевите ќе се вршат пред или веднаш по жетвата, со цел веродостојно да се провери посевот или одгледувањето или дали се исполнети утврдените барања. Кога нема да се контролира целото (100 %) од барањето, ќе се избере примерок од најмалку половина од земјоделските парцели за контрола.

Површината на земјоделските парцели ќе се утврди со мерење. Со цел да се добие соодветно прецизен резултат и, на тој начин, да се обезбеди ефикасна верификација, контролорот ќе има пристап до соодветните податоци за барањето за исплата (вклучувајќи информации за мапата) и мерната опрема (техники ГНСС). За секоја контрола „на самото место“ се изготвува извештај од контролата.

### 13.3. Отстапувања

Отстапувањата од преземената обврска се дозволени само во следниве случаи:

- Корисниците може да ја зголемат површината што учествува во мерката АЕК до 10 % за времетраењето на преземената обврска;
- На корисниците им е дозволено да ја намалат површината што учествува во мерката АЕК за најмногу 10 % за целото времетраење на преземената обврска;
- Кога површината на земјоделско стопанство се намалува додека трае преземената обврска и тоа не ја нарушува ефикасноста на спроведувањето и надзорот на агроеколошките и климатските подмерки;
- Кога површината на земјоделско земјиште или земјоделските практики на земјоделско стопанство се промениле независно од корисникот (консолидација на земјиштето, операции за развој на земјиштето, постапки за денационализација, задолжителна лицитација, наследство);
- При преземањето на обврските, сè уште не се познати промените што влијаат врз подоцнежното спроведување на подмерките или во случај на виша сила, како што е наведено во ова поглавје;

- Во случаи на климатски непогоди (суша, град, поплава), корисникот може да ја повлече реализацијата на подмерката за тековната година.

Доколку корисникот докаже отстапување од преземената обврска како резултат на горенаведените околности, таа прекинува без обврска да ги надомести добиените средства.

Системот за отстапувања е поставен и се применува за сите отстапувања поврзани со реализацијата на операциите на АЕК, како што е опишано во ова Поглавје. Деталниот опис и висината на можните санкции по отстапувањето ќе бидат усвоени во посебна национална регулатива.

Секое отстапување од обврските се решава поединечно врз основа на соодветно барање поднесено од корисникот до АФПЗРР.

Доколку корисникот достави докази за виша сила, сите преземени обврски што се неисполнети не значат прекршување на договорот и нема санкции.

Во случај на виша сила или горенаведените околности, корисникот писмено ќеја извести АФПЗРР и ќе обезбеди соодветни докази во рок од 10 дена од денот кога ќе може да го стори тоа.

### 13.4. Санкции

Системот за санкционирање е поставен и се применува за сите нерегуларности поврзани со реализацијата на операциите на АЕК, како што е опишано во ова Поглавје. Деталниот опис и висината на можните санкции по нерегуларност ќе бидат усвоени во посебна национална регулатива.

## 14. Географски опсег

Оваа мерка се спроведува на целата територија на Северна Македонија.

## Мерка Спроведување стратегии за локален развој – LEADER[83] пристап

### 1. Правна основа

- Член 29(1) од Секторската спогодба за ИПАРД Програмата;
- Анекс 4 кон Секторската спогодба за ИПАРД Програмата.

### 2. Образложение

Севкупната цел на мерката е промовирање поинтегриран и кохерентен пристап кон локалниот развој што ги вклучува организациите од заедницата и локалната самоуправа во раководни улоги, обезбедувајќи насоки за поинтегриран и координиран пристап кон обезбедувањето на достапното финансирање од ИПАРД на подрегионално ниво. Мерката ќе обезбеди финансиска поддршка за помош во анимирањето на засегнатите страни што се вклучени во спроведувањето на локалните стратегии за развој. Средствата од Техничката помош на ИПАРД ќе се искористат за поддршка и олеснување на формирањето јавно-приватни партнерства, кои се познати како Локални акциски групи (ЛАГ) и развој на Стратегии за локален развој (СЛР) на подрегионално ниво. Формирањето партнерства и стратегии за локален развој ќе се раководат од вештините и експертизата на локалните јавни и приватни социјално-економски интереси, локалните власти, организации од заедницата и волонтерски организации, во консултации со поширокото локално рурално население кое ќе ги идентификува стратешките приоритети што ја обезбедуваат основата за развојни иницијативи што се специфични за Програмата. Мерката LEADER на ИПАРД ќе обезбеди поддршка за: обука и градење капацитети на одобрените Локални акциски групи (ЛАГ); анимирање на потенцијалните корисници на териториите на поединечните ЛАГ; трошоци за работењето на ЛАГ; финансирање проекти од мал обем; и промовирање на соработката меѓу регионите во земјата и со локални партнерства воспоставени во други земји. Опцијата за обезбедување дополнителна поддршка за финансирање проекти од поголем обем преку националните фондови, исто така, ќе биде достапна за искусните ЛАГови што исполнуваат определени предуслови во согласност со договорените Стратегии за локален развој за нивните поединечни територии.

СВОТ-анализата на ИПАРД III за рурален развој и квалитет на живеење идентификува широка низа предизвици и можности во рурална Северна Македонија за кои методологијата за локалниот развој што е предводен од заедницата, како што е LEADER, обезбедува соодветни механизми за спроведување во одговор на таквите предизвици и можности. Минатата донаторска поддршка на проекти за воведување на LEADER пристапот кон локалниот развој во различни делови на земјата обезбедува позитивна основа за воведување на мерката LEADER. Во Северна Македонија има 13 регистрирани ЛАГови и 3 иницијативи. Девет од регистрираните ЛАГови веќе добиле национална поддршка на првиот јавен повик што беше објавен во 2019 година во рамките на Националната програма за рурален развој. Ова се очекува да продолжи во претстојниот

[83] Описот на мерката е даден за информативни цели бидејќи таа сè уште не е доверена. Може да бидат потребни измени пред да се поднесе на доверување.

период до акредитацијата на мерката LEADER на ИПАРД. Дополнително, тоа претставува добра основа за подготовка и развој на искуството на регистрираните ЛАГови и на администрацијата за спроведување на LEADER во рамките на ИПАРД. При дизајнирање на мерката LEADER се зедоа во предвид минатите  и тековните искуства.

Дизајнот на мерката, исто така, ги зема предвид различните фактори што влијаат врз територијалната кохерентност, кои може да се искористат како насоки за утврдување на подрегионалните територии. Ова се заснова врз разгледување на постојните национални истражувања на факторите за просторен развој и планирање, како што се утврдени во Просторниот план на земјата (2004 г.), што обезбедува процена на факторите како што се користење и заштита на природните ресурси, население и живеалишта, превоз и поврзаност, заштита на животната средина, природно и културно наследство и развој на туризмот.

## 3. Општи цели

Општата цел на мерката LEADER во рамките на ИПАРД III е „подобрување на развојот на заедницата, зајакнување на социјалниот капитал и придонесување за економски, социјални, културни и еколошки подобрувања на локалните подрачја преку вклучување широк спектар на мултисекторски приватни и јавни партнери и валоризација на ресурсите во заедницата на локално ниво“.

Ова ќе се постигне преку анимирање и градење на капацитетите на локалните рурални заедници и засегнати страни, спроведување проекти што придонесуваат за реализацијата на целите што се утврдени во локалните стратегии за развој и ИПАРД III Програмата, како и проекти за соработка за постигнување на целите на LEADER што се поврзани со градењето на локалните капацитети, развојот на руралната економија и подобрувањето на квалитетот на живеење.

### 3.1 Специфични цели

Специфичние цели на мерката LEADER се:

i. Подобрување на социјалниот капитал и локалното управување преку креирање јавно-приватни партнерства (ЛАГ – Локални акциски групи) што утврдуваат и спроведуваат Стратегии за локален развој користејќи го пристапот оддолу-нагоре;

ii. Анимирање на територијата и градење на капацитетите на локалното население и Локалните акциски групи;

iii. Придонес за руралната економија, руралниот туризам, поттикнување на културниот и социјалниот живот во заедницата, подобрување на јавните простори во селата, подобрување на еколошките стандарди во подрачјата на ЛАГ како основни теми за Локалните стратегии за развој;

iv. Мрежно поврзување со други ЛАГови, размена на најдобри практики, дисеминација на ИПАРД Програмата и учење нови пристапи за руралниот развој на национално ниво и со други земји кандидатки и со земјите членки.

# 4. Поврзаност со други мерки на ИПАРД во Програмата и национални мерки

Спроведувањето на мерката LEADER е тесно поврзано со спроведувањето на следниве мерки: (i) Мерки од Националната програма за земјоделство и рурален развој (М412, 413); (ii) мерка техничка помош на ИПАРД ; (iii) други мерки на ИПАРД III, вклучувајќи: Подобрување на обуката; Инвестиции во рурална јавна инфраструктура; и Диверзификација на фарми и развој на бизниси.

## 4.1. Врски со националните мерки

Правилата во однос на изборот на Локалните акциски групи, Локалните стратегии за развој и постапките за избор ќе бидат усогласени меѓу оваа Програма и Националната програма за да се осигури конзистентност во пристапот и системите што се усвоени од главните институции, но и комплементарност и разграничување.

## 4.2. Мерка на ИПАРД III за техничка помош

Мерката Теахничка помош на ИПАРД III за ќе обезбеди поддршка за следниве активности (i) поддршка за подготвителни активности за LEADER, имено за олеснување на градењето на капацитетите на јавно-приватни партнерства и формирање Локални акциски групи; (ii) поддршка и помош за овие јавно-приватни партнерства во подготовката на нивните Стратегии за локален развој. Средствата ќе се обезбедуваат врз основа на начелото „прв дојден, прв услужен“, на тој начин обезбедувајќи стимулација со цел сите ЛАГови и нивните партнери да развиваат робусни системи за управување и капацитети.

Мерката на ИПАРД III за техничка помош, исто така, ќе игра важна комплементарна улога, првично преку обезбедување поддршка за комуникациските активности за промовирање на општото подигнување на свеста за мерката LEADER во рамките на интегриран План за комуникации за Програмата, со особен фокус на оние подрачја во земјата каде што немало никакви промотивни активности за LEADER.

Дополнително, по регистрирањето на ЛАГ и одобрувањето на нивните Стратегии за локален развој, поддршката од Техничка помош ќе се обезбеди за помош во градењето на капацитетите за управување со ЛАГ, што се очекува дека ќе вклучува обезбедување обука за: управување со проектен циклус; финансиско управување и сметководство; набавки и склучување договори; и следење и оценување.

Поддршката за техничка помош за ЛАГовите ќе осигури, исто така, дека процесот на развој на ЛАГ и спроведувањето на СЛР ги почитуваат националните и упатствата на Телото за управување и ИПАРД Агенцијата.

## 4.3. Други мерки на ИПАРД

Проектите што се финансираат во рамките на мерката LEADER не треба да се удвојуваат со оние проекти што би можеле да се финансираат во рамките на други мерки од ИПАРД. Меѓутоа, спроведувањето активности и проекти што се финансираат во

рамките на други мерки на ИПАРД III, имено за: „Подобрување на обуката“, „Инвестиции во рурална јавна инфраструктура“, и „Диверзификација на фарми и развој на бизниси“[84] може да се спроведуваат во територијата на ЛАГ како комплементарни активности.

**Ограничувања и разграничување од други мерки на ИПАРД**

Подобрување вештини и компетенции – Избраните Локални акциски групи ќе може да вклучат обука како активност во рамките на своите Стратегии за локален развој. Ова се очекува дека ќе вклучува сесии за информирање и обука за LEADER, локално развојно стратешко планирање, разработување проекти и набавки. Активностите за обука и анимирање ќе бидат од суштинско значење за стимулирање на процесот за локален развој. Меѓутоа, финансирањето на овие активност во рамките на оваа мерка мора да биде сразмерно на потребите за развој на проекти што се идентификувани од ЛАГ во рамките на нивните Стратегии за локален развој. Овие активности нема да се финансираат во рамките на мерката на ИПАРД III „Подобрување на обуката“.

Советодавни услуги – ЛАГ ќе бидат во можност да им обезбедуваат информации и совети на сите заинтересирани страни за поддршка во рамките на ИПАРД III. Меѓутоа, ЛАГ не може да биде директен корисник на мерката за советодавни услуги.

Инвестиција во рурална јавна инфраструктура и Диверзификација на фарми и развој на бизниси – Проектите што се финансираат во рамките на мерката LEADER на територијата на ЛАГ, вклучени во Стратегијата за локален развој, треба да бидат засебни и различни од оние проекти што би можеле да се финансираат во рамките на другите мерки на ИПАРД III. Не е дозволено какво било удвојување проекти што би можеле да се финансираат во рамките на други мерки на ИПАРД III. Меѓутоа, проектите што се финансираат во рамките на мерките на ИПАРД III „Инвестиции во рурална јавна инфраструктура“ и „Диверзификација на фарми и развој на бизниси“ треба да осигурат комплементарност со Локалните стратегии за развој.

## 5. Корисници

Локални акциски групи, избрани преку конкурсна постапка (видете во Делот 8).

## 6. Спроведување на LEADER во рамките на ИПАРД

Пристапот LEADER во рамките на оваа Програма ги содржи следниве елементи:

(а) Стратегии за локален развој што се засноваат врз подрачја, наменети за уредно идентификувани подрегионални рурални територии;

(б) Локални јавно-приватни партнерства (Локални акциски групи);

(в) Пристап „оддолу-нагоре“ со овластувања за носење одлуки за локалните акциски групи во врска со изготвувањето и спроведувањето стратегии за локален развој;

(г) Мултисекторски дизајн и спроведување на стратегијата врз основа на интеракцијата меѓу актерите и проектите од различните сектори на локалната економија;

[84] Врз основа на упатување во Програмата ИПАРД III.

(д) Мрежно поврзување на локалните партнерства;

(ѓ) Спроведување иновативни пристапи.

Локалните акциски групи (ЛАГови) развиваат и спроведуваат Стратегија за локален развој (СЛР), која може да содржи една или повеќе од следниве шест приоритетни теми:

• **Рурална економија**: развој на кратки синџири за снабдување и производи со додадена вредност, вклучувајќи квалитетни производи, занаетчиство и други активности за диверзификација на руралната економија;

• **Рурален туризам**: развој на рурални туристички производи што се засноваат врз користење локални, природни и културни ресурси;

• **Заедница**: поттикнување на културниот и социјалниот живот во заедницата и поддршка на колективни локални организации, здруженија и НВО;

• **Јавни простори**: подобрување на јавните простори во селата;

• **Животна средина**: подобрување на стандардите на животната средина во подрачјата на ЛАГ и промовирање на употребата на енергија од обновливи извори во локалната заедница;

• **Мрежно поврзување**: мрежно поврзување на ЛАГ, размена на најдобри практики, дисеминација на ИПАРД Програмата и учење нови пристапи кон руралниот развој.

Спроведувањето на Стратегијата за локален развој опфаќа: активности за анимирање и градење капацитети, мали проекти и оперативни трошоци за ЛАГ. Активностите мора да бидат поврзани со избраните приоритетни теми што се наведени горе.

Локалните акциски групи ги исполнуваат следниве услови:

• Мора да предложат интегрирана стратегија за локален развој што се заснова врз карактеристиките на LEADER што се дефинирани во точката 6 (а) до (ѓ);

• Мора да се состојат од група што ги застапува партнерите од различните локални социоекономски сектори на предметната територија. Треба да се осигури родовата еднаквост преку учество на жените на нивото за донесување одлуки. Минималниот број членови што ги застапуваат различните социоекономски интереси, малцинските групи и родовата еднаквост, како што се жените, младите луѓе, повозрасните лица и лицата со посебни потреби е дефиниран во Делот 8. Критериуми за прифатливост.

• Тие мора да демонстрираат способност за утврдување и спроведување Стратегија за локален развој (СЛР) за подрачјето;

• Локалната акциска група мора да има правна форма (здружение на граѓани);

• Способност за управување со јавни средства: Во процесот на избор и регистрација ЛАГ мора да ја докаже својата способност за правилно управување со јавните средства и да гарантира задоволително работење на партнерството.

Барањето за подрачјето на ЛАГ што е опфатено од Стратегијата за локален развој (СЛР):

• Територијата на ЛАГ треба да биде кохерентна и да нуди доволна критична маса во смисла на човечки, финансиски и економски ресурси за поддршка на одржлива развојна стратегија.

- Населението на секоја територија мора, по правило, да биде повеќе од 10.000 жители и да не надминува 150.000 жители, вклучувајќи ги населените места со население под 25.000. Отстапување од ова правило се применува за Кавадарци, Кичево и Кочани, за кои максималниот број на жители на населено место изнесува 30.000. Ова ќе се потврди во согласност со пописот на населението од 2002 година (ДЗС).
- Една иста локација не смее да припаѓа на повеќе од една ЛАГ, што значи едно партнерство, една стратегија, една територија.
- Мерката за пристапот LEADER ќе се спроведува во руралните средини во земјата што се наведени во Анекс 1 на оваа Програма и територијалните аспекти и критериуми за избор на Локалните акциски групи и територините што тие ги застапуваат се дополнително разработени во Делот 8. Критериуми за прифатливост (точка в).

Минимална содржина на Стратегијата за локален развој (СЛР):

- Дефиниција на територијата и населението што се опфатени од СЛР, вклучувајќи кохерентност и доволна критична маса во смисла на човечки, финансиски и економски ресурси.
- Анализа на развојните потреби и потенцијал на територијата, вклучувајќи анализа на предности, слабости, можности и закани (СВОТ) – ЛАГ треба да ги земат предвид не само статистичките податоци, туку и ставовите на локалните актери.
- Опис на стратегијата и нејзините цели – ЛАГ ги дефинираат визијата и целите во согласност со приоритетните теми на ИПАРД.
- Опис на процесот за вклучување на заедницата во изготвувањето на стратегијата, партнерската структура и интерните правила за носење одлуки.
- Акциски план – „срцето“ на СЛР. Сите предложени активности се поврзани со избраните приоритетни теми. Акцискиот план го утврдува минималното (обврзувачко) ниво на активности (минималното ниво на целните резултати). Акцискиот план потоа се преточува во подетални Годишни планови.
- Финансиски план со индикативен буџет за периодот на времетраење на СЛР, расчленет на: трошоци за работење на ЛАГ, анимирање/градење капацитети, мали проекти.

Деталните барања за Стратегијата за локален развој се обезбедуваат во упатствата издадени од Телото за управување.

## 7. Прифатливи активности

Следниве активности се поддржани во рамките на мерката „Спроведување стратегии за локален развој – LEADER пристап“:

а) Активност 1 – „Стекнување вештини и анимирање на жителите на територините на ЛАГ“ за градење капацитети и анимирање на избраните ЛАГови;

б) Активност 2 – „Оперативни трошоци“: Спроведување стратегии за локален развој за работењето на избраните ЛАГ;

в) Активност 3 – „Мали проекти“ – спроведување проекти од мал обем;

г) Активност 4 – „Проекти за соработка“ за меѓутериторијални и транснационални

проекти. Оваа активност треба да се спроведува во подоцнежната фаза на спроведувањето, од најнапредните ЛАГови што стекнале искуства. Релевантната постапка за поднесување барање за оваа активност подоцна ќе се развие од Телото за управување и ќе биде опишана во Програмата.

## 7.1. Стекнување вештини и анимирање на жителите на териториите на ЛАГ

Предложените активности од оваа точка вклучуваат:

- Анимирање, организирање настани за информирање и публицитет, вклучувајќи изготвување промотивни материјали (семинари, работилници, состаноци, материјали за публицитет, креирање веб-страница на ЛАГ и трошоци за нејзино одржување, итн.);
- Обука и образование (изготвување деловни планови, изготвување проектни барања, сметководство, итн.);
- Изготвување релевантни студии за територијата за натамошен развој (социоекономски, регионални, маркетиншки, итн.);
- Мрежно поврзување, учество во национални и меѓународни семинари, работилници, состаноци, студиски посети, вклучувајќи настани на националната и Европската мрежа за рурален развој.

*Примери за прифатливи трошоци (неисцрпна листа):*

- Експертски услуги на LEADER (локални и меѓународни), вклучувајќи фацилитатори и експерти за комуникации за учество во активности за градење капацитети и промовирање на LEADER во сите територии на ЛАГ;
- Услуги за превод и толкување;
- Патни трошоци, вклучувајќи сместување и дневници;
- Покривање на трошоците за обука, вклучувајќи учество на семинари, работилници и саеми, претплата и набавка на публикации, други активности за анимирање, итн.;
- Закуп на објекти и опрема за настани и угостителски услуги;
- Материјали за спроведување обуки и за анимирање.

Најмалку 30 % од буџетот за спроведување на Стратегијата за локален развој (СЛР) треба да бидат распределени за овие активности.

## 7.2. Оперативни трошоци

За да може ЛАГ да ги спроведуваат Стратегиите за локален развој, ќе бидат покриени оперативните трошоци за поддршка на ефективно и ефикасно управување со стратегијата, вклучувајќи следење.

*Примери за прифатливи трошоци (неисцрпна листа):*

- Плати за раководителот на ЛАГ и/или други вработени во ЛАГ;
- Наемнина за канцелариски простории и режиски трошоци;
- Канцелариски материјали;
- Набавка на опрема, вклучувајќи ИКТ-опрема, опремување канцеларии;

- Трошоци поврзани со комуникации, вклучувајќи повици во фиксна и мобилна телефонија;
- Патни трошоци, локално и во странство, вклучувајќи користење сопствено возило;
- Услуги (специјалисти за ИКТ, сметководители, правни, надоместоци за консултанти, нотарски надоместоци, трошоци за технички или финансиски експерти, под услов тие да бидат директно поврзани со кофинансираните операции;
- Режиски трошоци, под услов тие да бидат засновани врз реални трошоци што може да се припишат на спроведувањето на предметните операции;
- Трошоци за проектно управување и контроли поврзани со одобрувањето на проектите;
- Трошоци за следење и оценување на СЛР на ниво на ЛАГ.

Платата на раководителот на ЛАГ и патните трошоци за ЛАГ се уредуваат со правилата и постапките за јавната служба што се утврдени во Законот за административни службеници („Службен весник“ бр. 27/14) и Законот за работни односи („Службен весник“ бр. 167/15).

### 7.3. Мали проекти

СЛР содржат активности за поддршка на иницијативи/проекти од мал обем, на пр. културни настани, промоции на локални производи, реновирање или изградба на културно и природно наследство, инвестиции во културни добра, итн. Изборот и управувањето со малите проекти се објаснуваат во СЛР и предложените активности треба да бидат во согласност со СЛР. Вредноста на проектот е до 5.000 евра. Буџетот може да надмине 5.000 евра ако други партнери или донатори дадат придонес за малиот проект. Дополнителни услови за прифатливост што се специфични за приоритетите што се предложени во СЛР може да се дефинираат од ЛАГ во рамките на СЛР.
Примери за мали проекти:

- Настани (како што се селски фестивали, натпревари, учество на саеми и слични активности);
- Набавка на материјали и опрема (како што се компјутери, опрема за пакување и маркетинг, рекламни и маркетиншки материјали, туристички информативни табли, знаци, соларни панели, компостери, материјали за културни и младински групи, мебел и опрема за простории во заедницата и слични ставки);
- Реновирање од мал обем на згради во заедницата, подобрувања на јавните простори и туристички патеки и инфраструктура од мал обем (на пр. детски игралишта) и слични активности;
- Основни проекти за реставрација на историски згради.

По одобрувањето на СЛР, ЛАГ мора да презентира детален годишен предлог за финансирање на активностите како дел од годишниот план за работа на ЛАГ.

*Примери за прифатливи трошоци (неисцрпна листа):*

- Набавка на локации/закуп на простор и објекти за одржување настани и саеми, вклучувајќи услуги за анимирање и угостителски услуги;
- Промотивни активности и маркетинг (на пр. аудио, видео, веб-страници, флаери, летоци, постери, аудио и видеореклами, билборди, знаци, профили на социјални мрежи и нивно одржување, интерактивни и неинтерактивни ИКТ-функционалности, развој на софтвер, образовни игри, мобилни апликации, форуми, ИКТ-платформи, итн.);
- Транспортни и патни трошоци (локални и меѓународни);
- Услуги за превод;
- Консултанти/експерти ангажирани за изготвување и спроведување проекти;
- Професионална техничка поддршка (работници, компании ангажирани за монтирање опрема, материјали, градежни работници, итн.);
- Трошоци за изградба/реконструкција;
- Купување или најмување опрема;
- Развој на инфраструктура;
- Студии (за влијание врз животната средина, развој на определени карактеристики во територијата и други анализи што треба да се направат во врска со спроведувањето на малите проекти).

**Услови за поддршка за активностите 1, 2 и 3**

По одобрувањето на Стратегијата, Локалните акциски групи може да пристапат кон спроведување, меѓутоа мора да бидат исполнети следниве услови:

1. Акциите за обука и градење капацитети и комуникациските активности што ќе се спроведуваат од ЛАГ мора да бидат дефинирани во СЛР.
2. По одобрувањето на СЛР, ЛАГ мора да презентира детален годишен предлог за финансирање на тие активности како дел од годишниот план за работа на ЛАГ.
3. Само оние видови активности што биле презентирани во рамките на СЛР ќе бидат прифатливи.
4. Оперативните трошоци и трошоците за анимирање мора да бидат непосредно релевантни за спроведувањето на стратегијата и се насочени кон специфични активности наменети за консолидирање на капацитетот на ЛАГ. Ова се проверува и се оценува врз основа на финансискиот план за СЛР.
5. Откако ќе се склучи договор со ЛАГ, од страна на ЛАГ мора да се изготви годишен оперативен план што содржи активности за стекнување вештини и анимирање на жителите на териториите на ЛАГ, оперативни трошоци и мали проекти, и ова треба да биде ограничено на оние прифатливи активности како што е предвидено во соодветната Активност (7.1; 7.2 и 7.3).
6. Буџетот на Оперативниот план не може да ги надмине износите што се одобрени за време на Оценувањето на стратегијата и се последователно договорени со ИПАРД Агенцијата.

7. Промените во буџетот на годишниот оперативен план може да се извршат од страна на ЛАГ под услов тие да бидат ограничени на префрлање средства од една на друга активност во рамките на истиот планиран буџет.

## 7.4. Проекти за соработка

Активностите за соработка треба да овозможат размени што ќе го зајакнат развојот на знаења преку споделување искуства и добри практики, зајакнување на градењето на капацитетите на ЛАГ и нејзините членови и промовирање иновации и нови мрежи и партнери од земји во и надвор од Европската Унија.

***Специфични критериуми за прифатливост за Проектите за соработка***

I. ЛАГ може да интегрираат можни полиња на соработка и активности за соработка во СЛР што се комплементарни на главните приоритети на СЛР.
II. Обемот и природата на соработката би можеле да се дефинираат и да се утврдат во СЛР.
III. Подготвителните трошоци се ограничени на најмногу 5 % од вкупната вредност на проектот.
IV. Проектите за соработка може да се спроведуваат само по третата година од спроведувањето на LEADER.
V. Во случај на соработка со ЛАГ што доаѓаат од земји што не се членки на ЕУ, партнерството мора да ја има истата форма на ЛАГ како што е предвидено во оваа мерка.
VI. ЛАГ ќе бидат корисниците на оваа подмерка, меѓутоа тие може да вклучат други засегнати страни што работат во територијата на ЛАГ во зависност од природата на проектот и соодветните активности; Подготвителните активности не мора задолжително да водат кон договор за соработка со други ЛАГ. Во таквите случаи, поднесените трошоци за подготвителни активности сепак се сметаат за прифатливи.
VII. Во случај ако се постигне договор со други ЛАГови, ЛАГовите мора да изготват Договор за соработка и партнерство. Тој ќе ги дефинира улогите и одговорностите на секој партнер и ќе го вклучува договорениот буџет, проектните цели, активностите за заедничко спроведување, улогата на секој партнер и крајниот финансиски придонес на секој партнер во проектот.
VIII. Во случајот кога локалната ЛАГ не е водечкиот партнер во проектот, таа мора да презентира писмо за одобрение на проектот од земјата на потекло на водечката ЛАГ. Ова ќе се бара за да се демонстрира посветеноста на другите партнери на ЛАГ во проектот.
IX. Набавката на стоки и услуги од страна на ЛАГ за сите активности и активности треба да биде во согласност со Правилата за набавки од ПРАГ.
X. Проектот не треба да вклучува какви било градежни работи.

Акциите во рамките на активноста „Проекти за соработка“ може да опфаќаат:

- Подготвителни трошоци за изготвување на проектот за соработка;

- Патување и сместување за подготвителни активности за склучување прелиминарен договор и за спроведување на проектот;
- Подготовка и спроведување обуки и настани;
- Изготвување публикации и нивна дисеминација;
- Трошоците поврзани со активности што се дефинирани и одобрени во предлог-проектот (од материјална или нематеријална природа).

*Примери за прифатливи трошоци (неисцрпна листа):*

- Патни трошоци и дневници;
- Трошоци поврзани со активности за комуникации и информирање, вклучително за креирање наменски веб-страници за проекти, печатени материјали, аудиовизуелни промотивни материјали;
- Обуки локално и во странство;
- Најмување опрема од мал обем;
- Организирање и учество на настани (локално и во странство);
- Услуги и експерти, на пр. раководител на проект, координатор, итн.

## 8. Постапка за избор на Локални акциски групи

Прифатливите партнерства се оценуваат во однос на критериумите за избор во врска со Локалните акциски групи и Стратегиите за локален развој, особено во однос на квалитетот на нивните СЛР, од страна на Комисија за оценување формирана од Телото за управување. Членовите на Комисијата за оценување се назначуваат од министерот, на предлог од Телото за управување. Врз основа на поднесените барања, ЛАГовите што се избрани од Телото за управување се проверуваат во однос на критериумите за прифатливост од страна на ИПАРД Агенцијата. ИПАРД Агенцијата потпишува договори за финансирање со избраните ЛАГ. Договорите за финансирање вклучуваат дефиниција за задачите на ЛАГ и релевантните постапки, како и релевантните барања за поднесување извештаи и упатување до рамката за мерење на успешноста на ЛАГ.

### 8.1. Критериуми за прифатливост

Долу се наведени општите услови што треба да се исполнат со цел проектот да биде прифатлив за поддршка во рамките на мерката LEADER. Овие услови се проверуваат и се потврдуваат во рамките на оценувањето на Стратегијата за локален развој:

а) Територија:

За да биде некое јавно-приватно партнерство признаено како Локална акциска група и за да добие пристап до средства на LEADER од оваа мерка, тоа мора да изготви интегрирана стратегија за локален развој за својата територија.

- Прифатливата територија, опфатена од СЛР на ЛАГ:
  *i.* Се наоѓа во руралните средини во согласност со националната дефиниција во ИПАРД III Програмата (видете Анекс 1 кон Програмата). Територијата се дефинира од границите на катастарските општини во согласност со Законот за територијална организација на локалната самоуправа;

ii. Опфаќа територии со доволна кохерентност и критична маса. Бројот на жители во рамките на територијата мора да изнесува помеѓу 10.000 и 150.000. Покрај тоа, територијата на ЛАГ вклучува населени места со број на жители под 25.000. Отстапување од ова правило се применува за Кавадарци, Кичево и Кочани, за кои максималниот број на жители е 30.000. Ова ќе се потврди во согласност со пописот на населението од 2002 година (ДЗС). Сите три населени места се административни центри на претежно рурални региони. Најголемиот дел од населението во овие населени места се занимава со земјоделството како главен извор на приходи. Вклучувањето на овие населени места како прифатливи за приклучување на териториите на ЛАГ ќе обезбеди врска меѓу урбаните и руралните средини и ќе придонесе за општиот развој на регионите. Показателите за територијална кохезија прават овие населени места да бидат неделив дел од територијата каде што тие може да се приклучат на ЛАГ;

iii. Територијата мора да биде сочинета од места што припаѓаат на најмалку две општини, што се проверува преку Агенцијата за катастар на недвижности;

iv. Територијата на ЛАГ мора да биде сочинета од гранични површини со јасно дефинирани физички географски граници, што се потврдува преку Агенцијата за катастар на недвижности;

v. ЛАГ им овозможува на граѓаните и на субјектите што работат или се активни во заедниците на населените места во рамките на географските граници на ЛАГ да учествуваат во консултации, обуки и активности за анимирање и да спроведуваат проектни активности во овие населени места;

Јавните органи што застапуваат подрачја што не се членови не може да ги користат активностите на ЛАГ, освен ако не се запишани како формални членови на ЛАГ. Проверките за идентификација во однос на тоа дали населените места се официјални членови на ЛАГ се вршат врз основа на списокот со членови што е предвиден во статутот на ЛАГ.

vi. Потенцијалните Локални акциски групи со територијални преклопувања се одбиваат. Географските граници се проверуваат и се потврдуваат врз основа на информации од Агенцијата за катастар на недвижности.

б) Правна форма и партнерство:

По одобрувањето на Стратегијата, јавно-приватното партнерство се признава како ЛАГ и му се доверува спроведувањето на Стратегијата на територијата на Локалната акциска група:

i. Партнерството треба да биде составено од претставници од јавно-приватни локални социоекономски интереси од дефинирана географска област (територијата на ЛАГ);

ii. Тие треба да се здружат во рамките на заедничка структура, која се регулира или со меморандум за разбирање што е законски регистриран во прв степен или како Здружение на граѓани во согласност со Законот за здруженија на граѓаните и фондации („Службен весник“ бр. 135/2011);

iii. По одобрувањето на СЛР, јавно-приватното партнерство мора да се регистрира како „Здружение на граѓани“ во согласност со Законот за здруженија на граѓаните и фондации („Службен весник“ бр. 135/2011) за да може да склучи договор во рамките на мерката LEADER.

iv. Прифатливоста на партнерствата се проверува врз основа на Меморандумот за разбирање, додека, пак, во случајот на Здруженија на граѓани, ова се врши врз основа на статутот на ЛАГ и потврда за регистрација на Здружението издадена од Централниот регистар;

v. Локалната акциска група мора да формира одбор за одлучување од избрани членови и има најмалку 10 членови што ги застапуваат различните социоекономски интереси, вклучувајќи ги и јавниот и приватниот сектор во територијата што е опфатена од ЛАГ, што се потврдува врз основа на статутот на ЛАГ и одлуката за назначување на одборот;

vi. Мора да се осигури родовата еднаквост и застапеноста на малцинските групи, како што се жените, младите луѓе (под 40-годишна возраст), повозрасните лица и лицата со посебни потреби. Усогласеноста се проверува врз основа на статутот и одлуката за назначување на членовите на одборот на ЛАГ;

vii. Не смее да има какви било судири на интереси и какви било блиски односи (семејни или деловни) меѓу кои било членови на одборот на ЛАГ. Секој член мора да пополни изјава за судир на интереси што се користи за проверка на таквата непристрасност;

viii. По формирањето, одборот на ЛАГ мора да покаже дека на нивото на носење одлуки ниту јавните органи, ниту која било поединечна група на интерес не застапува повеќе од 49 % од правата на глас. Покрај тоа, најмалку 20 % треба да бидат претставници на локалната власт. Проверката се врши врз основа на статутот на ЛАГ и одлуката за назначување на одборот на ЛАГ. За да биде прифатлива за поддршка, Локалната акциска група мора да ги исполни следниве услови.

в) Стратегијата за локален развој мора да ја вклучува следнава минимална содржина:

i. Дефиниција на територијата и населението што се опфатени од стратегијата;

ii. СВОТ-анализа за развој на територијата и идентификација на потенцијалните потреби;

iii. Опис на стратегијата и нејзините цели. Стратегијата треба да биде усогласена со ИПАРД II Програмата;

iv. Опис на процесот за вклучување на заедницата во изготвувањето на стратегијата, како и партнерството на ЛАГ и интерните правила за носење одлуки;

v. Опис на активностите што покажува како целите се преточуваат во очекуваните активности и видовите поддржани проекти;

vi. Финансиски план на стратегијата, вклучувајќи трошоци за стекнување вештини и анимирање, оперативни трошоци и мали проекти;

vii. Опис на постапката во врска со препорачување локални проекти во рамките на мерките на ИПАРД III.

## 9. Критериуми за избор

Следниве начела за критериуми за избор се користат за процена на квалитетот на стратегиите за локален развој на ЛАГовите:

а) Пристап што се заснова врз територија и кохерентност на СЛР со опфатената територија;

б) Содржината на СЛР и нејзината сообразност со целите на ИПАРД III Програмата;

в) Комплементарност со националните и/или регионалните политики и стратегии;

г) Способност на ЛАГ да управува со спроведувањето на СЛР;

д) Квалитет на партнерството;

ѓ) Предлози за искористување комплементарно и алтернативно финансирање покрај ИПАРД (ова ќе се смета за додадена вредност. Меѓутоа, двојното финансирање мора да се избегне).

е) Разновидност во однос на возраста и родовата еднаквост во ЛАГ.

## 10. Висина на помошта и стапка на придонес од ЕУ

Висината на помошта изразена како удел на вкупните јавни трошоци во прифатливите трошоци е 100 %.

Придонесот од ЕУ изнесува 90 % од вкупните јавни трошоци.

ЛАГ со кои е склучен договор може да примат аванс за активностите за основање од националното финансирање, но овие трошоци во никој случај не се сметаат за трошоци што треба да се надоместат од Европската комисија преку ИПАРД. Износот на авансите не смее да надминува 50 % од годишните распределени средства за јавна поддршка во однос на оперативните трошоци, трошоците за анимирање и мали проекти.

## 11. Индикативен буџет

**Табела 49: Индикативен финансиски план**

| Година | Вкупно прифатливи трошоци | Јавни трошоци | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | | Придонес на ЕУ | | Национален придонес | |
| | ЕУР | ЕУР | % | ЕУР | 90% | ЕУР | 10 % |
| 2021 | - | - | - | - | - | - | - |
| 2022 | - | - | - | - | - | - | - |
| 2023 | - | - | - | - | - | - | - |
| 2024 | 333.333 | 333.333 | 100 % | 300.000 | 90 % | 33.333 | 10 % |
| 2025 | 566.667 | 566.667 | 100 % | 510.000 | 90 % | 56.667 | 10 % |
| 2026 | 600.000 | 600.000 | 100 % | 540.000 | 90 % | 60.000 | 10 % |
| 2027 | 666.667 | 666.667 | 100 % | 600.000 | 90 % | 66.667 | 10 % |
| **Вкупно** | 2.166.667 | 2.166.667 | 100 % | 1.950.000 | 90 % | 216.667 | 10 % |

## 12. Показатели

| **Показатели** | **Цели** |
|---|---|
| Број на стратегии за локален развој (LEADER) | 10 |
| Население опфатено од ЛАГ | 500.000 |
| Број на отворени работни места | 10 |
| Број на исплатени мали проекти | 50 |

## 13. Административна постапка

ЛАГовите се избираат преку отворен повик за поднесување барања што е отворен за сите рурални средини. Телото за управување го планира и го објавува повикот за поднесување барања по завршувањето на подготвителните работи поврзани со активностите за градење капацитети.

Телото за управување ги прима и ги регистрира барањата. Административната усогласеност и квалитетот на сите барања се оценуваат од Комисијата за оценување. Комисијата за оценување се формира со наредба на министерот, на предлог од Телото за управување. Членовите на Комисијата за оценување се од ТУ, другите служби на МЗШВ и претставници на руралните засегнати страни со докажано релевантно знаење и капацитет.

Сите административно усогласени барања се оценуваат за квалитет, користејќи ги критериумите за избор што се наведени во Делот 7. Деталните критериуми за избор и пондери се изготвуваат од ТУ пред објавувањето на повикот и се достапни како дел од упатствата за спроведување на мерката „LEADER пристап“.

Комисијата за оценување ги рангира барањата врз основа на добиените бодови во техничкото оценување и највисоко рангираните барања, до ограничувањето на достапниот буџет, се препорачуваат на ТУ за одобрување.

Барањата што се одобрени од ТУ се проверуваат за прифатливост и се склучуваат договори со ИПАРД Агенцијата. ЛАГ потпишуваат договор со ИПАРД Агенцијата што ги утврдува правата и обврските на ЛАГ, барањата за поднесување извештаи, итн.

Секоја година ЛАГ изготвуваат и поднесуваат на одобрување *годишен оперативен план* до ИПАРД Агенцијата, кој претставува детален план на активности и процена на буџетот за трошоците за анимирање, оперативните трошоци и малите проекти. Првиот Годишен оперативен план се праќа до ИПАРД Агенцијата во рок од еден месец по потпишувањето на договорот. Буџетот на Оперативниот план не може да ги надмине износите што се одобрени за време на Оценувањето на стратегијата и се последователно договорени од ИПАРД Агенцијата. ИПАРД Агенцијата го прегледува *годишниот оперативен план* на ЛАГ и ја информира ЛАГ за неговото одобрување и праќа примерок од одобрениот план до ТУ.

ЛАГ тримесечно или полугодишно поднесува барање за исплата до ИПАРД Агенцијата за надоместување на трошоците за градење капацитети, оперативните трошоци и малите проекти.

ИПАРД Агенцијата ги контролира ЛАГовите во однос на договорните обврски (административна и контрола на самото место).

ИПАРД Агенцијата ги извршува исплатите до ЛАГовите врз основа на контролирани и одобрени барања за исплата.

Во однос на локалните проекти во рамките на мерките на ИПАРД, ЛАГ доставува писмо со препораки во кое потврдува дека проектот е во согласност со нејзината СЛР, следејќи постапка што е утврдена во СЛР.

ЛАГ ги следи спроведувањето на СЛР и поддржаните операции и поднесува редовни извештаи за постигнатиот напредок. Форматот и зачестеноста на извештаите се предвидени во Договорот меѓу ИПАРД Агенцијата и ЛАГ.

## 14. Географски опфат на мерката

Мерката „LEADER пристап “ се спроведува во руралните средини во земјата што се наведени во Анекс 1 кон оваа Програма.

## Мерка ИНВЕСТИЦИИ ВО РУРАЛНАТА ЈАВНА ИНФРАСТРУКТУРА[85]

### 1. Правна основа

- Член 29(1) од Секторската спогодба за ИПАРД Програмата;
- Анекс 4 кон Секторската спогодба за ИПАРД Програмата.

### 2. Образложение

Руралните средини во земјата имаат мала густина на населеност, населени места од разбиен тип, ограничени ресурси и расположливи финансии и особено тешко се применуваат правилата за заштита на животната средина. Конкурентноста на руралните средини во земјата е ограничена поради недоволниот квалитет и пристап до основна инфраструктура и услуги за економијата и руралното население. Развојот и унапредувањето на основната инфраструктура се едни од предусловите за рамномерен економски раст во руралните средини и за подобрување на социо-економските услови за живот на руралното население во земјата. Поконкретно, развој на локалната патна инфраструктура во руралните средини, вклучувајќи обновување на пристапните патишта до земјоделското земјиште и унапредување на квалитетот на животот во руралните средини.

Физичката пристапност на руралните средини е влошена поради лошиот квалитет на локалните патишта, кои се важни за поврзување на населените места во рамките на општините. Ова се должи на недоволните инвестиции за одржување и реновирање на патиштата поради долгогодишните буџетски ограничувања со кои се соочуваат локалните самоуправи. Денес преовладуваат големи регионални разлики, како и разлики меѓу урбаните и руралните средини во однос на квантитетот и квалитетот на постојната локална инфраструктура. Патната инфраструктура на земјата (регионалните патишта и автопатиштата, вклучувајќи ја и мрежата на пристапни патишта) е прилично развиена, но локалната (некласифицирана) патна мрежа е недоволно развиена и има низок квалитет (околу 40 % се или земјени или воопшто не се рехабилитирани, а редовното одржување и вонредните поправки претставуваат проблем). Териториите со населени места од разбиен тип се соочуваат со недоволни инфраструктура и услуги, што исто така претставува пречка за развојот на претприемништвото. Унапредувањето на пристапноста е клучен услов за економски раст и диверзификација во руралните средини, на пример, за развој на руралната економија и руралниот туристички потенцијал.

Главните проблеми на руралното население честопати се поврзани со водоснабдувањето и канализацијата, електричните мрежи, греењето и собирањето и одлагањето на отпадот. Оттаму, најголемиот дел од руралните села во земјата немаат никаков канализациски систем и користат септички јами или неконтролирано испуштање отпадни води. Исто така, само 10 % од руралното население е опфатено со јавното општинско собирање цврст отпад. Снабдувањето со електрична енергија на руралните населени места и

[85] Описот на мерката е даден за информативни цели бидејќи сè уште не е акредитирана. Може да биде потребна нејзина измена пред да се поднесе за акредитација.

домови не е модернизирано за да се одржи редовно и непречено снабдување со електрична енергија за домашните апарати. Јавен систем за греење е обезбеден само во главниот град Скопје и делумно во останатите поголеми градови. Сите рурални домаќинства поединечно го организираат своето греење (на дрва, јаглен или масло за греење). Достапните обновливи извори на енергија се недоволно искористени.

Покрај традиционалните компоненти на инфраструктурата, потребна е и обнова на селата во смисла на јавни инвестиции за општо унапредување на средствата за живот во руралните средини, со цел зголемување на економската и социјалната атрактивност на селата, малите градови и околината. Постојат и поконкретни проблеми со инфраструктурата во рамките на населените места (на пример, селските улици, тротоарите, атмосферската канализација и уличните светилки). Честопати само главната улица во селото е асфалтирана, а останатите улици се „макадам" и ретко се поплочени со камен. Зелените површини, улиците и плоштадите во руралните средини имаат силно влијание врз квалитетот на животот на жителите. Добро одржуваните селски улици, зелените површини и парковите може да станат најпосакувани и карактеристични одлики на руралните средини.

Руралните населени места се исто така погодени од климатските промени и недостигот на инвестиции во управувањето со поплави (на пример, одржување на речните корита) на локално ниво, како и заштитата на руралните средини погодени од или подложни на лизгање на земјиштето што претставува закана за условите за живот и работа.

Исто така, конкурентноста на земјоделството и шумарството е отежната како резултат на недоволниот јавен пристап до земјоделските или шумските површини и лошата мрежа за пристап до земјоделските и шумските земјишни парцели. Потребно е да се обезбеди пристап до електрична енергија на земјоделското земјиште за да се одржат инвестициите за модернизација на системите за земјоделско производство (т.е. автоматизирани системи за наводнување за ефикасно користење на водата).

Затоа, оваа мерка ќе биде насочена кон инвестиции за воспоставување и унапредување на физичката инфраструктура во руралните средини потребна за економски и социјален развој, како и за развој на земјоделството и шумарството.

## 3. Општи цели

- Општата цел е да се поддржи економскиот, социјалниот и територијалниот развој, со цел да се постигне паметен, одржлив и инклузивен раст преку развој на физичкиот капитал во земјата, а со тоа да се олесни развојот на бизнисите и заедницата, растот и вработеноста во руралните средини.

### 3.1. Специфични цели

Специфичните цели на оваа мерка се следниве (наведени по случаен избор):

- да се обезбеди потребната инфраструктура за развој на руралните средини;
- да се придонесе за унапредување на животниот стандард на руралното население;
- да се поддржат јавните инвестиции неопходни за постигнување одржлив развој;

- да се зголеми атрактивноста на руралните средини за локалните и надворешните инвеститори.

## 4. Поврзаност со други мерки во Програмата и со националните мерки

Конкретно, оваа мерка е поврзана со мерките „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“, „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи“ и „Диверзификација на фарми и развој на бизниси“. Овие мерки промовираат инвестиции во изградба и реконструкција на приватна инфраструктура, вклучувајќи внатрешни патишта, електрична енергија, водоснабдување и третман на отпад, поврзани со развојот на економските дејности на земјоделските стопанства, претпријатијата за преработка или руралните претпријатија, додека, пак, целта на мерката „Инвестиции во руралната јавна инфраструктура“ е изградба и реконструкција на јавната инфраструктура во руралните и земјоделските области.

Јавните инвестиции во рамките на оваа мерка ги надополнуваат активностите поддржани со мерката „Воспоставување и заштита на шумите“ за унапредување на пристапноста до шумите за вршење на поддржаните активности поврзани со пошумување, економско користење на шумите, примена на активности за заштита на шумите од пожари и болести итн.

Опфатот на помошта доделена според оваа мерка нема да се поклопува со опфатот на помошта доделена според националните шеми за поддршка за земјоделството и руралниот развој.

## 5. Корисници

### 5.1. Видови корисници

Следниве видови корисници може да поднесат барање за поддршка според оваа мерка:

Единиците на локалната самоуправа (ЕЛС 1 – Општини) дефинирани според Законот за територијална организација на локалната самоуправа во име на населените места (ЕЛС 2) < 10.000 жители (наведени во Анекс 5 кон оваа Програма) како корисници на инвестицијата.

## 6. Општи критериуми за прифатливост

### 6.1. Општи услови за поддршка

1. Корисникот мора да достави барање придружено со комплет потребни документи.

2. Заедно со барањето мора да се доставaт и градежни (основни) проекти и технички цртежи, вклучително и предмер, изготвени во согласност со Законот за градење и другите локални стандарди за градење што се формално утврдени од општината.

3. Корисниците – општините треба да доставaт одлука донесена од советот на општината за приоритетноста на проектот за развој на општината во согласност со плановите за локален развој каде што е применливо.

4. Корисниците – општините што имаат намера да инвестираат во населени места за кои се применува Законот за култура (културно наследство и сл.) треба да достават одобрение добиено од МК и/или МТВ.

5. Корисниците – општините што имаат намера да инвестираат во населени места за кои се применува Законот за заштита на животната средина (природен резерват и сл.) треба да достават одобрение добиено од МЖСПП;

6. Одржувањето на проектот мора да биде обезбедено од крајниот корисник во период од најмалку пет години по конечната исплата на проектот. Меѓутоа, трошоците за одржување не се прифатливи за кофинансирање од ЕУ.

### 6.2. Национални и стандарди на ЕУ што треба да се почитуваат

Секој проект мора да биде усогласен со националните минимални стандарди за заштита на животната средина, градежништвото, енергетиката и културата, кои се однесуваат на проектот, пред да се поднесе конечното барање за исплата до ИПАРД Агенцијата.

### 6.3. Други општи критериуми за прифатливост

Инвестициите мора да се реализираат во јавен имот (државен или општински имот). Во случај на инвестициски проекти што се реализираат во приватен имот, кој не е во сопственост на корисникот, пред да се поднесе барањето за поддршка ќе се почитува Законот за експропријација или концесија.

## 7. Посебни критериуми за прифатливост

1. Инвестициските проекти за водоснабдување, канализација и одлагање отпад треба да ги координираат локалните јавни претпријатија основани за управување со јавната дејност.

2. Инвестициите за производство на енергија од обновливи извори се прифатливи доколку се однесуваат на потребите за енергија на прифатливиот корисник – општината и/или населените места.

3. Во случај на инвестиции во пристапни патишта до шумско земјиште, шумата мора да биде класифицирана како шума со висок ризик од појава на пожари, а тоа да биде потврдено од МЗШВ.

## 8. Прифатливи трошоци

### 8.1. Вид на прифатливи инвестиции

Поддршката се доделува за инвестиции во основни средства што придонесуваат за унапредување на економскиот и социјалниот развој на руралните населени места со број на жители под 10.000 во смисла на воспоставување и/или унапредување на општинските патишта, локалниот пристап до патиштата што е од особено значење за локалниот економски развој, пристапот до земјоделско и шумско земјиште, снабдувањето со електрична енергија, греењето и управувањето со отпад и вода.

Поддршката според оваа мерка, исто така, е насочена кон инвестиции за унапредување на можностите за рекреација и атрактивноста на руралните средини – изградба/обнова

на патиштата и улиците за внатрешно поврзување. Поддршка ќе се додели за производство и користење енергија од обновливи извори за потребите на руралното население.

Областите на поддршка се детално претставени во следните подделови од овој дел „8. Прифатливи трошоци“:

## 8.2. Прифатливи инвестиции

Прифатливите проекти се однесуваат на:

**1. Снабдување со енергија и енергетска ефикасност,** вклучително:

- Изградба/реконструкција/рехабилитација и опремување централи од обновливи извори на енергија и јавни инсталации за дистрибуција од обновливи извори на енергија;
- Изградба/реконструкција/рехабилитација на инсталации на обновливи извори на енергија за снабдување на општинските објекти и/или објектите што се користат за давање услуги во заедницата (како и образование и здравство);
- Унапредување на локалните јавни дистрибутивни мрежи за снабдување со енергија/топлина во општинските населени места и/или земјоделските области, вклучувајќи ги и пасиштата;
- Инвестиции за унапредување на енергетската ефикасност во општинските и други објекти што се користат за обезбедување услуги во заедницата (како и образование и здравство).

**2. Управување со водите,** вклучително:

- Изградба/реконструкција/рехабилитација на системот за водоснабдување, инсталациите и поврзаните објекти (на пример, за прочистување, филтрација итн.);
- Изградба/реконструкција/рехабилитација на канализацискиот систем, инсталациите и поврзаните објекти (на пример, за третман на отпадни води итн.).

**3. Управување со отпад,** вклучително:

- Изградба/реконструкција/рехабилитација на мали инфраструктурни капацитети за управување со отпад (на пример, одлагалишта и/или места за собирање отпад и сл. во согласност со стандардите за заштита на животната средина);
- Набавка и монтажа на опрема за собирање отпад (на пример, контејнери, транспортни приколки и специјализирани возила итн.).

**4. Патишта,** вклучително:

- Изградба/реконструкција/рехабилитација на постојните општински патишта и мостови (на пример, патиштата што ги поврзуваат населените места со главните патишта, поврзување меѓу населените места, јавните пристапни патишта до бизнисите, фармите, туристичките објекти, зградите или отворените површини

од локално културно, традиционално или природно значење, земјоделското земјиште, шумите и сл.), вклучувајќи порамнување и пејзажно уредување на околината;

- Изградба/реконструкција/рехабилитација на земјоделската и шумската патна мрежа (вклучувајќи противпожарни премини за евакуација).

## 8.3. Разграничување на помошта

Правилата за разграничување на помошта според оваа мерка и другите поврзани видови помош во рамките на ИПА се детално образложени во Делот 10.1 од Програмата.

## 8.4. Прифатливите трошоци се ограничени на

**(а) Материјални инвестиции**

---

- Набавка на градежни материјали и елементи за изградба или реконструкција на згради и инфраструктура.
- Набавка на механизација, машини и опрема.
- Набавка на повеќегодишни растенија.

**(б) Нематеријални инвестиции (поврзани со трошоците од точка а)**

---

- Компјутерски софтвер, вклучувајќи софтверски лиценци
- Транспорт и инсталација на опремата (без сервисери)
- Услуги за изградба/реконструкција (вклучувајќи технички надзор)
- Засадување, услуги за пејзажно уредување

**(в) Општи трошоци поврзани со трошоците од точка (а) и точка (б)**

---

- Подготовка на техничка документација, градежни проекти и придружни студии
- Подготовка на деловен план: пресметки на трошоци, анализи, пазарни анализи, маркетинг-анализи
- Подготовка на процена на влијанието врз животната средина
- Управување со проекти

**(г) Трошоци за специфични информативни и рекламни активности на ниво на проект што се во надлежност на корисниците**

---

- Билборди
- Плакати
- Налепници итн.

Кофинансирањето од ЕУ не ги опфаќа редовните интервенции за одржување.

Прифатливите трошоци се наведуваат и се прецизираат во Листата на прифатливи трошоци, како што е прифатено од Европската комисија по донесувањето на Одлуката за усвојување на Програмата.

Деталните правила за прифатливите трошоци, неприфатливите трошоци и правилата за потеклото се наведени во Делот 8.1 од Програмата.

## 9. Критериуми за избор

Со цел да се обезбеди дека инвестицијата ги исполнува целите на мерката, на прифатливите проекти ќе им бидат доделени бодови според следниве приоритети:

**Приоритет ќе се даде на <u>проекти</u> поврзани со:**

- управување со води/канализација и управување со отпад (**40 бодови**) ИЛИ
- снабдување со електрична енергија и енергетска ефикасност (**30 бодови**) ИЛИ
- патишта (**25 бодови**)

| **ВКУПНО БОДОВИ: најмногу 40 бодови** |
|---|

**Приоритет ќе се даде на следниве <u>корисници</u>:**

- Општина со најмногу 10.000 жители според последниот официјален попис на населението (**30 бодови**) ИЛИ
- Општина со најмногу 20.000 жители според последниот официјален попис на населението (**20 бодови**) ИЛИ
- Општина со над 20.000 жители според последниот официјален попис на населението (**15 бодови**)

| **ВКУПНО БОДОВИ: најмногу 30 бодови** |
|---|

**Приоритет ќе се даде на инвестициите што <u>се наоѓаат во</u>:**

- плански региони[86] (**20 бодови**) ИЛИ
- оддалечени предели[87] (**10 бодови**)
- рурални средини што припаѓаат на плански регион[88] со развоен индекс[89] помеѓу 60-80 (**10 бодови**) ИЛИ
- рурални средини што припаѓаат на плански регион со развоен индекс помеѓу 81-100 (**5 бодови**)

| **ВКУПНО БОДОВИ: најмногу 30 бодови** |
|---|

| **СЕВКУПНО БОДОВИ: 100 бодови** |
|---|

[86] Населените места наведени во Анекс 2 кон оваа Програма.
[87] Општинските населени места се наоѓаат на оддалеченост од повеќе од 50 км од центарот на општината.
[88] Закон за рамномерен регионален развој („Службен весник“ бр. 24/2021).
[89] Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 до 2023 година („Службен весник“ бр. 234/2018).

Бодување ќе се користи за избор на проекти преку рангирање во случаи кога бараниот износ за финансиска поддршка од пристигнатите барања го надминува расположливиот финансиски буџет наменет за оваа мерка.

Извештаите за бодуваните проекти ќе се користат за следење на Програмата со цел да се процени дали поднесените и одобрените проекти се во согласност со оперативните цели на оваа мерка.

Нема да се одобри поддршка за проектите со 0 бодови.

## 10. Висина на поддршката

Вкупните јавни трошоци (75 % средства на ЕУ + 25 % национално кофинансирање) нема да ја надминуваат границата од:

- 100 % од вкупните прифатливи трошоци на инвестициите во чија природа не е да генерираат значителен нето-приход[90].
- 50 % од вкупните прифатливи трошоци за други прифатливи инвестиции во руралната инфраструктура.

Стапката на учество на ЕУ изнесува 75 % од јавната помош.

За да се добие поддршка според оваа мерка, минималните вкупни прифатливи трошоци што се предложени за инвестицискиот проект изнесуваат 20.000 евра.

Максималниот вкупен прифатлив трошок по инвестициски проект ќе биде 1.000.000 евра за проекти на општините.

Корисниците може да поднесат повеќе проекти според оваа мерка во периодот на спроведување на Програмата, но не повеќе од еден проект по јавен повик, под услов претходните проекти да бидат успешно завршени, односно да биде добиена конечната исплата.

## 11. Индикативен буџет

### Табела 50: Индикативен финансиски план

| Година | Вкупно прифатливи трошоци | Јавни трошоци | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | | Учество на ЕУ | | Национално учество | |
| | ЕУР | ЕУР | % | ЕУР | % | ЕУР | % |
| 1 | 2 = 3 + 9 | 3 = 5 + 7 | 4 = 3/2 | 5 | 75 % | 7 | 25 % |
| 2021 | - | - | - | - | - | - | - |
| 2022 | - | - | - | - | - | - | - |
| 2023 | - | - | - | - | - | - | - |
| 2024 | 4.400.000 | 4.400.000 | 100 % | 3.300.000 | 75 % | 1.100.000 | 25 % |

[90] Видете го членот 61 од РЕГУЛАТИВАТА (ЕУ) бр. 1303/2013 НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 17 декември 2013 година со кој се утврдуваат заедничките одредби за Европскиот фонд за регионален развој, Европскиот социјален фонд, Кохезивниот фонд, Европскиот земјоделски фонд за рурален развој и Европскиот поморски и рибарски фонд, опфатени со Заедничката стратешка рамка, и се утврдуваат општите одредби за Европскиот фонд за регионален развој, Европскиот социјален фонд и Кохезивниот фонд и се укинува Регулативата (ЕЗ) бр. 1083/2006 на Советот.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2025 | 3.400.000 | 3.400.000 | 100 % | 2.550.000 | 75 % | 850.000 | 25 % |
| 2026 | 3.600.000 | 3.600.000 | 100 % | 2.700.000 | 75 % | 900.000 | 25 % |
| 2027 | 5.333.333 | 5.333.333 | 100 % | 4.000.000 | 75 % | 1.333.333 | 25 % |
| **Вкупно** | 16.733.333 | 16.733.333 | 100 % | 12.550.000 | 75 % | 4.183.333 | 25 % |

## 12. Показатели

| **Показател** | **Целна вредност до 2027 г.** |
|---|---|
| Вкупни инвестиции во рурална диверзификација, развој на бизниси и инфраструктура | 16,7 милиони ЕУР |
| Број на отворени нови работни места | 5 |
| Број на поддржани локални инфраструктури | 30 |
| Број на корисници на ИПАРД со поддршка за инвестиции поврзани со грижа за животната средина или климатските промени | 10 |

## 13. Административна постапка

Минималните чекори на административната постапка за спроведување на оваа мерка се опишани во Делот 8.2 од оваа Програма. Оваа мерка ќе се реализира согласно внатрешните процедури за управување и контрола, воспоставени од страна на ИПАРД Агенцијата, акредитирани од НАО и одобрени од Европската комисија.

Сите проекти мора да бидат изготвени во согласност со правилата за надворешна помош на Европската комисија содржани во Финансиската регулатива. За таа цел, примената на ПРАГ би можела да се приспособи на спецификите на националното законодавство за јавни набавки на тој начин што ќе се почитуваат главните начела на Договорот, како што се транспарентност, пропорционалност, еднаков третман, недискриминација, и треба да се обезбеди стабилно финансиско управување (вредност за пари). Доколку корисникот нема овластување да ја изврши јавната набавка според правилата за јавни набавки што важат за оваа мерка, јавната набавка може да се изврши во име на корисникот од страна на централизиран надлежен јавен орган (ќе се одлучи при акредитацијата на оваа мерка).

## 14. Географски опсег

Инвестицијата поддржана според оваа мерка мора да се реализира на територијата на населените места/-о со помалку од 10.000 жители, како што е наведено во Анекс 5 кон оваа Програма.

# Мерка ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА НА ФАРМИ И РАЗВОЈ НА БИЗНИСИ

## 1. Правна основа

- Член 29(1) од Секторската спогодба за ИПАРД Програмата;
- Анекс 4 кон Секторската спогодба за ИПАРД Програмата.

## 2. Образложение

Иако структурата на руралната економија е разновидна, а трговските услуги и производството имаат поголем процент на додадена вредност, земјоделството и натаму е главен извор на приходи за жителите од руралните средини. Земјоделските дејности сами по себе не се способни да обезбедат соодветни приходи за жителите од руралните средини поради структурни недостатоци, па затоа се предвидува диверзификација на приходите од земјоделството со воведување различни економски дејности во руралните средини. Неодамнешните трендови на опаѓање на вработеноста во земјоделството, шумарството и рибарството на национално ниво, заедно со недостигот на соодветни опции за наоѓање вработување во други сектори за оние земјоделци што ја намалуваат земјоделската дејност или престануваат да се занимаваат со земјоделска дејност, претставуваат ризик за развојот на руралните средини. На подолг рок, се очекува токму малите земјоделски стопанства да бидат изложени на ризик да престанат со својата дејност поради притисокот на комерцијалното земјоделство и развојот на преработувачкиот сектор и пазарните синџири што наметнуваат строги барања за квалитет.

Претприемништвото во руралните средини е отежнато поради недостигот на капитал и недоволниот пристап до развој на бизнисот. Ограничениот инвестициски потенцијал на руралните актери, недоволно развиените форми на разновидна соработка, недостигот на информации и консултации за предностите на претприемачките активности, ориентацијата на услугите на локалниот пазар, малата побарувачка на стоки и услуги поради понискиот животен стандард на руралното население го попречуваат создавањето на бизнисите и развојот во руралните средини.

Обезбедувањето услуги во руралните средини значително заостанува во споредба со обезбедувањето услуги во урбаните средини. Конкурентноста на земјоделството и руралните средини е ограничена поради недоволниот квалитет и пристап до основна инфраструктура и услуги за економијата и руралното население. Обезбедувањето услуги е, исто така, и показател за квалитетот на животот на руралното население.

Оттука, поддршката за започнување нов бизнис и развој на формираните микро и мали претпријатија претставува важен инструмент за унапредување на конкурентноста и за создавање работни места во руралните средини. Потребна е поддршка за да се унапреди економското ткиво во руралните средини (во кои преовладуваат трговски активности и градежништво) со други економски дејности и услуги што создаваат работни места и придонесуваат за значително подобрување на квалитетот на животот, особено на младото население во руралните средини.

Потенцијалот на туризмот во руралните средини е недоволно искористен иако постои зголемена побарувачка за рурален туризам кај домашните туристи, како и кај странските туристи што се во посета за да ги истражуваат природните, културните и традиционалните убавини на земјата. Руралниот туризам е економски сектор за раст, кој создава можност за диверзификација на дејностите на лицата со ангажман во земјоделството, исто така за дополнителни приходи, зголемување на вработеноста на руралното население и промовирање на нивното претприемништво. Развојот на руралниот туризам се предвидува преку: развој на типични објекти за рурален туризам, развивање активности на отворен простор, развивање активности што се поврзани со обичаите, занаетчиството, типичните видови храна и подобро управување со природните ресурси.

Потребна е помош во креирањето разновидни рекреативни услуги во руралните средини, создавање и модернизација на сместувачки капацитети и угостителски објекти, вклучувајќи и кампови и/или места за престој или кампување во руралните средини.

Оттука, целта на мерката е да се обезбеди поддршка за инвестиции во руралните средини насочени кон формирање и развој на алтернативни економски дејности во руралните средини, промовирање на претприемништвото и деловен развој за неземјоделски производи, подобрување на пристапот до услугите за земјоделските стопанства и руралното население и промовирање на руралниот туризам.

## 3. Општи цели

Општата цел на оваа мерка е:

- поттикнување на вработеноста преку создавање нови работни места и одржување на постојните работни места;
- подигнување на нивото на економска активност во руралните средини;
- унапредување на квалитетот на животот; и
- спречување на раселувањето од руралните средини.

Економскиот раст и диверзификацијата на фармите се неопходни за деловен развој, вработување и одржлив развој во руралните средини, а со тоа придонесуваат за подобар територијален баланс, како на економски, така и на социјален план, и тоа преку директно зголемување на приходите на земјоделските домаќинства. Мерката има цел да ја унапреди положбата на земјоделците во вредносниот синџир. Преку поддршката за инвестициите во обновливи извори на енергија, мерката придонесува за ублажување на климатските промени. Мерката, исто така, треба да им помогне на младите земјоделци што сакаат да се диверзифицираат во нови економски дејности, а сепак да го задржат земјоделското производство.

### 3.1. Специфични цели

Специфичните цели на мерката се во насока на поддршка на:

- алтернативното земјоделско производство;
- преработката на алтернативните земјоделски производи;

- производството на храна и пијалаци;
- преработката на непрехранбени производи;
- занаетчиските активности;
- услугите за руралното население;
- услугите за земјоделството;
- руралниот туризам;
- производството и продажбата на енергија од обновливи извори.

## 4. Поврзаност со други мерки на ИПАРД во Програмата и со националните мерки

Конкретно, оваа мерка е поврзана со мерките „Инвестиции во основни средства на земјоделските стопанства“ и „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи“. Под мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделските стопанства“, поддршката се доделува за примарно земјоделско производство и инвестиции за преработка на фарма и директен маркетинг на сопственото производство на земјоделските стопанства, додека, пак, под мерката „Диверзификација на фарми и развој на бизниси“, поддршката се доделува за примарно земјоделско производство на алтернативни земјоделски производи и инвестиции за преработка на фарма и директен маркетинг на сопственото производство на алтернативните земјоделски производи. Мерката „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи“ промовира инвестиции во одбрани приоритетни сектори од Анекс 1. Понатаму, под мерката „Диверзификација на фарми и развој на бизниси“ поддршката се доделува за инвестиции во преработка на алтернативни земјоделски производи од приоритетниот сектор за алтернативно земјоделско производство и производство на прехранбени производи и пијалаци наменети за луѓе што не се прифатливи за поддршка според мерката 1 и мерката 3. Мерката „Диверзификација на фарми и развој на бизниси“ ја дополнува мерката „Инвестиции во основни средства за земјоделските стопанства“, бидејќи таа ги поддржува инвестициите во неземјоделски активности и низа активности за давање услуги на земјоделското население во руралните средини и за потпомагање на земјоделското производство. Овие две мерки заедно првенствено придонесуваат за зголемен приход за земјоделските стопанства од неземјоделски активности и обезбедување рурални и земјоделски услуги.

Откако мерките „Советодавни услуги“ и „Унапредување на вештините и компетенциите“ ќе бидат вклучени како дел од оваа Програма, нивното спроведување ќе ја надополни мерката „Диверзификација на фарми и развој на бизниси“ конкретно преку помагање на жителите од руралните средини и на руралните економски актери во обезбедувањето информации за развој на бизнисите. Координацијата со мерките „Советодавни услуги“ и „Унапредување на вештините и компетенциите“ ќе им ги

подобри професионалната експертиза и знаењето на корисниците при спроведувањето на оваа мерка.

Мерката „Диверзификација на фарми и развој на бизниси“ се надополнува со инвестиции во јавните патишта за поврзување, обезбедување електрична енергија, водоснабдување и канализациски системи во руралните средини под мерката „Инвестиции во рурална јавна инфраструктура“ како клучни за зголемување на конкурентноста на економијата во руралните средини и квалитетот на животот на руралното население.

Опфатот на помошта доделена според оваа мерка нема да се поклопува со опфатот на помошта доделена според националните шеми за поддршка на земјоделството и руралниот развој.

# 5. Корисници

## 5.1. Видови корисници

Следниве видови корисници може да поднесат барање и да ја користат поддршката од оваа мерка:

I. Физички лица;
II. Правни лица;
III. Задруги;
IV. Здружени правни лица,

**I. Физички лица** што имаат регистрирано живеалиште во рурална средина и/или имаат регистрирана економска дејност во рурална средина, како што се:

- физичко лице регистрирано како занаетчија во Регистарот на занаетчии согласно Законот за занаетчиство, за дејностите за кои е предложена инвестицијата;
- физичко лице регистрирано како угостител (вклучително и за обезбедување на сместување) во Регистарот за угостители согласно Законот за угостителство, за дејностите за кои е предложена инвестицијата;
- физичко лице регистрирано како трговец поединец во Централниот регистар согласно Законот за трговски друштва;
- физичко лице регистрирано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства како претставник на семејно земјоделско стопанство;
- физичко лице регистрирано како индивидуален земјоделски производител во Регистарот на земјоделски производители во МЗШВ или во Фондот на пензиско и инвалидско осигурување.

Физичките лица што предлагаат нови инвестиции за започнување економски дејности во руралните средини (на пример, за самовработување) се прифатливи за поддршка во рамките на оваа мерка, под услов да ги исполнуваат посебните барања на крајот на инвестицијата, особено ако тој/таа:

- поседува докажани професионални компетенции и вештини преку средно образование со диплома или 3-годишно искуство со земјоделско производство, преработка или услуги поврзани со земјоделството (докажано преку професионално работно досие или преку евиденција за корисници на национални шеми за поддршка на земјоделството и руралниот развој) или друг професионално признаен сертификат за конкретната економска неземјоделска дејност (приоритетни сектори: 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8);
- се обврзе дека на крајот на инвестицијата (пред поднесување на конечното барање за исплата) ќе ја регистрира економската дејност како занаетчија, угостител или трговец поединец или правно лице во општината каде што се наоѓа руралната средина.

**II. Правни лица** што се регистрирани во Централниот регистар во опсегот на микро и мали претпријатија[91]**.**

Процената на големината на претпријатијата се врши од страна на ИПАРД Агенцијата. Новоформираните претпријатија се оценуваат врз основа на нивната очекувана големина, која се очекува да се постигне по реализацијата на инвестицијата, како што е предложено во Техничкиот предлог-проект или Деловниот план.

**III. Задругата** треба да биде регистрирана во Централниот регистар.

**IV. Здружени правни лица** (за колективни инвестиции), кои се контролирани од земјоделски производители и се признаени како такви според законот. Следниве видови здружени правни лица може да поднесат барање и да ја користат дополнителната помош според оваа мерка:

- задруга;
- групи на производители и Организации на производители признаени како такви во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој и регистрирани во Регистарот на групи на производители и/или Регистарот на организации на производители што го води МЗШВ;
- приватна компанија со основна дејност во земјоделството или земјоделската преработка основана од овластени претставници на семејно земјоделско стопанство регистрирано во Регистарот на земјоделските стопанства; и
- приватна компанија со основна дејност во земјоделството или земјоделската преработка основана од здружение на земјоделски производители.

Минималниот број на земјоделски производители ангажирани во рамките на некој од горенаведените субјекти е најмалку 10.

Кога корисникот не е сопственик на стопанството каде што се реализира инвестицијата, меѓу засегнатите страни треба да се склучи договор што вклучува одредби со кои се

[91] Опишано во Анекс 9 на оваа Програма.

овозможуваат структурните ефекти на проектот во текот на најмалку 5 години по неговото склучување.

### 5.2. Ограничувања и разграничувања

За подобро насочување на инвестициската поддршка и за разграничување на мерките во рамките на оваа програма, крајните корисници ќе бидат предмет на следниве ограничувања во согласност со прифатливите инвестициски активности според оваа мерка:

1. Задругите и земјоделските стопанства претставувани од правни лица не се прифатливи за инвестициска поддршка за преработка и маркетинг на земјоделски производи за кои е обезбедена поддршка според мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделските стопанства“ и „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи“.

2. Поддршка не може да им се додели на правни лица во случај кога нивниот капитал е во сопственост на јавен орган или органи или кога повеќе од 25 % е во сопственост на државата. Во определени случаи, кога тоа се смета за соодветно врз основа на националното законодавство, Телото за управување може да побара од Европската комисија да донесе одлука преку поднесување образложено барање.

## 6. Општи критериуми за прифатливост

### 6.1. Видови земјоделски стопанства, претпријатија и организации на производители што се поддржуваат

1. Корисникот – физичкото лице претставник на семејното земјоделско стопанство при поднесувањето на барањето за поддршка треба да биде регистрирано како такво во Единствениот регистар на земјоделски стопанства на МЗШВ.
2. Корисникот – физичкото лице занаетчија при поднесувањето на барањето за поддршка доставува документ дека е регистрирано во регистарот на занаетчии за вршење на економската дејност поврзана со проектот пред датумот на поднесување на барањето.
3. Корисникот – физичкото лице регистрирано за угостителство (вклучително и обезбедување туристичко сместување) при поднесувањето на барањето за поддршка треба да достави документ дека е регистрирано во регистарот за угостители пред датумот на поднесување на барањето.
4. Корисникот – физичкото лице што предлага нови инвестиции за започнување економски дејности во рурални средини (на пример, за самовработување) поднесува правна или нотарска изјава за обврската за регистрирање на економската дејност како занаетчија, угостител или трговец поединец или правно лице во општината каде што се наоѓа руралната средина пред поднесувањето на конечното барање за исплата.
5. Корисникот – правното лице мора да биде регистрирано како такво во Централниот регистар пред датумот на поднесувањето на барањето.

6. Корисникот – задругата мора да биде регистрирана како таква во Централниот регистар пред датумот на поднесувањето на барањето. Пред поднесувањето на конечното барање за исплата, задругата мора да биде регистрирана во Централниот регистар за економската дејност што е предмет на одобрената инвестиција/проект.

### 6.2. Економска одржливост на корисникот

Помош може да им биде доделена на корисниците чии инвестициски проекти покажуваат изгледи за финансиска/економска одржливост. Економската и финансиската одржливост се проценува врз основа на Техничкиот предлог-проект (поедноставен Деловен план) или Деловниот план.

Во случај на проекти што имаат вкупен буџет под 80.000 евра, изгледите за финансиска одржливост мора да се демонстрираат преку Технички предлог-проект (поедноставен Деловен план) што ги содржи предвидените податоци за финансиските показатели во смисла на генерирање доволно приход за да се покријат оперативните трошоци и должничките обврски.

Во случај на проекти што имаат вкупен буџет од над 80.000 евра, изгледите за економска одржливост мора да се демонстрираат преку Деловен план.

Деловниот план мора да содржи детален опис на планираните инвестиции и активности (вклучително и маркетинг). Исто така, Деловниот план мора да покаже на кој начин спроведувањето на проектот ќе доведе до подобрување на севкупната успешност на деловната активност преку презентирање на изгледите за финансиска и економска одржливост.

Корисникот мора да прикаже изгледи за континуитет во работењето во текот на најмалку пет години по реализацијата на инвестицијата. Процената на финансиската/економската одржливост и изгледите за континуитет во работењето се врши од страна на ИПАРД Агенцијата. За да обезбеди избор на проекти со највисок квалитет во однос на финансиската/економската одржливост, ИПАРД Агенцијата, во консултација со Телото за управување, може да утврди најниски/највисоки вредности на критериумите за процена на критериумите за економска и финансиска одржливост.

Обрасците за Техничкиот предлог-проект (поедноставен деловен план) и Деловниот план, придружени со упатство за пополнување на обрасците и највисоките/најниските вредности на критериумите за финансиска и економска одржливост со методологијата за пресметување, се изготвуваат и се објавуваат од ИПАРД Агенцијата и претставуваат дел од пакетот документи за поднесување барање за конкретната мерка.

### 6.3. Национални стандарди и стандарди на ЕУ

Во однос на конкретната поддржана економска дејност, ќе се применуваат следниве минимални национални стандарди:

- за инвестициски проект поврзан со алтернативно земјоделско производство се применуваат барањата од националното законодавство за регистрација во Единствениот регистар на земјоделски стопанства за алтернативно земјоделско производство;
- за инвестициски проект поврзан со поддршка на преработката на алтернативни земјоделски производи, храна и пијалаци, вклучително и преработка на шумски производи, се применуваат барањата од националното законодавство за безбедност на храната;
- за инвестициски проекти поврзани со собирање шумски производи (освен преработка на шумски производи) и сеча се применуваат барањата од националното законодавство за шумарство;
- за инвестициски проект за поддршка на преработката на непрехранбени производи се применуваат барањата од националното законодавство;
- за инвестициски проекти поврзани со занаетчиството се применува барањето од националното законодавство за занаетчиство;
- за инвестициски проекти поврзани со поддршка на услугите во земјоделството се применува барањето од националното законодавство;
- за инвестициски проекти поврзани со поддршка на услугите за руралното население се применува барањето од националното законодавство;
- за инвестициски проекти поврзани со руралниот туризам се применуваат барањата од националното законодавство за туризам, угостителство и безбедност на храната;
- за инвестициски проекти за поддршка на производството и продажбата на обновливи извори на енергија се применува барањето од националното законодавство.

Не подоцна од крајот на проектот (пред да се поднесе конечното барање за исплата), инвестицијата мора да биде усогласена со главните релевантни национални минимални стандарди што се во сила. Оттаму, за целите на спроведувањето на оваа мерка, документите со кои се потврдува почитувањето на применливите национални минимални стандарди претставуваат задолжителен дел од конечното барање за исплата што корисникот ги поднесува до ИПАРД Агенцијата или се добиваат по службена должност од ИПАРД Агенцијата.

Документите со кои се оценува усогласеноста или се потврдува почитувањето на применливите национални минимални стандарди ги издаваат следниве надлежни органи:

– АХВ за почитување на јавното здравје согласно Законот за безбедност на храната што се применува за преработката на алтернативни земјоделски производи, производството на храна и пијалаци, вклучително и преработката на шумски производи (храна) и угостителството и Законот за безбедност на козметичките производи за инвестиции што

не се во прехранбениот сектор и производство и Законот за ветеринарно здравство за инвестиции во ветеринарни услуги според оваа мерка; и/или

– Општинските органи за заштита на животната средина или МЖСПП за стандарди за заштита на животната средина согласно Законот за заштита на животната средина; и/или

– МЕ за преработка на непрехранбени производи, рурален туризам и угостителство, постројки за производство на енергија од обновливи извори што подлежат на барањата од законодавството за енергетика; и/или

– Инспекторатот за труд при МТСП за постигнување на стандардите за безбедност при работа.

Издадените документи за оценување на усогласеноста на инвестицијата/проектот во однос на применливите национални минимални стандарди мора да се изготват врз основа на претходна процена на проектот и врз основа на корисникот, кога тоа е соодветно.

Кога тоа е соодветно, ИПАРД Агенцијата може да го добие документот за оценување на усогласеноста или документот со кој се потврдува почитувањето на применливите национални минимални стандарди по службен пат, т. е. преку пристап до електронската евиденција или во писмена форма преку барање до органите што се одговорни за предметниот стандард. Листата документи што го потврдуваат почитувањето на применливите национални минимални стандарди, кои ИПАРД Агенцијата ја добива по службен пат, претставува составен дел од Упатството за корисници.

Целосната и ажурирана листа со сите релевантни национални стандарди во сила што е утврдена од Телото за управување во однос на прифатливите инвестициски активности и приоритетниот сектор според оваа мерка е дадена во Анекс 15 кон оваа Програма. Ажурираната листа претставува составен дел од Упатството за корисници.

## 6.4. Други општи критериуми за прифатливост

1. Инвестициите мора да се спроведат на имотот што е во сопственост на корисникот. Во случај на инвестициски проекти, кои се реализираат на имот што не е во сопственост на корисникот, мора да се поднесе договор или друг придружен документ за докажување на правото на користење на имотот што е засегнат од инвестицијата за период од најмалку 7 години од датумот на поднесување барање за поддршка.

2. Корисникот треба да обезбеди документ со кој се потврдуваат професионалните компетенции и вештини, т. е. диплома за завршено средно образование или високо образование или, пак, стручно образование или стручно оспособување со диплома/уверение.

Корисниците што не ги исполнуваат горенаведените вештини и компетенции, на крајот на инвестицијата треба да обезбедат сертификат за обука издаден од страна на релевантни институции за стручна обука, образовни и истражувачки установи или јавни советодавни служби, вклучувајќи список на посетувани модули за обука што се релевантни за инвестицијата.

3. Најмалку едно одговорно лице од индивидуалниот земјоделски производител, правното лице или задругата треба да биде во редовен работен однос или ангажирано со договор со времетраење не пократко од 5 години од денот на поднесување на барањето. Во случај на нови инвестиции (новоформирана компанија што нема поднесено годишна даночна пријава или компанија што започнува со нова економска дејност), овој услов мора да се исполни пред поднесувањето на конечното барање за исплата.

## 7. Посебни критериуми за прифатливост

1. Проектите што се однесуваат на инвестиции во изградба/реконструкција на објекти за целите на руралниот туризам треба да се реализираат на начин што ќе го следи традиционалниот архитектонски стил или архитектонскиот стил што одговара на пределот (околната област), прикажан преку технички цртежи изработени од овластен архитект и образложени во Деловниот план.

2. Во случај кога инвестициите во руралниот туризам и/или угостителството се предложени од физичко лице, капацитетот за внатрешно сместување не смее да биде поголем од 10 соби за сместување најмногу 20 лица (со исклучок на дополнителни кревети за деца), за сместување на отворено, капацитетот што ќе се постигне мора да биде најмногу 10 сместувачки единици или да се сместат 30 гости истовремено (со исклучок на дополнителни кревети за деца) и да се опслужуваат 50 лица доколку станува збор за угостителство.

3. Во случај кога инвестициите во руралниот туризам и/или угостителството се предложени од правно лице, капацитетот за внатрешно сместување што ќе се постигне не смее да биде поголем од 20 соби за сместување најмногу 30 лица (со исклучок на дополнителни кревети за деца), за сместување на отворено, капацитетот што ќе се постигне мора да биде најмногу 15 сместувачки единици или да се сместат 30 гости истовремено (со исклучок на дополнителни кревети за деца) и да се опслужуваат најмногу 150 гости доколку станува збор за угостителство.

4. Во случај на инвестиции во секторот за обновливи извори на енергија, инвестицијата се смета за прифатлива кога (теоретскиот) капацитетот на постројката за обновлива енергија („инвестицијата“) ја надминува 3-годишната просечна потрошувачка на корисникот за сопствени потреби.

5. Во случај кога инвестицијата за обновливи извори на енергија е составен дел од проект (на пример, соларни панели во руралниот туризам), не се применува и не треба да се проверува ограничувањето во врска со „потрошувачката за сопствени потреби“.

6. Во случај на нови инвестиции или во случај на деловни активности што значително го промениле обемот на своето работење во последните три години, очекуваната потрошувачка треба да биде проценета од ИПАРД Агенцијата. Истото се однесува на очекуваното зголемување на потрошувачката на енергија како резултат на новите инвестиции што треба да се реализираат како дел од истото барање од страна на потенцијалниот корисник.

7. Корисниците што поднесуваат барање за инвестиции поврзани со алтернативно земјоделско производство, на крајот на инвестицијата, но пред поднесувањето на конечното барање за исплата, мора да бидат регистрирани во зависност од алтернативното земјоделско производство како што следува:

- во Единствениот регистар на земјоделски стопанства за одгледување печурки и тартуфи (МЗШВ);
- во регистарот на земјоделските стопанства за одгледување цвеќиња и цветни папки, украсни растенија (МЗШВ);
- во регистарот за расадници/семенски и саден материјал (МЗШВ);
- во регистарот за други видови животни (зајак, полжав, пчели, живина (патки, гуски, мисирки, тетреби, ноеви и емуа и бисерки) (АХВ);
- во регистарот за дивеч (АХВ);
- во регистарот на земјоделските стопанства за одгледување билки, семиња и други зачини и ароматични растенија;
- во регистарот на земјоделските стопанства за насади на дрвја за дрвена граѓа и биомаса (брзорастечки).

## 8. Прифатливи трошоци

Поддршката се доделува за инвестиции во основни средства за алтернативно земјоделско производство и за земјоделска преработка на алтернативни земјоделски производи. Ќе биде доделена поддршка за инвестициите наменети за диверзификација на економските дејности во руралните средини поврзани со шумарството и преработката на храна, а кои не се поддржани со мерките „Инвестиции во основни средства на земјоделските стопанства“ и „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи“.

Инвестициската поддршка според оваа мерка се однесува и на производството, обезбедувањето земјоделски и рурални услуги, развојот на занаетчиските дејности, угостителството и руралниот туризам.

Ќе се додели и поддршка за производство и продажба на енергија од обновливи извори (биомаса, биогориво, ветерна и соларна енергија).

Областите на поддршка се детално претставени во следниве подделови од овој дел:

### 8.1. Прифатливи дејности и примери на прифатливи инвестиции

Мерката е отворена за области на диверзификација и развој на бизниси, и тоа:

1. **Алтернативно земјоделско производство (кое не е поддржано според мерките 1 и 3),** вклучувајќи:
   - одгледување печурки и тартуфи;

- хортикултура (расадници и одгледување цвеќиња и цветни папки, украсни растенија, дрвја);
- медоносни дрвја (за производство на мед), дрвја за дрвена граѓа, нискостеблести и други брзорастечки видови дрвја за биоенергетски цели;
- производство на семенски и саден материјал;
- одгледување зајаци;
- одгледување полжави;
- одгледување птици за јајца и месо – патки, гуски, мисирки, тетреби, ноеви и емуа и бисерки);
- одгледување дивеч;
- пчеларство;
- одгледување билки, семиња и други зачини и ароматични и фармацевтски растенија;
- насади на дрвја за дрвена граѓа и биомаса (брзорастечки).

2. **Преработка на алтернативни земјоделски производи (кое не е поддржано според мерките 1 и 3)**
   - преработка и маркетинг на печурки и тартуфи;
   - колење, преработка и маркетинг на зајачко месо;
   - преработка и маркетинг на полжави;
   - колење, преработка и маркетинг на птици за месо – патки, гуски, мисирки, тетреби, ноеви и емуа и бисерки);
   - маркетинг (селекција, пакување, етикетирање итн.) на јајца од – патки, гуски, мисирки, тетреби, ноеви и емуа и бисерки;
   - колење, преработка и маркетинг на дивеч;
   - преработка и маркетинг на мед и пчелни производи;
   - преработка и маркетинг на билки, семиња и други зачини и ароматични растенија.
3. **Производство на храна и пијалаци**
   Во рамките на овој сектор, поддршката е прифатлива за инвестиции за производство на прехранбени производи и пијалаци наменети за луѓе согласно Законот за безбедност на храната, кои не се прифатливи за поддршка според мерката 1 и мерката 3 (вода, пијалаци и пиво).
4. **Производство на непрехранбени производи (за сите дејности опишани во Анекс 14 на оваа Програма)**

5. **Поддршка на занаетчиски активности,** кои се занимаваат со економски дејности во согласност со Правилникот за начинот на определување на активностите што може да се вршат со занаетчиство.

6. **Поддршка на услуги за руралното население**, вклучително:
- услуги за поправки и одржување;
- услуги за пејзажно уредување;
- услуги за грижа на домашни миленичиња;
- услуги за престој и нега (домови за стари лица, за рехабилитација итн.);
- услуги за дневно згрижување на деца;
- центри за обука и едукација за која било професија, хоби или самостојно развојна цел, спорт и рекреација, услуги за образовна поддршка, информатички центри;
- транспортни услуги;
- кино, локална радиодифузија.

7. **Поддршка на услуги во земјоделството,** вклучително:
- воспоставување и унапредување на ветеринарните служби;
- воспоставување и реновирање работилници за одржување и поправка на земјоделска механизација, машини и опрема;
- воспоставување услуги за изнајмување земјоделска механизација, машини и опрема.

  Прифатливи корисници за воспоставување услуги за изнајмување земјоделска механизација се правни лица, задруги и здружени правни лица со седиште во руралните општини согласно Анекс 1 од оваа Програма.

8. **Поддршка на руралниот туризам**, вклучително:
- туристичко сместување – сместување во затворен простор (соби, апартмани, ноќевање со појадок, колиби со самостојна подготовка на храна) и сместување на отворено (кампови, бунгалови, камп-приколки);
- угостителски услуги (готвење и служење храна);
- комбинирани услуги – сместување и угостителски услуги;
- обезбедување простории за дегустација/продажни места за директен маркетинг на производите;
- рурални музеи (објекти и изложбени предмети што ги изразуваат историските, природните, традиционалните, образовните, земјоделските и други добра од руралните средини, како и ботанички и зоолошки градини);
- обезбедување капацитети за семинари и обуки, едукативни фарми;
- обезбедување рекреативни активности за туристите.

**9. Производство и продажба на обновливи извори на енергија**, вклучително:

- преработка на растителни и животински производи од примарна и секундарна биомаса, освен биомаса од рибни производи;
- преработка на земјоделски производи за производство на биогориво;
- преработка на шумска биомаса;
- производство на енергија од обновливи извори (сонце и ветер).

**Прифатливите трошоци се ограничени на:**

- Набавка на градежни материјали и елементи за изградба или реконструкција на згради и објекти;
- Набавка на нови машини и опрема;
- Набавка на нова земјоделска механизација;
- Набавка на повеќегодишни садници (освен хибриди).

**(а) Нематеријални инвестиции (поврзани со трошоците од точка (а))**

---

- Постигнување усогласеност со меѓународно признаени стандарди[92], како што се:
  - воведување системи за управување во претпријатијата (на пример – ISO 9000:2005; ISO 9001:2000; ISO 14001:2004 (EMAS); ISO 900; ISO/TR 10013:2001; ISO 19011:2002; ISO 27001; вклучувајќи системи што се засноваат врз ИКТ, итн.);
  - подготовка за сертификација во рамките на HACCP (Анализа на опасности и критични контролни точки)[93];
  - спроведување Добри производни практики (ДПП) во претпријатијата.
- Добивање права на патенти и лиценци.
- Компјутерски софтвер, вклучувајќи софтверски лиценци.
- Транспорт и инсталација на машините и опремата (без сервисери).
- Услуги за изградба/реконструкција (вклучувајќи технички надзор).
- Услуги за засадување/повторно засадување.

Дополнително, трошоците што се поврзани со колективни инвестиции може да се прошират со цел дополнително да опфатат:

- Студии за спецификацијата за хигиенските стандарди и методот за производство на квалитетни производи.

[92] Прифатливи се инвестициите за постигнување усогласеност со меѓународно признатите стандарди, кои исто така се задолжителни според законодавството на ЕУ

[93] Сертификацијата според HACCP не е прифатлива за поддршка во рамките на мерката.

- Развој на производи и студија за маркетинг за нови производи или слични студии за други продукти.
- Трошоци за анимирање што не изнесуваат повеќе од 10 % за креирање и работење со краток вредносен синџир за определен производ што се дистрибуира преку локален супермаркет.

**(б) Општи трошоци (поврзани со трошоците од точка (а) и точка (б))**

---

- Подготовка на техничка документација, градежни планови и придружни студии.
- Подготовка на деловен план: пресметки на трошоци, анализи, пазарни анализи, маркетинг-анализи.
- Подготовка на процена на влијанието врз животната средина.
- Управување со проекти.

**(в) Трошоци за специфични информативни и рекламни активности на ниво на проект што се во надлежност на крајните корисници**

---

- Билборди.
- Плакати.
- Налепници, итн.

Прифатливите трошоци се наведуваат и се прецизираат во Листата на прифатливи трошоци, како што е прифатено од Европската комисија по донесувањето на Одлуката за усвојување на Програмата.

Деталните правила за прифатливите трошоци, неприфатливите трошоци и правилата за потеклото се наведени во Делот 8.1 од Програмата.

**Примери за прифатливи инвестиции**

1. Изградба или реконструкција на објекти и друг недвижен имот што се користи за прифатливите економски дејности (*како што се: згради за одгледување/култивација/производство, магацини, објекти за услуги, сместување, угостителство итн.*), помошни објекти (*на пример, складишта за суровини, објекти за подготовка на материјали, продажни места, санитарни барања итн.*) вклучувајќи ги и оние што се користат за безбедност при работа, за заштита на животната средина (*на пример, третман на отпад, магацини за биомаса, недвижен имот за третман на вода/отпадни води итн.*) и потребна опрема.

2. Набавка и/или инсталирање нови машини, земјоделска механизација и опрема/инструменти, поврзани со прифатливата економска дејност.

3. Набавка на специјализирани транспортни резервоари и приколки за транспорт на суровини и/или готови производи (*како што се разладни приколки за транспорт на производи, опрема за транспорт на биомаса, итн.*).

4. Набавка на повеќегодишни дрвја и растенија (со исклучок на садни семиња, саден материјал и мицелиум), вклучувајќи медоносни дрвја (за производство на мед), одгледување билки, семиња, и други зачини и ароматични растенија, дрвја за граѓа, нискостеблести и други брзорастечки видови дрвја за биоенергетски цели, украсни растенија и украсни дрвја (вклучувајќи и помошни постројки).

5. Набавка и/или инсталирање нови машини и/или опрема за заштита на животната средина (енергетска ефикасност, контролирани климатски услови, третман и валоризација на отпад и нуспроизводи, третман на вода/отпадни води, преработка на примарна и секундарна биомаса од растително или животинско потекло итн.), вклучително за обезбедување електрична енергија и/или греење со употреба на обновливи извори на енергија.

6. Развој на инфраструктурата на претпријатието, вклучувајќи изградба и реконструкција на внатрешни патишта за поврзување, патеки, инсталации за снабдување со електрична енергија, системи за водовод и канализација, пумпни станици, артески бунари, оградување итн., како и унапредување на надворешните површини на имотот на корисникот за исполнување на потребите за економските дејности и услуги.

7. Примери за прифатливи трошоци во колективни проекти се: споделување капацитети, машини, опрема и друга инфраструктура што се користи за производствени или услужни процеси со цел да се постигнат стандардите на ЕУ, воспоставување и развој на кратки синџири за снабдување и локални пазари.

---

## 9. Критериуми за избор

За да се осигури дека инвестицијата ги исполнува целите на мерката, на прифатливите проекти ќе им бидат доделени бодови според следниве приоритети:

**Приоритет ќе се даде на проекти поврзани со <u>заштитата на животната средина</u>:**

- Инвестиции во рамките на приоритетен сектор за производство на енергија од обновливи извори **(20 бодови)** ИЛИ
- Инвестиции што вклучуваат прифатливи трошоци за производство на енергија од обновливи извори за потребите на корисникот **(15 бодови)**.

| **ВКУПНО БОДОВИ: најмногу 20 бодови** |
|---|

**Приоритет ќе се даде на проекти поврзани со <u>создавањето работни места</u>:**

- Проекти за промовирање самовработување и/или вработување на членовите на семејното земјоделско стопанство **(10 бодови)** ИЛИ

- Проекти што промовираат создавање работни места во руралните средини **(5 бодови)**.

| **ВКУПНО БОДОВИ: најмногу 10 бодови** |
|---|

**Приоритет ќе се даде на проекти што се спроведуваат во <u>руралните средини</u>:**

- Доколку инвестицијата е лоцирана во општините со рурални центри **(30 бодови)**;
- Доколку инвестицијата е лоцирана во рурални средини што припаѓаат на плански регион со развоен индекс помеѓу 60-80 **(10 бодови)** ИЛИ
- Доколку инвестицијата е лоцирана во рурални средини што припаѓаат на плански регион[94] со развоен индекс[95] помеѓу 81-100 **(5 бодови)**.

| **ВКУПНО БОДОВИ: најмногу 40 бодови** |
|---|

**Приоритет ќе се даде на <u>следниве корисници</u>:**

- Физичко лице претставник на семејно земјоделско стопанство **(20 бодови)** ИЛИ
- Задруга регистрирана во Централниот регистар **(15 бодови)** ИЛИ
- Правно лице што е здружено правно лице што започнува колективна инвестиција **(10 бодови)**;
- Микро и мали претпријатија со седиште во село **(10 бодови)**;
- Физичко лице што има најмалку 18, а помалку од 40 години на денот кога е поднесено барањето за поддршка или жени (или претставник на правното лице) **(10 бодови)**.

| **ВКУПНО БОДОВИ: 30 бодови** |
|---|

| **СЕВКУПНО БОДОВИ: 100 бодови** |
|---|

Бодувањето ќе се користи за избор на проекти преку рангирање, во случаи кога бараниот износ за финансиска поддршка од пристигнатите барања го надминува расположливиот финансиски буџет што е наменет за оваа мерка.

Извештаите за бодуваните проекти ќе се користат за следење на Програмата со цел да се процени дали поднесените и одобрените проекти се во согласност со оперативните цели на оваа мерка.

Проектите со 0 бодови може да се одобрат кога бараниот износ за финансиска поддршка е под расположливиот финансиски буџет што е наменет за оваа мерка и кога се исполнети барањата за прифатливост.

[94] Закон за рамномерен регионален развој („Службен весник“ бр. 24/2021).

[95] Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеност за периодот од 2018 до 2023 година („Службен весник“ бр. 234/2018).

## 10. Висина на поддршката

Вкупните јавни трошоци (75 % средства на ЕУ + 25 % национално кофинансирање) нема да ја надминат границата од 60 % од вкупните прифатливи трошоци на инвестициите.

Може да има зголемување до 70 % за:

- инвестиции од млади земјоделци и/или сертифицирани органски земјоделци;
- колективни инвестиции.

Дополнителни 10 % може да се доделат за:

- инвестиции поврзани со управување со отпадни води и отпад, обновливи извори на енергија и инвестиции од типот на циркуларна економија (ефикасна повторна употреба на отпадни материјали).

За горенаведените видови инвестиции, максималната висина на поддршката не може да надмине 75 %.

За да се добие поддршка според оваа мерка, минималните вкупни прифатливи трошоци што се предложени за инвестицискиот проект изнесуваат 10.000 евра.

Максималната вкупна финансиска поддршка што му се доделува на корисник според оваа мерка изнесува 1.500.000 евра за целиот период на спроведувањето на Програмата.

Максималната финансиска поддршка што се доделува на новоформирани правни лица (правно лице што нема поднесено годишна даночна пријава за последната фискална година што ѝ претходи на годината на јавниот повик) според оваа мерка изнесува 100.000 евра.

Максималната вкупна финансиска поддршка што се доделува на поединечен проект според оваа мерка изнесува 600.000 евра.

Корисниците може да поднесат повеќе проекти според оваа мерка во периодот на спроведувањето на Програмата, под услов да не се надмине максималната финансиска поддршка и да биде поднесено конечно барање за исплата за претходниот проект. Следниот договор за проект ќе биде потпишан откако реализираниот проект ќе биде одобрен (овластен) за исплата.

## 11. Индикативен буџет

**Табела 51: Индикативен финансиски план**

| Годин а | Вкупно прифатливи трошоци | Јавни трошоци | | | | | | Приватно учество | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | | Учество на ЕУ | | Национално учество | | | |
| | ЕУР | ЕУР | % | ЕУР | % | ЕУР | % | ЕУР | % |
| 1 | 2 = 3 + 9 | 3 = 5 + 7 | 4 = 3/2 | 5 | 6 = 5/3 | 7 | 8 = 7/3 | 9 | 10 = 9/2 |
| 2021 | 2.022.222 | 1.213.333 | 60 % | 910.000 | 75 % | 303.333 | 25 % | 808.889 | 40 % |
| 2022 | 4.977.778 | 2.986.667 | 60 % | 2.240.000 | 75 % | 746.667 | 25 % | 1.991.111 | 40 % |
| 2023 | 5.333.333 | 3.200.000 | 60 % | 2.400.000 | 75 % | 800.000 | 25 % | 2.133.333 | 40 % |
| 2024 | 6.666.667 | 4.000.000 | 60 % | 3.000.000 | 75 % | 1.000.000 | 25 % | 2.666.667 | 40 % |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2025 | 5.666.667 | 3.400.000 | 60 % | 2.550.000 | 75 % | 850.000 | 25 % | 2.266.667 | 40 % |
| 2026 | 8.000.000 | 4.800.000 | 60 % | 3.600.000 | 75 % | 1.200.000 | 25 % | 3.200.000 | 40 % |
| 2027 | 8.000.000 | 4.800.000 | 60 % | 3.600.000 | 75 % | 1.200.000 | 25 % | 3.200.000 | 40 % |
| **Вкупно** | **40.666.667** | **24.400.000** | **60 %** | **18.300.000** | **75 %** | **6.100.000** | **25 %** | **16.266.667** | **40 %** |

## 12. Показатели

| **Показател** | **Целна вредност до 2027 г.** |
|---|---|
| 1.1 Број на земјоделски стопанства и претпријатија за преработка на земјоделска храна поддржани од ИПАРД во модернизацијата | 80 |
| 1.2. Вкупни инвестиции во модернизацијата на земјоделските стопанства и земјоделско-прехранбениот сектор | 8 милиони ЕУР |
| 2.1. Број на корисници на инвестициска поддршка од ИПАРД за рурална диверзификација и развој на бизнисот | 200 |
| 2.2. Вкупни инвестиции во рурална диверзификација, развој на бизнисот и инфраструктура (ЕУР) | 40,7 милиони ЕУР |
| 2.3. Број на нови отворени работни места | 300 |
| 2.4. Број на млади земјоделци што добиваат поддршка од ИПАРД за инвестиции | 40 |
| 2.5. Број на поддржани групи/организации на производители | 0 |
| 2.6. Број на земјоделци што учествуваат во поддржани групи на производители, организации на производители, локални пазари, кратки синџири за снабдување и шеми за квалитет | 0 |
| 2.8. Број на колективни инвестиции | 2 |
| 3.1. Број на корисници на ИПАРД со поддршка за инвестиции поврзани со грижа за животната средина или климатски промени | 50 |
| 3.2. Број на корисници на ИПАРД со поддршка за инвестиции во третман или управување со отпад | 10 |
| 3.3. Број на корисници на ИПАРД со поддршка за инвестиции во производство на обновлива енергија | 2 |
| 3.4. Број на органски земјоделски стопанства со ИПАРД поддршка за инвестиции | 10 |

## 13. Административна постапка

Минималните чекори на административната постапка за спроведување на оваа мерка се опишани во Делот 8.2 од оваа Програма. Оваа мерка ќе се реализира согласно внатрешните процедури за управување и контрола, воспоставени од страна на ИПАРД Агенцијата, акредитирани од страна НСА и „доверувањето на право на користење на средства“ на Европската комисија.

## 14. Географски опсег

Поддржаната инвестиција според оваа мерка мора да се реализира во руралните средини наведени во Анекс 1 на оваа Програма. Меѓутоа, само за инвестиции во краток вредносен синџир, реализирани од земјоделци и/или членови на нивните домаќинства или од организации на производители, кои опфаќаат воспоставување капацитети за продажба на нивните сопствени производи, инвестициите може да се лоцираат во рурални или во урбани средини.

# Мерка ТЕХНИЧКА ПОМОШ

## 1. Правна основа

- член 29(1) од Секторска спогодба за ИПАРД Програма;
- Анекс 4 кон Секторска спогодба за ИПАРД Програма.

## 2. Образложение

Мерката опфаќа обезбедување техничка помош (ТП) и поддржува трошоци поврзани со спроведувањето на Програмата.

Мерката за техничка помош ги обезбедува потребните ресурси за ефикасно управување и спроведување на оваа Програма. Таа ќе се користи само за активности поврзани со подготовката, управувањето, следењето, евалуацијата, комуникацијата и вмрежувањето, како и за контролните и ревизорските функции на Програмата.

Општо земено, целите на оваа мерка се да се опфатат подготовката, управувањето, следењето, евалуацијата, административната поддршка, информирањето и комуникацијата, вмрежувањето и активностите за контрола и ревизија.

Мерката за техничка помош исто така може да се користи за поддршка на активности за намалување на административниот товар за корисниците и активности за зајакнување на капацитетот на националните органи и корисниците, со цел за администрирање и искористување на средствата.

Овие активности може да се однесуваат на претходните и следните програмски периоди.

## 3. Општи цели

Општата цел е да се изгради модерна јавна администрација за земјоделството и руралниот развој во земјата, почитувајќи ги начелата за добро управување и унапредување на развојот на заедницата и социјалниот капитал во руралните средини.

### 3.1. Специфични цели

Целта на оваа мерка е поконкретно да помогне во спроведувањето и следењето на програмата и нејзините можни идни модификации. Во прилог на оваа општа цел, специфичните цели вклучуваат:

- обезбедување поддршка за следење и евалуација на програмата;
- обезбедување соодветен проток на информации и публицитет;
- поддршка за студии, обуки, посети и семинари за зајакнување на капацитетот на ИПАРД администрацијата и на корисниците;
- обезбедување поддршка за надворешна експертиза;
- поддршка за формирање и подготовка на потенцијални ЛАГови;
- обезбедување поддршка за зајакнување на капацитетот на националните советодавни служби;
- зајакнување на капацитетот на локалните субјекти (на пример, општините, регионалните субјекти) кои го поддржуваат спроведувањето на ИПАРД Програмата;

- зајакнување на националната администрација која управува со ИПАРД Програмата.

## 4. Поврзаност со други ИПАРД мерки во програмата и национални мерки

Оваа мерка ќе ги опфати потребите за техничка помош за сите мерки од програмата.

Поконкретно, поддршката во рамките на оваа мерка ќе го надополни спроведувањето на мерките „Советодавни услуги“ и „Унапредување на вештините и компетенциите“ пред да започне нивното спроведување, преку поддршка на активностите за намалување на административниот товар за корисниците и активностите за зајакнување на капацитетот на корисниците за управување и користење на средствата (обуки, советодавна поддршка итн.).

Оваа мерка е соодветна за реализација и во тесна врска со мерката „Спроведување стратегии за локален развој – LEADER пристап“, бидејќи ќе ги поддржи активностите за стекнување вештини и анимирање на жителите на териториите на ЛАГовите. Ова ќе се врши преку организирање средби, одржување семинари, обуки и јакнење на капацитетите на потенцијалните членови на ЛАГ и жителите на териториите на ЛАГовите, поддршка на активностите за информирање и промоција во врска со мерката LEADER.

Опфатот на помошта што се обезбедува во рамките на оваа мерка нема да се преклопува со опфатот на помошта што се обезбедува во рамките на националните шеми за поддршка на земјоделството и руралниот развој.

## 5. Корисници

Корисникот во рамките на оваа мерка е Телото за управување. Други ИПАРД III субјекти и поврзани тела (оперативна структура, управувачка структура, советодавни служби, технички тела, потенцијални локални акциски групи (ЛАГ) и национални рурални (развојни) мрежи) можат да имаат корист од активностите за техничка помош преку Телото за управување.

## 6. Општи критериуми за прифатливост

Прифатливите трошоци се засноваат на реалните трошоци поврзани со реализацијата на кофинансираното работење и мора да се однесуваат на исплати извршени од страна на корисникот, поткрепени со примени фактури или сметководствени документи со еднаква доказна вредност[96]. Како алтернатива за реалните трошоци може да се користат и поедноставени методологии за пресметка на трошоците.

Сите проекти мора да бидат подготвени во согласност со правилата за надворешна помош на Европската комисија содржани во Финансиската регулатива. За таа цел,

[96] под „сметководствен документ со еднаква доказна вредност“ се подразбира секој документ што е доставен за да се докаже дека книжењето дава точен и реален приказ на фактичката трансакција во согласност со важечкиот закон за сметководствени работи.

примената на ПРАГ (Практичен водич за договорни процедури за надворешни активности/помош на ЕУ) би можела да се приспособи на спецификите на земјата корисничка. Спроведувањето на активностите за техничка помош треба да биде во согласност со постапката за јавни набавки.

Прифатливите трошоци се известуваат во контекст на годишниот извештај за спроведување. Трошоците може исто така да се темелат и на паушални износи (на пример, дневници), во согласност со условите и стапките што важат во земјата за слични активности, кога не е вклучено кофинансирање од ЕУ. Сите трошоци во однос на експертите и другите учесници ќе бидат ограничени на оние од и оние што одат во земјите кандидатки и земјите членки.

Во оваа мерка нема да се прифаќаат активностите што се финансирани или се предвидени да бидат финансирани во рамките на твининг-договорите и други проекти поддржани со другите компоненти на ИПА.

Техничката помош за поддршка на поставувањето системи за управување и контрола се прифаќа пред почетното „доверување на правото за користење на средства“, за трошоците настанати по 1 јануари 2021 година.

## 7. Посебни критериуми за прифатливост

Не е применливо

## 8. Прифатливи трошоци

Следниве активности се прифатливи според оваа мерка, под услов да се опфатени со индикативен „Годишен план за техничка помош“, претходно одобрен од Комитетот за следење:

а) Трошоци за средбите на Комитетот за следење, вклучувајќи ги и трошоците за сите експерти и други учесници, кога се смета дека нивното присуство е неопходно за да се обезбеди делотворна работа на комитетот.

б) Други трошоци неопходни за извршување на одговорностите на Комитетот за следење, кои спаѓаат во следните категории:

- стручна помош за разгледување и прегледување на основите и показателите на програмата;
- стручна помош или советување на Комитетот за следење во врска со спроведувањето и функционирањето на аранжманите за следење;
- трошоци поврзани со средби и помошни задачи на работни групи;

- семинари.

в) Трошоците за информирање и кампањи за публицитет, вклучувајќи трошоци за печатење и дистрибуција.

г) Трошоци за превод и толкување на документите спомената во рамковните, секторските и финансиските договори и оние што ги бара Европската комисија.

д) Трошоци поврзани со обуки, посети и семинари за административни службеници. За поддржаните семинари потребно е навремено доставување писмен извештај до комитетот за следење.

ѓ) Трошоци поврзани со „стекнување вештини“ за подготовка на потенцијални ЛАГови за спроведување на мерката „Подготовка и спроведување стратегии за локален рурален развој – LEADER пристап“.

е) Трошоци поврзани со подготовката, намалување на административниот товар за корисниците или поедноставување на спроведувањето на мерките во програмата за да се обезбеди нивна делотворност, вклучително и пилот-проекти за оние мерки каде што е предвидено доверување/спроведување во подоцнежна фаза.

ж) Трошоци за евалуација на програмата.

з) Трошоци поврзани со воспоставувањето и работењето на национална мрежа за рурален развој. Со ова може да се покријат и трошоците поврзани со воспоставувањето национална мрежа за рурален развој во согласност со правилата на ЕУ за земјите членки, како и трошоците поврзани со учеството во Европската мрежа за рурален развој.

ѕ) Трошоци поврзани со набавка на ИТ опрема и софтверски лиценци (до 5 % од буџетот за ТП) заради спроведување на ИПАРД Програмата.

и) Трошоци поврзани со спроведувањето одржлива политика за човечки ресурси во ИПАРД III субјектите. Овој трошок може да се воведе само по претходно одобрение од Европската комисија и може да биде временски ограничено.

ј) Трошоци поврзани со градење на капацитетите на националните советодавни служби за извршување на задачите поврзани со спроведувањето на ИПАРД Програмата.

к) Трошоци поврзани со воспоставување и реализирање пилот-проекти за воспоставување соработка во кратки вредносни синџири и вредносни синџири за квалитетни производи.

Повеќе детали за прифатливите трошоци може да се најдат во „листата на прифатливи трошоци“.

Техничката помош не треба да се користи за активности за градење капацитети што не се поврзани со администрацијата и спроведувањето на ИПАРД Програмата.

## 9. Критериуми за избор

Не е применливо

## 10. Висина на поддршката

Висината на поддршката, изразена како удел во јавната поддршка за прифатливите трошоци изнесува до 100 %, каде што учеството на ЕУ изнесува 85 %, а 15 % се од националниот буџет.

## 11. Индикативен буџет

**Табела 52: Индикативен финансиски план**

| Година | Вкупно прифатливи трошоци | Јавни трошоци | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Учество на ЕУ | Национално учество |

| | ЕУР | ЕУР | % | ЕУР | 85% | ЕУР | 15% |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2=3** | **3=5+7** | **4=3/2** | **5** | **6=5/3** | **7** | **8=7/3** |
| 2021 | - | - | - | - | - | - | - |
| 2022 | 188.235 | 188.235 | 100% | 160.000 | 85% | 28.235 | 15% |
| 2023 | 423.529 | 423.529 | 100% | 360.000 | 85% | 63.529 | 15% |
| 2024 | 352.941 | 352.941 | 100% | 300.000 | 85% | 52.941 | 15% |
| 2025 | 600.000 | 600.000 | 100% | 510.000 | 85% | 90.000 | 15% |
| 2026 | 635.294 | 635.294 | 100% | 540.000 | 85% | 95.294 | 15% |
| 2027 | 705.882 | 705.882 | 100% | 600.000 | 85% | 105.882 | 15% |
| **Вкупно** | **2.905.882** | **2.905.882** | **100%** | **2.470.000** | **85%** | **435.882** | **15%** |

## 12. Показатели

| **Показател** | **Целна вредност до 2027 г.** |
|---|---|
| Број на промотивни материјали за општо информирање на сите заинтересирани страни (летоци, брошури и сл.) | 250.000 парчиња |
| Број на кампањи за публицитет; | 3 |
| Број на поддржани стручни задачи; | 15 |
| Број на работилници, конференции, семинари; | 100 |
| Број на средби на Комитетот за следење; | 14 |
| Број на студии за изработка и спроведување на мерките на Програмата; | 8 |
| Број на извештаи за евалуација на Програмата; | 5 |
| Број на поддржани активности за рурално вмрежување; | 7 |
| Број на потенцијални ЛАГови што ќе бидат подржани. | 15 |

## 13. Административна постапка

Телото за управување секоја година изготвува индикативен акциски план за активностите предвидени со мерката за Техничка помош, кој се доставува за одобрување до Комитетот за следење на ИПАРД Програмата. Секој акциски план, како и неговите измени, е предмет на консултации со Европската комисија пред да се достави до Комитетот за следење на ИПАРД Програмата. Прегледот на акцискиот план е како што следува:

| АКЦИЈА | АКТИВНОСТ | ИНДИКАТИВЕН ДАТУМ / БРОЈ НА АКТИВНОСТИ | ПРОЦЕНАТА ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ (во €) | ВИД НА ПОСТАПКА НА НАБАВКА | ИНДИКАТИВНО РАСПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ЕУ | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | % од вкупниот износ | во € |

Оваа мерка ќе се реализира согласно внатрешните процедури за управување и контрола, воспоставени од страна на ИПАРД Агенцијата, акредитирани од страна на НАО и „доверувањето на правото за користење на средства“ на Европската комисија.

Сите проекти мора да бидат подготвени во согласност со правилата за надворешна помош на Европската комисија содржани во Финансиската регулатива. За таа цел, примената на ПРАГ би можела да се приспособи на спецификите на земјата корисничка. Меѓутоа, јавните набавки може да се спроведат во име на корисникот од страна на централизиран надлежен јавен орган.

Проверките на лице место може да се вршат со алтернативни средства, како што се фотографирање, видео итн.

Во случај средства да одат во корист на ИПАРД Агенцијата, ќе се обезбеди поделба на должностите.

## 14. Географски опсег на мерката

Не е применливо

## 15. Преодни одредби

Акциите за техничка помош поддржани во рамките на програмскиот период 2021-2027 може да се однесуваат на претходните и последователните програмски периоди. Затоа, техничката помош наменета за програмскиот период 2021-2027 може да се користи за да се олесни на пример, затворањето на претходните програмски периоди, особено во однос на *ex-post* евалуацијата на програмите 2014-2020 или подготовката за програмскиот период по 2027 година.

## Мерка СОВЕТОДАВНИ УСЛУГИ[97]

### 1. Правна основа

- Член 29(1) од Секторската спогодба за ИПАРД Програмата;
- Анекс 4 кон Секторската спогодба за ИПАРД Програмата.

### 2. Образложение

Мерката е наменета да им помогне на земјоделците, сопствениците на шуми и микропретпријатијата колку што е можно поефективно да ја искористат достапната поддршка од ИПАРД со цел да го унапредат одржливото управување, како и економските и еколошките перформанси на своите стопанства. Мерката, исто така, ќе стимулира размена на знаење и иновации и ќе придонесе за промовирање на социјалната и економската вклученост преку поддршка особено на помалите земјоделски стопанства и микропретпријатијата што вршат дејности во руралните средини, како и промовирање на транзицијата кон одржлив и еколошки сектор за храна, повеќе иновативни решенија или колективни напори.

Земјата беше поддржана од голем број донаторски проекти во текот на последната деценија или повеќе, кои придонесоа да се разработат различни стратегии и модели за развој на советодавни услуги, од кои секој резултираше со зајакнување на капацитетите на давателите на советодавни услуги преку најразлични обуки, информации и ресурси, насочени и кон јавните и кон приватните советници. Како резултат на овие интервенции беше развиен корпус на обучени експерти и даватели на услуги ширум земјата, кои сега претставуваат значајна база на ресурси врз кои може да се темели идниот развој на ефективни советодавни услуги.

Во изминатиот период, советодавните услуги во земјоделството во земјата беа претежно обезбедувани од страна на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ), која е главната јавна агенција насочена кон поддршка на земјоделците. Понудените услуги досега беа ограничени и по вид и по квалитет, првенствено поради ограничувањата во однос на финансирањето и експертизата.

Во досегашното искуство при спроведувањето на ИПАРД I, перформансите на јавните и приватните даватели на советодавни услуги беа посочени како многу слаби или непостојни при обезбедувањето квалитетна поддршка за потенцијалните корисници. Слабите советодавни услуги, исто така, беа идентификувани како една од главните причини за високата стапка на одбивање од страна на ИПАРД Агенцијата и како еден од факторите на ризик за враќање на неискористени средства. Сепак, до одреден степен има подобрување на оваа состојба со спроведувањето на ИПАРД II. Отсуството на соодветно информирање и комуникација, квалификуван персонал и организациска структура на советодавните служби, како и недостигот на постојана обука и размена на

[97] Описот на мерката е даден за информативни цели бидејќи сè уште не е акредитирана. Може да биде потребна нејзина измена пред да се поднесе за акредитација.

информации и натаму се идентификуваат како области кои треба да се подобрат.

Наодите покажаа дека постојните модели, усвоените механизми за советување и видовите понудени совети сè уште не се доволно ефективни, одржливи или остварливи за да ги поддржат тековните и новите потреби за земјоделски и рурален развој во земјата и за советување за најефективно искористување на средствата од ИПАРД што би можело да ги надополни ваквите потреби.

Во овој поглед, мерката за советодавни услуги ќе биде ефективна алатка за справување со овие предизвици преку инвестирање во советниците во врска со соодветните процеси за подготовка на барањата за поддршка од ИПАРД, управување со проекти и поддршка, при што ќе стекнат солидно познавање на можностите што произлегуваат од различните мерки во рамките на Програмата за да може адекватно да ги советуваат земјоделците и другите корисници на мерки во врска со соодветни инвестициски планови, предлог-проекти и почитување на задолжителните национални и стандарди на ЕУ.

Обучените советници се клучот за успешно обезбедување услуги, па затоа обуките ќе бидат многу значајна компонента во рамките на мерката за техничка помош, сè со цел да се обезбедат советодавни услуги засновани врз квалитет преку квалификувана експертиза. На овој начин ќе се зголемат квалитетот, разновидноста и ефективноста на понудените совети.

# 3. Општи цели

Мерката за советодавни услуги ќе придонесе за постигнување на општите цели на ИПАРД Програмата преку развој на човечкиот и физичкиот капитал, ќе ја зголеми способноста на земјоделскиот сектор да се справува со конкурентскиот притисок и пазарните сили, како и постепено да се усогласи со стандардите на Унијата, а истовремено да ги следи економските, социјалните и еколошките цели во рамките на рамномерниот територијален развој на руралните средини. Мерката ќе го олесни развојот на бизнисите, растот и вработувањето во руралните средини, ќе ја зајакне положбата на земјоделците во организацијата на производителите и во вредносниот синџир и ќе ги привлече младите земјоделци. Мерката, исто така, ќе придонесе за ублажување на климатските промени и поттикнување одржливо управување со природните ресурси.

Мерката е комплементарна со општите и специфичните цели утврдени во Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за 2021-2027 година (НСЗРР).

## 3.1. Специфични цели

Специфичните цели на мерката се дефинирани врз основа на различни процени на потребите и анализа на недостатоците извршени од страна на Телото за управување како дел од процесот на креирање на мерката. Врз основа на овие наоди, во рамките на мерката:

i) Ќе се даваат совети за да се обезбеди поголемо искористување на средствата од ИПАРД преку поквалитетни и разновидни проекти за избраните мерки во корист на различните сектори и земјоделци, сопственици на шуми и микропретпријатија што работат во руралните средини;

ii) Ќе се зајакнат советодавните служби, а особено јавните организации и нивното вклучување во системите на знаење и иновации во земјоделството (АКИС), и ќе се зајакнат нивните врски со истражувањето и крајните корисници (земјоделците и руралните бизниси) во рамките на АКИС;

iii) Ќе се даде придонес за економскиот развој, конкурентноста и одржливоста на оние земјоделци и претпријатија што се активни во земјоделството;

iv) Ќе се поддржи процесот на постепена интеграција на националните и стандардите на ЕУ поврзани со земјоделството и руралниот развој и другите релевантни минимални задолжителни услови во земјата.

## 4. Поврзаност со други мерки во Програмата и со националните мерки

### 4.1 Комплементарност со други мерки

Мерката за советодавни услуги се смета за хоризонтална мерка што придонесува за поефективно спроведување и искористување поголем број мерки во рамките на оваа Програма. Заедно со „Унапредување на обуката“, оваа мерка придонесува за развој и трансфер на знаење во земјоделството и руралните средини.

Главната цел на мерката е да се олесни пристапот до финансии за потенцијалните корисници на ИПАРД според мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“.

Овој опсег на поддршка на советодавните услуги може да се прошири откако ќе се воведат следните мерки во рамките на Програмата и/или откако Европската комисија ќе го додели доверување на правото за користење на средства:

- Поддршка за формирање групи производители;
- Агроекологија, клима и органско производство;
- Воспоставување и заштита на шумите.

### 4.2 Разграничување со други мерки на ИПАРД

**Мерки „Унапредување на вештините и компетенциите“ и „Иновации и трансфер на знаење“.**

Разграничувањето меѓу советодавните услуги и горенаведените две мерки за „обука“ произлегува од опсегот на активности кои се поддржани во секоја соодветна мерка и соодветните корисници. Имено, мерката „Унапредување на вештините и компетенциите“ ќе се фокусира на (а) активности за стручна обука и стекнување вештини; (б) проекти за демонстрација и (в) краткорочни размени за управување со фарми и шуми и посети на фарми и шуми, додека, пак, мерката „Унапредување на соработката за иновации и трансфер на знаење“ ќе има цел да обезбеди одржлив развој на соработката меѓу различните засегнати страни и промовирање на иновациите во секторите опфатени со ИПАРД Програмата преку Оперативните групи на Партнерството за иновации (ИП).

Мерката „Советодавни услуги“, пак, ќе биде фокусирана на советување. Сите обезбедени услуги ќе бидат структурирани на начин што секоја информација и/или

обука ќе се обезбедува како спореден резултат, како надополнување и поткрепа на главната советодавна тема/прашање. Во случај на групно советување, фокусот ќе биде ставен на советите за исполнување на обврските што произлегуваат од ЕУ и националните задолжителни стандарди и специфични технички прашања што се од заеднички интерес за малите групи земјоделци, додека, пак, советите „еден на еден“ ќе ги поддржат корисниците при поднесувањето барања за средства од мерките на ИПАРД. Овие активности нема да бидат опфатени со горенаведените мерки за „обука“. Затоа, иако се комплементарни една со друга, постои јасно разграничување меѓу трите мерки. Исто така, мерката „Техничка помош“ ќе обезбеди поддршка за зајакнување на капацитетот на националните советодавни служби за да може да даваат совети според оваа мерка 10 „советодавни услуги“ во рамките на ИПАРД Програмата.

**Мерка „Агроекологија, клима и органско производство“**

Корисниците на мерката „Агроекологија, клима и органско производство“ (АЕМ) може да бараат поддршка од мерката за советодавни услуги. Оваа поддршка првенствено ќе овозможи управителите на земјиштата да бидат соодветно информирани за обврските и заложбите што произлегуваат од мерките, особено кога станува збор за исполнување на стандардите на ЕУ и националните стандарди. Оваа услуга ќе придонесе за намалување на појавата на прекршоци што произлегуваат од непочитување на минималните стандарди. Пресметката на премиите според АЕМ нема да ги вклучи трошоците за добивање совети, со што нема ризик од двојно финансирање.

**Поддршка за општи трошоци во рамките на ИПАРД**

ИПАРД Програмата овозможува поддршка за општите трошоци, како што се надоместоци за архитекти, инженери и консултантски услуги, заедно со студии за изводливост и стекнување права на патенти и лиценци. Од друга страна, мерката за советодавни услуги нема да ги покрие трошоците или услугите на горенаведените, со исклучок на консултантските услуги за поддршка на подготовката на техничкиот предлог-проект или деловниот план (вклучувајќи ги и трошоците за управување со проектот). Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ) не е прифатлив корисник во рамките на Општите трошоци. Во оваа смисла, нема да бидат можни барањата за поддршка во врска со слични активности што се прифатливи според општите трошоци. Не постои ризик од двојно финансирање за групно советување, бидејќи овој вид активност не е поддржан во рамките на општите трошоци.

**Мерки на Националната програма**

За да се обезбеди разграничување и комплементарност на мерката за советодавни услуги со мерките поддржани според Националната програма, ќе се применуваат одредбите и методологијата опишани во Делот 10 од оваа Програма.

# 5. Крајни корисници

## 5.1. Видови корисници

Корисник на поддршката (во смисла на прием на средства) според оваа мерка ќе биде

Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ), основана со Законот за основање Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството („Службен весник" бр. 3/98, 43/14, 64/18 и 27/19). Иако приватните фирми и консултанти не се прифатливи, може да бидат прифатливи приватните служби за поддршка што Министерството ги ангажира како подизведувачи во рамките на националниот советодавен систем.

## 5.2. Видови активности

**Подмерка – Советување**

Советувањето ќе ја опфати поддршката што е потребна за зајакнување на економските, земјоделските и еколошките перформанси на земјоделците и микропретпријатијата. Ова ќе биде понудено по пристапот **советување „еден на еден"**.

**А.** Во рамките на **советувањето „еден на еден"** ќе бидат понудени два советодавни пакети. Првиот пакет ќе ја поддржи подготовката на барањата за мерката на ИПАРД „Инвестиции во основни средства на земјоделските стопанства". Вториот пакет ќе ги поддржи одобрените проекти според истата мерка за да се обезбеди успешна реализација на проектот. Услугите што се нудат во рамките на секој пакет ќе се состојат од следниве активности:

**Пакет А1: Подготвителна поддршка за барањата за ИПАРД**

Оваа услуга ќе започне со задолжителна прелиминарна проверка на земјоделското стопанство со цел да се утврди прифатливоста на проектот и корисникот. Ова ќе започне со проверка на документацијата и во случај да се потврди прифатливоста, услугата ќе продолжи со посета на самото место за подетална дијагностика на состојбата во фармата, проследена со подготовка на барање за поддршка според соодветната мерка на ИПАРД.

> *Потпакет 1а. Дијагностика на земјоделското стопанство:* Услугите ќе вклучуваат прелиминарни консултации во врска со содржината и барањата на пакетот за советодавни услуги (ПСУ), дефинирање општи податоци за фармата, проценка на усогласеноста со националните стандарди и стандардите на ЕУ поврзани со секторот на дејноста и инвестицискиот предлог, преглед на применетите практики и технологии надополнети со проверка на расположливите ресурси, како што се работна сила, земјиште, залихи, машини и опрема и структури. Исто така, ќе вклучува и изработка на меѓуизвештај што ќе содржи: детални наоди, СВОТ-анализа и, конечно, мислење и препораки.
>
> *Потпакет 1б. Подготовка на барањето:* Услугите ќе се состојат од изготвување на формуларот на барањето, технички предлог-проект или деловен план (по потреба), проверка на комплетноста и прифатливоста на потребната придружна документација и друга потребна поддршка во случај ИПАРД Агенцијата да бара појаснување. Исто така, ќе вклучува изработка на конечен извештај за обезбедениот пакет преку ажурирање на меѓуизвештајот.

**Пакет А2: Поддршка за управување по доделување договор за ИПАРД**

Овој втор пакет услуги „еден на еден" ќе им помогне на корисниците со склучени договори според мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства" при управување со проектот и поддршка. Понудените услуги ќе обезбедат правилна и навремена реализација на проектот, вклучително и подготовка на барања за исплата до

ИПАРД Агенцијата. Фокусот ќе биде ставен на тоа реализацијата на инвестицијата да биде во согласност со релевантните национални стандарди и стандардите на ЕУ.

Услугата ќе вклучува анализа и одржување проектно досие со целокупната релевантна документација за реализација на проектот, поддршка и надзор на извршувањето на проектот во согласност со договорните обврски и одобрениот предлог-проект, подготовка на меѓуизвештај/извештаи за напредокот на проектот, поддршка за подготовката на барањата за исплата и помош за корисниците при контролите на самото место кои ги спроведува ИПАРД Агенцијата пред потпишувањето на договорот и пред финализирањето на инвестицијата. Исто така, ќе вклучува изработка на конечен извештај за обезбедениот пакет преку ажурирање на меѓуизвештајот/извештаите.

**Подмерка – Групно советување**

Советувањето ќе биде насочено кон зајакнување на економските, земјоделските и еколошките перформанси на земјоделците и микро и малите претпријатија во руралните средини, а приоритет ќе се даде на секторите поддржани во рамките на ИПАРД Програмата и на учеството на младите земјоделци и организациите на производители (на пример, за заедничка употреба на производствена инфраструктура, преработка, квалитетни производи и кратки вредносни синџири). Ова ќе биде понудено по пристапот „**групно советување**“.

**Б. „Групното советување“** ќе се состои од два советодавни пакети. Тие ќе опфатат технички и практични совети, при што учесниците ќе имаат можност да визуализираат и да споделат искуства и мислења за добри практики и пристапи.

**Пакет Б1 – Одржливо земјоделство**

Услугите ќе се состојат од советување на потенцијалните корисници на мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“. Услугата ќе биде насочена кон советување за обврските што произлегуваат од националните стандарди и стандардите на ЕУ што се релевантни за мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“ и обврските за вкрстена сообразност и ќе биде поврзана со наодите од дијагностиката на земјоделските стопанства спроведена како дел од услугата „еден на еден“. Земјоделците може да добијат дополнителни совети и поддршка за да се справат со прашањата и предизвиците поврзани со усогласеноста и подобро да се запознаат со односот меѓу земјоделските практики и управувањето со фармите, од една страна, и стандардите што се однесуваат на животната средина, климатските промени, добрата земјоделска состојба на земјиштето, безбедноста на храната, безбедноста при работа, јавното здравје, здравјето на животните, здравјето на растенијата и благосостојбата на животните, од друга страна.

**Пакет Б2 – Советување за нови техники, технологии или процеси во земјоделството**

Услугите во рамките на овој пакет ќе се фокусираат на земјоделските и економските прашања во врска со оние сектори што се прифатливи според оваа Програма. Во овој случај, земјоделците што се соочуваат со заеднички проблеми може да поднесат заедничко барање за совет, кое ќе биде адресирано на групна советодавна сесија посебно

наменета за проблемот. Примери на посебно приспособени совети вклучуваат хигиена на млекото, фрагментација и консолидација на земјиштето, диверзификација на земјоделските активности итн.

Дополнителни детали за секој пакет советодавни услуги се наведени во Анекс 17 од оваа Програма.

## 6. Општи критериуми за прифатливост

Во продолжение се дадени условите што ќе треба да ги исполни Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ). Овие барања треба да бидат опфатени во Годишната програма за спроведување што на годишно ниво ќе треба да ја подготвува агенцијата и да ја доставува на одобрување до Телото за управување. Телото за управување ќе ги образложи деталите од Годишниот план и соодветната придружна документација што ќе бидат приложени за процена како дел од посебни упатства.

Во принцип, прифатливоста ќе се потврди врз основа на следниве елементи:

1. Квалификации на советниците:

    i. Универзитетска диплома во една од следниве области: земјоделство (агрономија и/или сточарско производство), економија или менаџмент што треба да се докаже со копии од оригинални уверенија;
    ii. Телото за управување ќе ја процени квалификуваноста на советниците. Ова ќе се изведува како дел од евалуацијата на Годишната програма за спроведување;
    iii. Советниците ќе бидат обврзани да посетуваат обука што се нуди според мерката за техничка помош. Телото за управување ќе ја информира агенцијата за ангажираните даватели на услуги за обука на советници со цел да обезбеди учество на сите советници на понудените курсеви за обука;
    iv. На секој советник што ќе ја заврши обуката ќе му биде доделен сертификат за присуство. ИПАРД Агенцијата ќе го провери исполнувањето на оваа обврска како дел од контролите на самото место во агенцијата.

2. Број на советници:

    i) Списокот на советници што може да се користат за обезбедување на услугите поддржани според оваа мерка ќе биде доставен до ТУ, како дел од Годишната програма за спроведување;
    ii) Во случај да има потреба од замена на советници, Агенцијата (АПРЗ) може да го стори тоа без да треба да го извести Телото за управување или ИПАРД Агенцијата. Сепак, мора да се погрижи да се почитуваат минималните барања за квалификуваност и да се задржат вкупниот број советници, како што е наведено во Годишната програма за спроведување. Усогласеноста со овие барања ќе се проверува како дел од контролите на самото место што ги врши ИПАРД Агенцијата во АПРЗ пред да одобри исплати за Агенцијата.

3. Капацитет на организацијата за советување:

    i) Телото за управување ќе го проценува капацитетот на давателите на услуги на годишно ниво. Процената ќе се заснова врз Годишната програма за спроведување што ќе ја подготви агенцијата. Како минимум информации, во Програмата ќе биде наведено следново:

    - Внатрешната поставеност и структура на агенцијата;
    - Внатрешните правила за спроведување на активностите на АПРЗ според мерката;
    - Списокот и описот на квалификациите на советниците што може да се користат за обезбедување на услугите поддржани според оваа мерка;
    - Ресурси и капацитети за обезбедување на услугите, на пример, транспорт, простории, ИТ итн.;
    - Образец за извештај за давање советодавни услуги;
    - Образец за барање од корисници што се заинтересирани за советодавна услуга;
    - Образец за регистри што ќе ги користи АПРЗ;
    - Индикативен план за потребите за обука на советници;
    - План за комуникација за да се стапи во контакт со потенцијалните корисници на совети.

## 7. Посебни критериуми за прифатливост

**Во случај на советување „еден на еден“, треба да се исполнат следниве услови:**

1. Советувањето „еден на еден“ може да се спроведе само за прифатливите корисници дефинирани во рамките на мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“;
2. Задолжителна е прелиминарна проверка на предлог-проектот и на корисникот. По потврдување на прифатливоста, услугата може да премине на детална дијагностика, вклучувајќи посета на самото место и подготовка на барањето;
3. Советување ќе се обезбеди за оние корисници чија вкупна вредност на проектот не надминува 300.000 евра. За целите на оваа мерка, за мал проект ќе се смета оној со вкупна вредност до 80.000 евра, додека, пак, проект со средна големина ќе биде до 300.000 евра.

**Во случај на групно советување, треба да се исполнат следниве услови:**

1. Групното советување за националните стандарди и стандардите на ЕУ е ограничено на потенцијалните корисници на мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“. Услугата ќе биде насочена кон адресирање на потребите идентификувани за време на дијагностиката на фармата;
2. Земјоделците што не се пријавуваат за мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства “, сепак може да бараат групно советување за „Пакетот Б2 – Советување за нови техники, технологии или процеси во земјоделството“. Темата за советување мора да биде поврзана со заеднички проблем што се однесува на група од 3-5 земјоделци;

3. Корисниците на групно советување може да присуствуваат само еднаш на ист вид сесија и најмногу двапати годишно на сесиите за „Пакетот Б2 – Советување за нови техники, технологии или процеси во земјоделството“;
4. Со цел да се охрабрат земјоделците да се јават за групно советување, Агенцијата за поддршка на развојот на земјоделството (АПРЗ) мора да организира групни советодавни сесии во близина на местото каде што живеат прифатливите корисници (60 километри за патување до и од местото на одржување на сесиите). Ова ќе се провери врз основа на адресата на живеење на учесниците и адресата на местото каде што ќе се спроведува обуката.

## 8. Прифатливи трошоци

Во продолжение е даден опис на видот на прифатливи трошоци и видот на поддршка за групно советување и советување „еден на еден“:

За сите услуги што се нудат за групно советување и за советување „еден на еден“ ќе се применува стандарден единичен трошок. Износот е комбинација на стандарден трошок и паушал во согласност со правилата за поедноставени методологии за пресметка на трошоците.

Стандардниот трошок и за групното советување и за советувањето „еден на еден“ ќе се состои од следниве елементи:

(i) Надоместок за советниците (трошок за работна сила по час);
(ii) Патни трошоци за советниците (по км);
(iii) Патни трошоци за учесниците во случај на групно советување (по км);
(iv) Материјали (хартија и трошоци за печатење за обезбедување на услугите) (единечна цена по хартија);
(v) Курири и трошоци за испорака;
(vi) Трошоци за ручек и кафе-пауза за учесниците во случај на групно советување.

Дополнително на горенаведеното и согласно Упатството на ЕУ за поедноставени методологии за пресметка на трошоците (SCOs), како дел од вкупните трошоци на пакетот ќе биде вклучен паушал од 15 % од вредноста на надоместоците (трошок за работна сила). Паушалот ќе биде наменет за административните и организациските трошоци поврзани со советувањето. Овој паушал ќе ги покрие трошоците поврзани со поштенски услуги, повици на фиксен и мобилен телефон, најмување објекти, трошоци за управување, трошоци за вработените, кои не се директно поврзани со активноста, печатење материјали за информирање и публицитет на услугите, меѓу другите потреби.

Во согласност со одредбите од Секторската спогодба, независно тело уредно ја провери соодветноста и точноста на пресметките. Методологијата, вклучително и објаснувањето на важечките цени по пакет и потврдувањето на трошоците се претставени во Анекс 17.

Советувањето ќе биде бесплатно за прифатливите корисници на мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“ од оваа Програма.

## 9. Критериуми за избор

Бидејќи има еден корисник според оваа мерка, АПРЗ треба да достави Годишна

програма за спроведување со сите придружни документи (на годишно ниво, најдоцна до 15 декември за следната година) до Телото за управување со ИПАРД. Содржината и структурата на Годишниот план и соодветната придружна документација ќе бидат дел од посебни упатства изготвени од Телото за управување со ИПАРД. Проценатa на Годишната програма ќе ја врши Комисијата за евалуација (персоналот на ТУ), назначен од раководителот на ТУ. Основните критериуми што треба да се проверат се бројот и квалификациите на советниците и капацитетот на АПРЗ за обезбедување на услугите.

## 10. Висина на поддршката

Јавното учество (ЕУ + Национален удел) во оваа мерка ќе изнесува 100 % од вкупните прифатливи трошоци. Учеството на ЕУ изнесува 85 %, додека, пак, Владата на Северна Македонија ќе учествува со останатите 15 %. Нема да има приватно кофинансирање.

Стандардните трошоци што се применуваат за секој пакет ќе бидат следниве:

| Пакет број | Опис | Вкупен стандарден трошок за реализација на еден пакет (ЕУР) |
|---|---|---|
| А 1 | 1.1. Подготовка на барање за проекти со вредност до 80.000 евра што се состојат само од инвестиции за набавка на земјоделска механизација и опрема, вклучувајќи капацитети и опрема за наводнување, приколки и возила во согласност со барањата за прифатливост утврдени во мерката – „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“; | **302** |
| | 1.2. Подготовка на барање за проекти со вредност еднаква на или над 80.000 евра што се состојат само од инвестиции за набавка на земјоделска механизација и опрема, вклучувајќи капацитети и опрема за наводнување, приколки и возила во согласност со барањата за прифатливост утврдени во мерката – „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“; | **350** |
| | 1.3. Подготовка на барање за проекти со вредност до 80.000 евра, вклучувајќи само или делумно инвестиции за активности за изградба или реконструкција, развој на инфраструктурата на земјоделското стопанство и засадување/повторно засадување повеќегодишни дрвја и растенија; | **334** |
| | 1.4. Подготовка на барање за проекти со вредност еднаква на или над 80.000 евра, вклучувајќи само или делумно инвестиции за активности за изградба или реконструкција, развој на инфраструктурата на земјоделското стопанство и засадување/повторно засадување повеќегодишни дрвја и растенија; | **449** |

| Пакет број | Опис | Вкупен стандарден трошок за реализација на еден пакет (ЕУР) |
|---|---|---|
| А 2 | 2.1. Поддршка на корисниците со склучен договор според мерката – „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“ во управување и спроведување на проектот, вклучително и подготовка на барања за исплата до ИПАРД Агенцијата – за одобрени проекти за инвестиции за набавка на земјоделска механизација и опрема, вклучувајќи капацитети и опрема за наводнување, приколки и возила; | **237** |
| | 2.2. Поддршка на корисниците со склучен договор според мерката – „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“ во управување и спроведување на проектот, вклучително и подготовка на барања за исплата до ИПАРД Агенцијата – за одобрени проекти што вклучуваат само или делумно инвестиции за активности за изградба или реконструкција, развој на инфраструктурата на земјоделското стопанство и засадување/ повторно засадување повеќегодишни дрвја и растенија. | **366** |
| Б 1 | Групно советување за националните стандарди и стандардите на ЕУ за потенцијалните корисници на мерката – „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“ за еден од следните потпакети: | |
| | - Потпакет за животна средина (**за еден учесник**); | **106,30** |
| | - Потпакет за јавно здравје (**за еден учесник**); | **106,30** |
| | - Потпакет за благосостојба на животните (**за еден учесник**). | **106,30** |
| Б 2 | Групно советување за земјоделски и економски прашања во врска со оние сектори што се прифатливи според ИПАРД (**за еден учесник**). | **106,30** |

*Доколку проектот ги вклучува и двете (1.1 и 1.3), односно набавка на машини/опрема и активности за градба/реконструкција, тогаш ќе важи цената за пакетот 1.3. Истото ќе важи и за комбинираните инвестициски активности под 1.2 и 1.4 каде што ќе важи цената за 1.4.*

*Забелешка: (*) Во случај да се одобри проект со кој се бара поддршка според мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“ (решението за одобрување е потпишана од ИПАРД Агенцијата), треба да се одобри целосниот износ на референтната стандардна стапка на трошоците.*

*Доколку корисникот што добива советодавна поддршка за подготовка на барањето за мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“ не го достави барањето до ИПАРД Агенцијата, вкупниот стандарден трошок што ќе ѝ се исплати на АПРЗ ќе се намали за 40 %.*

*Доколку проектот според мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“ е одбиен поради недоволен буџет, ќе се одобри целосниот износ на референтната стандардна стапка на трошоците.*

*Доколку проектот според мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“ е одбиен поради неприфатливост, нема да се одобри износот на референтната стандардна стапка на трошоците.*

## 11. Индикативен буџет

**Табела 53: Индикативен финансиски план**

| Година | Вкупни прифатливи трошоци | Вкупни прифатливи трошоци | | | | Вкупно јавни трошоци |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Учество на ЕУ (85 %) | | Национално учество (15 %) | | |
| | ЕУР | ЕУР | % | ЕУР | % | ЕУР |
| 2021 | - | - | - | - | - | - |
| 2022 | - | - | - | - | - | - |
| 2023 | - | - | - | - | - | - |
| 2024 | 352.941 | 300.000 | 85 % | 52.941 | 15 % | 352.941 |
| 2025 | 400.000 | 340.000 | 85 % | 60.000 | 15 % | 400.000 |
| 2026 | 423.529 | 360.000 | 85 % | 63.529 | 15 % | 423.529 |
| 2027 | 470.588 | 400.000 | 85 % | 70.588 | 15 % | 470.588 |
| **Вкупно** | **1.647.059** | **1.400.000** | **85 %** | **247.059** | **15 %** | **1.647.059** |

## 12. Показатели

| **Показател** | Цел |
|---|---|
| Број на корисници на групно советување | 1.000 |
| Број на корисници на советување „еден на еден“ | 300 |
| Број на дадени совети за ИПАРД | 100 |
| Број на дадени совети за животната средина | 60 |
| Број на дадени совети за јавното здравје | 60 |
| Број на дадени совети за благосостојбата на животните | 60 |

## 13. Административна постапка

Спроведувањето на мерката за советодавни услуги ќе ги следи минималните чекори на административните постапки опишани во Делот 8.2 од оваа Програма. Оваа мерка ќе се реализира согласно внатрешните процедури за управување и контрола, воспоставени од страна на ИПАРД Агенцијата, акредитирани од страна на НАО и „доверувањето на правото за користење на средства“ на Европската комисија. Посебните одредби за оваа мерка ќе се состојат од следново:

- Агенцијата за поддршка на развојот на земјоделството (АПРЗ) ќе биде единствениот корисник на подмерката „Советување“.
- Телото за управување е одговорно за одобрување на Годишната програма за спроведување.

- Телото за управување ќе потпише договори за двете подмерки.
- Давателите на услуги во рамките на двете подмерки ќе бидат предмет на контроли што ќе ги вршат и Телото за управување и ИПАРД Агенцијата за да се обезбеди исполнување на минималните услови за прифатливост утврдени во мерката и проектната задача.
- Давателот на советодавни услуги може да поднесува барања за исплата на квартална основа до ИПАРД Агенцијата, која, пак, ќе врши редовни исплати.
- Проверката на барањата за исплата и контролите на ИПАРД Агенцијата ќе ги следат начелата наведени во упатствата на ЕК за поедноставени методологии за пресметка на трошоците.

## 14. Географски опсег

Обезбедувањето советодавни услуги за земјоделците ќе биде прифатливо во целата земја, додека, пак, во случајот на претпријатијата, тоа ќе биде ограничено на руралните средини во кои работат тие, како што е дефинирано во оваа Програма.

# 9. НАЦИОНАЛНА РУРАЛНА МРЕЖА

Националната рурална мрежа (НРМ) во земјата ќе работи во согласност со националниот контекст и приоритетите на ИПАРД III Програмата, како и административната и социјалната култура на засегнатите страни на локално, регионално и на национално ниво. НРМ ќе биде партнер на МЗШВ во одредувањето на приоритетите во руралниот развој и промените што треба да се направат во оперативните политики со цел да се подобри ефектот од нивното спроведување; подобрување на дијалогот со граѓанското општество и проширување на неговото учество во одлучувањето; како и во процесот на планирање, програмирање, следење и спроведување на политиките за рурален развој.

### Организации и јавни органи што се дел од НРМ

Главното начело за учество во НРМ е организирано и репрезентативно членство на организациите и институциите што се ангажирани за одржлив локален и регионален развој, за унапредување на вработувањето и за подобрување на квалитетот на животот во руралните средини. Другото главно начело што однапред го одредува видот на учесници во Мрежата се однесува на застапеноста на сите групи потенцијални корисници во рамките на ИПАРД Програмата.

Прелиминарно, во НРМ ќе учествуваат организации што ги претставуваат потенцијалните корисници во рамките на сите 4 цели на ИПАРД Програмата и надлежната администрација:

а) надлежните национални, регионални, локални, рурални и други јавни органи (МЗШВ, ИПАРД Агенцијата, АПРЗ, други министерства и агенции поврзани со развојот на руралните средини и советите на општините итн.);

б) економски и социјални партнери што претставуваат потенцијални корисници на ИПАРД и рурални бизниси (земјоделски здруженија, задруги, комори итн.); и

в) тела што го претставуваат граѓанското општество, вклучително и еколошки партнери, невладини организации, образовни и истражувачки институции и тела одговорни за промовирање еднаквост и недискриминација.

### Постапка и временски распоред за формирање на НРМ

Подготвителните активности за формирање на НРМ започнаа во 2015 година со обезбедување техничка помош што е финансирана од ИПА ТАИБ за поддршка на Телото за управување со цел да се формира НРМ. Обезбедувањето опсежни информации за можностите што ги нуди НРМ, а со тоа и за мотивацијата за активно вклучување и учество на заинтересираните социо-економски партнери беше спроведено со поддршка на техничката помош преку 8 регионални работилници. Концептот за формирање на НРМ беше изготвен и дискутиран за време на наменската работилница одржана во мај 2016 година со учество на Телото за управување, другите служби на МЗШВ, АПРЗ, руралните чинители, локални претставници и невладините организации. Понатаму,

Концептот за формирање на НРМ треба да се ажурира и да се наведат тематските области на работа и Акцискиот план за 2021-2027 година.

НРМ ќе биде отворена и транспарентна за да овозможи учество на сите репрезентативни засегнати организации со директен или индиректен интерес за руралниот развој.

Постапката за учество во НРМ ќе биде со отворена покана и во јавен регистар.

**Управување со активностите поврзани со НРМ**

Стратешките одлуки за активностите поврзани со НРМ ги донесува Комитетот за следење на ИПАРД III. Комитетот за следење на ИПАРД III одлучува за видот на информатичко-комуникациските средства што ќе се користат, форумите што ќе се водат, опсегот на тематската работа што ќе се врши под покровителство на НРМ. Тие ќе бидат утврдени во акцискиот план за НРМ.

МЗШВ, преку Телото за управување со ИПАРД, ќе биде одговорно за целокупното спроведување (управување) на НРМ и Одделението на ИПАРД за поддршка на Мрежата (ОПМ), вклучувајќи го следново: (1) објавување на првичниот повик за членови на НРМ; (2) поставување и одржување на базата на податоци за членовите; (3) осигурување дека усвоената стратегија и работен план за НРМ се во согласност со приоритетите на ПРР; (4) склучување и управување со договорите на ОПМ. Телото за управување ја има целокупната одговорност за управувањето со Мрежата, бидејќи тоа се однесува на користењето на фондовите на ЕУ. Во таа смисла, со министерска одлука ќе биде назначен координатор на НРМ (контакт-точка) од персоналот на Телото за управување.

За оперативна координација на активностите на НРМ ќе се формира ИПАРД Група за управување на Мрежата (ГУМ) со советодавни функции. Членови на ГУМ ќе бидат претставници на Телото за управување, други сектори на МЗШВ и релевантни чинители. Групата за управување на Мрежата ќе се формира со Одлука на Комитетот за следење на ИПАРД III на предлог на Телото за управување. Групата за управување на Мрежата ќе се состои од 15 членови. Клучната функција на Групата за управување на Мрежата ќе биде советување и следење на подготовката и спроведувањето на Акцискиот план на НРМ. Групата ќе се состанува најмалку 4 пати годишно (и со неа ќе претседава координаторот на НРМ) и, доколку е потребно, може да се формираат помали работни групи што ќе се среќаваат почесто за решавање конкретни прашања. Секретаријатот ќе биде обезбеден од Одделението за поддршка на Мрежата.

Оттука, техничката поддршка, оперативната и информациската координација меѓу учесниците во НРМ ќе ја врши ОПМ, кое ќе ги обезбеди потребните човечки ресурси и експертиза. ОПМ ќе ангажира надворешен давател/-и на услуги преку договор склучен според правилата за набавка за техничка помош на ИПАРД (PRAG) со користење ограничена тендерска постапка за услуги.

Координаторот на НРМ ќе управува и ќе ги контролира основните задачи на ИПАРД Одделението за поддршка на Мрежата, на пример, подготовка и спроведување на Акцискиот план, одржување на основната веб-страница, управување со базата на

податоци за членство, организирање на првите тематски работни групи, кампањи и материјали за публицитет, итн.

### Прифатливи трошоци

Операциите со НРМ ќе се финансираат од мерката ТП во рамките на оваа програма и ќе бидат покриени следниве видови трошоци:

- Подготовка и спроведување на Акцискиот план;
- Оперативно функционирање на ОПМ, вклучувајќи воспоставување средства за комуникација, платформи за размена итн.;
- Избор на дavател/-и на услуги за вмрежување за поддршка на конкретните задачи на НРМ.

### Буџет за НРМ

Буџетот ќе се користи за покривање на трошоците што се потребни за водење на Мрежата и трошоците за спроведување на Акцискиот план (задачи на ОПМ). Износот за покривање на трошоците што се потребни за водење на Мрежата не треба да надминува 25 % од вкупниот буџет на НРМ.

# 10. ИНФОРМАЦИИ ЗА КОМПЛЕМЕНТАРНОСТА НА ИПАРД СО МЕРКИТЕ ФИНАНСИРАНИ ОД ДРУГИ (НАЦИОНАЛНИ И МЕЃУНАРОДНИ) ИЗВОРИ

## 10.1. Критериуми за разграничување на поддршката преку ИПАРД од поддршката обезбедена под друг Прозорец од Програмската рамка на ИПА III или во рамките на истиот Прозорец

Најблиска интеракција на оваа Програма се очекува со Програмата и активностите поврзани со регионалната конкурентност во туризмот, животната средина и транспортот. Ќе се воспостави тесна координација помеѓу Телото за управување, МЖСПП, МТВ и МЛС на ниво на програмирање и со ИПАРД Агенцијата на ниво на проект (потенцијална размена извештаи за податоци за избраниот проект за финансирање).

Критериуми за разграничување во однос на секторите животна средина, транспорт и локална и регионална конкурентност според Програмската рамка на ИПА III, Прозорец 3, 4 и 5 (3. Зелена агенда и одржливо поврзување; 4. Конкурентност и инклузивен раст и 5. Територијална и прекугранична соработка) ќе се заснова на следните главни начела:

1) според видот на засегнатите територии – урбани / рурални;
2) според големината на населените места / општините;
3) според видот на корисниците;
4) според видот и/или големината на дејствата избрани според секоја политика;
5) преку воспоставување механизми за административна координација на програмско ниво за да се обезбеди конзистентност.

Инвестицискиот дел од активностите за регионална конкурентност ги надополнува и има многу блиски врски со приоритетните области „промоција на рамномерен територијален рурален развој“ и „трансфер на знаење и иновации во земјоделството, шумарството и руралните средини“ од оваа програма (види дел 6.3.3 и 6.3.4 од оваа Програма). Операциите во рамките на локалната и регионалната програма/ активностите за конкурентност ќе се фокусираат на подобрување на јавното образование, здравствената заштита, инфраструктурата поврзана со бизнисот на регионално и национално ниво, што е надвор од опсегот на интервенциите во рамките на оваа програма.

Општиот критериум за разграничување за активностите кои потенцијално спаѓаат во опсегот на регионалната конкурентност и оваа Програма ќе биде според видот на територијата на која се однесува таа активност. Акциите за регионална конкурентност ќе ги опфатат регионите на ниво NUTS 3 (8 статистички региони) и во урбаните агломерации (градовите и нивните околни населени места), додека оваа Програма ќе ги опфати локалните административни единици во ЛАЕ 1 и ЛАЕ 2 (види листа во Анекс 1, Анекс 2, Анекс 3 и Анекс 5 на оваа Програма).

Програмите поврзани со активностите за животната средина, како што е дефинирано во ИПА III, Стратешки одговор за Прозорец 3 - Зелена агенда и одржливо поврзување (*Тематски приоритет 1: Животна средина и климатски промени*), и оваа Програма поддржуваат заеднички активности во системите за собирање и третман на отпадни води и управување со отпад. Оттука, критериумите за разграничување помеѓу активностите за животна средина во рамките на ИПА III и активностите на оваа Програма поврзани со отпадните води и управувањето со отпадот ќе бидат според големината на населените места и општината и според видот на засегнатите територии. Акциите за животната средина на ИПА III ќе ги поддржат јавните инвестиции во собирање и третман на отпадни води за големи агломерации (еквивалентно на >10.000 население) во чувствителни области и нивните сливни подрачја и во согласност со Директивата UWWT 91/271/ЕЕЗ[98]; како и инвестициите во интегрирани системи за управување со отпад на регионално ниво, во согласност со рамковната Директива за отпад 2000/60/ЕК[99]. Оваа програма ќе ги опфати административните единици на ЛАЕ 2 до 10.000 жители според последниот попис на населението (видете листа во Анекс 5 на оваа Програма)[100].

Што се однесува до поддршката поврзана со активностите за ублажување на климатските промени кои спаѓаат во опфатот на активностите за животна средина на ИПА III и оваа Програма, критериумите за разграничување ќе бидат според видот на корисници и големината на активностите. Програмите поврзани со животната средина ќе го поддржат зголемувањето на уделот на обновливите извори на енергија и технологиите со ниски емисии, енергетската ефикасност, активностите за намалување на ризикот од катастрофи и инвестициите во насока на „позеленување" на индустријата, додека оваа Програма поддржува активности за воведување обновлива енергија за сопствена потрошувачка на корисниците и инвестиции во постројки за обновлива енергија со вкупна прифатлива поддршка до 1,5 милиони евра. Управувањето со речните корита и другите активности за спречување поплави и спречување свлечишта надвор од населените места може да се предвидат во рамките на активностите за животна средина што ќе ги спроведува МЖСПП, бидејќи оваа Програма поддржува ваков вид активности на ниво на населено место во доменот на одговорност на Општина каде што се наоѓа населеното место.

Програмите/ активностите поврзани со транспортната инфраструктура, како што е дефинирано во ИПА III, Стратешки одговор за Прозорец 3 - Зелена агенда и одржливо поврзување (*Тематски приоритет 2: Транспорт, дигитална економија и општество и енергија*), и оваа Програма ќе поддржи слични јавни активности кои ќе да бидат разграничени според типот на дејство и/или големината на избраните дејства. Оттука, активностите поврзани со транспортната инфраструктура во рамките на ИПА III ќе поддржат проекти за железничка и патна инфраструктура од големи размери,

---

[98] Директива на Советот 91/271/ЕЕЗ од 21 мај 1991 година за третман на урбани отпадни води

[99] Директива 2000/60/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 23 октомври 2000 година со која се воспоставува рамка за активности на Заедницата во полето на политиката за води

[100] Во случај да се спроведе национален попис на населението во периодот на траење на оваа Програма, Телото за управување ќе ја ревидира листата во согласност со резултатите од пописот најдоцна еден месец од датумот на објавување на официјалните резултати од страна на ДЗС.

вклучувајќи регионална патна инфраструктура, автопати, главни коридори, железници и поврзана инфраструктура. Со оваа програма ќе се поддржат инвестициите во локалната патна инфраструктура и некласифицираните патишта и друга патна инфраструктура која е во надлежност на локалните самоуправи како корисници. Инвестициите на ИПА III во транспортот ќе се спроведуваат од страна на државните јавни претпријатија одговорни за патните или железничките јавни услуги или МТВ, додека во рамките на оваа Програма, општините ќе реализираат инфраструктурни проекти корисни за населените места, локалните бизниси и севкупниот локален развој.

Разграничувањето со активностите на ИПА III кои се однесуваат на културата ќе се постигне по вид на активности бидејќи оваа Програма ќе поддржува инвестиции во локални објекти и области од културен интерес за населените места, додека проектите за споменици на културата од национално значење на целата територија на државата ќе добијат поддршка во рамките на друга помош од ИПА поврзана со активности за зачувување на наследството.

Акциите кои потенцијално спаѓаат во ИПА III - Прозорец 5: Територијална и прекугранична соработка главно се поврзани со прашањата за животната средина и зголемувањето на отпорноста на климатските промени, како и туризмот и културното и природното наследство во пограничните региони. Во однос на прашањата за животната средина, ИПА III ќе промовира инвестиции за справување со конкретни ризици и ќе ги зајакне механизмите за цивилна заштита за да се обезбеди отпорност при катастрофи. Што се однесува до туризмот и културното и природното наследство, ИПА III ќе промовира заеднички, одржлив пристап за подобрување и одржливо искористување на природното и културното наследство преку јавни тела/организации/институции, додека корисници на туристичките активности, според мерките од оваа Програма, можат да бидат регистрирани само земјоделски производители, физички лица кои се занимаваат со стопански активности во руралните средини и рурални микро и мали претпријатија за приватни туристички активности во руралните општини.

Критериумите за разграничување во однос на развојот на човечките ресурси според ИПА III ќе се засноваат на видот на корисници и на видот и/или големината на избраните активности.

Поддршката за стручна обука во рамките на оваа Програма се однесува на земјоделството и шумарството и таа е наменета само за земјоделските производители, сопствениците на шуми како и за лицата кои се вработени во нивните стопанства. Сите други видови стручна обука ќе бидат поддржани од активностите на ИПА III (вклучувајќи ги и оние кои се однесуваат на вработените во секторот за преработка на храна, како и обуката потребна за промовирање на економската диверзификација во руралните области во сектори различни од земјоделството/шумарството, независно од тоа дали лицето кое се обучува е или не е вклучено во земјоделскиот/шумарскиот сектор).

Активностите за обука за локалните и регионалните власти во однос на општите начела поврзани со добивањето финансиска помош од ИПА фондовите на ЕУ, како што се јавните набавки, ревизорска трага, проверка на расходите, финансиско управување и

контрола, хоризонтални начела и слично, се вклучени во рамките на активностите на ИПА за градење капацитети.

За да се избегне двојното финансирање и ефективно управување и следење на ИПА фондовите, властите планираат да воспостават Информациски систем за управување (ИСУ). ИСУ се заснова на платформа клиент/сервер и обезбедува пристап до сите органи од програмата (на пример, тела за управување, посредни тела, платежни агенции, членови на комитетот за следење) и до централната база на податоци за проекти во Секторот за централно финансирање и склучување договори во МФ. Системот ќе биде пристапен за сите институции кои ќе учествуваат во управувањето, спроведувањето, следењето на финансиските инструменти на ЕУ во земјава.

Ќе се обезбеди и вкрстена застапеност на претставниците на Телото за управување и различните комитети за мониторинг на ИПА, со цел да се олесни координацијата помеѓу различните програми и финансиските инструменти на ЕУ.

Што се однесува до активностите за техничка помош за градење капацитети во рамките на ИПА поврзани со земјоделството и руралниот развој, Секторот за ЕУ при МЗШВ е одговорен за следење на договорите поврзани со друга поддршка на ИПА доделена за секторите земјоделство и рурален развој и затоа е одговорен за проверка на можно преклопување на барање на Телото за управување и ИПАРД Агенцијата. Секторот за ЕУ при МЗШВ ги вклучува и Телото за управување и ИПАРД Агенцијата во процесот на планирање на помошта од ИПА III колку што е можно повеќе, за да се избегне какво било потенцијално преклопување помеѓу проектните активности и оваа Програма и да се насочи помошта за да се надополнат активностите на оваа Програма.

Телото за управување е одговорно за следење на другите поврзани активности на ИПА во секторите земјоделство и рурален развој за да се провери нивната комплементарност и да се избегне преклопување на ниво на Програма.

## 10.2. Комплементарност на ИПАРД со други донаторски и инструменти на МФИ

Што се однеусва до поврзаните донаторски активности и активностите на МФИ во секторите земјоделство и рурален развој, Секторот за меѓународна соработка при МЗШВ е одговорен за следење на договорите и затоа е одговорен за проверка на можното преклопување на барање на Телото за управување и ИПАРД Агенцијата.

Телото за управување е одговорно за следење на поврзаните донаторски активности и активностите на МФИ во секторите земјоделство и рурален развој за да се провери нивната комплементарност и да се избегне преклопување на ниво на Програма. За таа цел, Телото за управување и Секторот за меѓународна соработка на МЗШВ ќе разменуваат плански и програмски информации и ќе обезбедат застапеност во соодветните комитети за управување или следење на проектите и на оваа Програма.

Секторот за меѓународна соработка при МЗШВ ги вклучува и Телото за управување и ИПАРД Агенцијата во процесот на планирање на помошта од донаторите и од МФИ колку што е можно повеќе, за да се избегне какво било потенцијално преклопување

помеѓу проектните активности и оваа Програма и да се насочи помошта за да се надополнат активностите на оваа Програма.

ИПАРД Агенцијата ќе се погрижи да се избегне идното двојно финансирање преку помош од донатори или МФИ со ставање печат на применитe фактури или други финансиски документи со јасен печат „ИПАРД“ од овластено службено лице пред каква било исплата во рамките на оваа Програма.

Што се однесува до вработувањето на младите во Северна Македонија, ИПАРД III би можел да придонесе за спроведување на програмата Гаранција за млади што се спроведува низ целата земја под раководство на Министерството за труд и социјална политика. Особено релевантни во овој контекст се мерките „Спроведување на стратегии за локален развој – пристап LEADER“ и „Диверзификација на фарми и развој на бизниси“. Ќе биде важно да има координација со раководителот на Одделението за пазар на труд, кој е и национален координатор за Младинска гаранција, и евентуално, да се придонесе во работата на Експертската група и Групата со повеќе засегнати страни кои го следат спроведувањето на Младинска гаранција.

## 10.3. Критериуми за разграничување и комплементарност на мерките на ИПАРД со националната политика

Обемот на помошта што се обезбедува во рамките на оваа мерка нема да се преклопува со обемот на помошта што се обезбедува во рамките на националните програми за поддршка за земјоделството и руралниот развој. Ова ќе се постигне на ниво на програма и на проект. Критериумите за разграничување според оваа Програма и националната програма се изготвени на ниво на вкупни прифатливи инвестиции, особено за инвестициските мерки во рамките на Програмата (1, 3 и 7), при што е утврдено минимално ниво на инвестиции во рамките на Програмата. Инвестициите под ова минимално ниво ќе бидат поддржани во рамките на националната програма.

Телото за управување е одговорно за следење на поврзаните национални политики во секторите земјоделство и рурален развој за да се провери нивната комплементарност и да се избегне преклопување *на ниво на Програма*. Секогаш кога ќе се утврди дека постои потенцијално преклопување во применетите мерки, Телото за управување го известува министерот за да се избегне таква ситуација.

ИПАРД Агенцијата е одговорна за спроведување на националните мерки во земјоделството и руралниот развој. Така, таа ќе биде одговорна за вкрстените проверки во нивните бази на податоци со цел да се избегне двојно финансирање помеѓу Програмата и националните програми за поддршка на земјоделството и руралниот развој на *ниво на проект*. Секој проект од ИПАРД Програмата, кој потенцијално влегува во опфатот на националните шеми за поддршка, ќе биде проверен за можно двојно финансирање пред неговото одобрување (при изборот на проектот и пред одобрувањето на плаќањата).

# 11. ЗБИРЕН ОПИС НА СТРУКТУРИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА[101]

Структурата што треба да се воспостави во согласност со член 10(9) од Рамковната спогодба за финансиско партнерство се состои од следните посебни органи кои работат во тесна соработка:
(а) Телото за управување со ИПАРД, како јавно тело кое дејствува на национално ниво, е задолжено за подготовка и спроведување на програмите, вклучувајќи избор на мерки и публицитет, координација, евалуација, следење и известување за засегнатата програма со која раководи висок државен службеник со посебни надлежности; и

(б) ИПАРД Агенција, со надлежности од слична природа како платежните агенции во земјите-членки која ќе биде одговорна за публицитет, избор и одобрување на проекти, како и авторизација, контрола и евиденција на преземените обврски и плаќања и извршување на плаќања.

## 11.1. Национален ИПА координатор (НИПАК)

НИПАК е формиран во својство на заменик претседателот на Владата одговорен за интеграции во ЕУ како главен партнер на Европската комисија за целокупниот процес на: стратешко планирање, координација на програмирање, следење на спроведувањето, евалуација и известување за помошта од ИПА 2021 - 2027 година. Според Анекс А на Рамковната спогодба за финансиско партнерство, НИПАК е должен:

(а) да преземе мерки за да се осигури дека целите утврдени во активностите или програмите за кои се доверени задачите за спроведување на буџетот се соодветно адресирани во текот на спроведувањето на претпристапната помош.

(б) да го координира изготвувањето на планот за евалуација во консултација со Европската комисија, претставувајќи ги активностите за евалуација што треба да се спроведат во различните фази од спроведувањето.

НИПАК, исто така, ќе биде одговорен да настојува администрацијата на ИПА 2021 - 2027 да ги преземе сите неопходни чекори за да го олесни спроведувањето на програмите поврзани со ИПА 2021 - 2027 година.

Извршувањето на функциите на НИПАК е поддржано од Секретаријат формиран во рамките на административниот сектор/одделението во Секретаријатот за европски прашања (Секретаријатот на НИПАК).

## 11.2. Национален службеник за авторизација (НАО)

Според член 8(2) од Регулативата за спроведување на ИПА 2021-2027[102] и Анекс А, клаузула 4 од Рамковната спогодба за финансиско партнерство, НАО е целосно

[101] Правните референци и текстот (доколку е потребно) ќе се ажурираат откако ќе бидат донесени и склучени сродните договори.
[102] Регулатива за спроведување (ЕУ) бр. 2021/2236 на Комисијата од 15 декември 2021 година за специфичните правила за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 2021/1529 на Европскиот парламент и на Советот за воспоставување инструмент за претпристапна помош (ИПА III)

одговорен за финансиското управување со помошта од ИПА 2021-2027 година и за обезбедување законитост и регуларност на расходите. Функциите на НАО се назначени во својство на назначен висок државен службеник во Министерството за финансии.

НАО дејствува како единствен соговорник со Европската комисија за сите прашања во врска со ИПАРД.

НАО врши процена на сите предложени промени во аранжманите за спроведување или плаќање на оперативната структура и структурата за управување. НАО ја информира Европската комисија, со примерок до Ревизорското тело, за секоја суштинска промена, вклучувајќи ја и процената на НАО, соодветните објаснувања, оправдувања и придружните документи за испитување и одобрување пред нивното спроведување.

Согласно член 10 од Рамковната спогодба, за иврштување на своите функции, НАО формира раководна структура составена од сектор за управување со фондовите на ИПА и канцеларија за поддршка на НАО.

Секторот за управување со фондовите на ИПА е тело во рамките на Министерството за финансии и има централна буџетска надлежност и дејствува како централен трезорски субјект. Секторот за управување со ИПА е одговорен за задачите за финансиско управување со помошта добиена во рамките на ИПА, под одговорност на НАО. Секторот го поддржува НАО во исполнувањето на неговите/нејзините задачи, особено оние поврзани со управувањето со сметките и финансиското работење на ИПА 2021-2027 и ќе биде задолжен за задачите за финансиско управување со помошта од ИПА 2021-2027, под одговорност на НАО.

Секторот за управување со фондови на ИПА особено е задолжен за организирање на банкарските сметки, барање средства од Европската комисија, одобрување на трансферот на средства од Европската комисија до оперативните структури или до крајните корисници, враќање на средствата во буџетот на Унијата по налози за поврат на средствата издадени од Европската комисија и за финансиско известување до Европската комисија.

# 12. ОПИС НА ОПЕРАТИВНАТА СТРУКТУРА, ВКЛУЧУВАЈЌИ СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА[103]

## 12.1. Опис на оперативната структура (Тело за управување и ИПАРД агенција) и нивните главни функции

Оперативната структура што треба да се воспостави во согласност со член 10(9) од Рамковната спогодба за финансиско партнерство, за програмите за рурален развој се состои од следните посебни органи кои работат во тесна соработка:

(а) Телото за управување со ИПАРД, како јавно тело кое дејствува на национално ниво, е задолжено за подготовка и спроведување на програмите, вклучувајќи избор на мерки и публицитет, координација, евалуација, следење и известување за засегнатата програма со која раководи висок државен службеник со посебни надлежности; и

(б) ИПАРД Агенција, со надлежности од слична природа како платежните агенции во земјите-членки која ќе биде одговорна за публицитет, избор и одобрување на проекти, како и авторизација, контрола и евиденција на преземените обврски и плаќања и извршување на плаќања.

### 12.1.1. Тело за управување со ИПАРД

Согласно Законот за земјоделство и рурален развој, МЗШВ е одговорно за управување и координација на политиките за рурален развој.

Секторот за управување со фондовите на ИПАРД при МЗШВ е административна единица која дејствува како Тело за управување со ИПАРД (ТУ) на оваа Програма, назначена во согласност со член 8 од Секторската спогодба и член 10(9)(а) од Рамковната спогодба за финансиско партнерство, со главни одговорности за подготовка и спроведување на ИПАРПрограмата Д 2021-2027 година.

Телото за управување со ИПАРД е одговорно за ефикасно, ефективно и правилно управување и спроведување на Програмата. Телото за управување со ИПАРД е особено одговорно за:

а. изготвување на ИПАРД Програмата 2021-2027 година и сите измени и дополнувања на истата;
б. контрола и проверливост на мерките дефинирани во ИПАРД Програмата 2021-2027 година во соработка со ИПАРД Агенцијата;
в. избор на мерки во ИПАРД Програмата 2021-2027 година во рамките на секој повик за аплицирање во рамките на ИПАРД Програмата 2021-2027 година и временскиот распоред, условите за квалификуваност и финансиските распределби по мерка, по повик. Одлуките се носат во договор со ИПАРД Агенцијата;
г. потврдување дека е поставена и ажурирана соодветна национална правна основа за спроведување на ИПАРД Програмата 2021-2027 година;

[103] Правните референци и текстот (доколку е потребно) ќе се ажурираат откако ќе бидат донесени и склучени сродните договори.

д. обезбедување помош на работата на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027, особено преку обезбедување документи потребни за следење на квалитетот на спроведувањето на ИПАРД Програмата 2021-2027 година;
ѓ. изготвување на годишниот извештај, а по негова проверка од страна на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027 година, доставување до Европската комисија;
е. поставување, одржување и ажурирање на системот за следење, известување и информирање;
ж. публицитет на Програмата во согласност со барањата за публицитет на Заедницата;

Телото за управување со ИПАРД има одговорност во функција на секретаријат за Комитетот за следење и изготвување документи потребни за работата на Комитетот за следење. ТУ изготвува годишни извештаи за спроведување на Програмата и конечни извештаи за спроведувањето и, по консултации со ИПАРД Агенцијата, и по одобрување од Комитетот за следење на ИПАРД 2021-2027, ги доставува до Европската комисија, Националниот координатор за ИПА (НИПАК) и НАО.

За раководител на Телото за управување со ИПАРД се именува високо службено лице со посебни надлежности за вршење на раководните функции за управување со ИПАРД Програмата 2021-2027 година. Секретаријатот на Комитетот за следење е посветен на одделението во рамките на Секторот за управување со фондовите на ИПАРД одговорен за координација на Комитетот за следење на програмата. Со секретаријатот раководи раководителот на одделението и тој/таа одговара пред раководителот на Телото за управување. Секретаријатот е одговорен за севкупната оперативна координација на ниво на Програма и обезбедува административна поддршка на Комитетот за следење и на неговиот претседавач.

На **оперативно ниво**, функциите на Телото за управување со ИПАРД ги вршат одделенија во Секторот за управување со фондовите на ИПАРД, организирани за да ги извршуваат функциите за управување (програмирање, следење, евалуација, известување, координација на работата на Комитетот за следење и публицитет). Организациската структура на Телото за управување со ИПАРД се разработува во правилата за внатрешна организација на МЗШВ донесени од министерот. За ефикасна работа на Телото за управување со ИПАРД, ќе се изготват писмени оперативни процедури и ќе бидат одобрени од раководителот на Телото за управување со ИПАРД, кои ќе бидат одобрени од министерот, под услов претходно да се добие одобрение (национална акредитација) од Националниот службеник за авторизација. Организацијата и функционирањето на Телото за управување со ИПАРД подлежи на акредитација од страна на Националниот службеник за авторизација согласно сетот на критериуми за акредитација во Секторската спогодба.

**Телото за управување со ИПАРД и ИПАРД Агенцијата** ја спроведуваат Програмата. **Тесната соработка помеѓу Телото за управување со ИПАРД и ИПАРД Агенцијата** и обезбедувањето соодветен проток на информации преку Договорот за спроведување потпишан од двајцата раководители во кој детално се опишани сите конкретни

обврски/делегирање/поделба на функции/активности во врска со спроведувањето на ИПАРД Програмата 2021-2027 година. Содржината и периодичноста на известување од ИПАРД Агенцијата до Телото за управување со ИПАРД се исто така наведени во договорот.

Телото за управување со ИПАРД е вклучено во спроведувањето на мерките „Спроведување на стратегии за локален развој - пристап LEADER", „Унапредување на обуките" и „Техничка помош".

Обврските и одговорностите на Телото за управување со ИПАРД и ИПАРД Агенцијата при спроведувањето на одредени мерки од оваа Програма подлежат на посебни договори за соработка.

Телото за управување со ИПАРД може да делегира дел од своите задачи на друго тело. Кога делови од неговите задачи се делегирани на друго тело, Телото за управување со ИПАРД ја задржува целосната одговорност за ефикасноста и исправноста на управувањето и спроведувањето на тие задачи.

### 12.1.2. ИПАРД Агенција

Заради спроведување на ИПАРД Програмата 2021-2027 година и исплата на средства, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ќе дејствува како ИПАРД Агенција. ИПАРД Агенцијата е основана како самостоен орган на државната управа со статус на правно лице со седиште во Скопје[104]. Агенцијата работи во рамките на своите овластувања врз основа на начелата на законитост, компетентност, професионалност, одговорност, ефикасност и транспарентност.

За целите на спроведувањето на ИПАРД Програмата 2021-2027 година, ИПАРД Агенцијата ќе добие акредитација од Националниот службеник за авторизација и „доверување на право за користење на средства" од Европската комисија. Начинот и постапката за добивање акредитација од Националниот службеник за авторизација се подетално регулирани со Секторската спогодба и со националното законодавство, а начинот и постапката за добивање „доверување на правото за користење на средства" од страна на Европската комисија се бидат регулирани со билатерални договори помеѓу земјата и Европската унија (Рамковен договор, Секторски договор и договори за финансирање).

Во согласност со член 10(9)(б) од Рамковниот договор за финансиско партнерство и член 9 од Секторската спогодба, ИПАРД Агенцијата ги извршува, меѓу другото, следните задачи за спроведување и плаќање:

а. подготовка на повици за доставување барања и објавување на условите за квалификуваност;

[104] Закон за основање Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Службен весник бр. 72/07, 5/09, 43/14, 193/15, 39/16, 164/18 и 190/19

б. избор на проекти што треба да се спроведат во согласност со критериумите и механизмите што се применуваат за ИПАРД Програмата 2021-2027 година и усогласување со релевантните правила на Унијата и националните правила;
в. писмено утврдување на договорните обврски помеѓу ИПАРД Агенцијата и крајните корисници, вклучувајќи информации за можни санкции во случај на непочитување на тие обврски и, каде што е потребно, издавање одобрение за започнување со работа;
г. вршење исплата и поврат на средства од крајниот корисник;
д. извршување проверки на лице место за да се утврди квалификуваност пред и по одобрувањето на проектот;
ѓ. спроведување проверки за да се потврди дека пријавените трошоци навистина се направени во согласност со важечките правила, производите или услугите се испорачани во согласност со одлуката за одобрување и дека барањата за исплата од страна на крајниот корисник се точни. Овие проверки ги опфаќаат финансиските, административните, техничките и физичките аспекти на операциите, како што е соодветно;
е. последователни активности за да се обезбеди напредок на проектите што се спроведуваат;
ж. известување за напредокот на мерките што се спроведуваат според показателите;
з. обезбедување дека крајниот корисник е информиран за придонесот на Унијата во проектот;
ѕ. пријавување на неправилности;
и. обезбедување дека Националниот службеник за авторизација, Националниот фонд и Телото за управување ги добиваат сите информации потребни за да ги извршуваат своите задачи.

Со ИПАРД Агенцијата раководи директор, именуван од Владата. Именувањето на директорот се врши врз основа на неговата стручност и компетентност. Мандатот на директорот е четири години.

Функциите на ИПАРД Агенцијата се поделени на три основни платежни функции:

1. Авторизација и контрола на обврските и плаќањата - да се утврди дека износите што треба да се исплатат на корисникот се во согласност со правилата на Унијата, вклучувајќи административна контрола и контрола на лице место;

2. Извршување на плаќања - да се исплати одобрениот износ на корисникот (или неговиот/нејзиниот застапник), или во случај на рурален развој, уделот за кофинансирање од Унијата или од националниот буџет;

3. Сметководство за преземените обврски и плаќања – да се евидентираат сите плаќања на посебните сметки на ИПАРД Агенцијата за расходите на ИПАРД во форма на информациски систем.

4. Управување со долговите – да се евидентираат сите достасани износи во книгата на должници, вклучувајќи ги и неправилностите.

Со цел да ги исполни овие функции, ИПАРД Агенцијата е структурирана на таков начин што ќе обезбеди јасно разграничување на правата и одговорностите на сите оперативни нивоа и поделба на четирите функции наведени погоре.

## 12.2. Опис на системите за следење и евалуација, вклучувајќи го и предвидениот состав на Комитетот за следење

Целта на Системот за следење и евалуација е да им се обезбеди веродостојни информации на институциите и засегнатите страни, ангажирани во управувањето и спроведувањето на ИПАРД Програмата 2021-2027, за аутпутите, резултатите и влијанијата на програмата за да им се овозможи да преземат соодветни управувачки одлуки.

Напредокот, ефикасноста и ефективноста на ИПАРД Програмата 2021-2027 во однос на нејзините цели ќе се мерат преку показатели кои се однесуваат на почетната состојба, како и напредокот во однос на финансиското извршување во согласност со член 51 од Секторската спогодба.

Оттука, преку следењето се собираат информации за буџетските инпути, активностите/инвестициите финансирани и непосредните резултати од проектот. Показателите може да се дополнат, онаму каде што е релевантно, со ограничен број дополнителни показатели карактеристични за Програмата.

Целокупната одговорност за следењето на Програмата е на Секторот за управување со ИПАРД фондови , како што се Телото за управување со ИПАРД и Комитетот за следење на ИПАРД 2021–2027 година. Во рамките на задачите за следење, Телото за управување со ИПАРД и Комитетот за следење на ИПАРД 2021-2027 ја следат ефективноста и квалитетот на спроведувањето на програмата и поднесуваат извештаи за напредокот на мерките до Комитетот за следење на ИПА 2021-2027 и до Европската комисија.

Активностите за следење се засноваат врз показателите претставени во Програмата. ИПАРД Агенцијата ќе ги направи потребните аранжмани за да изгради систем за следење што ќе ги собира, ќе врши контрола и ќе доставува податоци за проектите (влезни/излезни/целни) до Телото за управување со ИПАРД за целите на следењето. Податоците собрани од ИПАРД Агенцијата се пренесуваат во договорен компатибилен формат до Системот за следење на Телото за управување со ИПАРД, каде што податоците ќе се агрегираат и ќе се изготвуваат табели со показатели за следење. Понатаму, Телото за управување со ИПАРД, ќе ја информира ИПАРД Агенцијата за потребните податоци од следењето, дефинирањето на податоците и периодичноста на доставувањето на податоците. Истовремено, треба да се договори во каква форма и колку често ИПАРД Агенцијата ќе собира податоци од корисникот. Обрасците на табелите за известување за показателот за следењето ќе бидат доставени од страна на Телото за управување со ИПАРД до ИПАРД Агенцијата. Табелите на показателите за следење кои ги бараТелото за управување со ИПАРД ќе бидат обезбедени од Европската комисија.

Што се однесува до контекстуалните показатели, Телото за управување со ИПАРД ги дефинира форматот, начинот и периодичноста на собирање податоци и обезбедување на почетните показатели и показателите за руралните средини, во консултација со Државниот завод за статистика и доколку е потребно со други доставувачи на податоци. Поддршка за анкетите може да се обезбеди во рамките на мерката „Техничка помош". Што се однесува до контекстуалните показатели кои не се целосно достапни во почетната фаза од спроведувањето на програмата, ќе се преземат дополнителни напори за во системот за следење да се вклучат одредени показатели кои поцелосно го опфаќаат контекстот, аутпутите, резултатите и влијанијата на Програмата.

ИПАРД Програмата 2021–2027 година подлежи на ex-ante и ex-post евалуација и, онаму каде што Европската комисија смета дека тоа е соодветно, на времени евалуации спроведени од независни проценувачи под надлежност на Телото за управување со ИПАРД. Евалуациите може да се вршат на стратешко, тематско, секторско, програмско и оперативно ниво и на ниво на политики, како и на ниво на земја или регион. Европската комисија ќе развие методи за евалуација, вклучувајќи стандарди за квалитет и објективни и мерливи индикатори што Телото за управување со ИПАРД треба да ги следи.

Евалуациите ќе го испитаат следново:

- степенот на искористеност на ресурсите
- ефективноста и ефикасноста на програмирањето
- социо-економското влијание и влијанието врз дефинираните цели и приоритети.

Ефективноста на мерките од ИПАРД Програмата 2021-2027 ќе се оценува врз основа на нивното севкупно влијание врз:

а. придонесот за подготовка на земјата за спроведување на *acquis communautaire* во однос на Заедничката земјоделска политика и поврзаните политики;
б. придонесот кон одржливо прилагодување на земјоделскиот сектор и руралните средини во земјата
в. целите на ИПАРД Програмата 2021-2027 година.

Евалуациите ќе ги опфатат целите на ИПАРД Програмата 2021-2027 година и нивната намена е да се извлечат поуки за политиките за рурален развој. Тие ги идентификуваат факторите кои придонеле за успехот или неуспехот на спроведувањето на ИПАРД Програмата 2021-2027 година, вклучувајќи ги одржливоста на активностите и идентификувањето на најдобрите практики. Извештаите од евалуацијата ја објаснуваат применетата методологија и вклучуваат процена на квалитетот на податоците и наодите.

Евалуацијата на оваа Програма ќе се изврши со ангажирање на надворешни експерти за евалуација финансирана преку мерката „Техничка помош" и во согласност со планот за евалуација што треба да го изготви Телото за управување со ИПАРД согласно член 56 од Секторската спогодба. Планот за евалуација ќе биде доставен до Комитетот за следење на ИПАРД 2021-2027 година најдоцна една година по донесувањето на ИПАРД

Програмата 2021-2027 година од страна на Европската комисија. Планираната структура на планот за евалуација е следнава:

- управување и координирање на евалуацијата: аранжмани за управување од страна на Телото за управување со ИПАРД во однос на тоа кој ја организира и спроведува евалуацијата, опис на процедури, чинители
- теми за евалуација (*ex-ante*, тековна- на различни истакнати теми, *ex-post*)
- опис на податоци и информации што се потребни за да се спроведе евалуација, доколку нема достапни податоци, потребни активности за да се обезбеди достапност на податоците
- временска рамка: планирање на времето на планираните евалуации според планираните фази од спроведувањето на програмата
- објавување на евалуациите кои треба да бидат достапни за јавноста
- ресурси, поконкретно, човечки, административни и финансиски ресурси што се потребни за да се обезбеди спроведување на евалуациите.

Телото за управување со ИПАРД секоја година го известува Комитетот за следење на ИПАРД 2021-2027 година за постигнатите резултати според планот за евалуација, а доставува примероци и до Ревизорското тело. Резимето на наодите и активностите ќе биде вклучено во Годишниот извештај за Програмата.

Квалитетот и импликациите од евалуациите ќе бидат оценети од страна на Телото за управување со ИПАРД, Комитетот за следење на ИПАРД 2021-2027 и Европската комисија и ќе бидат јавно објавени. Податоците од следењето на програмата и извештаите од тековната и среднорочната евалуација ќе му помогнат на Телото за управување со ИПАРД да подготви збирни извештаи за постигнатиот напредок во спроведувањето на Програмата.

Европската комисија се известува за напредокот во спроведувањето на Програмата на годишно ниво преку годишни извештаи за спроведувањето, во рамките на конечниот извештај изготвен од Секторот за управување со фондовите на ИПАРД што е одобрен од Комитетот за следење на ИПАРД. Содржината на извештаите треба да биде во согласност со член 59(5) од Секторската спогодба.

Годишните извештаи се доставуваат до 30 јуни секоја година, а првиот до 30 јуни од годината што следува по цела календарска година од спроведувањето на ИПАРД Програмата 2021 - 2027 година. Годишните извештаи за спроведувањето ја опфаќаат претходната календарска година и вклучуваат податоци поврзани со претходната календарска година и кумулативни финансиски податоци и податоци за следењето за целиот период на спроведување на ИПАРД Програмата, како и збирни табели за следењето.

Телото за управување со ИПАРД изготвува конечен извештај за спроведувањето на ИПАРД Програмата 2021-2027 година. Конечниот извештај се доставува најдоцна шест месеци по крајниот датум на прифатливост на расходите во рамките на ИПАРД Програмата 2021-2027 година во согласност со член 29(4) од Рамковната спогодба за финансиско партнерство. Конечниот извештај за спроведување на ИПАРД Програмата

2021-2027 година го опфаќа целиот период на спроведување и го вклучува последниот годишен извештај за спроведувањето.

## 12.3. Предвиден состав на Комитетот за следење

Согласно член 52 од Секторската спогодба, Телото за управување со ИПАРД ќе формира Комитет за следење на ИПАРД 2021-2027 година.

Комитетот за следење на ИПАРД 2021-2027 (КС) ја надгледува ефективноста и квалитетот на спроведувањето на Програмата во однос на целите на Програмата и затоа ги проверува резултатите од ИПАРД Програмата 2021-2027, особено постигнувањето на целите поставени за различните мерки и напредокот во искористувањето на финансиските средства на тие мерки врз основа на информациите добиени од Телото за управување со ИПАРД. Конкретно, КС е задолжен за следново:

- треба да биде консултиран, во рок од четири месеци од одлуката за одобрување на Програмата, за критериумите за избор на финансираните операции. Критериумите за избор ќе се ревидираат според потребите за програмирање;
- периодично, го ревидира постигнатиот напредок за остварување на конкретните цели на програмата, врз основа на документите доставени од Телото за управување со ИПАРД;
- ги проверува резултатите од спроведувањето, особено постигнувањето на целите утврдени за секоја оска и тековните евалуации;
- го разгледува и го одобрува Годишниот извештај и Конечниот извештај за напредокот пред да бидат испратени до Европската комисија;
- може да му предложи на Телото за управување со ИПАРД какви било корекции или ревидирање на Програмата за да се постигнат зададените цели или да се подобри нејзиното управување, вклучувајќи го и нејзиното финансиско управување;
- ги прегледува евалуациите на ИПАРД Програмата 2021-2027 година;
- го рагледува и одобрува планот за видливост и комуникациски активности, како и сите последователни ажурирања на планот;
- треба да биде консултиран за активностите за техничка помош во рамките на ИПАРД Програмата 2021-2027 година. секоја година разгледува и одобрува индикативен годишен акциски план за спроведување на активностите за техничка помош, вклучувајќи индикативни суми за информативни цели;
- го разгледува и одобрува секој предлог за измена на финансискиот план на Програмата.

Комитетот за следење се формира со одлука на Владата или на министерот. Комитетот за следење на оваа Програма треба да биде формиран најдоцна три месеци по донесувањето на Програмата од страна на Европската комисија (односно, од датумот на издавање на Одлуката на Комисијата за одобрување на Програмата). Комитетот за следење ги вклучува сите клучни партнери во руралниот развој (со право на глас):

- Економски и социјални партнери;

- Надлежни регионални, локални и други јавни органи;
- Европската комисија, по сопствена иницијатива, може да учествува во Комитетот во советодавно својство;
- Други соодветни тела кои го претставуваат граѓанското општество, невладините организации (вклучувајќи ги и еколошките организации и оние кои се одговорни за промовирање рамноправност).

Европската комисија, Оперативната структура, НАО и НИПАК учествуваат во работата на Комитетот за следење на ИПАРД 2021-2027 без право на глас.

Се предвидува институциите членки на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027 година да ја формираат основата на Комитетот за следење на оваа Програма. Со Комитетот за следење претседава именуван висок функционер на МЗШВ со одлука на министерот. Заменик-претседател е Раководителот на Телото за управување со ИПАРД.

Комитетот за следење работи според својот Деловник за работа што треба да се донесе на конститутивниот состанок (што провизорно, треба да се одржи во пролет 2022 година).

Комитетот за следење се состанува најмалку двапати годишно, најверојатно во пролет и на есен. Може да се свикаат ад-хок состаноци доколку има итни прашања што треба да се разгледаат. На пролетниот состанок, Комитетот за следење го разгледува напредокот постигнат во претходната година и го одобрува извештајот за спроведувањето на Програмата за таа година. На есенскиот состанок Комитетот за следење го разгледува напредокот постигнат до 30 јуни од тековната година. Доколку Комитетот за следење треба да одлучи за кое било конкретно прашање пред датумот на одржување на следниот редовен состанок, за таа цел се организира писмена постапка.

Телото за управување со ИПАРД ги објавува сите конечни резултати од состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД 2021-2027 на веб-страницата на Програмата (www.ipard.gov.mk).

# 13. РЕЗУЛТАТИ ОД КОНСУЛТАЦИИТЕ ЗА ПРОГРАМИРАЊЕТО И ОДРЕДБИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА РЕЛЕВАНТНИТЕ ВЛАСТИ И ОРГАНИ, КАКО И НА СООДВЕТНИТЕ ЕКОНОМСКИ, СОЦИЈАЛНИ И ЕКОЛОШКИ ПАРТНЕРИ[105]

## 13.1. Усвоени одредби за здружување на соодветните државни органи, тела и партнери

Во согласност со член 20(1) од Регулативата за спроведување на ИПА III[106], програмирањето на помошта во земјоделството и руралниот развој треба да се изготви во тесни консултации со сите соодветни заинтересирани страни (социо-економски партнери како што е дефинирано со националното законодавство).

Сите соодветни заинтересирани страни за оваа Програма се надлежните државни, регионални, локални власти и други јавни органи, економските и социјалните партнери и сите други соодветни тела што го претставуваат граѓанското општество, невладините организации, вклучувајќи ги еколошките организации, претставниците на малцинските групи, засегнатите страни и телата одговорни за промовирање на рамноправноста меѓу мажите и жените.

Процесот на изготвување на Програмата беше спроведен од старана на Телото за управување во соработка со ИПАРД Агенцијата и во континуирана консултација со сите релевантни чинители.

За процесот на консултации е донесен петстран пристап.

1) **Тековни консултации преку постојаните потсекторски групи**

Во согласност со член 22 од Законот за земјоделство и рурален развој, формирани се постојани потсекторски групи за да се обезбеди континуиран и структуриран начин на соработка „рамо до рамо“ помеѓу администрацијата и партнерите за изготвување програмски документи за земјоделство и рурален развој. Тековните консултации се вршат во писмена форма и на состаноци. Секретаријатската поддршка за овие групи ја обезбедуваат релевантните одделенија на МЗШВ (на пример, за поледелски култури, овошје и зеленчук, за вино и грозје, за млеко и месо, за јајца и живина).

Процесот на консултации за изготвување на програмата преку постојани потсекторски работни групи започна во јули 2021 година. Беа организирани два круга на состаноци. Првиот круг на состаноци беше со цел да се дефинира СВОТ-анализата и да се консултираат членовите за ажурираната  потсекторска анализа . Вториот круг на консултации беше заради консултации за првиот нацрт за техничките фишеа за мерките кои беа доставени до сите членови во писмена форма. Секретаријатот на потсекторските групи за житарици, зеленчук, хортикултура, овошје, вино, мед, млеко и месо, јајца и

[105] Правните референци и текстот (доколку е потребно) ќе се ажурираат откако ќе бидат донесени и склучени сродните договори.

[106] Регулатива за спроведување (ЕУ) бр. 2021/2236 на Комисијата од 15 декември 2021 година за специфичните правила за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 2021/1529 на Европскиот парламент и на Советот за воспоставување инструмент за претпристапна помош (ИПА III)

живина обезбеди континуирана и структурирана соработка со Телото за управување при изготвувањето на програмскиот документ.

Подобрените предлог-фишеа за мерките беа испратени за коментари/предлози до сите членови на постојаните потсекторски групи во периодот 15-31 јули 2021 година.

**2) Работилници со засегнатите страни**

Работилници со засегнатите страни беа одржани за да се дебатира и да се постигне широк консензус за основните аспекти на политиките за рурален развој во периодот 2021-2027 година и програмскиот документ за ИПАРД 2021-2027 година. Во периодот од 19 до 23 јули 2021 година, се одржаа пет работилници со засегнати страни низ целата земја на кои се разговараше за првичните услови и барањата на избраните мерки. Пред одржувањето на работилниците, предлог-фишеата за мерките беа испратени до сите поканети учесници (81). Работилниците беа наменети за земјоделските производители и руралното население како потенцијални корисници на мерката „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства", „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи" и мерката „Диверзификација на фарми и развој на бизниси ". Учествуваа сите социо-економски партнери релевантни за потсекторите поледелски култури, овошје и зеленчук, вино и грозје, млеко и месо и јајца и живина. Работилницата од 21 септември беше посебно наменета за мерката „Диверзификација на фарми и развој на бизниси". На оваа работилница беа поканети стопански комори, туристички здруженија, занаетчиски здруженија, здруженија за алтернативно земјоделско производство и претставници и тела на локалната самоуправа. Дополнително, за време на работилницата одржана на 21 јули 2021 година, мерката „Спроведување стратегии за локален развој – пристап LEADER" беше дискутирана со претставници на сите 13 регистрирани ЛАГови во Северна Македонија, како и претставници на потенцијалните ЛАГови кои треба да се регистрираат, Националната агенција за поддршка на земјоделството и Националната рурална мрежа.

**3) Јавни форуми**

Јавен форум за нацрт-програмата, преку Националната конвенција за ЕУ, се одржа на 29 септември со учество на повеќе од 50 учесници кои претставуваа различни засегнати страни - здруженија на земјоделци, релевантни невладини организации, ЛАГови, задруги, научни и образовни институции, Собранието на Северна Македонија и владините институции.

**4)** Нацрт-верзијата на ИПАРД Програмата 2021-2027 е објавена на веб-страницата[107] на Телото за управување со ИПАРД каде што пошироката јавност има можност за коментари за предложените мерки, избраните сектори, прифатливи инвестиции, дефинирани корисници, барања и критериуми за поддршка, критериуми за избор, како како и предложената вкупна минимална и максимална прифатлива инвестиција по проект/корисник. **Консултации преку дискусии во фокус групи**

[107] www.ipard.gov.mk

Во периодот јули-ноември 2021 година, се одржаа состаноци на фокус групи, насочени кон различните потсектори што ќе бидат поддржани од ИПАРД 2021-2027 година, на ниво на сектор месо, млеко, житарици, овошје и зеленчук, занаетчии, вино итн. со учество на економските оператори - потенцијални корисници на помошта од оваа Програма.

**5) Меѓувладини консултации**

Во периодот јануари – јули 2021 година, Телото за управување одржа посебни состаноци со ИПАРД Агенцијата и НАО/НФ за изготвените верзии на Програмата. Покрај состаноците, ИПАРД Агенцијата даде детални коментари со фокус на фишето за мерките и општите услови (февруари 2021 година). Забелешките дадени од ИПАРД Агенцијата се земени предвид.

Стратегијата на Програмата, финансискиот план и избраните мерки официјално влегоа во меѓувладините консултации во септември - октомври 2021 година заедно со резултатите од целокупниот процес на консултации. Покрај тоа, се одржа работилница на 28 септември 2021 година, на која учествуваа сите владини институции релевантни за Програмата.

## 13.2. Назначување на консултираните партнери – резиме

Јавните власти, економските и социјалните партнери, телата кои го претставуваат граѓанското општество, вклучувајќи ги и еколошките партнери, и образовните и истражувачките институции, беа и ќе бидат дополнително вклучени во процесот на консултации.

Детален список на консултирани партнери е даден во Анекс 7 од оваа програма.

Мнозинството од горенаведените консултирани страни, претходно беа консултирани за следните документи кои имаат голема важност за самата програма:

- сите потсекторски анализи релевантни за програмата (октомври 2020 – јуни 2021 година);
- Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2021-2027 година (ноември - декември 2020 година); и
- Стратешкиот одговор на ИПА III (мај 2020 – август 2021 година)

## 13.3. Резултати од консултациите - резиме

Резултатите од досега одржаните консултации се резимирани и наведени во Анекс 8 од Програмата.

# 14. РЕЗУЛТАТИ И ПРЕПОРАКИ ОД EX-ANTE ЕВАЛУАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА

## 14.1. Опис на процесот

Екс-анте евалуацијата на нацрт-Програмата беше спроведена во периодот август 2021 - октомври 2021 година од страна на тим меѓународни експерти ангажирани во рамките на Мерката за техничка помош од ИПАРД Програмата 2014-2020 година[108].

Користената методологија ги следи процедурите утврдени во „Упатствата за *ex ante* евалуација“ издадени од DG-AGRI во октомври 2020 година (Ares/2020/5299790 – 07/10/2020).

Прелиминарниот извештај за ex-ante евалуација се заснова на верзијата на Програмата од септември 2021 година и нејзините последователни подобрувања во октомври 2021 година. Конечниот ex-ante извештај беше финализиран во октомври 2021 година. До тој датум, тимот за евалуацијата ги разгледуваше наодите од тековната евалуација на ИПАРД Програмата 2014-2020 година и ја оценуваше новата ИПАРД III Програма според препораките произлезени од заклучокот од тековната евалуација. Дополнително, тимот за евалуација се консултираше со НСЗРР 2021-2027 за да ја оцени стратегијата на програмата и нејзината усогласеност со националните цели. Понатаму, поради пандемијата предизвикана од Ковид-19, тимот за евалуација спроведе серија интервјуа со широк спектар на релевантни чинители кои се вклучени во развојот и спроведувањето на програмите и проектите за земјоделство и/или рурален развој во земјата, како и со корисници на програмата, за да се оцени релевантноста на предложената програма во контекст на фактичката состојба во земјоделскиот сектор и руралните средини.

Конечниот извештај од Ex-ante евалуацијата на нацрт- ИПАРД III Програмата може да се најде на следниов линк:

https://ipard.gov.mk/wp-content/uploads/2021/11/Final-Ex-ante-Report-IPARD-2021-2027-NM.pdf

[108] Ex-ante евалуација на ИПАРД Програмата 2021-2027, Северна Македонија (Договор бр. IPARDMA/03/2020)

## 14.2. Преглед на препораките

Прегледот на Ex-ante препораките за нацрт-програмата ИПАРД III е резимиран подолу:

| Датум | Тема | Препорака | Како препораката е земена во предвид, или образложение зошто не е земена во предвид |
|---|---|---|---|
| **СВОТ-анализа, процена на потребите** | | | |
| 25 октомври 2021 година. | Анализа на контекст Поглавје 3 | Се препорачува да се подобрат и да се потврдат податоците што се користат во анализата на контекстот, вклучувајќи неконзистентни податоци за основните економски показатели како што се вработеноста, годишна работна единица (ГРЕ) и БДВ за земјоделството и за прехранбената индустрија. | Прифатена. |
| 25 октомври 2021 година. | Органско производство Поглавје 3 | Се препорачува да се даде краток опис на состојбата на пазарот на органски производи во Северна Македонија. Доколку нема достапни веродостојни податоци, се препорачува да се даде краток квалитативен опис. | Не е прифатена. Нема веродостојни податоци[109]. |
| 25 октомври 2021 година. | Пристап до кредити Поглавје 3 | Се препорачува да се додаде краток текст во кој попрецизно ќе се наведе кога и како финансиските инструменти (државен гарантен фонд и програми за микро-заеми) ќе бидат достапни и под кои услови. | Не е прифатена. Нема податоци за потенцијалната достапност на ваквите програми[117]. |
| 25 октомври 2021 година. | СВОТ-анализа Поглавје 4 | Се препорачува да се спроведе СВОТ-анализата и да се земат предвид основните начела на СВОТ-анализата опишани во овој извештај во случај на спроведување СВОТ-анализа.<br><br>Се препорачува да се изготви краток текст во кој се резимираат табелите на СВОТ-анализата. Текстот може да се користи во поглавје 6, каде што се идентификуваат потребите. | Прифатена.<br><br>Прифатена. |
| 25 октомври 2021 година. | Идентификување на потребите Поглавје 6.2 | Се препорачува да се користи модел на приоритизација и да се направи транспарентно приоретизирањето на потребите и распределбата на средствата според поединечните мерки. | Прифатена. |
| **Изготвување на матрицата за интервенција** | | | |

[109] Податоците што недостасуваат ќе бидат разгледани од страна на МЗШВ и одговорните национални власти во текот на програмскиот период во контекст на ажурирање на собирањето податоци и подготовка за пристап во ЕУ

| Датум | Тема | Препорака | Како препораката е земена во предвид, или образложение зошто не е земена во предвид |
|---|---|---|---|
| 25 октомври 2021 година. | АКИС Поглавје 3 | Се препорачува да се преземат чекори за развој на формален АКИС систем и стратегија за неговото работење. | Прифатена. |
| 25 октомври 2021 година. | Научени лекции Поглавје 5 | Се препорачува да се вметне текст кој се однесува на евалуацијата на ИПАРД I или да се разгледаат предизвиците при спроведување на програмата што биле утврдени во евалуацијата. | Прифатена. |
| 25 октомври 2021 година. | Научени лекции Поглавје 5 | Се препорачува да се вметне текст за постигнатите ефекти од претходните интервенции, пред сè, за корисниците на поддршката на проектот, од директните плаќања и другите форми на поддршка на секторот, доколку се достапни овие информации. | Не е прифатена.<br><br>Нема достапни информации[110]. |
| 25 октомври 2021 година. | Мерка 1 и 3 Поглавје 8 | Се препорачува да се вметне максимално ниво на прифатлива инвестиција по проект, а не само по корисник. | Прифатена. |
| 25 октомври 2021 година. | Мерка 4 Поглавје 8 | Се препорачува подобро да се објасни кои проблеми се решаваат преку избраните операции (зелена покривка на повеќегодишни култури; плодоред кај градинарски култури и органско производство) и како ќе се решат. | Прифатена. |
| 25 октомври 2021 година. | Мерка 5 Поглавје 8 | Се препорачува да се вметне максимална вредност на годишна јавна поддршка по избрана ЛАГ и активност. | Прифатена. |
| 25 октомври 2021 година. | Мерка 6 Поглавје 8 | Се препорачува да се подобри образложението во однос на темите што недостасуваат. | Прифатена. |
| 25 октомври 2021 година. | Мерка 6 Поглавје 8 | Да се наведат ги искуствата и научените лекции од релевантното финансирање од национални и странски донатори. | Не е прифатена.<br>Нема достапни информации[118]. |
| 25 октомври 2021 година. | Мерка 6 Поглавје 8 | Да се провери со ЕК за прифатливоста на трошоците наведени во овој извештај за евалуација бидејќи некои се спорни. | Прифатена. |
| 25 октомври 2021 година. | Мерка 10 Поглавје 8 | Се препорачува да се извршат следните ревизии:<br>Да се изготви план за стекнување вештини и обуки на советници за „нетрадиционални“ советодавни теми. | <br>Не е прифатена.<br>Ќе се изготви во рамките на претстојниот проект за |

[110] Податоците што недостасуваат ќе бидат разгледани од страна на МЗШВ и одговорните национални власти во текот на програмскиот период во контекст на ажурирање на собирањето податоци и подготовка за пристап во ЕУ

| Датум | Тема | Препорака | Како препораката е земена во предвид, или образложение зошто не е земена во предвид |
|---|---|---|---|
| | | Да се разјасни комплементарноста и разграничувањето со другите ИПАРД мерки, особено во однос на трите непостоечки мерки.<br><br>Да се утврдат целни вредности за секој од шесте показатели. | Советодавни услуги финансиран од ИПА.<br>Не е прифатена.<br>Премногу е рано да се направи тоа во оваа фаза.<br><br>Прифатена. |
| 25 октомври 2021 година. | Квалитет и опсег на партнерските аранжмани.<br>Поглавје 13, Анекс 7, Анекс 8. | Се препорачува да се извршат следните ревизии:<br>- Да се дополни текстот со додавање на информациите што недостасуваат означени со прашалник („?“).<br><br>- Да се појасни дали „Јавен форум“, „Консултации преку дискусии во фокус групи“ и „Меѓувладини консултации“ се веќе одржани или допрва треба да се одржат – и соодветно да се коригира во текстот. | Прифатена.<br><br>Прифатена. |
| **Утврдување цели, распределба на финансиски средства** | | | |
| 25 октомври 2021 година. | Стратегија и финансиски план за ИПАРД<br>Поглавје 6 | Билансот на програмата може да се подобри со прераспределба на средства, особено за Мерка 4 Животна средина и климатски промени и Мерка 10 Советодавни услуги. Доколку ЕК ги одобри овие мерки и спроведувањето може да започне според предвиденото, овие финансиски распределби може да се воведат со измена на програмата. | Прифатена. |
| 25 октомври 2021 година. | Табела со квантифицирани цели<br>Поглавје 6.6 | Се препорачува да се пополнат целите што недостасуваат, онаму каде што е релевантно и да се наведе каде ќе се квантификуваат целите во подоцнежна фаза за мерките што се спроведуваат подоцна во програмскиот период. | Прифатена. |
| 25 октомври 2021 година. | Мерка 1 и 3<br>Поглавје 8 | Се препорачува повторно да се проценат квантифицираните цели за мерката и да се коригира финансиската рамка во табелата со показатели. | Прифатена. |
| 25 октомври 2021 година. | Мерка 6<br>Поглавје 8 | Да се обезбедат почетни и целни вредности до 2027 година за сите четири показатели. | Прифатена. |
| 25 октомври 2021 година. | Мерка 9<br>Поглавје 6 | Да се додат почетни и целни вредности до 2027 година за сите девет показатели. | Прифатена. |
| **Спроведување, следење, евалуација и финансиски аранжмани на Програмата** | | | |

| Датум | Тема | Препорака | Како препораката е земена во предвид, или образложение зошто не е земена во предвид |
|---|---|---|---|
| 25 октомври 2021 година. | Табела на контекстуални показатели Поглавје 3.6 | Се препорачува да се пополни табелата со контекстуални показатели. Доколку тоа не е можно поради недостиг на податоци или други причини, се препорачува во табелата да се наведе што МЗШВ ќе направи за прибирање на податоците, дали процесот е во тек или ако не, која е причината за тоа. | Прифатена. |
| 25 октомври 2021 година. | Национален инструмент Поглавје 10 | Се препорачува да се изготви текст и/или табела што ги опишува целните и мерливите линии на разграничување помеѓу ИПАРД III и националните инструменти. | Прифатена. |
| 25 октомври 2021 година. | Тело за управување – е во функција Поглавје 12 | Да се направи притисок за пополнување на слободните работни места според Анализата за оптовареност на работните места (WLA).<br><br>Да се подобрат табелите за следење за да можат да дадат целосен преглед на финансиската состојба на спроведувањето на програмата (на прв поглед)<br><br>Да се подобрат надлежностите на Телото за управување во однос на оценувањето на програмата и да се искористат постојните и идните резултати од евалуацијата. | Прифатена. |
| 25 октомври 2021 година. | Следење и евалуација Поглавје 12 | Се препорачува да се воспостави сеопфатен систем за следење и евалуација во МЗШВ кој ќе ги опфаќа и ИПАРД III и националните инструменти. | Прифатена. |
| 25 октомври 2021 година. | ИПАРД Агенција – е во функција Поглавје 12 | Да се направи притисок за да се заврши пополнувањето на слободните работни места според Анализата за оптовареност на работните места (WLA). | Прифатена. |
| 25 октомври 2021 година. | ИПАРД Агенција – е во функција Поглавје 12 | Да се спроведе процена на потребите за обука и да се организираат соодветни програми за обука за персоналот. | Прифатена. |
| 25 октомври 2021 година. | ИПАРД Агенција – е во функција Поглавје 12 | Да се преземат чекори за процена на ефективноста на постојните работни процеси во договорот што се спроведува, доколку е релевантно. | Прифатена. |
| 25 октомври 2021 година. | ИПАРД Агенција – е во функција Поглавје 12 | Да се продолжи со ажурирање на базата на податоци за референтни цени. | Прифатена. |

| Датум | Тема | Препорака | Како препораката е земена во предвид, или образложение зошто не е земена во предвид |
|---|---|---|---|
| 25 октомври 2021 година. | Непродуктивни трошоци Поглавје 12 | Се препорачува да се размисли за користење на предложената алатка за процена на ризикот од непродуктивни трошоци. | Прифатена. |
| **Друго** | | | |
| 25 октомври 2021 година. | | Нема. | |

Конечниот извештај од Ex-ante евалуацијата на нацрт-програмата ИПАРД III може да се најде тука: https://ipard.gov.mk/wp-content/uploads/2021/11/Final-Ex-ante-Report-IPARD-2021-2027-NM.pdf

# 15. ПУБЛИЦИТЕТ, ВИДЛИВОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО СОГЛАСНОСТ СО ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ИПА[111]

Во согласност со правилата утврдени во член 23 и 24 од Финансискиот рамковен договор за партнерство (ФРДП) и дополнително детално образложени во член 31 и 32 од Секторскиот спогодба, ќе се воведат збир активности и соодветни процедури за да се обезбеди транспарентно спроведување и достапни информации, публицитет и видливост на поддршка преку ИПАРД Програмата 2021-2027 година.

Публицитетот и комуникацијата на оваа Програма се врши во согласност со Планот за видливост и комуникациски активности изготвен од Телото за управување во договор со Европската комисија.

Планот за видливост и комуникациски активности се оценува од страна на Комитетот за следење на ИПАРД III и во Планот се утврдува следново:

- цели и целни групи;
- содржината и стратегијата на комуникациско-информативните мерки, со наведување на мерките што треба да се преземат;
- индикативниот буџет;
- административните сектори или органи одговорни за спроведување;
- критериумите што треба да се користат за оценување на влијанието на мерките за информирање и публицитет во однос на транспарентноста, свесноста за ИПАРД III Програмата и улогата на Унијата.

Планот го опфаќа целиот период на ИПАРД III Програмата и се спроведува преку годишен список на активности, особено иницијативите што се преземени и оние што треба да се преземат, во однос на информирањето на пошироката јавност за улогата што ја има ЕУ во ИПАРД III Програмата и нејзините резултати.

Телото за управување е одговорно за целокупното следење и спроведување на Планот за видливост и комуникација и изготвува извештаи за напредокот на спроведувањето на активностите за информирање и публицитет. Резултатите од активностите за видливост и комуникација се разгледуваат на состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД III, обезбедувајќи примери за такви активности на членовите на Комитетот.

Телото за управување ќе се погрижи сите активности за информирање и публицитет да ги содржат следните задолжителни елементи:

- Европското знаме и логото „IPARD EU4 Rural Areas“ во согласност со нивните графички стандарди, како и краток опис на улогата на Европската заедница.
- Сите публикации за ИПАРД III Програмата треба да содржат јасно укажување на учеството на ЕУ на насловната страница, како и амблемот на Заедницата, доколку

[111] Правните референци и текстот (доколку е потребно) ќе се ажурираат откако ќе биде донесена цела регулатива за ИПА(ИПАРД) и ќе бидат склучени сродните договори.

се користи националниот или локалниот амблем. Тоа исто така важи и за информациите што се обезбедуваат преку електронски средства.

Дел од договорните обврски кон корисници, со цел да се обезбеди информираност и публицитет е следново:

- Доколку проект поддржан од Програмата има вкупен инвестициски трошок над 50.000 евра, корисникот треба да постави информативна табла.
- Информативна табла мора да се постави на локациите на ЛАГовите финансирани преку мерката „Спроведување стратегии за локален развој – пристап LEADER“.
- Билборд се поставува на местата на изградба на зграда/објект во случај вкупниот трошок на инвестицијата да надмине 500.000 евра.

Спроведувањето на активностите за видливост и комуникација ќе биде договорена со независни професионални организации, согласно мерката Техничка помош во рамките на оваа Програма. Можат да се склучат договори за стручна експертиза во рамките на мерката Техничка помош за понатамошно развивање и усовршување на севкупниот пристап, содржината и информативните канали што ќе се користат според Планот за видливост и комуникација, како и за да се помогне во неговото ефективно спроведување.

Националната рурална мрежа, исто така, може да биде вклучена во спроведувањето на активности за видливост и комуникација откако нејзината единица за управување ќе стане оперативна. Телото за управување може да вклучи и други тела и партнери да дејствуваат како релеи на информации - локалните и регионалните власти, професионални организации, економски и социјални партнери, невладини организации (особено тела кои работат на заштита на животната средина).

## 15.1. Предвидени активности за информирање на потенцијалните корисници, професионалните организации, економските, социјалните и еколошките партнери, телата вклучени во промовирање на рамноправноста меѓу мажите и жените и невладините организации за можностите што ги нуди Програмата и правилата за добивање пристап до финансирање

Целта на Телото за управување е да ја насочи употребата на следните информации за да се погрижи дека тие ќе стигнат до јавноста за која се наменети:

*Информативни семинари*

Информативните семинари, т.н. „Инфо-денови“ ќе се одржуваат низ целата земја. Можностите за поддршка во рамките на ИПАРД Програмата 2021-2027 година ќе бидат претставени на потенцијалните корисници, вклучувајќи го следново:

- условi за пријавување и критериуми за прифатливост;
- потребни документи за поднесување на барање по мерка;
- контакти (е-пошта или телефонски броеви) од МЗШВ, ИПАРД Агенцијата и соодветните служби поврзани со спроведувањето на Програмата.

*Информативни точки*

За да добијат повеќе информации во врска со можностите што се нудат во рамките на ИПАРД Програмата Програмата 2021-2027 и процесот на нејзино спроведување, сите заинтересирани страни имаат пристап до помош, во форма на информативни материјали и стручни консултации, преку посебна канцеларија за информации во МЗШВ и преку регионалните/ општинските канцеларии на АПРЗ.

Посебно внимание ќе се посвети на широка дисеминација на печатени материјали и употребата на локалните медиуми во случај на рурални средини каде пристапот до интернет е сѐ уште ограничен.

## 15.2 Активности предвидени за информирање на корисниците за придонесот на ЕУ

Со цел да се обезбеди транспарентност во однос на добиената поддршка во рамките на оваа програма, ИПАРД Агенцијата е одговорна за објавување на списокот на операции и корисници на помош преку ИПАРД III Програмата во согласност со условите утврдени со член 23(2) од ФРДП. Публикациите ќе бидат достапни во формат на табеларен приказ, што овозможува подредување, пребарување, екстракција, споредба и лесно објавување на податоците на интернет, на пример во CSV или XML формат. Списокот на операции ќе биде достапен преку единствената веб-локација или единствениот веб-портал. Списокот на операции ги содржи следните полиња со податоци:

- име на корисникот;
- назив и резиме на операцијата;
- датум на почеток и крај на операцијата (очекуван датум за физичко завршување или целосно спроведување на операцијата);
- вкупни прифатливи трошоци наменети за операцијата;
- удел на Унијата за кофинансирање, по приоритетна оска;
- поштенски број за операцијата; или друг соодветен показател за локација;
- назив на категорија на интервенција за операцијата;
- датум на последно ажурирање на списокот на операции.

Списокот на операции и корисници ќе се ажурира најмалку на секои шест месеци. Во согласност со член 23(3) од ФРДП, само огласите за доделување договори за јавни набавки кои се предмет на постапка на „меѓународен јавен повик за тендерска постапка“ се подготвуваат и се испраќаат до Европската комисија за објавување.

Исто така, ИПАРД Агенцијата е одговорна за преземање активности за публицитет, особено за информирање на корисниците на помошта од ИПАРД III за учеството на ЕУ, за објавување повици во рамките на оваа Програма, изготвување и објавување Упатства за корисници за роковите и условите за прифатливост, вклучувајќи информации за договорните обврски и можните санкции во случај на непочитување на тие обврски и, каде што е потребно, одобрението за започнување со работа.

Дополнително, ИПАРД Агенцијата редовно ќе објавува листа на „најчести прашања и одговори“ и „најчести грешки при поднесување на барањата“. ИПАРД Агенцијата

одржува сопствена база на податоци за активностите за видливост и комуникација. ИПАРД Агенцијата доставува периодични извештаи до Телото за управување за сите преземени дејства според Планот за видливост и комуникација.

Ќе се изготват и Упатства за корисниците во рамките на мерките од ИПАРД III Програмата за да се олесни постапката за пријавување. Упатствата ќе бидат предмет на проверка по секој повик за да се подобри нивниот квалитет на начин што е лесен за користење и разбирлив за потенцијалните корисници.

Телото за управување ќе изготви посебни правила за видливост применливи за оваа Програма, и откако ќе бидат одобрени од Европската комисија, тие ќе бидат вклучени со Упатствата за корисниците. Исполнувањето на правилата за видливост ќе биде предмет на договорни обврски помеѓу корисникот и ИПАРД Агенцијата и дополнително ќе подлежи на контроли. Трошоците што ги сносат крајните корисници за обезбедување видливост на инвестициите и активностите во рамките на оваа Програма, ќе бидат предмет на кофинансирање како општи трошоци (видете дел 8.1.6 од оваа Програма).

## 15.3. Активности за информирање на пошироката јавност за улогата на ЕУ во програмите и нивните резултати

Телото за управување ќе се погрижи пошироката јавност и потенцијалните корисници да бидат информирани и запознаени со Програмата и учеството на ЕУ за доделената поддршка.

Што се однесува до информирањето на пошироката јавност за улогата на ЕУ, информациите се обезбедуваат преку:

*Интернет*

Целосните и сеопфатни информации за Програмата ќе бидат постојано објавувани на веб-страницата на Програмата (www.ipard.gov.mk) како единствена веб-страница. Оваа веб-страница ќе биде така организирана што ќе го содржи целиот опсег на прифатливи активности во рамките на мерките, како и целосниот текст на Програмата. Веб-страницата, исто така, редовно ќе се ажурира со детални информации за напредокот во спроведувањето на ИПАРД Програмата 2021-2027 година, вклучувајќи ги неопходните насоки за добивање документи од други институции поврзани со спроведувањето на мерките. Веб-страницата ќе содржи покажувачи/хиперлинкови до корисни информации поврзани со ИПАРД Програмата 2021-2027. Веб-страницата ќе се користи и за објавување и известување за спроведувањето на активностите предвидени во Планот за видливост и комуникација (на пример, распореди за одржување семинари, работилници, објавување печатени материјали на интернет, упатства за видливост за операции итн.).

*Печатење информативни материјали*

Телото за управување, во соработка со ИПАРД Агенцијата и партнерските организации, ќе објавува различни технички материјали – упатства, формулари за

пријавување, брошури, летоци, билтени и други печатени материјали за да се олесни спроведувањето на Програмата (за корисниците) и да се дистрибуираат информации за резултатите од ИПАРД III Програмата (за пошироката јавност).

*Масовни медиуми*

Телото за управување ќе обезбеди специјализирани материјали и соопштенија за печатот, ТВ и радио канали поврзани со ИПАРД III Програмата како што се:

- изработка на информативни видеа;
- учество на експерти на Телото за управување/ИПАРД Агенција во специјализирани ТВ или радио емисии;
- обезбедување информации за да се помогне при објавувањето на материјали – статии или интервјуа за печатени изданија.

# 16. РАМНОПРАВНОСТА МЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈАТА СЕ ПРОМОВИРА ВО РАЗЛИЧНИ ФАЗИ ОД ПРОГРАМАТА (ДИЗАЈН, СПРОВЕДУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА)

## 16.1. Опис на начинот на промовирање на рамноправноста меѓу мажите и жените и недискриминацијата во различни фази од Програмата (дизајн, спроведување, следење и евалуација)

Општиот приоритет на Програмата за работа на Владата 2020-2024 гласи дека Владата на Северна Македонија ќе спроведе политика на унапредување на правата на жените и на зголемување на нивното учество во политичкиот, економскиот и јавниот живот. Рамноправноста во општеството ќе се обезбеди со обезбедување еднакви човекови права и права за социјален, економски и културен развој, како и еднаков глас во граѓанскиот и политичкиот живот на жените и мажите.

Ова начело на еднаквост е земено предвид при изготвувањето на ИПАРД Програмата 2021-2027 според одредби кои произлегуваат од Уставот каде основните слободи и права не можат да бидат дискриминирани врз основа на род, раса, боја на кожа, јазик, религија, национална или социјално потекло, материјален или социјален статус.

Родовите прашања беа земени предвид во процесот на изготвување и дизајнирање на поединечните мерки за поддршка преку давање дополнителни бодови за жените претприемачи и младите земјоделци во критериумите за избор на поединечните мерки. Во рамките на проектите се поддржани и инвестиции за пристап на лицата со попреченост.

Телото за управување со ИПАРД, за време на изготвувањето на ИПАРД Програмата 2021-2027, се консултираше со соодветните тела одговорни за промовирање на еднаквоста меѓу мажите и жените (UN WOMEN во Северна Македонија, Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика, Мрежа на жени фармери во рамките на Национална федерација на фармери, Рурално женско лоби во рамките на здружението Рурална коалиција итн.). Сите дадени препораки беа земени предвид и се дел од Програмата.

Меѓу другите цели, се гарантира дека спроведувањето на мерката LEADER ќе придонесе за промовирање на рамноправноста меѓу жените и мажите во пристапот до вработување и напредување во кариерата, преку борба против родовите стереотипи во образованието и обуката, намалување на родовата сегрегација на пазарот на трудот, развивање на женското претприемништво и промовирање рамнотежа меѓу професионалниот и личниот живот на жените и мажите. Покрај тоа, Програмата обезбедува интеграција на руралните женски организации во јавното приватно партнерство на ЛАГовите и обезбедува родова еднаквост и недискриминација во раководното тело на Локалните акциски групи.

Онаму каде што е релевантно, во рамките на ИПАРД Програмата 2021-2027, ќе се собираат податоци за показателите за следење на бројот на мажи и жени кои учествуваат

и кои имаат директна корист од Програмата. Овие податоци ќе бидат доставени до Комитетот за следење.

Покрај тоа, евалуациите на ИПАРД Програмата 2021-2027 ќе се обидат да го утврдат степенот до кој се обезбедени еднакви можности при спроведувањето на проектот, мерката или Програмата.

# 17. ТЕХНИЧКИ И СОВЕТОДАВНИ УСЛУГИ

Со цел да се осигури дека има доволно технички и советодавни капацитети за поддршка на потенцијалните корисници да се пријават за поддршка во рамките на оваа Програма, Телото за управување заедно со експертите од ИПАРД Агенцијата ќе организира работилници, семинари, курсеви и обуки на обучувачи. Овие обуки ќе содржат детален опис на сите прифатливи инвестиции (активности по мерки, информации за инвестиции), можности за аплицирање за финансиска поддршка, критериуми за прифатливост и сите документи што треба да ги обезбедат корисниците. Работилниците, семинарите, курсевите и обуките ќе бидат наменети за:

- агенции и подрачни канцеларии на МЗШВ и АПРЗ;
- приватни/комерцијални даватели на совети на фарми;
- единиците на локалната самоуправа;
- членови на невладини организации;
- здруженија на производители;
- земјоделски комори;
- комерцијални банки;
- други социо-економски партнери и организации кои ги претставуваат потенцијалните корисници во рамките на ИПАРД III Програмата.

Ќе бидат организирани специјални курсеви за приватни консултанти за да добијат детални информации за ИПАРД Програмата 2021-2027 година и да подготват квалитетни барања. Ќе бидат објавени јавните електронски адреси на Телото за управување и ИПАРД Агенцијата за добивање информации и ќе се воспостави бесплатна телефонска линија за помош при изготвување на барањата. Прашањата поставени од заинтересираните корисници ќе добијат одговор од Телото за управување или од ИПАРД Агенцијата во период што не е подолг од 48 часа, во зависност од сложеноста на прашањето. По секој повик, ИПАРД Агенцијата ќе резимира и ќе објави Листа на најчести грешки и Листа на најчесто поставувани прашања (вклучувајќи одговори). За тие листи ќе се дискутира на курсевите и семинарите организирани за приватните советници и за персоналот на АПРЗ. Телото за управување и ИПАРД Агенцијата континуирано обезбедуваат стручни совети на корисниците врз основа на уредбите за спроведување на мерките и упатствата за

корисници. АПРЗ посебно ќе се фокусира да обезбеди проширување на потенцијалните корисници и поддршка на земјоделските производители при изготвувањето на апликацискиот пакет.

Трошоците за организација и спроведување на настаните за обука и поврзаниот материјал за обука ќе се финансираат во рамките на мерката Техничка помош во рамките на оваа Програма. Во рамките на мерката Техничка помош постои можност да се ангажира професионална експертиза за изготвување на материјалите за обука.

# 18. АНЕКСИ

## Анекс 1: Листа на рурални средини

| Општина | **Населени места определени како рурални средини**<br>Листа на населени места на ниво на општина со ≤ 30.000 жители (Закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Северна Македонија) |
|---|---|
| **Аеродром** | Село: Долно Лисиче. |
| **Арачиново** | Села: Арачиново, Грушино, Мојанци и Орланци. |
| **Берово** | Град: Берово и селата: Будинарци, Владимирово, Двориште, Мачево, Митрашинци, Ратево, Русиново и Смојмирово. |
| **Битола** | Села: Барешани, Бистрица, Братин Дол, Брусник, Буково, Велушина, Габалавци, Гопеш, Горно Егри, Горно Оризари, Граешница, Дихово, Доленци, Долно Егри, Долно Оризари, Драгарино, Драгожани, Драгош, Древеник, Ѓавато, Жабени, Злокуќани, Кажани, Канино, Карамани, Кишава, Кравари, Крклино, Кременица, Крстоар, Кукуречани, Лавци, Лажец, Лера, Лисолај, Логоварди, Лопатица, Магарево, Маловиште, Метимир, Меџитлија, Нижеполе, Ново Змирново, Облаково, Олевени, Оптичари, Орехово, Острец, Поешево, Породин, Рамна, Раштани, Ротино, Свињиште, Секирани, Снегово, Средно Егри, Српци, Старо Змирново, Стрежево, Трн, Трново, Цапари, Црнобуки и Црновец. |
| **Богданци** | Град: Богданци и селата: Ѓавато, Селемли и Стојаково. |
| **Боговиње** | Села: Боговиње, Горно Палчиште, Горно Седларце, Долно Палчиште, Јеловјане, Калник, Камењане, Жеровјане, Новаке, Ново Село, Пирок, Раковец, Селце Кеч, Синичане, Чифлик и Урвич. |
| **Босилово** | Села: Бориево, Босилово, Гечерлија, Дрвош, Еднокуќево, Иловица, Моноспитово, Петралинци, Радово, Робово, Сарај, Секирник, Старо Балдовци, Турново, Хамзали и Штука. |
| **Брвеница** | Села: Блаце, Брвеница, Волковија, Гургурница, Долно Седларце, Милетино, Радиовце, Стенче, Теново и Челопек. |
| **Бутел** | Села: Визбегово, Љубанци, Љуботен и Радишани. |
| **Валандово** | Град: Валандово и селата: Ајранли, Аразли, Бајрамбос, Балинци, Баракли, Башали, Башибос, Брајкрвци, Булунтули, Вејсели, Горна Маала, Градец, Грчиште, Дедели, Ѓулели, Јосифово, Казандол, Калково, Кочули, Марвинци, Пирава, Плавуш, Прстен, Раброво, Собри, Татарли, Терзели, Удово, Чалакли и Честево. |
| **Василево** | Села: Ангелци, Варварица, Василево, Висока Маала, Владиевци, Градошорци, Доброшинци, Дукатино, Едрениково, Кушкулија, Нивичино, Нова Маала, Пиперево, Радичево, Седларци, Сушево, Требичино и Чанаклија. |
| **Вевчани** | Село: Вевчани. |
| **Велес** | Села: Башино Село, Белештевица, Бузалково, Ветерско, Горно Каласлари, Горно Оризари, Долно Каласлари, Долно Оризари, Иванковци, |

| | |
|---|---|
| | Карабуњиште, Клуковец, Крушје, Кумарино, Лугунци, Мамутчево, Новачани, Ново Село, Ораовец, Раштани, Рлевци, Рудник, Селп, Сливник, Сојаклари, Сопот, Црквино, Чалошево и Џидимирци. |
| **Виница** | Град: Виница и селата: Блатец, Виничка Кршла, Градец, Грљани, Драгобраште, Истибања, Јакимово, Калиманци, Крушево, Лаки, Лески, Липец, Пекљани, Трсино, Трстија и Црн Камен. |
| **Врапчиште** | Села: Врановци, Врапчиште, Галате, Градец, Горјане, Добри Дол, Ѓурѓевиште, Зубовце, Калиште, Ломница, Неготино-Полошко, Ново Село, Пожаране, Сенокос и Топлица. |
| **Гази Баба** | Села: Брњарци, Булачани, Виниче, Гоце Делчев, Идризово, Инџиково, Јурумлери, Колонија, Раштак, Сингелиќ, Смиљковци, Стајковци, Страчинци, Црешево и Трубарево. |
| **Гевгелија** | Град: Гевгелија и селата: Богородица, Габрово, Давидово, Кованец, Коњско, Моин, Милетково, Миравци, Мрзенци, Негорци, Ново Коњско, Петрово, Прдејци, Серменин, Смоквица и Ума. |
| **Гостивар** | Села: Балин Дол, Беловиште, Бродец, Вруток, Горна Бањица, Горно Јеловце, Горна Ѓоновица, Дебреше, Долна Бањица, Долно Јеловце, Долна Ѓоновица, Железна Река, Здуње, Корито, Куново, Лакавица, Лешница, Мало Турчане, Мирдита, Митрој Крсти, Падалиште, Печково, Симница, Србиново, Сушица, Страјане, Равен, Речане, Трново, Тумчевиште, Кафа, Форино, Чајле и Чегране. |
| **Градско** | Села: Виничани, Водоврати, Горно Чичево, Градско, Грнчиште, Двориште, Долно Чичево, Згрополци, Кочилари, Куридере, Ногаевци, Подлес, Свеќани, Скачинци, Убого и Уланци. |
| **Дебар** | Град: Дебар и селата: Баниште, Бомово, Гари, Горно Косоврасти, Долно Косоврасти, Коњари, Кривци, Могорче, Осој, Отишани, Рајчица, Селокуќи, Спас, Татар Елевци, Трнаник, Хаме и Џепиште. |
| **Дебарца** | Села: Арбиново, Белчишта, Ботун, Брежани, Велмеј, Волино, Врбјани, Годивје, Горенци, Горно Средоречие, Грко Поле, Долно Средоречие, Злести, Издеглавје, Климештани, Лактиње, Лешани, Мешеишта, Мраморец, Ново Село, Озодолени, Оровник, Песочани, Слатино, Слатински Чифлик, Сливово, Сошани, Требеништа, Турје и Црвена Вода. |
| **Делчево** | Град: Делчево и селата: Бигла, Ветрен, Вирче, Вратиславци, Габрово, Град, Драмче, Звегор, Илиово, Киселица, Косово Дабје, Нов Истевник, Очипала, Полето, Разловци, Селник, Стамер, Стар Истевник, Трабroom, Турија и Чифлик. |
| **Демир Капија** | Град: Демир Капија и селата: Барово, Бешвица, Бистренци, Драчевица, Дрен, Иберли, Клисура, Кошарка, Копришница, Корешница, Прждево, Стрмашево, Челевец и Чифлик. |
| **Демир Хисар** | Град: Демир Хисар и селата: Бабино, Базерник, Бараково, Белче, Боиште, Брезово, Вардино, Велмевци, Вирово, Големо Илино, Граиште, Доленци, Единаковци, Жван, Железнец, Журче, Загориче, Зашле, Кочиште, Кутретино, Лесково, Мало Илино, Мренога, Ново Село, Обедник, Прибилци, Радово, Ракитница, Растојца, Света, Сладуево, Слепче, Слоештица, Смилево, Сопотница, Стругово, Суво Грло, Суводол, Утово и Церово. |
| **Дојран** | Села: Дурутли, Ѓопчели, Куртамзали, Николиќ, Нов Дојран, Органџали, Севендекли, Сретеново, Стар Дојран, Фурка, Црничани, Чаушли и Џумабос. |

| | |
|---|---|
| **Долнени** | Села: Бело Поле, Браилово, Вранче, Горно Село, Гостиражни, Дабјани, Дебреште, Десово, Долгаец, Долнени, Дреновци, Дупјачани, Жабјани, Житоше, Забрчани, Заполжани, Зрзе, Костинци, Кошино, Кутлешево, Лажании, Локвени, Мало Мраморани, Маргари, Небрегово, Новоселани, Пешталево, Рилево, Ропотово, Сарандиново, Секирци, Сенокос, Слепче, Сливје, Средорек, Стровија и Црнилиште. |
| **Ѓорче Петров** | Села: Волково, Грачани, Кисела Јабука, Кучково, Никиштане, Ново Село и Орман. |
| **Желино** | Села: Горна Лешница, Групчин, Добарце, Долна Лешница, Желино, Копачин Дол, Ларце, Луковица, Мерово, Ново Село, Озормиште, Палатица, Рогле, Седларево, Стримница, Требош, Церово и Чифлик. |
| **Зелениково** | Села: Вражале, Градовци, Гумалево, Дејковец, Добрино, Зелениково, Ново Село, Орешани, Пакошево, Палиград, Смешница, Страхојадица, Таор и Тисовица. |
| **Зрновци** | Села: Видовиште, Зрновци и Мородвис. |
| **Илинден** | Села: Ајватовци, Бујковци, Бунарџик, Бучинци, Дељадровци, Илинден, Кадино, Марино, Миладиновци, Мралино, Мршевци и Текија. |
| **Јегуновце** | Села: Беловиште, Вратница, Жилче, Јажинце, Јанчиште, Јегуновце, Копанце, Орашје, Подбреге, Прељубиште, Раотинце, Ратае, Рогачево, Сиричино, Старо Село, Туденце и Шемшево. |
| **Кавадарци** | Град: Кавадарци и селата: Бегниште, Бојанчиште, Бохула, Брушани, Бунарче, Ваташа, Возарци, Галиште, Гарниково, Глишик, Горна Бошава, Грбовец, Дабниште, Добротино, Долна Бошава, Драгозел, Драдња, Дреново, Кесендре, Клиново, Конопиште, Кошани, Крњево, Куманичево, Мајден, Марена, Мрежичко, Праведник, Режаново, Радња, Раец, Ресава, Рожден, Сопот, Страгово, Фариш, Чемерско, Шешково и Шивец. |
| **Карбинци** | Села: Аргулица, Батање, Вртешка, Голем Габер, Горни Балван, Горно Трогерци, Долни Балван, Долно Трогерци, Ебеплија, Јунузлија, Калаузлија, Карбинци, Кепекчелија, Козјак, Крупиште, Курфалија, Кучилат, Кучица, Мал Габер, Мичак, Муратлија, Нов Караорман, Оџалија, Припечани, Прналија, Радање, Руљак, Таринци и Црвулево. |
| **Карпош** | Села: Бардовци и Горно Нерези. |
| **Кисела Вода** | Села: Драчево и Усје. |
| **Кичево** | Град: Кичево и селата: Кнежино, Лазаровци, Мамудовци, Осој, Раштани, Трапчин Дол, Атишта, Бигор Доленци, Вранештица, Дупјани, Карбуница, Козичино, Крушица, Миокази, Орланци, Патец, Рабетино, Речани-Челопечко, Светораче, Староец, Челопеци, Белица, Брждани, Видрани, Големо Церско, Горна Душегубица, Горно Добреноец, Долна Душегубица, Долно Добреноец, Другово, Ехлоец, Иванчишта, Извор, Јаворец, Јудово, Кладник, Кленоец, Козица, Лавчани, Малкоец, Мало Церско, Манастирско Доленци, Подвис, Попоец, Пополжани, Прострање, Свињиште, Србјани, Цер, Бачишта, Букојчани, Горно Строгомиште, Грешница, Длапкин Дол, Долно Строгомиште, Зајас, Колари, Колибари, Лешница, Мидинци, Речани, Речани - Зајаско, Тајмиште, Арангел, Бериково, Гарани, Жубрино, Јагол, Јагол Доленци, Ново Село, Осломеј, Папрадиште, Поповјани, Премка, Србица, Стрелци, Туин, Црвивци и Шутово. |

| | |
|---|---|
| **Конче** | Села: Габревци, Гарван, Горна Враштица, Горни Липовик, Дедино, Долна Враштица, Долни Липовик, Долни Радеш, Загорци, Конче, Лубница, Негреновци, Ракитец и Скоруша. |
| **Кочани** | Град: Кочани и селата: Безиково, Бели, Вранинци, Горни Подлог, Горно Градче, Главовица, Грдовци, Долни Подлог, Долно Градче, Јастребник, Костин Дол, Лешки, Мојанци, Небојани, Нивичани, Ново Село, Оризари, Оризари, Пантелеј, Пашаџиково, Полаки, Пресека, Прибачево, Припор, Рајчани, Речани, Тркање и Црвена Нива. |
| **Кратово** | Град: Кратово и селата: Близанци, Вакуф, Горно Кратово, Димонче, Емирица, Железница, Живалево, Каврак, Кетеново, Кнежево, Којково, Коњух, Крилатица, Куклица, Куново, Луково, Мушково, Нежилово, Пендак, Приковци, Секулица, Страцин, Талашманце, Татомир, Тополовик, Трновац, Туралево, Филиповци, Шлегово и Шопско Рударе. |
| **Крива Паланка** | Град: Крива Паланка и селата: Бес, Баштево, Борово, Варовиште, Габар, Голема Црцорија, Градец, Длабочица, Добровница, Дренак, Дрење, Дурачка Река, Жидилово, Киселица, Конопница, Костур, Кошари, Кркља, Кркља, Крстов Дол, Лозаново, Луке, Мала Црцорија, Мартиница, Метежево, Мождивњак, Нерав, Огут, Осиче, Подржи Коњ, Станци, Телминци, Трново и Узем. |
| **Кривогаштани** | Села: Бела Црква, Боротино, Воѓани, Врбјани, Годивје, Кореница, Кривогаштани, Крушеани, Мирче Ацев, Обршани, Пашино, Рувци, Подвис и Славеј. |
| **Крушево** | Град: Крушево и селата: Алданци, Арилево, Белушино, Бирино, Борино, Бучин, Врбоец, Горно Дивјаци, Долно Дивјаци, Јакреново, Милошево, Норово, Острилци, Пресил, Пуста Река, Саздево, Свето Митрани и Селце. |
| **Куманово** | Села: Агино Село, Бедиње, Бељаковце, Биљановце, Брзак, Вакев, Винце, Воиновиќ, Габреш, Горно Коњаре, Градиште, Делга, Доброшане, Довезенце, Долно Коњаре, Живиње, Зубовце, Јачинце, Карабичане, Клечевце, Кокошиње, Количко, Косматац, Костурник, Кутлибег, Кучкарево, Кешање, Лопате, Љубодраг, Мургаш, Ново Село, Новосељане, Орашац, Пезово, Проевце, Пчиња, Режановце, Речица, Романовце, Скачковце, Сопот, Студена Бара, Сушево, Табановце, Тромеѓа, Умин Дол, Черкези, Четирце и Шупљи Камен. |
| **Липково** | Села: Алашевце, Белановце, Ваксинце, Виштица, Глажња, Гошинце, Думановце, Злокуќане, Извор, Липково, Лојане, Лукаре, Матејче, Никуштак, Опае, Оризари, Отља, Ренковце, Ропалце, Руница, Слупчане, Стража и Стрима. |
| **Лозово** | Села: Аџибегово, Аџиматово, Бекирлија, Дорфулија, Ѓуземелци, Каратманово, Кишино, Лозово, Милино, Сарамзалино и Коселари. |
| **Маврово и Ростуше** | Села: Аџиевци, Беличица, Бибај, Битуше, Богдево, Болетин, Велебрдо, Волковија, Видуше, Врбен, Врбјани, Галичник, Грекај, Дуф, Жировница, Жужње, Јанче, Акчилница, Кракорница, Леуново, Лазарополе, Маврови Анови, Маврово, Нивиште, Никифорово, Нистрово, Ничпур, Ново Село, Оркуше, Присојница, Росоки, Ростуше, Рибница, Селце, Сенце, Скудриње, Сретково, Сушица, Тануше, Требиште, Тресонче и Церово. |
| **Македонска Каменица** | Град: Македонска Каменица и селата: Дулица, Косевица, Костин Дол, Луковица, Моштица, Саса, Тодоровци и Цера. |

| | |
|---|---|
| **Македонски Брод** | Град: Македонски Брод и селата: Белица, Бенче, Битола, Близанско, Брезница, Брест, Вир, Волче, Горни Манастирец, Горно Ботушје, Горно Крушје, Грешница, Девич, Долни Манастирец, Долно Ботушје, Долно Крушје, Драгов Дол, Дреново, Заград, Звечан, Здуње, Зркле, Ижиште, Инче, Калуѓерец, Ковач, Ковче, Косово, Крапа, Лаг, Латово, Локвица, Лупште, Могилец, Модриште, Ореовец, Рамне, Растеш, Русјаци, Самоков, Сланско, Слатина, Старо Село, Суводол, Сушица, Тазево, Томино Село, Тополница, Требино, Требовље и Црешнево. |
| **Могила** | Села: Алинци, Беранци, Будаково, Вашарејца, Горна Чарлија, Долна Чарлија, Дедебалци, Добрушево, Долно Српци, Ивањевци, Лознани, Могила, Мојно, Мусинци, Новоселани, Ношпал, Подино, Путурус, Радобор, Свето Тодори, Трап, Трновци и Црничани. |
| **Неготино** | Град: Неготино и селата: Брусник, Вешје, Војшанци, Горни Дисан, Долни Дисан, Дуброво, Јаношево, Калањево, Криволак, Курија, Липа, Пепелиште, Пештерница, Тимјаник, Тремник, Црвени Брегови, Џидимирци и Шеоба. |
